УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

Институт за педагогија

**Клаудија Гроздан Велкова-Мановска**

# СОВРЕМЕНИ ПЕДАГОШКИ КОНЦЕПТИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И МОЖНОСТИ ЗА НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО РАНОТО ДЕТСТВО

– Докторски труд –

Скопје, 2026 година

Докторанд:

КЛАУДИЈА ГРОЗДАН ВЕЛКОВА-МАНОВСКА

Наслов:

СОВРЕМЕНИ ПЕДАГОШКИ КОНЦЕПТИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И МОЖНОСТИ ЗА НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО РАНОТО ДЕТСТВО

Ментор:

Проф. д-р АЛМА ТАСЕВСКА

Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје

Состав на комисија:

Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, претседател

Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје

Проф. д-р Алма Тасевска, ментор

Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје

Проф. д-р Лена Дамовска, член

Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје

Проф. д-р Вера Стојановска, член

Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје

Проф. д-р Сузана Миовска-Спасева, член

Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје

Научна област:

ПЕДАГОГИЈА

Дата на одбрана:

02.06.2026

Клаудија Гроздан Велкова-Мановска

# СОВРЕМЕНИ ПЕДАГОШКИ КОНЦЕПТИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И МОЖНОСТИ ЗА НИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО РАНОТО ДЕТСТВО

Апстракт

Одржливиот развој опфаќа методи кои треба да помогнат во задоволување на потребите на сегашните генерации без да го стават во опасност задоволувањето на потребите на идните генерации. Мерките кои се преземаат за обезбедување одржливост се насочени кон три аспекти на одржливоста, и тоа: одржливост на животната средина, економска одржливост и социјална одржливост. Со цел да се обезбеди одржливост низ целиот свет, Обединетите нации утврдија цели за одржлив развој, односно глобални цели, со единствена цел за меѓународен развој во иднина. Во ова истражување се придава особена важност на целта поврзана со обезбедување на квалитетно образование.

Образованието за одржлив развој е програма на Обединетите нации чија цел е да направи промена во однос на знаењето, вештините, вредностите и ставовите кај децата и учениците за овозможување на поодржливо и поправедно општество. Прифатени се неколку компетенции за одржливост кои треба постојано да се развиваат кај децата и учениците и тие се поврзуваат со компетенција за системско размислување, антиципативна компетенција, нормативна компетенција, стратешка компетенција, компетенција за соработка, компетенција за критичко размислување, компетенција за самосвест, и на крај, интегрирана компетенција за решавање проблеми. Од друга страна, целите на учење за наставниците за промовирање на образованието за одржлив развој (ООР) се познавање на одржливиот развој, разбирање на практиката на локално и национално ниво, развивање на интегративен поглед на клучните прашања, развивање дисциплинарни, интердисциплинарни и трансдисциплинарни перспективи, размислување за предизвиците со кои се соочува промоцијата на концептот на одржлив развој, размислување за динамиката на формалното и неформалното учење, разбирање на начините на кои културната разновидност, родовата еднаквост, социјалната правда, заштитата на животната средина и личниот развој се составен дел од образовните процеси, практикување на трансформативна педагогија ориентирана кон акција, која ги вклучува учениците во партиципативни, системски, креативни и иновативни процеси на размислување и дејствување, дејствување како агент на промени, идентификување на локални можности за учење поврзани со одржливиот развој и градење односи на соработка и евалуација и процена на развојот на одржливоста кај учениците во меѓусекторски рамки.

Во ова истражување се испитувани речиси сите засегнати страни кои се значајни за темата, тргнувајќи од градоначалници на општини, директори на градинки и училишта, воспитувачи, наставници, па сѐ до родители, студенти и деца. Методологијата која се користеше за време на истражувањето е, всушност, комбинација од квантитативен и квалитативен пристап, и во рамките на истата беа спроведени интервјуа, прашалници, анкети, партиципативно набљудување, фокус-групи, но беше анализирана и педагошка литература и документација. Педагошката документација и литература беше во суштина анализа на практики и знаења во локален, но и интернационален контекст. Групите, кои беа опфатени во самото истражување, опфатија широк спектар на засегнати страни, а причината за ваквиот опфат беше фактот дека одржливиот развој е, сепак, интерсекторска тема, која бара заедничко делување и дејствување, како и системска соработка. Главните согледувања од истражувањето одат во насока кон тоа дека во нашата земја постојат иницијативи, овој вид на образование е препознаено како инструмент за промена и наставниците и воспитувачите покажуваат интерес за истото. Но, сепак, нешто што недостасува е координираниот пристап, поддршка за обуки и професионален развој, зголемување на улогата на родителите и заедницата во училиштата и градинките, како и поттикнување на развојот на практичната примена на образованието за одржлив развој.

Клучни зборови: одржлив развој, одржливост, ООР, компетенции на наставници и воспитувачи.

Klaudija Grozdan Velkova-Manovska

**CONTEMPORARY PEDAGOGYCAL CONCEPTS AND POSSIBILITIES FOR THEIR IMPLEMENTATION IN EARLY CHILDHOOD**

Abstract

Sustainable development encompasses methods that should help meet the needs of current generations without jeopardizing the needs of future generations. Measures taken to ensure sustainability are aimed at three aspects of sustainability, namely environmental sustainability, economic sustainability and social sustainability. In order to ensure sustainability throughout the world, the United Nations has established sustainable development goals, or global goals, with a single goal for international development in the future. In this research, particular importance is attached to the goal related to providing quality education.

Education for sustainable development is a United Nations program that aims to make a change in terms of knowledge, skills, values and attitudes among children and students to enable a more sustainable and just society. Several sustainability competencies have been accepted that need to be continuously developed in children and students, and they are associated with systemic thinking competence, anticipatory competence, normative competence, strategic competence, collaboration competence, critical thinking competence, self-awareness competence, and integrated problem-solving competence. On the other hand, the learning objectives for teachers to promote Education for Sustainable Development are knowledge of sustainable development, understanding of practice at local and national levels, developing an integrative view of key issues, developing disciplinary, interdisciplinary and transdisciplinary perspectives, reflecting on the challenges faced in promoting the concept of sustainable development, reflecting on the dynamics of formal, non-formal and informal learning, understanding the ways in which cultural diversity, gender equality, social justice, environmental protection and personal development are integral parts of educational processes, practicing transformative action-oriented pedagogy that involves students in participatory, systemic, creative and innovative processes of thinking and acting, acting as an agent of change, identifying local learning opportunities related to sustainable development and building collaborative relationships and evaluating and assessing the development of sustainability among students in intersectoral frameworks.

In this research, nearly all relevant stakeholders were included, starting from mayors of municipalities, directors of kindergartens and schools, to educators, teachers, parents, students, and children. The methodology applied during the research combined both quantitative and qualitative approaches. Within this framework, various methods were used, including interviews, questionnaires, surveys, participatory observation, and focus groups. In addition, pedagogical literature and documentation were analyzed. The analysis of the pedagogical documentation and literature focused on both local and international practices and knowledge. The groups that were included in the research itself included a wide range of stakeholders, and the reason behind this was the fact that sustainable development is still an intersectoral topic that requires joint action and systemic cooperation. The main findings from the research point to the fact that while there are existing initiatives in the country, and this type of education is recognized as an instrument for change, and teachers and educators express interest in it, there is still a lack of a coordinated approach. There is a clear need for enhanced support in the form of training and professional development, increasing the role of parents and the community in schools and kindergartens, and encouragement for the practical implementation of Education for Sustainable Development.

Keywords: sustainable development, sustainability, ESD, competences of educators and teachers.

Благодарност

Ѝ благодарам на мојата ќерка, Уна, што беше дел од мојот живот. Уна беше дел од мене, и засекогаш ќе биде, но нејзиното отсуство е присутно повеќе од сè. Тагата успеав да ја намалам со запишувањето на студиите, но никогаш нема да ја излекувам. Со неа замина дел од моето срце, а љубовта која ја чувствувам кон неа останува како доказ дека таа секогаш ќе живее во мене.

Им благодарам на моите родители, Ќира и Гроздан, кои цел живот вложуваат во моето образование и професионално усовршување, несебично и со многу голема љубов, каква што секое дете посакува.

Изјава

Изјавувам дека докторскиот труд е оригинален труд, којшто го имам изработено самостојно, дека уредно ги цитирам сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамките на други универзитетски студии или за стекнување на друго звање.

Клаудија Велкова-Мановска с.р.

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд.

Клаудија Велкова-Мановска с.р.

СОДРЖИНА

I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ


ВОВЕД ........ 11

*1. ПРЕДИЗВИЦИ НА СОВРЕМЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ*

1.1. Педагогијата како наука ........ 14
1.2. Современо образование ........ 15
1.3. Одржливиот развој како современ предизвик ........ 17

*2. КВАЛИТЕТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ*

2.1. Предучилишно воспитание и образование – суштина и значење ........ 19
2.1.1. Значење на предучилишното образование и воспитание ........ 20
2.2. Теоретска основа за квалитетот на образованието во раното детство ........ 20
2.3. Вредности во раниот детски развој ........ 21

*3. УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ НА ВОСПИТУВАЧОТ ВО РАНОТО ДЕТСТВО*

3.1. Воспитувачот и неговата улога во раното детство ........ 25
3.1.1. Етички вредности на воспитувачот ........ 25
3.2. Етички кодекси ........ 27
3.3. Основни професионални компетенции на стручните профили и воспитувачи во градинките ........ 29

*4. КОНЦЕПТ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РАНО ДЕТСТВО*

4.1. Суштина и значење на концептот на одржлив развој ........ 38
4.2. Принципи на одржлив развој ........ 39
4.2.1. Вредности на одржлив развој ........ 40
4.3. Образование за одржлив развој ........ 40
4.4. Историјат на образованието за одржлив развој ........ 42
4.5. Карактеристики на образованието за одржлив развој ........ 46
4.6. Влијание на образованието за одржлив развој врз целите за одржлив развој ........ 47
4.7. Преориентирање на програмите ........ 48
4.8. Одржлив развој во раното детство ........ 50

*5. ПРЕДУСЛОВИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО РАНОТО ДЕТСТВО*

5.1. Раното детство како предуслов за одржлив развој ........ 58
5.2. Животните вештини и образованието за одржлив развој ........ 62
5.3. Компетенции кои го трансформираат општеството ........ 67

*6. ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РАНОТО ДЕТСТВО*

6.1. Контекст на одржливиот развој во раното детство ........ 69
6.2. Образованието за одржлив развој и целите за одржлив развој ........ 71
6.3. Практики на образованието за одржлив развој во раното детство ........ 75
6.4. Програми во основното деветгодишно образование во Република Северна Македонија поврзани со одржлив развој ........ 76
6.5. Потреба за образование за одржлив развој во нашата земја ........ 83

*7. РАНОТО ДЕТСТВО, ООР И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА*

7.1. Образованието за одржлив развој денес ........ 86
7.2. Фази во раниот детски развој ........ 88
7.3. Стратегија за образование (2018 – 2025) ........ 89
7.4. Заклучоци на Советот за образование и грижа во раното детство ........ 97

*8. ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ*
8.1. Предуслови за професионални компетенции за одржлив развој во раното детство ............................. 99
8.2. Компетенциите на воспитувачите за одржлив развој во светски рамки .............................................100
8.3. Професионални компетенции на наставниците.....................................................................................106
8.3.1. Професионални компетенции на воспитувачите .........................................................................107
8.3.2. Компетенции на воспитувачите за образование за одржлив развој...........................................110
8.4. Препораки за развивање на компетенциите на воспитувачите за образование за одржлив развој.........111

*9. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА*
9.1. Рано детство за образование за одржливост: Светски проект – Светска организација за предучилишно образование ...........................................................................................................................................114
9.2. Идеите на предучилишните деца за одржливиот развој: Како предучилишните деца ги перципираат трите столба на одржливост во однос на 7-те R.............................................................................................115
9.3. Некои аспекти на одржливиот развој во градинките во Словенија ......................................................116

II. *МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*
1. Дефинирање на проблемот и основни поими ............................................................................................117
2. Предмет на истражувањето...........................................................................................................................118
3. Цел и карактер на истражувањето ...............................................................................................................118
4. Задачи на истражувањето .............................................................................................................................118
5. Хипотези .........................................................................................................................................................121
6. Варијабли на истражувањето .......................................................................................................................124
7. Примерок и популација на истражувањето ................................................................................................124
8. Методи, техники и инструменти на истражувањето ..................................................................................125
9. Анализа и интерпретација на податоците....................................................................................................126
10. Тек и реализација на истражувањето.........................................................................................................127

III. *АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО*
1. Анализа на наставните програми од првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно воспитание и образование
1.1. Анализа на наставната програма за прво одделение…...............................................................................128
1.1.1. Анализа на наставната програма по Македонски јазик ........................................................................ 130
1.1.2. Анализа на наставната програма по Математика.................................................................................. 131
1.1.3. Анализа на наставната програма по Англиски јазик............................................................................. 132
1.1.4. Анализа на наставната програма по Природни науки........................................................................... 132
1.1.5. Анализа на наставната програма по Општество ................................................................................... 132
1.1.6. Анализа на наставната програма по Ликовно образование и воспитание........................................... 133
1.1.7. Анализа на наставната програма по Физичко и здравствено образование ......................................... 133
1.1.8. Анализа на наставната програма по Музичко образование ................................................................. 134

1.1. Анализа на наставната програма за второ одделение …...........................................................................134
1.1.1. Анализа на наставната програма по Македонски јазик…......................................................................134
1.1.2. Анализа на наставната програма по Математика ................................................................................. 135
1.1.3. Анализа на наставната програма по Англиски јазик............................................................................. 135
1.1.4. Анализа на наставната програма по Природни науки........................................................................... 136
1.1.5. Анализа на наставната програма по Општество ................................................................................... 136
1.1.6. Анализа на наставната програма по Ликовно образование и воспитание ......................................... 137
1.1.7. Анализа на наставната програма по Физичко и здравствено образование ........................................ 137
1.1.8. Анализа на наставната програма по Музичко образование…..............................................................138

1.2. Анализа на наставната програма за трето одделение…............................................................................138

2. Анализа на Програмата за рано учење и развој
2.1. Анализа на доменот Пристап кон учење ........ 141
2.2. Анализа на доменот Здравје и моторички развој ........ 143
2.3. Анализа на доменот Социоемоционален развој ........ 145
2.4. Анализа на доменот Јазик, комуникација и развој на писменост ........ 147

3. Анализа на Стандарди за рано учење и развој
3.1. Анализа на доменот Здравје и моторен развој ........ 157
3.2. Анализа на доменот Социоемоционален развој ........ 160
3.3. Анализа на доменот Пристап кон учење ........ 162
3.4. Анализа на доменот Јазик, комуникација и развој на писменост ........ 164
3.5. Анализа на доменот Когнитивен развој и стекнување на општи знаења ........ 165

4. Анализа на Агенда 21
4.1. Преориентација на едукацијата кон одржлив развој ........ 171
4.2. Подигање на јавната свест ........ 172
4.3. Промовирање обуки ........ 173

5. Анализа на Агенда 2030
5.1. Анализа на „Нова Агенда" ........ 176

6. Анализа на целите за одржлив развој
6.1. Анализа на третата цел од целите за одржлив развој ........ 179
6.2. Анализа на четвртата цел од целите за одржлив развој ........ 180
6.3. Анализа на дванаесеттата цел од целите за одржлив развој ........ 181
6.4. Анализа на тринаесеттата цел од целите за одржлив развој ........ 182
6.5. Анализа на петнаесеттата цел од целите за одржлив развој ........ 183

7 – 15. Анализи и интерпретација од теренски истражувања со градоначалници, директори, воспитувачи, наставници, родители, деца и студенти
7. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку реализирање на полуструктурирано интервју со градоначалници ........ 184
8. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку реализирање на полуструктурирано интервју со директори на градинки и училишта ........ 190
9. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку спроведување прашалник за воспитувачи ........ 200
10. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку спроведување прашалник за наставници ........ 206
11. Анализа на резултати добиени преку спроведување анкета за родители ........ 213
12. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку реализирање интервју со деца ........ 217
13. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку спроведување анкета со студенти ........ 222
14. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку партиципативно набљудување во градинки ........ 228
14.1. Анализа на прв набљудувачки ден ........ 228
14.2. Анализа на втор набљудувачки ден ........ 231
14.3. Анализа на трет набљудувачки ден ........ 233
14.4. Анализа на четврти набљудувачки ден ........ 236
14.5. Анализа на петти набљудувачки ден ........ 238
14.6. Анализа на шести набљудувачки ден ........ 240
14.7. Анализа на седми набљудувачки ден ........ 243

14.8. Анализа на осми набљудувачки ден ........ 245
14.9. Анализа на деветти набљудувачки ден ........ 247
14.10. Анализа на десетти набљудувачки ден ........ 249
15. Извештај од реализирани фокус-групи со воспитувачи во градинки ........ 252

IV. *ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРИМЕНА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО*

ПРЕПОРАКИ ........ 266
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 267
ПРИЛОЗИ ........ 273
Кратка биографија за авторот ........ 309
Авторезиме на докторската дисертација на англиски јазик ........ 312

## ВОВЕД

Образованието е исклучително значајно за правилен раст и развој на секое дете. Пристапот до образование е клучен во процесот на формирање на личноста на детето. Во оваа смисла, не изостанува и важноста на процесот на воспитание во образовните институции. Станува збор за процеси кои во исто време треба да се надополнуваат и поврзуваат за да се постигнат поставените цели кај секое дете посебно.

Изгледа дека е природно воспитно-образовниот процес да се менува со текот на времето. Постојат мноштво фактори кои влијаат врз менувањето на овој процес. Тие фактори се обично поврзани со развојот на технологијата, промените во општеството, економските потреби и глобалните предизвици. Во денешно време, учениците имаат можност да учат преку различни платформи, да развиваат глобални компетенции, да се подготвуваат за нови индустрии и уметности, пронаоѓајќи индивидуален пристап кон учењето. Во оваа насока, научниците, истражувачите и практичарите истражуваат теми, концепти и пристапи кои ќе соодветствуваат со овие промени.

Светот се соочува со огромни еколошки, социјални и економски проблеми. Покрај глобалната финансиска криза и глобалното затоплување, не изостануваат и други сериозни долгогодишни проблеми, како: недостиг и загадување на водата, неплодност на почвата, загадување на воздухот, уништување на природните живеалишта, трошење на природните ресурси итн. Кога светот се соочува со вакви и слични предизвици, децата се помалку подготвени да се соочат со стресот поради природата на нивниот метаболизам, нервен систем и незрели органи. Како што растат, децата сè повеќе стануваат свесни за ризиците од климатските промени во животната средина и стануваат сè поранливи. Од друга страна, вознемиреноста на нивните родители, како одговор на директните или индиректните влијанија на климатските промени, се одразува врз начинот на воспитување. Ова значи дека децата и директно (преку своите искуства и перцепции) и индиректно (преку нивните родители) се изложени на ризик кој настанува како резултат на стресот предизвикан од животната средина. Токму поради овие причини, кај научниците и истражувачите се развива свесност уште од најрана возраст овие теми да се дискутираат и да се вметнат во предучилишните и училишните програми.

Предучилишното образование е составен дел на воспитно-образовниот систем. Овој период има навистина значајно влијание врз животот на детето. Предучилишната возраст е време кога децата интензивно, сестрано и брзо се развиваат. Тогаш се формираат основните карактеристики на личноста на детето. Истражувањата покажуваат дека периодот на рано детство е круцијален за развојот на мозокот кај децата, како и за усвојувањето на социјалните и емоционалните способности.

Современите реформски процеси кои настанаа во обласата на образованието насекаде низ светот имаат свое влијание и врз предучилишното образование. Сè поголеми се тенденциите за создавање и одржување на квалитетно предучилишно образование. Сите земји, вклучувајќи ја и нашата земја, настојуваат да изготват стандарди според кои јасно се прецизирани критериумите што треба да се исполнат за да се постигне квалитет во предучилишното образование. Така, во Предлог-рамката за квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување се идентификувани показатели според кои се согледува квалитетот на предучилишното образование и во нашата земја. Истакнато е дека се работи за сложен поим кој опфаќа повеќе структури, процеси и резултати. Утврдени се процеси на управување, дефинирани се улогите на сите засегнати страни, курикулумот и

програмата, квалификуваната работна сила, интеракцијата меѓу децата и меѓу децата и возрасните, физичкиот простор за учење и развој, процесите на учење и поучување, вклученоста на заедницата и родителите, инклузивноста, пристапот насочен кон детето и сл.

Од 1992 година, почнува да се развива и концептот за образование за одржлив развој. Имено, на конференцијата на Обединетите нации за животна средина и развој била усвоена Декларацијата од Рио и Агендата 21, со што се поставуваат темелите за концептот на одржлив развој и образованието како клучен елемент во неговото остварување. Овој концепт претставува глобален и холистички пристап каде што учениците активно учествуваат во решавањето на реалните проблеми во заедницата. Некои од карактеристиките на образованието за одржлив развој се: интердисциплинарност, демократски инклузивни и социјални процеси, критичко размислување, решавање проблеми, ориентација кон иднината, преземање акција и др. Паралелно на ова, се развива и образование за одржлив развој и во предучилишната возраст. Препораките од Гетеборг за образованието за одржлив развој објаснуваат дека „раното детство е природна почетна точка за образование за одржлив развој со цел да се промовира образовниот пристап за сите луѓе во рамките на доживотниот развој“.

Образованието за одржлив развој е комплексна тема и начинот на кој се имплементира и практикува е предизвик за сите земји. Сепак, сè поголем акцент се става на внесување теми за одржлив развој и во периодот на раното детство. Веќе се напушта тезата дека децата во раните години не ги чувствуваат или разбираат настаните кои се случуваат околу нив. Напротив, за децата се мисли дека се способни да се вклучат во решавање на комплексни еколошки и социјални проблеми.

Постигнувањето на квалитетно образование и образованието за одржлив развој имаат и сличности кои ги поврзуваат. Тие сличности се согледуваат во поттикнувањето на целосен развој на ученикот, во овозможувањето на еднакви можности за учење, во развојот на глобални компетенции, во охрабрувањето да станат активни граѓани, во интерактивниот пристап, развивањето на креативноста и сл.

Едукативните материјали и ресурси за одржлив развој имаат своја вредност, но носат различно и директно влијание врз децата. Така, една фотографија или слика може да предизвика силни емоции и да развие чувство на креативност кај одредено дете. Кога едукативните материјали се користат во наставата, целта е да се насочува реакцијата во насока кон постигнување на целите и содржините на програмата. Тие треба да одговараат на карактерите и интересите на децата, да почитуваат стандарди преку кои се оценува дали одреден материјал е квалитетен и корисен за наставата, да имаат смисла за да бидат лесно сфатени и прифатени од страна на децата и да придонесуваат за исполнување на целите на програмата.

Во рамките на ова истражување се испитуваат и се анализираат современите образовни концепти кои се поврзани со образованието за одржлив развој, но се испитува и можноста за имплементирање на ваков вид образование во образовниот систем во Република Северна Македонија, со посебен акцент ставен на предучилишното образование и првиот циклус на образование. Оваа тема се разгледува низ различни аспекти и од повеќе агли со цел да се добијат релевантни и веродостојни податоци со кои ние располагаме во нашите општини, основни училишта, факултети, предучилишни установи и градинки. Ова истражување ги вклучува најзначајните чинители во општеството, кои се од клучно значење за успешно имплементирање на овој вид образование, тргнувајќи од фактот дека само преку заеднички напори и координирање и соработка на различни актери во општеството може да се постигне ефективна интеграција на овие принципи во воспитно-образовниот процес.

Докторската дисертација на тема „Современи педагошки концепти за одржлив развој и можности за нивна имплементација во раното детство“ има тенденција да ја утврди моменталната положба на образованието за одржлив развој во нашите програми и да даде препораки во однос на тоа кои се начините за воведување и имплементирање на овој вид образование во предучилишното образование и во првиот циклус на образование.

Дисертацијата е структурирана во четири логички и содржински целини, кои овозможуваат сеопфатно и систематско разгледување на самиот проблем на истражувањето. Така, во првиот дел се разработува релевантната теоретска и научна основа на одржливиот развој во раното детство преку анализа на педагошките пристапи, квалитетот во предучилишното образование, улогата на компетенциите на воспитувачите, концептот на одржлив развој и образованието за одржлив развој, како и преглед на релевантни меѓународни истражувања поврзани со темата. Вториот дел ја дефинира истражувачката рамка преку јасно утврдување на проблемот на истражувањето, заедно со предметот и целта на истражувањето, хипотезите, варијаблите, примерокот, методите, техниките и инструментите, како и начинот на анализа и текот на истражувањето. Третиот дел е посветен на анализа и интерпретација на податоците каде што детално се анализираат наставните програми кои се имплементираат во нашата држава во периодот на раното детство, националните и меѓународните стратешки документи, како и резултатите од обемни теренски истражувања со различни целни групи, овозможувајќи длабинско и детално согледување на состојбата и практиките со образованието за одржлив развој. Во четвртиот дел се сумираат клучните наоди од истражувањето, се извлекуваат заклучоци и се даваат конкретни препораки за унапредување на образовната практика и политиките.

Ова истражување е особено значајно поради тоа што се обидува на систематски и сеопфатен начин да дојде до сознанија за образованието за одржлив развој, во контекст на раното детство и предучилишната возраст и во контекст на првиот образовен циклус на основното образование во Република Северна Македонија. Исто така, преку ова истражување се доаѓа до емпириски податоци кои се добиени од релевантни чинители во општеството, како што се: општини, училишта, градинки и факултети, кои на некој начин ја прикажуваат и ја објаснуваат реалната состојба на терен. Дополнително, истражувањето ги надградува и ги дополнува ограничените сознанија за степенот на застапеност и реалната имплементација на педагошки концепти за одржлив развој, ја анализира подготвеноста на образовниот систем, институциите и кадарот за воведување на ООР и прикажува модели и примери за координирана соработка меѓу различни чинители во општеството.

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА СОВРЕМЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### 1.1. Педагогијата како наука

Педагогијата е посебна, општествена наука, чиј предмет на проучување е воспитанието. Најчесто се класифицира како применета наука, односно специјална наука со свој посебен предмет на проучување, своја методологија, свој научен систем. Ги проучува постоечките педагошки појави и процеси и врз основа на добиените сознанија го предвидува нивниот тек, а воедно и ги насочува кон добивање на одредени резултати. Поради фактот дека педагогијата определува каков треба да биде педагошкиот процес, таа по својот карактер е и нормативна наука (Баракоска 2007).

Како посебна наука, педагогијата не само што научно го проучува минатото туку ја проучува и постоечката педагошка стварност, настојувајќи во педагошките појави и процеси по научен пат да формира законитости и на таа основа да изведе одредени водечки насоки за организација на воспитната пракса. Исто така, педагогијата го истражува воспитниот процес како дел на општествената стварност, го проучува и го унапредува предметот со кој се занимава, воспитанието, односно, обликувањето на човекот.

Обликувањето на личноста не е лесен процес и тој започнува со самото раѓање на детето. Како луѓе кои делуваме во светот во кој живееме, можеме да забележиме дека многу фактори влијаат врз изградбата на личноста на детето и дека тие фактори не зависат само од педагозите, учителите и воспитувачите.

Поимот педагогија има грчко потекло. Зборот се дели на два дела, коишто го даваат нејзиното значење: да се води детето. Зборот *pais, paidos* означува дете, а зборот *ago, agein* означува водење. Од овие два збора се формира и терминот за тој што го води детето – педагог или *paid-agogos* (Баракоска 2007). Денешното значење на педагогот дефинира личност која професионално се занимава со процесот на воспитување.

Суштината на педагогијата е во тоа дека како наука не само што го проучува воспитанието туку учествува и во унапредувањето на воспитниот процес како составен дел на општествената стварност. Педагогијата има за цел да го збогатува фондот на педагошки сознанија, а тоа го прави преку истражување и формулирање на воспитните законитости. Постојат задачи кои педагошката наука треба да ги извршува (Баракоска 2007):

– Да ја проучува воспитната стварност, да ги истражува педагошките појави, да пронаоѓа, открива и утврдува законитост во областа на воспитувањето и образованието, да ги обработува и разделува во систем на законитости со кои се збогатуваат педагошките познавања и да ја развива педагошката теорија.

– На темелот на најновите педагошки сознавања и вкупните постигнувања на тоа подрачје, да постави цел и задачи на воспитната работа и педагошки да ја обработи нејзината содржина и организација и постапките на веќе постојните основи и да овозможува понатамошно развивање и унапредување на воспитните дејства.

– Научно критички да ги вреднува резултатите постигнати во областа на педагошката теорија и пракса, кои претставуваат описни и нормативни пристапи, т.е. запознавање, опишување и објаснување на веќе постојната воспитна стварност,

но и нејзино проценување од аспект на научните постигнувања, нормирања и управување според повисоките, поквалитетните и современи облици.

– Да ја развива и да ја усовршува педагошката методологија, којашто е претпоставка за успех на понатамошните педагошки истражувања, за постигнување на вредни научни резултати и за збогатување на педагошките познавања.

– Да ги користи и резултатите од другите сродни и гранични науки, што бара потреба од интердисциплинарно поврзување, но и регулирање на својот однос спрема другите сродни науки, како: психологијата, филозофијата, социологијата и други.

Од сите споменати задачи на педагогијата се забележува дека самата наука треба да се развива и да се усовршува и преку најновите истражувања во истата област да се збогати со нови педагошки знаења. Исто така, педагогијата треба да се служи и со други сродни науки со цел да се истакне и нејзиното интердисциплинарно својство. И, секако, останува тоа дека педагогијата постојано треба да ја испитува воспитната стварност, чекорејќи заедно со промените кои настануваат во нашите општества.

## 1.2. Современо образование

Новите дигитални технологии и пронајдоци сè повеќе ни го редизајнираат начинот на живеење и учење. Во овој дел, не изостанува и образованието кое треба да се смени во образование кое се случува во кое било време и на кое било место. Технологијата им овозможува на учениците да учат еден од друг на неформален начин, со што учењето претставува процес кој се случува во училницата, но и надвор од неа. Од друга страна, точно е дека учениците се изложени на најразлични податоци и информации. Затоа, клучно е да се направи разлика помеѓу податоците, информациите и знаењето.

Податоците се секогаш точни, тие се занимаваат со фактите во светот. Информацијата претставува испраќање, пренесување и примање податоци. Додека, пак, знаењето е човечка интерпретација на податоците и информацијата. Иако во светот постојат многу информации и податоци, знаењето секогаш е повредно и поголемо од податоците и информациите. Компјутерот може да зачува податоци и информации, но само човечкиот мозок може да чува знаење (Milicevic 2015).

Во денешниот образовен систем забележуваме дека учениците учат многу повеќе во неформални средини, поради фактот дека тие своеволно стануваат учесници во тој процес. Доминантна сила во животите на децата стануваат медиумите, па така образованието треба да се менува и да биде помалку институционализирано, а повеќе персонализирано.

Новата технологија креира далекусежни можности, но и големи предизвици. Дигиталните и социјалните медиумски алатки можат да ги поддржат учениците во развојот на технолошките вештини: да критикуваат, да анализираат, да вреднуваат мултимедијален текст и сл. Но, ниедно онлајн предавање не може да биде целосна замена за училница со ученици, кои комуницирајќи меѓу себе се дел од реалниот свет и учат за предрасуди, толеранција и социјална правда (Milicevic 2015).

Сето ова доведува до низа прашања кои се поврзани со предизвиците со кои се соочува современото образование денес. Некои од нив се следниве:

- Огромен квантум на знаења кој постојано се зголемува.
- Појава на нови научни и стручни сознанија кои ги менуваат постоечките.

- Појава на нови технологии.
- Ограничено време за формално образование.
- „Доближување на светот“ со интензивна комуникација меѓу научните и стручните лица од различни земји.
- Претворање на интернетот во доминантен извор на информации.
- Брза промена на занимањата и појава на нови (Мирасчиева 2014).

Можеби е точно тврдењето дека процесот на учење не мора да значи дека се случува само во училница, туку дека на неформален начин може да се дојде до знаење во кое било време и на кое било место. Дигиталните сознанија и информациите кои многу брзо ги дознаваме не значи дека се секогаш точни. Истите треба да се проверат за да се утврди нивната веродостојност. Ова мора да се разбере, бидејќи иако интернетот е доминантен извор на информации, истиот може да биде и причина за пренесување на неточни информации или сознанија.

Општеството во кое живееме навистина брзо се менува. Тие промени се чувствуваат и влијаат врз многу аспекти од нашиот живот. Со менувањето на ерата, настанале и промени во филозофиите и идеите, што дало и свој белег во образованието. Постојат огромни промени во педагогијата и во програмите. Како учители, наставници, професори, родители или граѓани, можеме да ги воочиме промените бидејќи сме во директен и/или индиректен контакт со децата во текот на воспитно-образовниот процес и нивното растење. Така, може да се забележи дека современата училница е флексибилна и дека во центарот на вниманието е самиот ученик. Учителот има улога на водич, а ученикот активно учествува во процесот на учење. Веќе почесто се насочува вниманието кон видот на содржините кои ги учат учениците, односно учењето е ориентирано кон содржини кои се практикуваат во реалниот живот. Користејќи повеќе методи во наставата, наставниците помагаат секој ученик, на свој, индивидуализиран начин, да стекне знаења. Методите опфаќаат и активности кои се водат и во училницата, но и надвор од неа. Се внимава на почитување на секое дете посебно, со сите свои карактеристики, се внимава и на психолошкиот пристап кон децата, а пак вреднувањето и оценувањето на учениците се одвива континуирано, запазувајќи повеќе аспекти на величината на детето.

Иако се чини дека читањето, пишувањето и нумеричките вештини ќе продолжат да бидат есенцијални знаења кои учениците треба да ги усвојат, во образованието на 21-от век се посветува внимание и на петте вештини кои се сметаат за вештини на 21-от век: соработка (*collaboration*), комуникација (*communication*), креативност (*creativity*), критичко мислење (*critical thinking*) и компјутерско размислување (*computational thinking*) (Gordon, Gordon и др. 2012). Во таа смисла, во новите општества за неписмени ќе се сметаат не само оние кои нема да знаат или можат да читаат туку и оние кои нема да можат да се снајдат во светот на дигиталната технологија. Компјутерската писменост на некој начин ќе стане услов за економски, образовен и социјален однос. Работното место на новиот век ќе ги цени основните комуникациски вештини, но и вештините за активно слушање и соработка (Gordon, Gordon и др. 2012). Во оваа смисла, може да се посочи дека токму овие вештини ќе бидат основа врз која идните професионалци ќе се сметаат за компетентни на пазарот на трудот. Овие вештини на 21-от век ги вклучуваат и меките вештини кои се потребни за влегување во процесот на вработување, како и во процесот на продолжување на сопственото

образование.

Живееме во свет во кој сè повеќе се поврзуваме. Децата се раѓаат како никулци на идната, општествена глобална состојба. Сите политички, економски, културни и научни промени имаат свое влијание и врз образованието. Настануваат длабоки преобразби кои ја наметнуваат потребата од нов систем на образование. Образованието добива нова содржина и смисла, која не се заснова само на добивање и стекнување знаења. Во спротивно, образованието во себе носи антрополошка, етичка и духовна смисла (Барбареев 2014). Така, современото образование се насочува кон ученикот и на неговото активно учество во воспитно-образовниот процес. Современите средини за учење во 21-от век имаат неколку карактеристики:

- Претставуваат заедници за учење каде што учениците заедно со наставниците активно се инволвирани во учењето.
- Креираат можности за учениците и ги водат и ги поддржуваат кон самостојно учење.
- Овозможуваат ефективни врски помеѓу учениците и наставниците.
- Поддржуваат диференцирана настава, што вклучува дистрибуирано учење, крос-курикуларни врски, различни наставнички групирања и разновидно, широко оценување.
- Го користат својот професионален развој за да истражуваат, но и да отвораат можност за дискусии, истражување и примена на знаењата во практиката.
- Во програмите ги интегрираат повратните информации кои ги добиваат од учениците, родителите и другите засегнати страни, ги вреднуваат и ги анализираат промените (Hallissy, Dr. Butler и др. 2013).

Современото образование се насочува кон цели кои треба да се постигнат, односно предизвици кои треба се надминат. Некои од нив се: обучување на квалификувани наставници, подобрување на професионалниот развој на наставниците во согласност со модерните барања, помош при примена на модерни и иновативни методи во образовниот процес, развивање на содржина на програми кои ќе соодветствуваат со општествениот и економскиот развој, подготовка на нови програми и др.

### 1.3. Одржливиот развој како современ предизвик

Живееме во свет во кој е распространета загриженоста дека моделот на развој во општествата низ целиот свет е неодржлив. Исто така, се соочуваме со потреба да ги преобликуваме нашите начини на живеење, бидејќи јасни се пораките од неодржливата потрошувачка на ресурси, деградација на екосистемите и експлоатација на луѓето. Токму поради овие причини, неопходно е да се подобри благосостојбата на сите луѓе кои живеат на нашата планета Земја.

Стратегијата за образование за одржлив развој на Европската комисија на Обединетите нации го опишува одржливиот развој како развој заснован на етика на солидарност, еднаквост и меѓусебно почитување меѓу луѓето, земјите, културите и генерациите. Имено, станува збор за развој кој е во хармонија со природата, задоволувајќи ги потребите на сегашните генерации, без да се загрози способноста на идните генерации да ги задоволат

своите потреби (UNECE 2011).

Имајќи предвид дека потребата за одржливиот развој е јасна, начините преку кои се пристапува кон овој предизвик на светско ниво се различни и секојдневно се развиваат. Секако, генерално е прифатено дека развојот на одржливи општества е долг процес и процес на континуирано учење. И покрај тоа што проблемите и дилемите се вообичаени, сепак, соодветните одговори на дилемите и решенијата на проблемите можеби не можат да бидат дефинитивни.

Образованието за одржлив развој треба да има клучна улога во развивањето на одржливи општества, бидејќи овој вид образование ја подигнува свеста и динамичноста на проблемите и помага при развивање на капацитетот на критичкото размислување, системското размислување, како и при мотивирање на активности и акции кои промовираат одржлив развој. Исто така, кон развојот на одржливи општества треба да се гледа од повеќе агли, бидејќи тој континуиран процес на развивање на одржлив свет вклучува различни актери во општеството кои обезбедуваат насоки и лидерство во формалното и неформалното учење. Од засегнатите страни во општеството се очекува подобрување на компетенциите на воспитувачите и наставниците, лидерите и доносителите на одлуки на сите нивоа на образование.

Многу светски организации, како што се: Светската организација за предучилишно образование, Монтесори Европа, УНИЦЕФ и слични организации, гласно зборуваат за одржливиот развој уште од мала возраст, едуцирајќи многу чинители во општеството за оваа тематика преку различни проекти, активности, акции, бесплатни вебинари и слични пристапи. Во најновиот извештај на УНИЦЕФ од 2023 година за напредокот на благосостојбата на децата во насока кон нивните права во Агендата 2030 се проценува дека унапредувањето на правата на децата и системското подобрување на благосостојбата на децата е можно. Во значителен број земји се согледува напредок над националните, регионалните или глобалните процеси. Сепак, овој напредок мора да се контекстуализира во однос на растојанието до целите и потребата од одржување на постигнувањата. Бавен или брз, напредокот врз основа на неодамнешните перформанси ги одразува почетните услови на секоја поединечна земја, националните приоритети, финансирањето, амбицијата и обврските (УНИЦЕФ 2023).

# 2. КВАЛИТЕТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ

## 2.1. Предучилишно воспитание и образование – суштина и значење

Предучилишното воспитание и образование е круцијално во животот на децата. Тоа е образовно учење кое нуди рано образование на децата пред тие да почнат да посетуваат задолжително основно образование. Предучилишното образование е период кога децата за прв пат излегуваат од својата комфорна зона – семејствата, и почнуваат да се вклопуваат во процес на градење на други врски, генерално преку социјализација и интеракција со своите врсници. Предучилишното воспитание и образование треба да биде достапно за децата, да нуди адекватна средина и услови за здраво детство, средина во која децата ќе ги развиваат своите ментални и физички потенцијали. Во предучилишните установи, целите на воспитно-образовниот процес се социјализацијата, стекнувањето на емотивни и морални способности и подготовката на детето за запишување во училиште. Значи, предучилишниот процес не е само обезбедување на грижа за децата, туку и зголемување на квалитетот на живот на предучилишните деца.

Во Програмата за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување деца (Службен весник бр. 98 2014), со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна е истакнато дека здравата исхрана е значајна за правилниот раст и развој на децата. Односот кон храната се изедначува со односот кон животот и токму тоа е причината поради која децата треба да бидат активно вклучени во процесот на одгледување на неколку видови зеленчук и овошје. Така, децата ќе имаат можност да го набљудуваат процесот на создавање, подготвување и правилно консумирање на овие видови овошје и зеленчук. Исто така, се смета дека сознанијата добиени на тој начин се трајни и применливи и дека создаваат основа за суштински правилно поставен однос кон природата и духовните вредности неопходни во животот на секоја личност која живее во хармонија со самата себе, својата околина и работи не само во своја полза туку и за општеството од кое потекнува. И на крајот, преку ова се обезбедува подобрување, подигнување и развивање на свеста кај децата за значењето на здравата и правилната исхрана. Целите на Програмата се следниве:

- Запознавање на децата со процесот на одгледување (раст и развој) на растенијата.
- Запознавање на децата со некои карактеристики на растенијата кои ги засадуваат.
- Запознавање со разликите и сличностите помеѓу зеленчукот и овошјето, преку воочување и вкусување.
- Запознавање на децата со начинот на правилно консумирање на здрава храна.
- Запознавање на децата со останатото овошје и зеленчук кое не може да го засадат, запознавање со неговите карактеристики, специфичности и особено со неговото значење за добро здравје и правилен развој на секое дете.

Од ова може да се заклучи дека основите на здравите навики се формираат кога децата одат во градинка, а во тој процес помагаат не само воспитувачите туку и воспитно-згрижувачкиот тим, стручните работници, останатите вработени во градинката, како и родителите. Имајќи го ова предвид, уште веднаш може да се воочи дека грижите за природата и природните ресурси кои таа ни ги дава на некој начин се веќе вклучени во програмите.

### 2.1.1. Значење на предучилишното образование и воспитание

Во периодот на предучилишното воспитание и образование се поставуваат темелите на една личност. Квалитетот на искуствата кои детето ги доживува во периодот до шест години се рефлектираат низ целиот живот. Во градинките, децата почнуваат психички да се развиваат, развивајќи ги високите психички функции, како: логичко размислување и помнење, внимание, говор, мислење, сложени чувства. Исто така, во предучилишниот период се развива говорот и јазикот.

Кога се зборува за учење, се реферира на учење на сознајни функции, социјализација, стекнување нови мотиви, карактерни црти, нови емоции и современ систем на вредности. Значајно е установата да нуди широк спектар на искуства, кои ќе им дозволат на децата сензорно, моторно и манипулативно искуство. Предучилишното воспитание и образование има три функции: педагошка, економска и општествена.

Во однос на педагошката функција, предучилишното воспитание и образование е можност за развој, учење и игра. Тоа претставува поддршка на семејното воспитание, ги унапредува знаењата на родителите и индиректно влијае врз окружувањето.

Во однос на општествената функција, предучилишното воспитание и образование нуди можност за поголема општествена интеграција и социјална кохезија, овозможувајќи еднакви и рамноправни можности за секое дете. Предучилишното образование ја помага адаптацијата на децата во основното образование, го намалува напуштањето на училиштето во понатамошните степени на образование и докажува дека децата кои оделе во градинка имаат повисоко ниво на знаења и достигнувања од децата кои не биле вклучени во процесот.

И во однос на економската функција, предучилишното воспитание и образование им овозможува на родителите да се вработат или пак да го продолжат своето образование. Инвестирањето во раното образование е најисплатливо за развојот на човечкиот капитал и може да придонесе за унапредување не само на образованието туку и на социоекономскиот статус (БРО 2018).

## 2.2. Теоретска основа за квалитетот на образованието во раното детство

Во Предлог-рамката за предучилишно образование, воспитание и згрижување (Мишиќ, Тасевска, Шеху, Палчевска, Јовановска, Чабуковска, Атанасовски, Барбареев 2019) детално се анализираат индикаторите за квалитетно рано воспитание и образование. Генерално, квалитетот на раното образование треба да биде процес кој ќе се одликува со структура и резултати. Дизајнираното и организирано предучилишно образование, заедно со темелното изведување на процесите и настојувањето за добивање резултати, го сочинуваат квалитетот на предучилишното образование. Оттаму, произлегуваат петте димензии на квалитетот на предучилишното образование, воспитание и згрижување:

1) Пристап
2) Кадар
3) Курикулум
4) Следење и вреднување
5) Управување и финансирање

Во однос на пристапот, предучилишното воспитание и образование треба да биде физички и финансиски достапно за сите деца. Тоа значи дека треба да се обрне внимание на

отворање градинки онаму каде што нема, при што сите деца (дури и од руралните средини), би можеле да се вклучат во процесот на предучилишно образование. Исто така, треба да се создадат услови родителите да можат финансиски да го носат товарот на потребните трошоци. Со вклучување на сите деца во процесот на ран детски развој се постигнува поголема социјална кохезија и инклузија на децата, односно социјален диверзитет.

Во однос на кадарот, се става акцент на воспитувачите кои учествуваат во воспитно-образовниот процес и кои ја изведуваат практичната настава. Од една страна, веќе е познато дека квалитетниот кадар е многу значаен за квалитетот на предучилишното воспитание и образование, но од друга страна, точно е дека воспитувачите треба да имаат поволни услови за работа каде што ќе можат професионално да ги практикуваат своите квалификации. Дополнително, треба да се инвестира во професионалниот развој на воспитувачите со кој тие ќе се подготват навремено да одговорат на промените во образованието и воспитанието.

Курикулумот е исто така показател на квалитетот на раниот детски развој, бидејќи програмата во една предучилишна установа се спроведува преку него. Многу е важно стандардите за раниот детски развој да бидат вклучени во предучилишната програма за да ги развијат потенцијалите на децата во целост. Тука, неопходна е соработката на воспитувачите, пред сè, со децата, но и со родителите, за да се создаде една мрежа на соработка и меѓусебна поврзаност.

Како друг показател за квалитетно предучилишно образование и воспитание е и следењето и вреднувањето, кои се значајни за да се добијат информации на локално, регионално и национално ниво. Така, се проверуваат и се испитуваат добрите страни на предучилишното образование и воспитание и се согледуваат предизвиците на кои треба да се работи во иднина.

Како последен показател е управувањето и финансирањето на предучилишното воспитание, образование и згрижување. Управувањето е од големо значење бидејќи е потенцијална можност за соработка со партнерски организации. Финансиите играат значајна улога бидејќи од нив зависи како ќе изгледа предучилишната установа, кој ќе биде вработен и сл.

Во целите за одржлив развој (ОН 2015), под цел број четири, односно 4.2., стои дека сите девојчиња и момчиња треба да имаат пристап до квалитетен ран детски развој, грижа и предучилишно образование. Тука се упатува на важноста и значењето на предучилишното воспитание и образование воопшто во целиот свет. Како што беше споменато, кадарот (воспитувачот) е показател за тоа дали предучилишното воспитание и образование е квалитетно или не. Доколку знаеме со кои вредности треба да се стекнат децата во раната возраст, се очекува дека воспитувачите треба истите да ги поседуваат и да ги практикуваат во своето работење. Тие се оние кои помагаат во градењето на карактерните особини на децата, ја спроведуваат наставната програма и се трудат да ги остварат целите и задачите кои се предвидени во истата.

## 2.3. Вредности во раниот детски развој

Во документот „Стандарди за рано учење и развој“, кај децата од 0 до 6 години (МТСП 2009), издаден од Министерството за труд и социјална политика, се презентираат очекувањата кои децата од предучилишна возраст треба да ги достигнат во текот на првите шест години. Предучилишното воспитание и образование не го опфаќа само процесот на згрижување на децата, туку и мерките и активностите за промоција на здравјето и унапредување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот и социјалниот развој. Во

водечките принципи и вредности, при развој на стандардите за рано учење и развој кај децата, се споменуваат следните принципи:

- На сите деца, без разлика на полот, етничката и религиозната припадност, социоекономските и културолошките разлики, како и различните здравствени и посебни потреби, треба да им се овозможи влез во образовниот систем.
- Сите деца можат да учат. Тие заслужуваат високи очекувања во нивните достигнувања во процесот на учењето, во согласност со нивната возраст и социокултуролошките карактеристики.
- Децата најдобро учат преку играта. Во процесот на учењето, играта се прифаќа како инструмент за учење.
- Средината во којашто децата учат ја поттикнува љубопитноста и е во согласност со нивните физички и емотивни потреби, со цел да се чувствуваат безбедно.
- Развојот на учењето кај децата е целосно условено од квалитетни воспитувачи, кои се заинтересирани за сопствено континуирано професионално унапредување, развој и соработка со децата и нивните родители.
- Почитување на личноста и на индивидуалните специфичности, потреби, интереси и можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни потреби, како и децата од сите социоекономски и етнички средини.
- Содржините на стандардите ги опфаќаат сите домени од развојот на детската личност, без фаворизирање на поединечни домени. Холистичкиот пристап во развојот на стандардите е основа за нивно подготвување, со оглед на тоа дека детето го осознава светот како целина.
- Заедничкото делување на семејството и заедницата во поттикнување на развој на рано учење кај децата.
- Сите деца имаат потенцијал да постигнат најголем дел од очекуваните стандарди во одредена возраст, со соодветна поддршка, инструкции и стимулација на развојот на раното учење.

Од ова произлегува дека очекуваните вредности кои децата треба да ги поседуваат при достигнување на стандардите се: независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и околината, прифаќање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност, како и почит кон заедницата и државата во целост. Децата во предучилишните установи треба да се учат на социјални вредности кои промовираат почит, споделување, прифаќање, помагање, сочувство, самоконтрола. Исто така, децата треба да се научат на манири и дисциплина, одговорност, праведност. Од големо значење е да се учи за љубовта, вистината, искреноста, храброста и среќата.

Во Програмата за рано учење и развој (МТСП 2014) се уредуваат теоретските основи и принципи за рано учење и развој, базирани врз Стандардите за рано учење и развој, цели, примери за активности, очекувани резултати, како и соработка со родителите. Со Програмата се опфатени следните принципи:

1) Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принцип на мултикултурализам.
2) Принцип на демократичност.
3) Принцип на доминација на игра и принцип на поврзување со животната реалност.

4) Принцип на активно учење и поттикнување на различни начини на изразување.
5) Принцип на усогласеност со возрасните карактеристики и принцип на индивидуализација.
6) Принцип на целосност и интегритет.
7) Принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес.
8) Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој.
9) Принцип на развојно-процесен пристап.
10) Принцип на критичко вреднување.
11) Принцип на континуиран професионален развој на воспитувачот.

Предучилишното воспитание и образование е клучен старт во процесот на учење и стекнување на значајни вештини во животот на секое дете. Квалитетот на предучилишното образование и воспитание треба да е на високо ниво, затоа што тогаш децата ги развиваат карактерните црти на сопствената личност. Воспитувачот е важен во овозможувањето квалитет во процесот на ран детски развој, но и во поддршката на квалитетен живот на децата. Воспитувачот треба да се карактеризира со високи професионални, интелектуални, емоционални и етички вредности за да претставува пример за детето во креирањето на сопствената индивидуа.

Да се биде дел од светот во кој живееме, значи да се прифатат новите процеси кои се случуваат во локалните и глобалните општества. Сведоци сме на брзи промени и кратко е времето кое ни е дадено за да се навикнеме на нив. Многу често се чувствуваме како замолкнати – без право на размисла и глас и немоќни да ја пуштиме мислата и да изговориме збор. Ние го доживуваме животот како еден, па така нашето секојдневно делување е доказ дека на многу начини сме поврзани со целокупниот општествен живот кој нѐ окружува. Општествените процеси влијаат и врз образованието. Стиловите на учење се менуваат низ времето. Традиционалниот метод, кој се фокусира на предавање и пренесување информации запомнети од страна на учениците, ги става учениците во пасивна улога и затоа веќе одамна е застарен и несоодветен за нив.

Спротивно на традиционалниот, современиот метод на настава се фокусира на потребите на ученикот. Учениците се ставени во центарот на вниманието и сите наставни методи кои се користат во наставата се со цел да го направат учењето поинтересно за нив, задржувајќи го нивното внимание. Наставата станува подинамична, ученикот има можност директно да комуницира со наставникот, да учествува во активности, да стекнува знаење доживувајќи искуства и да ги вежба своите потенцијали и способности.

Во „Стандардите за рано учење и развој“ (МТСП 2009) се дадени вредностите со кои треба да се стекнат малите деца во раното детство. Социјалната, културната, физичката и интелектуалната добросостојба на граѓаните во нашата земја, претставуваат генерална вредност врз која се потпира Националната програма за развој на образованието. Очекуваните вредности со кои треба да се стекнат малите деца се: независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, прифаќање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност, како и почит кон заедницата и државата во целост.

Одржливиот развој е концепт кој во последно време се воведува и во училиштата. Повеќе од познато е дека една од целите во Агенда 21 се однесува токму на образованието, земајќи го како значаен фактор во промовирањето на одржливоста. Овој пристап ги поттикнува учениците да се чувствуваат како глобални граѓани кои активно ќе учествуваат

во локалните и глобалните процеси, ги мотивира да решаваат глобални проблеми и да станат соработници во изградбата на праведен, толерантен, мирен, безбеден и одржлив свет. Охрабрувајќи ги во преземањето на одговорни одлуки, образованието за одржлив развој отвора можности за зачувување на интегритетот на животната средина, економската остварливост и правичното општество за сегашните и идните генерации.

# 3. УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ НА ВОСПИТУВАЧОТ ВО РАНОТО ДЕТСТВО

## 3.1. Воспитувачот и неговата улога во раното детство

Воспитувачот е професионална личност која работи и делува сè со цел да ги оствари целите и задачите на воспитно-образовниот процес. Кога се споменува зборот воспитувач, главно се мисли на стручно лице кое работи во предучилишна установа. Воспитувачот е квалификуван за воспитание и образование на децата и поседува соодветно образование и стручна подготовка за таа работа. Неговата улога е да го организира воспитно-образовниот процес, познавајќи ги педагошките, дидактичките и психолошките основи на тој процес.

Постоењето на динамични и променливи педагошки и општествени фактори го условуваат менувањето на поимот воспитувач. Сè уште се истражуваат стилови на учење и педагошки модели и методи. Она што се случува во општеството е дополнителен фактор кој влијае врз воспитанието и образованието на децата. Затоа, во овој контекст, треба да се спомене дека не само воспитанието и образованието добиваат поинакви карактеристики, туку поинакви карактеристики добива и самиот воспитувач, кој е подложен на истите промени. Оваа состојба алармира кон неопходноста за преиспитување на предностите и недостатоците на самите воспитувачи.

Улогата на воспитувачот е да го поддржува и насочува процесот на воспитување на децата. Неговата улога има значајна вредност во растењето и развојот на индивидуата. Воспитувачот има силно влијание врз децата, врз општеството, како и врз иднината на човештвото. Детето го доживува воспитувачот како целосна личност и будно го следи неговото однесување, неговите реакции и емоции. Воспитувачот, пак, е свесен дека неговата работа е морално чувствителна затоа што работи со деца врз кои може многу лесно да се влијае. Поради тоа, неопходно е воспитувачот да биде свесен за одговорноста која ја носи. Тој е одговорен за формирањето на определени црти на личноста на детето.

### 3.1.1. Етички вредности на воспитувачот

Етиката постоела уште од најдалечното минато и била дел од животот на луѓето. Најнапред, можеби несвесно, но подоцна и свесно, луѓето ја практикувале етиката во нивното секојдневно живеење. Како што се развивале општествата, така се развивала и цивилизацијата, што во тој случај довело до поголемо поврзување на луѓето меѓу себе. Природно се наметнале и етичките вредности во животите на луѓето. Станувало збор за тоа да се внимава како делувањето на еден поединец влијаело врз останатите. Сè повеќе се посветувало внимание на начинот на дејствување во општеството и притоа се размислувало дали дејствието е добро или лошо, исправно или погрешно. Етиката како наука се развивала и добила значење во многу други сфери и области, па така од неа произлегле повеќе дисциплини, како: биоетика, медицинска етика, еколошка етика, професионална етика и ред други.

Професионалната етика се јавува во секоја професија или занимање. Така, се појавила и професионална етика во образованието, односно во градинките, училиштата и на факултетите. Со појавата на професионалната етика во образованието, се потврдил фактот дека особено внимание треба да се обрне на етичкото однесување на воспитувачите, учителите, наставниците, професорите. Тоа станало доста важно, бидејќи

се знаело дека просветните работници играат значајна улога во животот на децата, учениците и студентите и дека нивното делување и начин на однесување има огромно влијание не само врз развојот на личноста туку и на нејзиниот целокупен живот.

Неспорен е фактот дека предучилишното воспитание и образование е клучен период во животот на секое дете. Во овој период се „засадуваат“ семињата за развојот на карактерот и личноста на детето. Поради ова, значајна и влијателна личност во изградбата на личноста и карактерот на детето е токму воспитувачот.

Воспитувачот како стручно лице има задача да ја реализира воспитно-образовната работа во установата. Воспитувачот помага при исполнување на педагошката, воспитно-образовната и дидактичката цел. Бидејќи претставува пример на личност која влијае врз животот на детето, воспитувачот треба да поседува интелектуални, емоционални, работни, естетски, физички и етички квалитети.

Воспитувачот претставува стожер на целиот воспитно-образовен процес во една предучилишна установа. Тој е суштински фактор при имплементирањето на сложениот процес на воспитно-образовната дејност и затоа треба да поседува не само професионални, туку и морални квалитети. Неговите морални квалитети се препознаваат низ неговиот карактер, однесувањето кон учениците, колегите, директорот, општеството, како и низ неговите психолошки и морални својства. Оттука, се укажува на неговата улога во водењето на процесот на моралното воспитување на децата, давајќи насока по која ќе се движат и следејќи ги правилните норми во однос на однесувањето и животот.

Кога се говори за карактерот на воспитувачот, обично се претпоставува дека тоа би била личност која се одликува со добрина, доследност, искреност, коректност, скромност, хуманост, чесност. Добрината кај воспитувачот се забележува кога се работи за личност со благ и мек карактер, личност која не сака да причинува зло, односно личност која прави добро и сочувствува со другите. Воспитувачот треба да се одликува со заземање на свој став и да се држи до своето мислење, бидејќи само на тој начин ќе влее доверба кај децата. Тој треба да се труди да биде искрен, да не создава лажни претстави кои можат да создадат конфузија. Треба да се одликува со коректност (правилност) и да не изразува вообразеност. Воспитувачот треба да биде морално исправен и човечен во своите постапки.

Кога станува збор за однесувањето на воспитувачот кон другите, неговиот карактер треба да се одликува со почит, доверба, достоинственост, способност за педагошки контакт, култура, комуникативност, толерантност, подготвеност за помош, почит кон себеси и другите, тимска работа, колегијалност, соработка и емпатија. Овие одлики се доста важни бидејќи се однесуваат на меѓусебната поврзаност на воспитувачот со децата, колегите, директорот, родителите, општеството. Воспитувачот е во контакт со сите кои се дел од процесот на воспитно-образовната дејност и затоа треба да покаже квалитети на заедничко делување, уважување на друга личност, трпеливост кон туѓо мислење или карактер, сочувствителност, поддршка и воспоставување врски со другите.

Во однос на личните својства, воспитувачот треба да се одликува со несебичност, точност, вредност, исполнување должност, уредност, пристојност, истрајност, учтивост, чувствителност, спокојност и смиреност.

### 3.2. Етички кодекси

Интернационалниот кодекс на етика за едукатори (Childhood Education International 2018) посветува внимание на неколку етички вредности кои секој едукатор треба да ги почитува кога ја извршува својата работа. Во овој документ, издаден во октомври 2018 година, се зборува за четири главни домени низ кои се практикуваат етичките вредности. Тие домени се:

*I.* Професионална посветеност
Принцип 1: Прифаќање на улогата и одговорноста на едукаторот.
Принцип 2: Ангажирање во професионален развој.
Принцип 3: Одржување здравје и благосостојба.

*II.* Педагошка пракса
Принцип 4: Олеснување на одговорна и релевантна настава.
Принцип 5: Обезбедување пристап и еднаквост.
Принцип 6: Прифаќање иновации.

*III.* Вклучување во заедницата
Принцип 7: Градење на ефективни врски.
Принцип 8: Препознавање и одговор на потребите на заедницата.
Принцип 9: Негување на социјална правда и мир.

*IV.* Глобална одговорност
Принцип 10: Промовирање на одржливост.
Принцип 11: Негување на глобално учество.
Принцип 12: Поддржување на универзални права и глобални цели.

Едукаторите предаваат во различни средини кои имаат свои културни, социјални, економски и политички позадини. Тие влијаат врз животот на децата, но и врз нивните семејства и општеството во кое живеат. Во овој кодекс се обрнува внимание на професионалната посветеност на просветните лица, на нивната педагошка пракса, но и на нивното поврзување со локалната заедница во која живеат, односно на глобалната одговорност која тие ја имаат преку промовирање на одржливиот развој, поттикнување на мир и стабилност, како и поддршка на напредокот во светот.

Според Националната образовна асоцијација, едукаторот верува во вредноста и достоинството на секој човек, ја препознава важноста на вистината, посветеноста, солидарноста и ги негува демократските принципи. Едукаторот ја препознава одговорноста која ја има во наставниот процес. Во овој кодекс (National Education Association 2020) се истакнува потребата од слобода на учење и предавање, се гарантира еднаква образовна можност за сите и се потенцира важноста на почитта кон колегите, учениците, родителите и членовите на општеството. Националната образовна асоцијација има етички кодекс кој се заснова врз два принципа:

1) Посветеност кон ученикот/студентот.
2) Посветеност кон професијата.

Во однос на првиот принцип, едукаторот:

- Не смее неосновано да го ограничи ученикот од самостојно дејствување во потрагата по учење.
- Не смее неосновано да го негира пристапот на ученикот до различни гледишта.
- Не смее намерно да го потиснува или да го наруши предметот што е важен за напредокот на ученикот.
- Треба да вложи доста напор за да го заштити ученикот од услови штетни по учењето, здравјето или безбедноста на ученикот.
- Не смее намерно да го изложува ученикот на срам и омаловажување.
- Не смее врз основа на раса, боја, вероисповед, пол, национално потекло, брачен статус, верски уверувања, семејство, социјална или културна припадност, сексуална ориентираност, неправедно да го исклучи ученикот од која било програма; да ги негира придобивките на кој било ученик; да му даде предност на кој било ученик.
- Не смее да ги користи професионалните односи со учениците за стекнување на каква било приватна корист.
- Не смее да открива информации за ученици добиени во текот на професионалната услуга, освен ако обелоденувањето служи за професионална цел или не е предвидено со закон.

Кон образовната професија се гледа со многу доверба и одговорност и се бараат највисоките идеали на професионална услуга. Бидејќи се верува дека квалитетот на услугите во оваа професија директно влијае на нацијата и граѓаните, секој едукатор треба да вложи свој труд за да ги подигне професионалните стандарди, да креира клима која охрабрува вежбање на професионалниот суд и да асистира во превенцијата на реализирањето на професионалната практика од неквалификуван кадар. Едукаторот не треба:

- Во пријавата за професионална позиција намерно да даде лажна изјава или да не открие некој материјален факт поврзан со неговата компетентност и квалификации.
- Лажно да ги претставува неговите професионални квалификации.
- Да поттикнува вработување на лице во професијата за кое се знае дека не е квалификувано во однос на карактерот, образованието или други релевантни одлики.
- Да даде лажна изјава во врска со квалификациите на кандидат за професионална позиција.
- Да му помага на нестручниот едукатор во неовластено изведување на наставата.
- Да открива информации за колеги добиени во текот на професионалната служба, освен ако обелоденувањето служи за професионална цел или не е предвидено со закон.
- Да дава лажни или злобни изјави за колегите.
- Да не прифаќа никаква благодарност, подарок или услуга што може да ги наруши или да влијае на професионалните одлуки или активности (National Education Association 2020).

## 3.3. Основни професионални компетенции на стручните профили и воспитувачи во градинките

Во „Прирачникот за професионални компетенции“ од 2024 година (Клементовиќ. Ј., Тасевска, А., и Вишњич-Јефтиќ, А., Министерство за социјална политика, демографија и млади), дадени се и основните професионални компетенции кои треба да ги поседуваат практичарите кои работат и делуваат во детските градинки. Тие компетенции се насочени кон три области на компетентност: 1. Работа со други луѓе (деца, колеги, родители и други партнери); 2. Примена на знаењето, технологијата и информациите; 3. Работа во животната средина и околината (на локално, национално, европско и пошироко глобално ниво). Процесот на стекнување компетентност во наведените области треба да се реализира преку развивање на општи и генерички компетенции. Тие се следниве:

- Познавање на карактеристиките и развојните потреби на децата.
- Вештини за управување со групите.
- Способност за следење и оценување на процесите на развој и учење.
- Познавање на содржината на тековните програми и процеси на програмирање на воспитно-образовната работа.
- Способност за тимска работа и соработка со различни целни групи во рамките на предучилишната институција и надвор од неа.
- Способност за истражувачки однос и рефлективен пристап кон практиката и сопствената работа.
- Развиена сензибилност за социјалната и културната димензија на образованието.

Исто така, во Прирачникот е претставена структура на професионалните компетенции на стручните профили во градинките. Таа изгледа вака:

*Табела бр. 1: Структура на основните професионални компетенции на стручните профили во детските градинки*

| **Подрачја, потподрачја и компетенции** | | **Категорија – Стручни профили вработени во детски градинки** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Категорија А Директори/ раководители** | **Категорија Б Стручни соработници** | **Категорија В Воспитувачи** | **Категорија Г Стручни соработници** | **Категорија Д Негуватели** |
| **Детски развој и учење** | **Потподрачје** | **Детски развој и учење** | **Работа со деца: Поддршка на рано учење и развој на деца** | **Рано учење и развој на детето** | **Знаење за предучилишното образование и рано учење и развој** | **Рана грижа и развој на детето** |
| **Средина** | **Потподрачје** | **Професионални заедници за учење** | **Здрава и безбедна средина за учење и развој** | **Здрава и безбедна средина за учење и развој** | **Здрава и безбедна средина за учење и развој** | **Нега и практика** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Социокултурна и инклузивна средина** | **Социокултурна и инклузивна средина** | **Стимулативна средина за поддршка на учењето**<br>**Инклузивна средина и пристап за учење** | **Социокултурна и инклузивна средина** | **Средина базирана на докази** |
| **Организација и клима** | **Потподрачја** | **Управување и организација** | **Организација и клима** | **Структура и организација на детската градинка** | **Стимулативна средина за учење** | **Организација и клима** |
| | | **Лидерство** | **Заедници за учење и рефлективна практика** | **Клима за поддршка на демократско учество** | **Организација и клима** | |
| | | **Менаџирање** | | | | |
| **Воспитно-образовен процес** | **Потподрачја** | **Градење релации** | **Поддршка на практичари за планирање, следење и евалуација** | **Холистички пристап и интегрирано планирање** | **Стратегии за рано учење и поучување** | **Следење и вреднување на грижата и негата на детето** |
| | | **Образовна политика** | **Аналитичко-истражувачка работа** | **Стратегии за рано учење, поучување и развој** | **Планирање, следење и евалуација** | **Унапредување на негата, грижата и развојот на детето** |
| | | | | | **Аналитичко-истражувачка работа** | |
| **Соработка со семејството и заедницата** | **Потподрачја** | **Партнерство со родителите, семејствата и заедницата** | **Едукациска и советодавна поддршка на родителите и семејството** | **Семејни карактеристики и влијанија** | **Соработка со семејството** | **Комуникација, соработка и партнерство со родителите и семејството** |
| | | **Разрешување проблеми и градење стратегии за соработка** | **Вклучување на родителите и семејството во градинката** | **Комуникација, соработка и вклучување на родителите и семејството** | **Соработка со заедницата** | **Соработка со заедницата** |
| | | | **Соработка со стручните институции и организации** | **Едукациска и советодавна поддршка на родителите и семејството** | | |
| | | | **Соработка со заедницата** | **Односи со заедницата** | | |
| **Професионален развој** | **Потподрачја** | **Професионален развој** | **Личен и професионален развој** | **Личен и професионален развој** | **Личен и професионален развој** | **Етички принципи и професионален пристап** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Рефлективна практика** | **Професионална соработка** | **Професионална етика и соработка** | **Професионална соработка** | **Рефлективна практика** |

Поконкретно, воспитувачите треба да развиваат компетенции во однос на следниве шест подрачја:

1. Подрачје 1: Детски развој и учење
2. Подрачје 2: Средина
3. Подрачје 3: Организација и клима
4. Подрачје 4: Воспитно-образовен процес
5. Подрачје 5: Соработка со семејството и заедницата
6. Подрачје 6: Професионален развој

Во однос на првото подрачје, насловено: „Детски развој и учење“, во табелата се дава преглед на потподрачјето за рано учење и развој.

*Табела бр. 2: Потподрачје: Рано учење и развој*

| **Потподрачје: Рано учење и развој** | |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ги знае развојните карактеристики на децата. | Ги препознава развојните особини и карактеристики на децата од рана и предучилишна возраст. |
| Ги знае и ги разбира современите теории за рано учење, развојот на мозокот и севкупниот развој на децата. | Го приспособува пристапот кон децата според специфичностите во развојот и учењето на детето. |
| Ги знае и ги разбира теориите за рано учење и развој на детето. | Избира стратегии за рано учење и развој, соодветни на целите и контекстот, што водат до самоприфаќање, изразување, комуникација и прифаќање на различностите. |
| Ги знае различните процеси на учење и стекнување искуства кај децата. | Применува теоретски концепти и принципи во индивидуалните пристапи во процесот на учење и подучување на децата. |
| Ја разбира улогата на играта во поттикнувањето на холистичкиот развој. | Иницира и поттикнува игра и други активности за изразување комуникација и прифаќање на разликите меѓу децата и меѓу децата и возрасните. |

Во однос на второто подрачје, насловено: „Средина“, се дава и преглед на здравата и сигурна средина за учење и развој, стимулативната средина за поддршка на развојот и учењето и инклузивната средина и пристапи за учење.

*Табела бр. 3: Здрава и сигурна средина за учење и развој, Стимулативна средина за поддршка на развојот и учењето и Инклузивна средина и пристапи за учење*

| **Потподрачје: Здрава и сигурна средина за учење и развој** | |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |

| | |
|---|---|
| Ја разбира важноста од создавање здрава и безбедна средина, особено градење позитивна емоционална клима, која им помага на децата да ги надминат негативните искуства и да ги задоволат нивните посебни потреби за учење. | Создава здрава и безбедна средина, особено градејќи позитивна емоционална клима, која им помага на децата да ги надминат негативните искуства и да ги задоволат нивните посебни потреби за учење. |
| Ги знае протоколите и процедурите за справување со кризни ситуации во градинка. | Ги препознава потенцијалните знаци на кризна ситуација и има способност да комуницира јасно и ефективно во кризна ситуација. |
| Ги познава стандардите и методите за создавање здрава и безбедна средина. | Користи методи и алатки засновани на научни докази за создавање здрава и безбедна средина. |
| Ја разбира важноста од стекнување когнитивни, емоционални и физички здрави навики кај децата. | Користи методи и алатки засновани на научни докази за поттикнување на когнитивни, емоционални и физички здрави навики кај децата. |
| **Потподрачје: Стимулативна средина за поддршка на развојот и учењето** | |
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Знае и разбира како влијае околината на целокупниот развој и учење на детето (холистички пристап). | Создава стимулативна просторно-материјална и социјална средина заснована врз следење на детето, на неговите интереси и потреби. |
| Ја разбира околината (просторно-материјална и социјална) како ресурс за игра, учење, изразување и создавање. | Избира и создава стимулативен ресурс за игра, учење, изразување и создавање. |
| Знае дека детето е кокреатор на сопствениот развој и сопственото учење. | Го поддржува вклучувањето на секое дете во коконструкцијата на околината. |
| Ја разбира важноста на флексибилноста како важна димензија на временската средина. | Создава средина каде што децата имаат доволно време да учат според нивните потреби, интереси и способности. |
| Ја разбира важноста на креативните активности за развојот и учењето на децата. | Создава стимулативна креативна средина. |
| **Потподрачје: Инклузивна средина и пристапи за учење** | |
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ја разбира и ја вреднува културната различност. | Ги применува концептите на интеркултуралност. |
| Ги разбира принципите, практиките и законите за инклузивно образование, кои го поддржуваат вклучувањето на сите деца во однос на нивните попречености или посебни потреби. | Го поттикнува воспоставувањето на заеднички вредности, верувања и начини на однесување и служи како пример. |
| Ја сфаќа потребата да се избегнуваат стереотипите и предрасудите. | Користи јазик и активности за активно избегнување, обесхрабрување и когнитивно преформулирање на стереотипите и предрасудите. |

Во однос на подрачјето насловено: „Организација и клима“, во табелата се дава преглед на потподрачјата Структура и организација на детската градинка и Атмосфера за поддршка на демократско учество.

*Табела бр. 4: Структура и организација на детската градинка и Атмосфера за поддршка на демократско учество*

| **Потподрачје: Структура и организација на детската градинка** | |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ги познава законските прописи од областа на раното детско образование. | Постапува по законските прописи од областа на раното детско образование. |
| Ги разбира принципите на планирање и вреднување на програмата на воспитно-образовната група. | Ја планира и ја оценува програмата на воспитно-образовната група. |
| Ги знае димензиите на квалитетот на градинката. | Активно придонесува за квалитетот на градинката. |
| Ги знае карактеристиките на тимската работа. | Ги споделува одговорностите, ресурсите и експертизата за да постигне најдобри можни резултати. |
| Ги знае задачите и одговорностите на вработените во градинката. | Соработува со целиот персонал за да се обезбеди благосостојба на децата, семејствата и заедницата. |
| **Потподрачје: Атмосфера за поддршка на демократско учество** | |
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Запознаен е со Конвенцијата за правата на детето и ги разбира нејзините принципи. | Ги почитува правата на децата и ја организира работата во согласност со нив. |
| Ги разбира стратегиите кои промовираат демократско учество. | Организира средина која обезбедува учење што ги поттикнува децата активно да се вклучат во одлучувањето. |
| Ги разбира педагошките пристапи кои промовираат демократско учество. | Ги олеснува дискусиите, го поттикнува критичкото размислување и создава можности за вклучување на децата во процесите на донесување одлуки. |

Во однос на подрачјето насловено: „Воспитно-образовниот процес“, се дава преглед на потподрачјата Холистички пристап и интегрирано планирање и Стратегии за рано учење и развој.

*Табела бр.5: Холистички пристап и интегрирано планирање и Стратегии за рано учење и развој*

| **Потподрачје: Холистички пристап и интегрирано планирање** | |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ги познава принципите и пристапите насочени кон детето во образованието во раното детство. | Ги применува принципите и пристапите насочени кон детето во секојдневната работа. |
| Ја разбира програмата за рано учење и развој, како и програмата на градинката и програмата на воспитно-образовната група. | Развива програма за воспитно-образовната група, која промовира холистички пристап. |
| Препознава дека знаењето и вештините од реалниот свет се меѓусебно поврзани. | Обезбедува можности за интегрирање разни подрачја и дисциплини во средината за учење. |
| Познава разни техники на набљудување за нивно користење за планирање. | Ги набљудува децата и контекстот во она што го учат за да планира идни активности. |

| | |
|---|---|
| Познава разни техники за документирање на воспитно-образовниот процес. | Користи разни техники за документирање на воспитно-образовниот процес. |
| Познава разни истражувачки техники за подобрување на воспитно-образовната практика. | Користи разни истражувачки техники за подобрување на воспитно-образовната практика. |
| **Потподрачје: Стратегии за рано учење и развој** | |
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ги разбира стратегиите за учење кои одговараат на индивидуалните когнитивни, социјални, емоционални и физички способности на децата. | Обезбедува можности и ги поттикнува децата да користат разни стратегии за учење. |
| Ги разликува методите за различните потреби на децата во воспитно-образовната група, вклучувајќи ги и оние со различни способности, стилови на учење и потекло. | Применува разни методи за да ги задоволи различните потреби на децата во воспитно-образовната група, вклучувајќи ги и оние со различни способности, стилови на учење и потекло. |
| Ги знае стратегиите за поттикнување на социјалната и емоционалната компетентност кај малите деца. | Поттикнува развој на социјални вештини, емоционална регулација, емпатија и разрешување конфликти кај малите деца преку намерни активности и интеракции. |
| Ги знае стратегиите за промовирање на раните вештини за описменување, вклучително и фонетска свест, развој на вокабулар и раскажување приказни. | Создава средина богата со јазици. |
| Ги знае практичните пристапи за воведување основни математички концепти, просторно расудување и основни принципи на науката, технологијата, инженерството и математиката (СТЕМ). | Создава средина богата со СТЕМ. |
| Ги познава технолошките алатки соодветни на возраста и знае како да се интегрираат во процесот на учење за да се подобрат ангажираноста и развојот на вештините. | Обезбедува можности за користење технологија соодветна на возраста и умешно ја интегрира во процесот на учење. |

Во однос на подрачјето насловено: „Соработка со семејството и заедницата“, во табелата се дава преглед на семејните карактеристики и влијанија; комуникацијата, соработката и вклученоста на родителите и семејството; едукативната и советодавната поддршка на родителите и семејството и односите со заедницата.

*Табела бр.6: Семејни карактеристики и влијанија, Комуникација, соработка и вклученост на родителите и семејството, Едукативна и советодавна поддршка на родителите и семејството и Односи со заедницата*

| **Потподрачје: Семејни карактеристики и влијанија** | |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ги познава семејните карактеристики (структура на семејството, функционирање, култура, вредност). | Креира и применува квалитетни инклузивни практики во образовниот процес, според разликите во структурата, функционирањето, културата и семејните вредности на различни семејства. |

| | |
|---|---|
| Го разбира влијанието на семејните карактеристики врз развојот и учењето на децата. | Ги приспособува практиките според влијанието на семејните карактеристики врз развојот и учењето на децата. |
| Ги разбира различните стилови на родителство. | Создава средина за учење која рефлектира различни стилови на родителство и ги поврзува со однесувањето на децата. |
| **Потподрачје: Комуникација, соработка и вклученост на родителите и семејството** | |
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ја разбира важноста на соработката и вклученоста на родителите и семејствата во воспитно-образовната практика. | Значително го олеснува ангажирањето и соработката во корист на децата. |
| Ја разбира важноста на комуникацијата со родителите и семејствата во воспитно-образовната практика. | Ефективно комуницира за јасно пренесување на информациите и градење односи со родителите, семејствата и другите засегнати страни. |
| Знае разни начини и пристапи за вклучување на родителите и семејствата во воспитно-образовниот процес. | Создава инклузивна и прифатлива средина во однос на различноста на потеклото на детето/родителот/семејството. |
| Знае разни пристапи, стратегии, форми, методи и техники на комуникација со родителите и семејствата. | Користи разни пристапи, стратегии, форми, методи и техники и ги приспособува стиловите на комуникација на различен аудиториум. |
| **Потподрачје: Едукативна и советодавна поддршка на родителите и семејството** | |
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ги познава релевантните образовни политики и иницијативи од оваа област. | Го користи знаењето за релевантните образовни политики и иницијативи за да им обезбеди на родителите навремени и значајни информации. |
| Ги познава релевантните услуги во заедницата поврзани со подобрување на родителските компетенции. | Им обезбедува на родителите информации за општинските услуги поврзани со зајакнување на родителските компетенции (библиотека, важни објекти, институции и лица итн.). |
| Ги познава ресурсите што ги демонстрираат методите на учење и поучување и ги вклучува родителите во интерактивни искуства за учење што можат да ги реплицираат со своите деца. | Обезбедува пристап на родителите до ресурсите што ги демонстрираат методите на учење и поучување и ги вклучува родителите во интерактивни искуства за учење што можат да ги реплицираат со своите деца. |
| Познава разни комуникациски пристапи и техники на советодавна работа со родители и семејства. | Применува разни комуникациски пристапи и техники на советодавна работа со родителите и семејствата. |
| **Потподрачје: Односи во заедницата** | |
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ги познава ресурсите на заедницата кои можат да придонесат за квалитетот на образованието во раното детство, | Поддржува активности за зајакнување на социјалната свест и одговорност за развојот и благосостојбата на децата кај сите засегнати страни во заедницата. |

| | |
|---|---|
| Ги знае потребите на општината поврзани со предучилишното образование. | Планира и организира активности од интерес за децата, семејствата и заедницата. |

Во однос на шестото подрачје, насловено: „Професионален развој“, во табелата се дава преглед на личниот и професионалниот развој и на професионалната етика и соработка.

*Табела бр. 7: Личен и професионален развој и Професионална етика и соработка*

| **Потподрачје: Личен и професионален развој** | |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ја знае и ја разбира потребата за личен и професионален развој. | Ги открива сопствените потреби за личен и професионален развој. |
| Познава разни форми и активности на професионален развој, дизајнирани да ги подобрат вештините, знаењето и ефективноста на воспитувачите. | Открива и избира форми и активности за професионален развој, соодветни на нивните потреби. |
| Има знаење за образовните истражувања, воспитно-образовните практики, засновани на докази, и трендовите во педагогијата за постојано подобрување на нивната практика. | Критички размислува за образовните истражувања, воспитно-образовните практики, засновани на докази, и трендовите во педагогијата во однос на нивната практика. |
| Има знаење за рефлективната практика. | Критички размислува за воспитно-образовните практики, бара повратни информации, го прифаќа начинот на размислување за раст и се вклучува во тековното самоподобрување. |
| Има свест за поширокитe образовни трендови, општествените промени и глобалните прашања кои можат да влијаат на развојот и учењето на децата. | Користи разни ресурси за да најде информации за современите трендови кои можат да влијаат на развојот и учењето на децата. |
| **Потподрачје: Професионална етика и соработка** | |
| Знаење и разбирање | Професионални способности и вештини |
| Ги познава универзалните етички принципи. | Промовира универзални етички принципи. |
| Ги познава етичките вредности и стандарди во својата професија. | Ги почитува етичките вредности и стандарди на професијата. |
| Ја разбира важноста од колегијалната поддршка, соработката, размената на искуства и информации. | Ги поддржува колегите и соработува со нив со цел размена на искуства и информации. |
| Ја разбира важноста на професионалното здружување. | Таа/тој е член на професионални здруженија. |

Во „Прирачникот за воспитувачи“ (Шеху и др. 2014), издаден од Министерството за труд и социјална политика, се даваат одредени карактеристики кои треба да ги поседува еден воспитувач за да стане успешен. Успешниот воспитувач ги поседува следните квалитети:

- Познава голем број стратегии за подучување;
- Умее да ги приспособи на индивидуалните потреби за учење кај децата;
- Умее да ги приспособи на планираните содржини и цели што сака да ги постигне кај децата;
- Препознава кога децата добиваат нови идеи и откриваат нови концепти и постепено ги воведува децата во нив;
- Ги охрабрува децата да земат учество во активностите за учење, но и да ги почитуваат правилата;
- Ги слуша внимателно децата што зборуваат, ги советува да употребуваат нови

зборови за да си го збогатат речникот;
- Знае кога може да ги подучува децата директно, кога да им обезбеди на децата дополнително време за истражување, откривање и кога да ја поттикне нивната креативност;
- Знае како да ги планира активностите за учење кои ќе го поттикнат детскиот развој и интересот на децата за рано учење;
- Знае како да им помогне на децата да учат заедно и како да ги решаваат конфликтните ситуации помеѓу себе;
- Ги охрабрува децата да се почитуваат едни со други;
- Креира можности за успешна комуникација со децата и помеѓу децата, како и со родителите;
- Знае како да воспостави ред во училницата, но во исто време тоа да им претставува задоволство и пријатен амбиент за учење на децата.

Развивањето на компетенциите на воспитувачите според дадените табели се гледа дека е исклучително важно. Сите подрачја кои отвораат можности за развивање на компетенциите се со подеднакво значење. Како и да е, остануваат значајните моменти кои можат да се издвојат, а тие се поврзани со разбирањето на детската личност и детскиот развој, овозможување на стимулативна и безбедна средина за учење, соработката во рамките на градинката, спроведување на програмата и активностите, соработката со заедницата, како и професионалниот развој на самите воспитувачи.

# 4. КОНЦЕПТ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РАНОТО ДЕТСТВО

## 4.1. Суштина и значење на концептот на одржлив развој

Концептот на одржлив развој во неговата суштина е револуционерен, но многу тежок за прагматички да се дефинира. Тој е мултидисциплинарен, комплексен и систематски. Концептот за прв пат се споменува во однос на зачувувањето на природните ресурси. Идејата била да се обединат нациите за да се сопре експлоатацијата на природните ресурси која негативно влијаела врз околината. Малку подоцна, Светската комисија за животна средина и развој излегла со став дека „одржливиот развој е развој кој ќе ги задоволи потребите на сегашноста, без да го стави под знак прашалник задоволувањето на потребите на идните генерации“.

Од почетоците, па сè до денес, концептот на одржлив развој има различни интерпретации. Одржливиот развој се дефинира како социоекономски систем кој ги оспособува човечките потреби, но и како долгорочен прогрес кон благосостојбата и подобрувањето на целокупниот квалитет на живот, во согласност со еколошките ограничувања. Разбирањето на одржливиот развој во теоријата најмногу се поврзува со еколошката одржливост. За да се постигнат неопходните еколошки услови, треба да се исполнат соодветни социјални услови и да се увиди како тие влијаат на еколошката одржливост или неодржливост. Од аспект на социјалната одржливост, одржливиот развој претставува можност за достигнување на одредени човечки потреби, но и можност за постигнување на социјални потреби, традиција, култура и други социјални вредности и карактеристики. Економскиот развој не може да се постигне без ресурси, па затоа се дефинира и насоката на одржливиот развој кон користењето на ресурсите.

Во последните години, разни интернационални организации, владини агенции, академски институции и автори, развија методолошки рамки и систем на индикатори на одржлив развој, кои го мерат, мониторираат и вреднуваат одржливиот развој. Овие индикатори и системи се применливи на интернационално, национално и регионално ниво. Одржливиот развој бара достигнување на: 1) еколошка одржливост (одржување на квалитет во околината), неопходна за економски активности и квалитет на живот, заштита на средината, редуцирана емисија на загадување, рационално користење на ресурсите; 2) социјална одржливост – зачувување на општеството и културниот идентитет, почит кон културниот диверзитет, раса и религија, зачувување на социјалните вредности, правила и норми, заштита на човековите права и еднаквост; 3) економска одржливост (одржување на природен, социјален и човечки капитал), потребна за донесување приходи и одржување на животен стандард (Purvis, Mao, Robinson 2018). Овие современи предизвици биле прегледани на Конференцијата за одржлив развој во Њујорк, под наслов: „Transforming our world: 2030 Agenda for Sustainable development with 17 Millenium development goals“.

Во денешно време, севкупното човештво се соочува со проблеми кои имаат големо влијание врз локалните, регионалните и глобалните средини во кои луѓето живеат. Сите ние ги чувствуваме и доживуваме тие тешкотии поради фактот дека се присутни и во нашиот секојдневен живот. Станува збор за предизвици кои се поврзани со одредени вистини, како што се: брзото користење на природните ресурси и ефектите од глобалното затоплување врз еколошкиот баланс и биодиверзитетот. Меѓу споменатите, не изостанува и стварноста дека нивото на морињата постојано се зголемува, сиромаштијата станува сè поголема, се забележува поголем мотив за мигрирање, настануваат проблеми поврзани со снабдување со храна и сл.

Процесот на глобализација, од една страна, позитивно влијае врз животот на луѓето бидејќи овозможува нивно поврзување низ целиот свет. Како процес кој се обидува да ги опише промените во општествата и светската економија, глобализацијата значи поблизок контакт помеѓу различни делови на светот. Со тој близок контакт се отвораат поголеми можности за лична размена, меѓусебно прифаќање и создавање пријателства, формирајќи една светска цивилизација. Ние самите сме сведоци на време кое нуди можност да стигнеме до секого, да се поврземе со луѓе од целиот свет, да патуваме каде што сакаме, да купуваме работи од секаде, да дојдеме до информации, да студираме во други држави. Се чини дека сè ни е повеќе од достапно, го имаме светот на дланка. Но, токму поради таа непречена поврзаност, се јавува потребата да внимаваме како се однесуваме кон другите луѓе. Знаејќи и прифаќајќи го фактот дека луѓето се социјални битија, можеме да кажеме дека и општеството игра клучна улога во формирањето на односите меѓу луѓето. Така, уште во 1987 година, се насетува потребата за поставување на глобални цели, кои светот ќе се стреми да ги исполни за да стане подобро место за живеење; грижејќи се за луѓето, за животната средина, но и за општествата во кои тие живеат и делуваат.

Постојат настани кои ја дискутираат и ја обработуваат темата за одржлив развој, а кои воедно ги поставуваат темелите и ја сочинуваат суштината на концептот на одржлив развој. Во 1992 година, од страна на Обединетите нации е одржана Конференција за животна средина и развој во Рио де Жанеиро, каде што се дискутирало поглавјето 36 од Агенда 21, односно круцијалната улога на образованието, обуката и јавната свест во развојот на одржливоста. Понатаму, во 2002 година се одржал Светскиот самит за одржлив развој, каде што се дал и прифатил предлогот за означување на Декада за образованието за одржлив развој, почнувајќи од истата година. Настанот во 2012 година се одржал за да поактивно се интегрира одржливоста во образованието и по завршувањето на Декадата за образованието за одржлив развој. Во 2013 и 2014 година, се одржуваат Глобалната акција за ООР и УНЕСКО, Светската конференција за ООР (UNESCO 2014).

Одржливоста претставува парадигма која повикува на размислување за иднината, во која еколошкото, социјалното и економското согледување се избалансирани со цел постигнување развој и подобрен квалитет на живот (UNESCO 2012a).

## 4.2. Принципи на одржлив развој

Декларацијата од Рио де Жанеиро, која се одржала уште во 1992 година, обработувала теми кои биле поврзани со развојот на животната средина. Оваа декларација претставува краток документ, кој во себе содржи 27 принципи кои ги водат и ги насочуваат државите во креирањето на поодржливи општества за живеење. Од нив, ги издвојувам следниве:

- Луѓето имаат право на здрав и продуктивен живот во хармонија со природата.
- Правото на развој мора да се исполни за да ги задоволи развојните и еколошките потреби на сегашните и идните генерации на рамноправен начин.
- Искоренувањето на сиромаштијата и намалувањето на разликите во животниот стандард во различни делови на светот се неопходни за одржливиот развој.
- Заштитата на животната средина е составен дел од развојниот процес и не може да се разгледува изолирано од него.
- Меѓународните акции во областа на животната средина и развојот треба да се однесуваат на интересите и потребите на сите држави.
- Да се постигне одржлив развој и повисок квалитет на живот за сите луѓе, државите

треба да ги намалат и да ги отстранат неодржливите модели на производство и потрошувачка и да промовираат соодветни демографски политики.
- Жените играат витална улога во управувањето и развојот на животната средина. Затоа, нивна потполна вклученост е неопходна за постигнување на одржлив развој.
- Војувањето е деструктивно за одржливиот развој. Мирот, развојот и заштитата на животната средина се меѓусебно зависни и неделиви (UNESCO 2012a).

Според наведените принципи на одржливост, може генерално да се заклучи дека сите тие пресликуваат современи теми споменати во целите за одржлив развој, како: чување и заштита на животната средина, зачувување на природните ресурси, намалување на сиромаштијата, мир, толеранција и социјална правда. Сите овие поими поттикнуваат прашања и во нашата држава, што значи дека колку се глобални овие принципи, толку се и локални. Мора да постојат стандарди кои ќе се почитуваат во секоја земја посебно за да се создаде глобален ефект. Ако ја разгледаме секоја тема одделно, ќе сфатиме дека и ние сакаме нашата околина да биде заштитена, сакаме да се намали бројот на луѓето кои живеат во беда, да владее мир во државата во која живееме за да се шири љубов и просперитет во нашите семејства. Со други зборови, ние навистина ги доживуваме, преживуваме и чувствуваме скоро истите предизвици како што ги доживуваат луѓето во другите земји, бидејќи имаме нешто сосема заедничко – сите ние сме човечки битија.

### 4.2.1. Вредности на одржлив развој

Обединетите нации отсекогаш ги почитувале вредностите поврзани со човековото достоинство, основните слободи, правата на луѓето, еднаквоста и грижата за околината. Одржливиот развој би значел чување на овие вредности носејќи ги чекор понапред, од сегашните генерации кон идните. Одржливиот развој значи почитување на биодиверзитетот и негова заштита, заедно со разноликоста, инклузивноста и учеството (UNESCO 2012a).

Вредностите врз кои се потпира одржливоста се особено значајни. Кога луѓето сфаќаат дека имаат право да преземат акции и да учествуваат при донесувањето на одлуки во заедницата во која живеат, најчесто делуваат и партиципираат. Тоа покажува колку луѓето се свесни за своите права и слободи, но и за тоа, кој е вистинскиот начин да се ставaт истите во функција.

## 4.3. Образование за одржлив развој

Во 21-от век се разви концепцијата за образование за одржлив развој. Оваа концепција претставува глобален и холистички пристап во училиштата, каде што учениците се мотивираат активно да учествуваат во решавањето на реалните проблеми во заедницата. Некои од карактеристиките на образованието за одржлив развој се: интердисциплинарност, демократски инклузивни и социјални процеси, критичко размислување, решавање проблеми, ориентација кон иднината и преземање акција.

Од страна на Универзитетот *Гетеборг* и Универзитетот за технологија *Чалмерс*, се одржала интернационална конференција за образование за одржлив развој насловен: „Learning to change our world" (2014). На оваа конференција се донесени препораки врз основа на тоа дека децата се компетентни, активни двигатели во нивните животи и дека се способни да се вклучат во решавање на комплексни еколошки и социјални проблеми. Тие

препораки се: пристап на сите во процесот на доживотно учење, пол, учење за промена, формирање мрежи и партнерства во праксата, професионален развој за да се зацврсти бразованието за одржлив развој во сите сектори, Образование за одржлив развој во програмите за рано детство, одржлив развој во практиката и истражувањата (OMEP 2010). Образованието за одржлив развој е комплексна тема и начинот на кој се имплементира и практикува е предизвик за сите земји. Сепак, сѐ поголем акцент се става на внесување на темите за одржлив развој и во периодот на раното детство. Веќе се напушта тезата дека децата во раните години не ги погодуваат настаните кои се случуваат околу нив. Напротив, за децата се мисли дека се способни да се вклучат во посложени еколошки и социјални проблеми (OMEP 2010).

Образованието е неопходно за одржливиот развој. Денешната едукација би ги зголемила способностите на утрешните водачи и лидери при носењето решенија и изнаоѓањето нови патишта кои ќе водат до подобра и поодржлива иднина. Во моментов, нашето знаење, нашите вештини и нашето искуство не ги носат во целост решенијата за современите светски, еколошки, социјални и економски проблеми. Одговорноста за обезбедување на одржлива иднина ја носат владите, граѓанското општество и поединците. Во Агенда 21, образованието е тема која се споменува во секое од 40-те поглавја, што укажува на фактот дека образованието за одржлив развој е клучен концепт за образованието во новиот милениум (UNESCO 2012a). Образованието за одржлив развој има четири полиња кон кои е насочено:

1) **Подобрување на пристапот и задржување на квалитетот на основното образование**

   Запишувањето и задржувањето на момчињата и девојчињата во процесот на квалитетно базично образование е исто важно како и нивната благосостојба во нивниот живот и општеството во кое живеат. Базичното образование им помага на учениците да се стекнат со знаења, вештини, вредности и перспективи, кои охрабруваат одржлив начин на живеење и поддршка на граѓаните за живеење на одржлив живот.

2) **Преориентирање на постоечките образовни програми кои упатуваат кон одржливост**

   Процесот на преориентирање на образованието бара ревизија на самото, почнувајќи од раното детство, па сѐ до високото образование. Исто така, бара преиспитување за тоа што е научено и како е научено, а што е задржано, обработувајќи ја одржливоста како главна тема. Овој процес е ориентиран кон иднината, бидејќи учениците ќе треба да се оспособат да ги препознаваат предизвиците на утрешнината, кои пак од своја страна ќе бараат креативност и аналитичност и вештини за решавање проблеми.

3) **Зголемување на јавното разбирање и свесност за одржливиот развој**

   Постигнувањето на целите за одржливост бара граѓани кои поседуваат знаење за одржливиот развој и за секојдневните делувања неопходни за остварувањето на локалните и националните цели. Овие граѓани бараат широко распространета едукација во заедницата и одговорни медиуми, кои ќе бидат посветени на поттикнување на информирано и активно население кое ќе учи во текот на животот.

4) **Обезбедување обуки во сите сектори на работна сила**

   Сите сектори на работна сила можат да придонесат за локалната, регионалната и националната одржливост. Вработените и во државниот и во приватниот сектор

> треба да следат стручна и професионална обука исполнета со практики и принципи на одржливиот развој, така што сите членови на работната сила би имале пристап до знаење и вештини неопходни за донесување одлуки и работа на одржлив начин (UNESCO 2012a).

Четирите сфери во кои треба да делува образованието за одржлив развој се сосем прецизни и јасни. Сите деца треба да имаат пристап до образование, бидејќи градинките, училиштата, универзитетите не се само институции во кои се стекнуваат знаења, туку се места каде што децата, учениците и студентите го развиваат својот потенцијал, емотивно и социјално се поврзуваат со другарчињата, соучениците и колегите, вежбаат вештини, креативно се изразуваат, се осамостојуваат, го пронаоѓаат своето „јас“.

Преориентирањето на школските програми можеби претставува прв чекор кон креирање на образование за одржлив развој, но фактот дека постојат насоки за тоа што е потребно за да се преориентира една програма, го прави тој чекор возможен. Вистина е и дека мора да се зголеми јавната свест за одржливиот развој, бидејќи само на тој начин сите чинители во општеството ќе впрегнат сили преку соработка и меѓусебна помош да овозможат одржлив развој во заедницата. Позитивен сегмент е и фактот дека понекогаш родителите и општината се вклучуваат во активностите на едно училиште, што претставува добар начин за вметнување активности поврзани со одржливиот развој во програмата. Во овој случај, неопходна е и стручна подготовка која ќе придонесе во стекнувањето вештини и знаења кај сите граѓани.

Во Упатството за планирање активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики (МТСП 2015), се вклучуваат и активности кои се насочени кон поттикнување на самостојноста на децата во грижата за околина. Тие активности се следниве:

- Присуство и помагање на децата при сервирањето на оброкот и средување на масата.
- Активности за одржување на хигиената во просторот.
- Активности за самостојно подготвување на просторот за попладневен одмор.
- Активности за одржување на хигиената во дворот на градинката.
- Активности за грижа за растителниот свет во градинката и дворот.
- Активности за селектирање и складирање на отпадоците.

## 4.4. Историјат на образованието за одржлив развој

За да може да се навлезе длабоко во суштината на образованието за одржлив развој, неопходно е да се знаат почетоците на овој вид образование, како и процесот на развивање на образованието низ текот на годините. Во моментов, постои и сликовит приказ на историјатот на образованието за одржлив развој.




Слика бр. 1: Историјат на развојот на образованието за одржлив развој

- Во 1992 година, образованието, јавната свест и обуката беа колективно препознаени како клучни средства за спроведување на одржливиот развој и беа конкретно идентификувани во Поглавјето 36 „Промовирање на образованието, јавната свест и обуката“ од Агендата 21, првиот глобален акциски план за спроведување на одржливиот развој. Земјите членки го усвоија планот за време на Конференцијата на Обединетите нации за животна средина и развој.

- Во 1994 година, УНЕСКО го создаде трансдисциплинарниот проект насловен: „Едукација и информации за животната средина и населението за човековиот развој (en. Environment and Population Education and Information for Human Development). Членовите имаа задача да ја развијат концептуалната рамка, да мобилизираат ресурси и да иницираат меѓуагенциска соработка. Идентификувани се четирите основни насоки за ООР или сфери на ангажирање: 1) пристап и задржување во основното образование; 2) преориентирање на целта на образованието кон одржливост; 3) јавна свест и разбирање; 4) обука.

- Во 1996 година, УНЕСКО го објави извештајот насловен: „Учење: Богатството внатре“ (en. Learning: The Treasure Within), голема нова филозофска рамка која се однесува на четирите столба на образованието: да се знае, да се прави, да се биде и да се живее заедно. Извештајот предвидува квалитетно образование, погодно за иднината, за 21-от век, и стана контекстуална рамка за ООР, т.е. учење да се живее заедно, на одржлив начин.

- Во 1997 година, по Солунската конференција (Грција), официјалното име стана Образование за одржлив развој (ESD), признаено од УНЕСКО.

- Во 2000 година, беше усвоен новиот глобален и акциски план ширум ОН, кој ја замени Агендата 21, со наслов: „Милениумски развојни цели (MDG: 2000 – 2015)“.

- Во 2002 година, на Светската конференција за одржлив развој во Јоханесбург (Јужна Африка), по повод 10-годишнината од Самитот за планетата Земја во Рио де Жанеиро (Бразил), земјите членки иницираа „Декада за образование за одржлив развој – УНДЕСД (UNDESD)“, ширум системот на ОН за подигање на свеста и експертизата за ООР во формалното и неформалното образование и кај пошироката јавност.

- Во 2005 година, започна Декадата на ОН за образование за одржлив развој (2005 – 2014). УНЕСКО ги објави Упатствата и препораките за преориентирање на учителското образование кон решавање на одржливоста, развиени од Катедрата на УНЕСКО во Јорк, во соработка со членовите на ИНТЕИ (INTEI) од 28 земји, за да се промовира важноста на образованието на наставниците во унапредувањето на ООР.

- Во 2006 година, УНЕСКО ја објави меѓународната шема и рамка за имплементација, по опсежни консултации со агенциите на ОН, националните влади, граѓанските организации и невладините организации, експертите и специјалистите за понатамошна поддршка на спроведувањето на ООР на сите нивоа на формалното образование.

- Во 2009 година, земјите членки ја обновија својата посветеност кон УНДЕСД (UNDESD) со Бонската декларација за време на Светската конференција на УНЕСКО за образование за одржлив развој.

- Во 2012 година, Конференцијата на Обединетите нации за одржлив развој (Рио + 20) побара дополнително да се вклучи ООР во глобалните образовни напори надвор од УНДЕСД (UNDESD). По Конференцијата Рио + 20 и декларацијата „Иднината што ја сакаме“, започнаа дискусии за рамка за следење на Милениумските развојни цели и можните нови улоги на ООР.

- Од 2012 до 2015 година, генералниот секретар на ОН, Бан Ки Мун, го одобри глобалното образовно движење „Глобално образование прва иницијатива – ГЕФИ“ [GEFI], кое вклучуваше образование за глобално граѓанство – ГЦЕД (GCED) со 3 приоритети: проширување на пристапот до образование, подобрување на квалитетот на учењето и промовирање глобално државјанство. Образованието за глобално граѓанство се фокусира на опремување на учениците со компетенциите, ставовите и вредностите неопходни за да бидат ангажирани и одговорни во општествата, концепт комплементарен на ООР.

- Во 2014 година, на Светската конференција за образование за одржлив развој во Јапонија, земјите членки ја усвоија Декларацијата од Аичи – Нагоја, која, меѓу другото, препорача да се разгледа целта на образованието, да се интегрира ООР и да се вклучи ООР во новата развојна агенда, по 2015 година. За време на оваа конференција, УНЕСКО ја лансираше Глобалната акциона програма за ООР (ГАП), како продолжение на Декадата на ОН за ООР, фокусирајќи се на создавање мрежа на повеќе засегнати страни на клучни партнери надвор од владите во петте приоритетни акциски области: политика, средини за учење, наставници, млади и заедници.

- Во 2015 година, кога периодот на Милениумските развојни цели се приближуваше кон крајот, преговорите за нов глобален акциски план беа во тек. Давајќи му приоритет на

квалитетното образование со ООР, Светскиот образовен форум во Јужна Кореја усвои „Образование 2030: Декларација и рамка“ од Инчеон, што доведе до формулацијата на денешната цел за одржлив развој – ЦОР (SDG) 4.

- Во 2016 година, Агендата за одржлив развој 2030 година стапи на сила со 17-те цели за одржлив развој и првиот Извештај за мониторирање на глобалното образование во рамките на ООР беше фокусиран на ООР.

- Во 2017 година, ООР беше повторно признато од Генералното собрание на ОН како витално средство за имплементација за одржлив развој, интегрален елемент на ЦОР 4 и клучен овозможувач на другите 16 ЦОР (UNGA 72, 222, 2017 / 74, 223 , 2019 / 76, 222, 2021 / 78, 219, 2023).

- Во 2018 година, катедрата на УНЕСКО од Јорк го прошири својот мандат кој ќе се однесува кон целото образование преку истражување, вмрежување и совети за политики. УНЕСКО го призна континуираниот развој на експертизата и ја преименува Катедрата во УНЕСКО во Катедра за преориентирање на образованието кон одржливост.

- Во 2020 година, земјите членки на УНЕСКО едногласно усвоија нов патоказ за ООР за 2030 година (2020 – 2030), по Берлинската декларација за ООР во 2021 година. Петте приоритетни области на Глобалната акциона програма продолжуваат со засилен фокус на вклученоста на земјите членки. Патоказот се однесува на специфичната улога на ООР во спроведувањето на 17 ЦОР и има за цел да поттикне иницијативи за ООР специфични за секоја земја. На глобално ниво, УНЕСКО ја основа Глобалната мрежа за образование за одржлив развој за да ги охрабри иницијативите предводени од секоја земја, во комбинација со широка размена и вмрежување помеѓу експертите и засегнатите страни од сите земји членки.

- Во 2021 година, Меѓународната комисија за иднината на образованието, со придонес од еден милион гласови од целиот свет, се бори со визијата за квалитетно образование до 2050 година. Сумирајќи го ова, УНЕСКО лансираше нов револуционерен документ: **Презамислување на нашата иднина заедно: Нов социјален договор за образование**.

- Во 2022 година, генералниот секретар на ОН го призна образованието како клучен приоритет за светот што заздравува од пандемијата, што доведе до Самитот за трансформирање на образованието. Овој настан на ОН го позиционираше образованието како итен политички императив за создавање колективна, праведна и одржлива иднина за сите. Една од бенефициите од самитот е партнерството за зелено образование.

- Во 2023 година, земјите членки на УНЕСКО едногласно ја усвоија ревидираната Препорака на УНЕСКО од 1974 година во врска со образованието за меѓународно разбирање, соработка и мир и образованието во врска со човековите права и основните слободи, што е натамошна пресвртница за ООР. Дефиницијата за ООР, како и неколку планирани исходи од учењето, сега беа експлицитно наведени. Со својот 4-годишен циклус на известување за земјите членки, постои надеж дека ревидираната препорака ќе ја подобри имплементацијата и дополнително ќе ги усогласи сите согледани противречности на образованието за одржлив развој и образованието за глобалното

граѓанство.

- Во 2024 година, катедрата на УНЕСКО ќе продолжи да го промовира широкото разбирање на концептот за ООР, да придонесува со истражување во две глобални мрежи, долгогодишната INTEI и IndigenousESD, и да дава совети за политиките на образовните системи во Канада и пошироко.

### 4.5. Карактеристики на образованието за одржлив развој

Кога се обработува темата за образование за одржлив развој, мора да се споменат и особините кои го одликуваат овој вид образование и прават да биде сосема различен концепт. Некои од нив се следниве:

- Се базира на принципи и вредности кои се во основата на одржливиот развој.
- Ги вклучува сите три сфери на одржливост – животната средина, општеството и економијата, кои во својата основа ја содржат културната димензија.
- Ги употребува разновидните педагошки техники кои промовираат партиципативно учење и вештини за размислување од повисок ред.
- Го промовира доживотното учење.
- Локално е релевантно и културолошки соодветно.
- Се заснова на локалните потреби, перцепции и услови, но упатува на тоа дека исполнувањето на локалните потреби често имаат интернационални ефекти и последици.
- Ги опфаќа формалното и неформалното образование.
- Ја приспособува развојната природа на концептот за одржливост.
- Се однесува на содржината, имајќи го предвид контекстот во кој се јавува, глобалните прашања и локалните приоритети.
- Го гради граѓанскиот капацитет за донесување одлуки засновани во заедницата за толеранција, чување на животната средина, приспособливост на работната сила и квалитетот на живот.
- Интердисциплинарно е. Ниту една дисциплина не може сама да го утврди образованието за одржлив развој, сите дисциплини можат да придонесат за образованието за одржлив развој (UNESCO 2012a).

Преку карактеристиките на образованието за одржлив развој, може да се согледаат вештините, вредностите и знаењата кои се поттикнуваат во училиштата. Учениците треба да сфатат дека како човечки суштества доживотно се поврзани со природата и општеството во кое живеат, но и да разберат дека еден ден од нив ќе произлезат кадри кои ќе влезат на пазарот на трудот. Особено е важно да се пренесе пораката за желбата за учење до крајот на животот, бидејќи како се менуваат времињата, така се менуваат и знаењата, вештините и способностите кои треба да ги поседуваат. Поврзаноста, не само со животната средина и заедницата туку и со другите ученици, треба да ги поттикне грижата, соработката и споделувањето.

## 4.6. Влијание на образованието за одржлив развој врз целите за одржлив развој

Во книгата „Образование за целите за одржлив развој: Цели за учење" се даваат насоки за целите за учење кои треба да се постигнат преку поединечна цел за одржливиот развој, опишани од аспект на когнитивниот и социоемотивниот домен, како и од доменот на однесување. Когнитивниот домен е поврзан со знаењата и вештините на размислување, кои се потребни за да се сфатат целите за одржлив развој и предизвиците при нивното исполнување. Социоемотивниот домен ги вклучува социјалните вештини кои ги оспособуваат учениците да соработуваат, преговараат и комуницираат со цел да ги промовираат целите, но овој домен ги вклучува и вештините за саморефлексија, вредностите, однесувањата и мотивацијата, кои ги оспособуваат учениците да се развијат како личности. На крај, доменот на однесување ги опишува компетенциите за делување (UNESCO 2017).

Во оваа книга, секоја цел за одржлив развој е разработена со цели за учење согледани од сите три аспекти. За целите на трудот, би се задржала само на оние кои се поврзани со четвртата цел за одржлив развој, а тоа е квалитетното образование.

*Табела бр. 8: ЦОР 4 Квалитетно образование: Да се обезбеди инклузивно и еднакво квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите*

| | |
|---|---|
| Цели за учење – когнитивен домен | 1. Ученикот ја разбира важната улога на образованието и можностите за доживотно учење за сите (формално, неформално), како главни двигатели на одржливиот развој за подобрување на животите на луѓето и за постигнување на ЦОР.<br>2. Ученикот го разбира образованието како јавно, глобално и заедничко добро, како основно човеково право и база за гарантирање на остварувањето на другите права.<br>3. Ученикот знае за нееднаквоста во пристапот до образование и постигнување знаења, особено помеѓу девојчињата и момчињата од руралните средини и знае за причините кои доведуваат до нееднаков пристап до квалитетно образование и можности за доживотно учење.<br>4. Ученикот ја разбира важната улога на културата во постигнувањето на одржливоста.<br>5. Ученикот разбира дека образованието може да помогне во креирање на поодржлив, еднаков и мирен свет. |
| Цели за учење – социоемоционален домен | 1. Ученикот е способен да ја подигне свеста за важноста на квалитетното образование за сите, за хуманиот и холистичкиот пристап кон образованието, за образованието за одржлив развој и слични пристапи.<br>2. Ученикот е способен преку партиципативни методи да ги мотивира другите да бараат и да користат образовни можности.<br>3. Ученикот е способен да ја препознае внатрешната вредност на образованието и да ги анализира и идентификува своите ученички потреби и својот личен развој.<br>4. Ученикот е способен да ја препознае важноста на своите вештини за подобрување на својот живот, особено за вработување и претприемништво.<br>5. Ученикот е способен сам да се вклучи во образованието за одржлив развој. |

| | |
|---|---|
| Цели за учење – домен на однесување | 1. Ученикот е способен да придонесе за олеснување и за имплементирање на квалитетно образование за сите, образование за одржлив развој и слични пристапи на различни нивоа.<br>2. Ученикот е способен да промовира родова еднаквост во образованието.<br>3. Ученикот е способен јавно да бара и да го поддржи развојот на политиките за бесплатно, еднакво и квалитетно образование за сите, образование за одржлив развој и слични пристапи, како и да цели кон безбедни, пристапни и инклузивни образовни капацитети.<br>4. Ученикот е способен да ги мотивира младите луѓе.<br>5. Ученикот е способен да ги користи сите можности за своето образование низ животот и да го примени стекнатото знаење во секојдневни ситуации за да промовира одржлив развој. |

## 4.7. Преориентирање на програмите

Да се овозможи преориентирање на училишните програми кон одржливоста, тоа треба да се направи во самата училница или на национално ниво. Во училница, наставниците можат да почнат директно, поврзувајќи го насловот на лекцијата со еден аспект на одржливоста. Така, на пример, може да се започне со: „Денес учиме за Втората светска војна. Како што знаете, војната се смета за неодржлива состојба поради фактот дека се губат човечки животи и се трошат ресурси. Еден од принципите на одржливоста е оној кој вели дека војувањето е деструктивно за одржливиот развој. Зошто мислите дека војната ги запира државите во напредокот во однос на одржливоста?“ Овој пример е даден за да се покаже начинот на кој наставникот може да ја воведе одржливоста како тема во рамки на она што го учат децата на часот. Од овој пример се гледа дека децата веднаш се поттикнуваат на размислување кое подоцна може да го споделат и да го дискутираат со своите соученици (UNESCO 2012a).

За да се преориентира програмата на национално ниво, треба да бидат вклучени министерствата за образование, бидејќи тие се оние кои ги креираат задолжителните програми. На национално ниво, сите заинтересирани страни треба да се повикаат на јавно учество со цел да се собере доволен влез на информации, односно да се разгледаат потребите, желбите и мислењата поврзани со процесот на преориентација. За да се направи ова, потребно е образовните општества да ги идентификуваат знаењата, проблемите, перспективите, вештините и вредностите, суштествени за одржливиот развој, со секој од трите компоненти на одржливоста – животната средина, општеството и економијата. Во согласност со локалните цели, образовните општества ќе одлучат кои од проблемите на одржливост ќе се вметнат во курикулумот. Најправилно преориентиран курикулум ќе се однесува на еколошкиот, социјалниот и економскиот контекст, кој е локално релевантен и културолошки соодветен (UNESCO 2012a).

Во однос на ова, во Република Северна Македонија веќе постојат програми за одржливиот развој, кои се согледуваат преку предметите и програмите поставени на веб-страницата на Бирото за развој на образованието и истите се поврзани со теми, како: заштитата на животната средина, климатските промени, глобалното затоплување, животните и животната средина и слични на овие.

Преориентирањето на програмите во себе вклучува селектирање на соодветно знаење, вештини, проблеми, перспективи и вредности за еколошката, социјалната и

економската сфера на одржливоста. Во однос на знаењата, се истакнува дека луѓето треба да поседуваат основни знаења од областа на природните и општествените науки за да ги разберат принципите на одржливиот развој и начинот на кој истите може да се имплементираат, вклучените вредности на одржливиот развој и последиците од нивната примена (UNESCO 2012a).

Во однос на вештините, образованието за одржлив развој треба да им помогне на луѓето да се стекнат со практични вештини кои ќе ги мотивираат да продолжат да учат и по завршувањето на школувањето, ќе ги поттикнат да најдат одржливо место за живеење и да живеат поодржлив живот (UNESCO 2012a).

Во однос на реалните проблеми поврзани со одржливиот развој, се споменуваат: агрикултурата, атмосферата, биодиверзитетот, климатските промени, сечењето на шумите, свежата вода, сушата, родовата еднаквост, населувањето на луѓето, домородците, користењето на земјата, океаните, растот на населението, сиромаштијата, чувањето и промовирањето на човечкото здравје, цврстиот и опасен отпад и канализацијата (UNESCO 2012a). Перспективите за одржливост се користат за проширување на принципите на одржливиот развој. Од нив, се истакнуваат:

- Заштитата на животната средина и развојот на човекот се согледуваат заеднички, а не одделно.
- Мора да постои рамнотежа и интеграција меѓу животната средина, општеството и економијата.
- Државите имаат право на развој, но мора да ги почитуваат географските граници.
- Партнерствата можат повеќе да постигнат отколку самостојните акции.
- Социјалните и еколошките проблеми се менуваат со текот на времето и имаат и минато и иднина.
- Современите глобални еколошки проблеми се меѓусебно поврзани.
- Системското размислување или системот на целосен пристап треба да се користат при решавањето на проблемите, наместо проблемите да се гледаат изолирано.
- Луѓето имаат глобални атрибути.
- Семејството е основната општествена заедница.
- Локалните прашања мора да се разберат во глобален контекст и треба да се сфати дека решенијата на локалните проблеми можат да имаат глобални последици.
- Индивидуалните одлуки на потрошувачите и другите дејствија влијаат и доведуваат до екстракција на производство на ресурси на далечни места.
- Треба да се согледаат повеќе мислења пред да се донесе одлука или осуда.
- Економските, религиозните и социјалните вредности се натпреваруваат по важност, како што луѓето со различни интереси и позадини комуницираат.
- Технологијата и науката не можат сами да ги решат сите наши проблеми.
- Поединците, покрај тоа што се граѓани на локалната заедница, се и глобални граѓани.
- Заедниците се градат за сите луѓе, без разлика на нивните приходи, етничка припадност, статус и сл.
- Донесувањето на општински и владини одлуки мора да вклучува јавно учество. Луѓето, чии животи се засегнати од одлуките, мора да бидат вклучени во процесот на донесување одлуки.

- Транспарентноста и отчетноста при одлучувањето на Владата се од суштинско значење.
- Децентрализацијата на владиното донесување одлуки им дозволува на луѓето да пронајдат решенија кои одговараат на локалниот еколошки, социјален и економски контекст.
- Преземањето мерки за примена на принципот на претпазливост за да се избегне можноста за сериозни и неповратни еколошки и социјални штети, особено кога научното знаење е недовршено и неубедливо, е неопходно за долгорочна благосостојба на заедницата и нашата планета (UNESCO 2012a).

Перспективите кои одат заедно со принципите покажуваат колку ние како луѓе сме поврзани со други луѓе низ светот. Може да се заклучи дека треба да слушаме, да дискутираме, да споделуваме, да комуницираме со другите, бидејќи така подобро одлучуваме. Сите му припаѓаме на овој свет, затоа имаме право да учествуваме во носење одлуки и преземање акции.

Покрај принципите, перспективите и карактеристиките на образованието за одржлив развој, значајно е да се споменат и вредностите на поединецот, вредностите на општеството каде што живее поединецот, како и вредностите на граѓаните од целиот свет. Разбирањето на вредностите е неопходно за разбирање на сопствените мислења и мислењата на другите. Овде се вбројуваат вредности, како што се: почит кон Земјата и животот со својата разноликост, грижата за заедницата со разбирање, сочувство и љубов, градење на демократски општества кои се праведни, партиципативни, одржливи и спокојни, обезбедување на земјината дарежливост и убавина за сегашните и идните генерации, исчезнување на сиромаштијата како етнички, социјален и еколошки императив, утврдување на родовата еднаквост и правичност, поддршка на правата за сите без дискриминација, гледање кон сите живи суштества со почит и внимание, промовирање на култура на толеранција, ненасилство и мир (UNESCO 2012a).

## 4.8. Одржлив развој во рано детство

Конвенцијата за правата на детето од 1989 година, поддржана од Обединетите нации, потврдува дека сите деца имаат право на образование (1989, член 28). Во списанието *Децата во Европа* (*Children in Europe*), објавени се дури и природните права на детето (Zavalonni 2009). Тие се: 1. Право да биде неактивно – да ги живее моментите во време кое не е испланирано од возрасните. 2. Право да биде извалкано – да игра со песок, земја, трева, лисја, вода, камења и мали гранки. 3. Право да биде изложено на разни мириси – да почувствува непријатна миризба и да ги препознае природните мириси кои ги нуди природата. 4. Право на дијалог – да слуша и да биде слушнато, да придонесе за и да иницира конверзација. 5. Право да истражува и да манипулира со раце – да закова клинци, да сече и реди дрва, да користи шмиргла, да лепи, да моделира со глина, да врзува јаже. 6. Право на добар почеток во животот – да се храни со здрава храна по раѓањето, да пие чиста вода и да дише чист воздух. 7. Право на слободно движење – слободно да шета низ плоштад, да оди по улици. 8. Право на дивината – да има право да изгради засолниште во шумата, да игра криенка низ трските и да се качува на дрва. 9. Право да го слуша звукот на тишината – да го слуша дувањето на ветерот, црцорењето на птиците и жуборењето на водата. 10. Право на сенки – да го види изгревањето и заоѓањето на сонцето, да се восхитува на ноќта, месечината и ѕвездите.

Агенда 2030 го поставува базичното основно образование како приоритет, но мора да се спомене дека уште во раното образование децата ги чувствуваат еколошките предизвици, бидејќи тоа е време кога се формираат основите на однесувањата и вредностите. Преку истражувања, но и од искуство, знаеме дека малите деца се способни да размислуваат за социоеколошките проблеми и дека колку порано се воведуваат идеите, толку поголем ефект и влијание ќе имаат (OMEP 2010).

Во 2009 година, Генералното собрание на ОН го истакнува и го посочува фактот колку е значајно децата да бидат слушнати, а со тоа, потврдувајќи го генералниот принцип на учество, го вметнува својот дел во рамката за интерпретација и имплементација на сите останати права кои се инкорпорирани во Конвенцијата. Имено, Генералното собрание ги повикало државите да ветат дека сите деца имаат можност да бидат слушнати за сите нешта кои се однесуваат на нив, без дискриминација по никаква основа. Исто така, побарало да се адаптира и/или продолжи имплементацијата на регулативите и спогодбите кои охрабруваат детско учество во сите нивни опкружувања, семејството, училиштето и заедницата (OMEP 2010).

Децата, уште од мали почнуваат да го градат својот карактер. Освен за свесноста на постоењето, кога влегуваат во предучилишните центри и градинките, тие социјално се поврзуваат и градат социјални односи со другите другарчиња, воспитувачите, вработените, родителите. Важно е во овој период да се реализираат практики кои го воведуваат, односно го промовираат одржливиот развој. Такви акции и делувања може да се забележат насекаде низ светот.

Генералните препораки за образование за одржлив развој во себе ги содржат и специфичните препораки за образование за одржлив развој во раните години. Така, првата препорака истакнува дека раното детство е природна почетна точка која води кон доживотно учење. Се додава дека пристапот до образование во раното детство е неопходен за сите, имајќи предвид дека децата во раните години поседуваат најголема способност да се развиваат и да учат (Ottosson, Samuelsson 2008).

Втората препорака, поврзана со полот, укажува на тоа дека раното детство е период на идентификување, критичка анализа и вклучување во важните придонеси кои жените ги имаат во образовниот процес и во развојот на децата. Исто така, во овој период има можност за вклучување и на мажите, во однос на нивното влијание како модели на личности кај малите момчиња. Се потенцира важноста на образованието на жените бидејќи тоа е поврзано со приходите во семејството, покасното стапување во брак, намалената стапка на плодност и намалената смртност кај мајки и новороденi (Ottosson, Samuelsson 2008).

Што се однесува до третата препорака, децата уште од мали се способни за размислување во врска со социоеколошките предизвици. Бидејќи децата се иницијатори на промена, тие често можат да влијаат врз потесното и поширокото семејство во формирање на мислења и однесувања поврзани со одржливоста (Ottosson, Samuelsson 2008).

Четвртата препорака покажува дека во многу одредби за одржливо образование во раното детство постојат добри практики на интегрирање на локалното знаење со одржливиот начин на живеење и основните човекови права, како и со учењето низ искуство. Она што е потребно е да се состави општество од практичари, формални и неформални едукатори, креатори на политики и истражувачи, кои ќе соработуваат меѓусебно за да го подобрат развојот и имплементацијата на образованието за одржлив развој во раното детство (Ottosson, Samuelsson 2008).

Петтата препорака укажува на потребата за креирање капацитети меѓу практичарите и другите членови на општеството. Се истакнува важноста на експлицитната професионална подготовка на практичарите и на сите оние кои работат со деца (Ottosson, Samuelsson 2008).

Внесувањето на одржливоста во официјалните програми, но и во неформалните ученички пристапи е нешто за кое се зборува во шестата препорака. Неопходна е соработка со формалните и неформалните услуги и системи во кои се вклучени основното и средното образование, високото образование, неформални ученички програми, локалните, националните и интернационалните одговорни лица за донесување одлуки, како и со составувачите на програмите (Ottosson, Samuelsson 2008).

Во седмата препорака е објаснето дека центрите за рано детско образование треба да претставуваат средини во кои ќе се применува одржливоста. Центрите треба да бидат средини во кои ќе се испитуваат „еколошките отпечатоци“ и ќе работат кон намалување на отпадот поврзан со енергијата, водата и материјалите, а исто така треба да бидат средини во кои ќе има демократски и социјално-партиципативни практики (Ottosson, Samuelsson 2008).

Последната, осма препорака, посочува дека образованието за одржлив развој не е доволно истражено. Затоа, се повикува на иницирање на истражувања кои ќе донесат критика, забелешки и креативност (Ottosson, Samuelsson 2008).

Во градинките во Словенија се практикуваат начини преку кои во програмата за рано учење се вметнуваат елементи од образованието за животна средина и образованието за одржлив развој. Така, на пример, кога станува збор за задоволување на потребата за физички развој, во курикулумот се внесени физички активности кои се изведуваат во шума, во полиња, на ниви. Јазичните активности се внесуваат преку приказни за еколошки проблеми, па така, со дискусија, децата го развиваат сензибилитетот кон околината. Во однос на уметноста, децата често користат отпадоци и природни материјали за да ја сфатат користа од повторно користење на нештата (Vodopivec 2011).

Во градинка во Шведска е прикажан пример кој промовирал одржлив развој во раното детство. Имено, поради потребата од дизајнирање на ново надворешно игралиште во градинката, се реализирал проект во кој бил повикан архитект кој ги вклучил децата во дизајнирање на надворешниот простор. Целта на проектот била да се поттикнат децата да бидат активни учесници во дизајнирањето на нивната околина, но и да ја поттикнат свеста кај децата за локалната средина (OMEP 2010).

Во Франција пак, во забавиште во Париз, деца на возраст од 4 до 6 години изработиле анимирани филмови на теми поврзани со животната средина, климатските промени, водата, биодиверзитетот, менаџирањето на природните ресурси, одржливото производство и потрошувачка и урбаниот одржлив развој. Во рамките на проектот биле набавени помагала, како: камера, персонален компјутер и неопходен материјал за филмови (UNESCO 2012b).

Во Португалија бил реализиран проект кој опфатил деца од 3 до 4 години. Децата успеале да реализираат повеќе активности, како: собирање на капачиња од шишиња и собирање на користени батерии, отпадни масла, креирање простор за собирање и сортирање на отпадоци, собирање на потрошен компјутерски материјал, креирање градина и сл. (UNESCO 2012b).

Во детски центар во Англија, родителите и децата биле повикани да работат заедно на проект. Од нив се побарало заедно, како тим, да изработат играчки од дрво, пластика, метал и платно (OMEP 2010).

Во Хрватска, реновирана била предучилишна установа со употреба на еколошки енергетски ефикасни материјали. Со овој процес на реновирање се овозможило користење на обновливи извори на енергија (European Commission 2017).

Во септември 2021 година, бесплатно беше споделен прирачникот насловен: „Модел на цветање“. Прирачникот претставува рамка за разбирање, промовирање и мапирање на благосостојбата во светот. Прирачникот упатува на важноста на раниот човечки развој, го промовира целосниот развој на детето (физичкиот, емоционалниот, менталниот и душевниот), го објаснува темелното обликување на вредностите, верувањата и однесувањата, промовира средини со сочувствителна практика и ги оптимизира условите за „процутување“ на детето. Овој модел обезбедува еколошка подлога на 17-те цели за одржлив развој и испитува како тие се поврзани со животите на децата и благосостојбата на идните генерации. Моделот ги открива националните едукативни приоритети: безбедност, врска, независност, ангажирање, исполнување, придонес и развивање. Во исто време, покажува дека децата и семејствата се вклучени во поголеми културни и политички системи и дека нивните вредности и благосостојба се поврзани со тие на другите и на планетата како целина. Децата се препознаваат како активни и глобални граѓани, но и како носители на права кои се силни, моќни и имаат богат потенцијал да станат позитивни двигатели за промени (ME & Flourish Model 2021).



Слика 2: Цел 1



Слика 3: Цел 2



Слика 4: Цел 3



Слика 5: Цел 4



Слика 6: Цел 5



Слика 7: Цел 6



Слика 8: Цел 7



Слика 9: Цел 8



Слика 10: Цел 9



Слика 11: Цел 10



Слика 12: Цел 11



Слика 13: Цел 12



Слика 14: Цел 13



Слика 15: Цел 14



Слика 16: Цел 15



Сл.17 Цел 16



Сл.18 Цел 17

Слика 2. Објаснување на сликата

Првата поставена цел во Агенда 21 е создавање свет без сиромаштија. Во однос на целта, децата се поттикнуваат да размислат што е тоа што е потребно за нивните тела да живеат, но и да размислат како нивните животи се разликуваат од животите на децата во другите држави. Се повикуваат да ја сфатат смислата и важноста на споделувањето при формирање свет во кој никој не останува без ништо. Во рамките на првата цел се предвидени и активности, како: *Што ми е потребно и зошто? Како би ми било кога би немал/-а храна и играчки? Што би му дал/-а на некое дете?*

Слика 3. Објаснување на сликата

Втората цел е поврзана со намалување на гладта, односно создавање свет во кој би се намалил бројот на тие кои немаат што да јадат. Во однос на оваа цел, од децата се бара да ја согледаат причината и потребата за храна, да го опишат чувството како е да се биде гладен, да се запрашаат зошто некои деца немаат доволно храна за да се прехранат, сè со цел создавање свет во кој сите ќе имаат доволно храна. Активности кои може да се практикуваат во однос на оваа цел се активности преку кои се учи за пари и плаќање за храна, за правење листа со намирници, за местата од каде што доаѓа храната, како и за различни видови храна.

Слика 4. Објаснување на сликата

Во однос на целта број три, на децата им се поставуваат следниве прашања: *Како изгледа да се биде здрав/-а? Што треба да правам за да бидам здрав/-а? Што ме прави среќен/среќна или тажен/тажна? Зошто? Што е потребно за да имаме среќна планета?* Целта на овие прашања е да се создаде свет во кој секој ќе биде среќен и ќе се чувствува добро. Заедно со оваа цел би се реализирале и активности преку кои би се учело како функционира телото и што би се случило кога телото не би функционирало, но и за начинот на кој можеме да создадеме здрава планета.

Слика 5. Објаснување на сликата

Кога станува збор за квалитетното образование, се поставуваат прашањата: *Зошто одам во градинка? Зошто треба да учам нови нешта? Која е разликата помеѓу играта и работата?* Предвидените активности за оваа цел се насочуваат кон дискусија за тоа каде работат мајките и татковците, како играат родителите и за што служат училиштата, сè со цел создавање свет во кој секој може да учи и да расте.

Слика 6. Објаснување на сликата

Родовата еднаквост е приоритет во петтата цел. Во овој контекст, се истражуваат теми

поврзани со нашата разноликост, нашето семејство и нашата посебност, за создавање свет во кој секој ќе одлучи каков сака да биде. Активности кои може да се практикуваат се: креирање на фамилијарно стебло, истакнување на различноста и потенцирање на посебноста.

Слика 7. Објаснување на сликата

Во однос на чистата вода и санитарните услови, може да се разговара за тоа од каде доаѓа водата, каде одат мочта и изметот и зошто е важна чистата вода. Прашањата се поставуваат за да се креира свет во кој секој ќе има пристап до чиста вода. Активностите кои се предвидуваат се: штедење и рециклирање вода, користење вода низ светот и грижа за истата.

Слика 8. Објаснување на сликата

Во однос на целта број седум, децата би се поттикнале кон разбирање на различните видови енергија, како и на нејзината употреба и чување за да се креира свет во кој секој ќе има пристап до доволно количество на енергија. Активности: *Како се користи енергијата во мојот дом? Како се штеди енергија? Како се користи енергијата во светот?*

Слика 9. Објаснување на сликата

Достоинственото вработување и економскиот раст се изразени преку целта број осум. Се дискутираат теми поврзани со важноста на работата, за улогите и професиите кои помагаат општините да работат, за професиите низ светот, за креирање свет во кој секој ќе има работа. *Кои професии се значајни за моето опшетство? Кои професии се исти/различни во опшетствата низ светот? Што ќе се случи ако овие професии не се извршуваат?*, се дел од активностите предвидени за остварување на оваа цел.

Слика 10. Објаснување на сликата

*Што е карактеристично за моето опшетство? Зошто е важно да работиме заедно? Зошто се потребни нови идеи и нешта? Како луѓето ги споделуваат новите идеи?* Овие прашања се поставуваат за креирање свет во кој ќе се грижиме и за другите луѓе. Активности: *Што можеме да направиме за подобро да работиме заедно? Кои нови идеи и мисли ги имаме? Како можеме да споделуваме и да ги реализираме идеите?*

Слика 11. Објаснување на сликата

Целта број десет дава можност за учење за различни култури и различни луѓе. Се истакнува и грижата за другите луѓе и фактот дека зборовите повредуваат. Целта на ова е да се создаде свет во кој секој човек ќе се вреднува. Предвидени активности: *Што нѐ прави нас различни? Што нѐ прави ранливи? Секој е добар во нешто – во што сум јас добар?*

Слика 12. Објаснување на сликата

Во однос на целта поврзана со одржливите градови и заедници, се поставуваат прашања, како: *Што е карактеристично за местото каде што живеам? Како да дојдеме до...? Зошто поминувањето време во природа е значајно?* Поставувањето на овие прашања би водело кон креирање свет каде што секој би имал пријатно место за живеење. Предвидените активности се за различни домови и општества, за системот на транспорт

низ светот и за грижата за природата во местото и општината каде што живееме.

Слика 13. Објаснување на сликата

Во однос на оваа цел, децата би учеле за системите на храна и облека, за отпадот и рециклирањето за да се креира одржлив свет. Активностите кои се предвидени за оваа цел се поврзани со учењето за тоа од каде доаѓа храната која ја консумираме, како се одгледува и се транспортира храната низ светот и што и како можеме да рециклираме.

Слика 14. Објаснување на сликата

Во однос на акцијата за справување со климатските промени, претставена преку целта број тринаесет, децата учат за местата на живеење и живеалиштата, за времето и за екосистемите за да се креира свет во кој сè е избалансирано. Преку предвидени активности, децата учат за џунглата и за топлите средини во светот, за Антарктикот и студените места.

Слика 15. Објаснување на сликата

Целта број четиринаесет поттикнува учење за океаните, за рибите, за школките и за коралните гребени за да се креира свет во кој океаните се чисти и здрави. Активностите кои се поврзани со оваа цел се однесуваат на учењето за пластиката, за рибарењето и за тоа што можеме да направиме за да ги исчистиме океаните.

Слика 16. Објаснување на сликата

Учењето за почвата, учењето за растенија, учењето за различните видови организми, за да се креира свет во кој земјата е чиста и здрава, се опфатени преку целта број петнаесет. Активности кои се поврзани со оваа цел се: истражување за светот на луѓето, растенијата и животните.

Слика 17. Објаснување на сликата

Учењето како да се биде безбеден и грижлив и учењето за тоа што е добро, а што лошо, се поврзани со целта број 16 и бара создавање свет во кој секој ќе се чувствува безбедно и спокојно. Активности: *Кој изгледа како нас во нашите општества? Што те плаши и зошто? Како да се побара помош?*

Слика 18. Објаснување на сликата

Целта број седумнаесет ги поттикнува децата да учат за соработка, за моќта на сопствениот глас и грижата за другите и за нашата планета за да се создаде свет кој е среќен и здрав. Активностите поврзани со оваа цел се: *Зошто е важно луѓето да работат заедно? Што треба да направиме за природата? Зошто се децата битни?* (ME & Flourish Model 2021).

Концептот на одржливиот развој е важен сегмент во животите на луѓето низ целиот свет. Се забележува дека државите од светот вложуваат напори за создавање поодржливи општества за живеење. За да се постигне таа цел, треба време, но постоењето на принципи, според кои се водат сите земји, овозможува да се постигнат вештини, да се почитуваат вредности и да се решаваат предизвици.

Образованието за одржлив развој се стреми кон следење на принципите,

постигнување вештини кај учениците, почитување на вредностите на одржливоста и решавање на проблемите и предизвиците кои се поврзани со одржливиот развој во училиштата и предучилишните установи. Може да се забележи дека освен теоретски, возможно е одржливиот развој да се вметне и практично во училиштата; во училница или на национално ниво. Она што е клучно за тоа е преориентирањето на програмите за да се вметнат теми за одржлив развој во курикулумот. Исклучително значајно за образованието за одржлив развој е да се практикува уште од раното детство, бидејќи децата уште од најмала возраст го градат својот карактер, го развиваат својот потенцијал, ги развиваат вештините, креираат, размислуваат, донесуваат одлуки. Она што е потребно во овој случај е да се приближи светот и предизвиците кои ги носи на ниво кое е разбирливо за малите деца.

Ако уште еднаш ги погледнеме карактеристиките на образованието за одржлив развој, може да дојдеме до заклучок дека постои основа и постојат можности за примена на овој вид образование во нашата земја. Принципите и вредностите кои се во основата на одржливиот развој се практикуваат и тука и се детално преведени и разјаснети на македонски јазик. Од голема важност е што една карактеристика на ООР се заснова врз локалните потреби и услови, со што ја овозможува примената на овој вид образование и на нашата територија. Промовирањето на доживотното учење е исто така актуелно кај нас, со испраќање порака дека учењето не застанува само во една фаза од животот, туку претставува проширување и збогатување на знаењата, искуствата, компетенциите, вештините и способностите кај луѓето, преку формално и неформално образование. Една од предностите на ООР е што повикува на партиципативно учење, вклучување на учениците во самиот процес на стекнување знаења, а со тоа и мотивирање на самите ученици да се вклучат во донесувањето одлуки поврзани со заедницата, животната средина и економијата.

Од практичните примери може да се заклучи дека постојат ресурси, педагошки техники, прирачници, упатства и проекти кои помагаат при воведувањето на теми за одржливоста во предучилишното образование. Преку реализираните проекти кои беа спомената, лесно е да се увиди дека такви видови проекти може да се изработуваат во нашата земја. Секако дека реализирањето на физички активности може да се изведе во училишниот двор, блиската шума или поле. Можно е и креирање на градина во дворот на училиштето и водење грижа за истата. Реално е да може учениците да изработуваат нови нешта од отпадоци од дрво, пластика, метал и стакло. Исто така, доста едукативно е да се вклучат и нашите мали деца во собирање капачиња од пластични шишиња, собирање на користени батерии, потрошен компјутерски материјал и сл.

Моделот на „процутување“ претставува прирачник за учителите, воспитувачите и едукаторите, кој дава добра насока за практики поврзани со одржливиот развој во предучилишните установи и кој чека да биде искористен од поголем број предучилишни установи, центри и градинки.

Образованието за одржлив развој во раното детство може да стане практика и во нашата земја. Анализирајќи ги теоретските согледувања, но и примерите од пракса, може да се заклучи дека во македонските предучилишни установи, центри и градинки, има можност за воведување на вакви теми. Она на кое треба да се обрне внимание е обучувањето на учителите, воспитувачите и едукаторите во оваа насока, како и поврзувањето на предучилишните установи со повеќе заинтересирани страни, како што се: родителите, директорите, сите вработени во установата, како и градоначалниците на општините.

# 5. ПРЕДУСЛОВИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО РАНОТО ДЕТСТВО

## 5.1. Раното детство како предуслов за одржлив развој

Кога станува збор за образование, често се мисли на процесот на пренесување знаења, вештини и вредности во образовна институција, како, на пример, училиште или факултет. Сите знаења, вештини и вредности, кои се пренесуваат низ тој процес, мора да бидат насочени кон исполнување на одредени воспитно-образовни цели. Формалниот процес на трансфер на знаењата официјално започнува кога децата се запишуваат во прво одделение. Сепак, тоа не значи дека знаењето не се иницира и во градинка. Напротив, децата совладуваат знаења и вештини и развиваат вредности и способности во периодот кога одат во градинка. Така, образованието, несомнено, станува најважен процес во градењето и обликувањето на една личност, следејќи го развојот дури и од најраните години.

Дека процесот на образование почнува во предучилишните установи, во детските центри и во градинките, може да се потврди доколку детално се анализира националната Програма за рано учење и развој (2014). Во истата, јасно е прецизирано дека воспитно-образовните активности во текот на предучилишното образование се насочени кон почитување на потребите, интересите и можностите на секое дете, нагласувајќи го холистичкиот пристап во поттикнувањето на раното учење и развој кај малите деца, како во теоријата така и во практиката. Стекнувањето на знаењата, умеењата, способностите и вредностите кај децата се реализира низ сите четири сегменти на развојот. Со тоа, воспитно-образовниот процес станува комплементарен и континуиран. Избалансираниот пристап кон емоционалниот, социјалниот, когнитивниот, моторичкиот развој и развојот на говорот, најдобро ги подготвува децата за успех во училиштето, но и за заедницата и подоцна за работното место (БРО 2018).

Во рамките на нашата Програма за рано учење и развој (МТСП 2014), особено внимание се посветува на домените, како: физичко здравје и моторен развој, социоемоционален развој, развој на пристап кон учење, развој на јазикот, описменување и комуникација и когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

Според УНЕСКО, образованието е круцијално за имплементација на одржливиот развој и претставува важна основа каде што тензиите меѓу економскиот, социјалниот и еколошкиот развој можат да бидат усогласени и интегрирани во единствен концепт и стремеж кон одржлива благосостојба за сите. Ова оди подалеку од именување на образованието како единствена одржлива цел, со што е потребно подобро разбирање на улогата на едукаторите како вкрстено средство за имплементација и зајакнување на достигнувањата на многу други цели. Имено, се практикува проширено разбирање на образованието низ формалното и неформалното образование за да се создаде силен механизам за поддршка на социјалното учење и промена.

Дискусиите за развојната агенда по 2015 година се фокусирани кон образованието како суштински механизам за постигнување на одржлив развој. Истакнато е дека „низ сите нивоа и видови образование (формално и неформално), образованието за одржлив развој помага да се унапреди промената во процесите на настава и учење, внесувајќи пристапи кои ги стимулираат учениците да поставуваат прашања, да анализираат, критички да размислуваат и да донесуваат одлуки (Institute for Global Environmental Strategies 2015).

Литературата и практиката ја нагласуваат вредноста на квалитетното образование за луѓето да живеат поздрав, посреќен и попродуктивен живот на одржлив начин. За да се постигне квалитетно образование, мора да се внимава на квалитетот на наставата, наставните програми и соодветните средини за учење (Institute for Global Environmental Strategies 2015). Квалитативната реформа во образованието бара прогресивни и динамични наставни програми и воспоставување ефективен простор за учење, кои поддржуваат колаборативно и искуствено учење. Зајакнувањето на перформансите во учењето е сржта на следењето на квалитетното образование за одржлив развој затоа што целта е да се зајакнат учениците со капацитети кои ќе замислуваат и актуализираат одржлива иднина (Institute for Global Environmental Strategies 2015).

Образованието за одржлив развој бара холистичка интеграција на клучните образовни компоненти, релевантни за способноста на ученикот да придонесе за општествена промена и трансформација на кооперативен и колективен начин. Ова не треба да ги опфаќа само образовните содржини, како што се опфатени во целта 4.7., туку мора да се прошири и на процесите на учење, кои се од суштинско значење за подобрување на квалитетното образование. Пристапот до квалитетно образование за одржлив развој не само што ќе ја поддржи реализацијата на потцелите вклучени во четвртата цел туку и ќе ја зајакне ефективноста на образованието низ целата агенда за одржлив развој (Institute for Global Environmental Strategies 2015).

Од она што ние како држава го имаме, во нашата Програма за едукација на децата во установите за згрижување и воспитување на деца со процесот на одгледување и консумирање храна (МТСП 2014), дадени се идеи за планирање на активности кои треба да се реализираат во рамките на програмата. Тие се следниве:

- Воведување на едукативни игровни активности (од сите домени на Стандардите за рано учење и развој) поврзани со здрава храна и исхрана.
- Присуство на децата при подготовка на земјиштето за садење зеленчук и овошје.
- Садење на зеленчукот и овошјето (семе, расад).
- Секојдневни активности за наводнување на засадениот зеленчук и овошје, плевење и други активности во процесот на одгледување.
- Интерактивни активности за препознавање на сите видови сезонско овошје и зеленчук, воочување на боите, броење, мерење, користење и запознавање со витамините кои ги содржат, а се битни за правилен раст и развој.
- Набљудување на процесот на растење (дневник, календар, фотографии и сл.).
- Активности за собирање на плодовите и начинот на правилно консумирање и употреба во подготвувањето на храната.
- Правилно консумирање на овошје и зеленчук во исхраната.
- Активности за подготовка на сокови, салати или присуство во кујна или телевизиска презентација на различните начини на подготовка на многу здрави оброци кои се дел од секојдневната исхрана.
- Запознавање на децата со значењето на природните сокови и штетното влијание на газираните сокови врз организмот.
- Организирање на активности за посета на фабрики за производство на храна со цел запознавање со процесот на подготовка.
- Вклучување на родителите во едукација на децата за одгледување и консумирање на здрава храна преку разни активности, организирање работилници, приредби и посети.

- Вклучување на родителите и продолжување на активноста за афирмирање на здравата храна и во домот преку садење, на пример, магдонос за дневна употреба во сад/жардиниера на терасата од домот.
- Активности за сушење на растенијата и правење хербариум.
- Организирање натпревари за најубава градина, жардиниери, најубав цртеж, рецитирање песнички, игри, правење маски и фигури од овошје и зеленчук.
- Контакти со научни институции, факултети, билни аптеки, лекари, задруги, институти за семе, агенции за храна, нутриционисти, паркови и зеленило и приватен сектор.
- Анкети.
- Организирање предавања и работилници со родителите за навиките во нивното семејство во однос на исхраната.
- Запознавање со изгледот и деловите на растенијата (корен, стебло, лист, цвет, семе, плод).
- Запознавање со ползата од растенијата во здравата исхрана на децата.

Во овој контекст, во Програмата е дадена и улогата која треба да ја има воспитувачот за реализирање на истата. Таа улога се гледа низ следново:

- Едукација на децата за здрава храна и исхрана.
- Запознавање на децата со самиот процес на садење, одгледување, берба на здрав производ кој се користи во исхраната.
- Вклучување на децата во различни видови активности при садење, одгледување, берба и подготовка на здрава храна.
- Мотивирање на децата за различните видови игровни активности и поттикнување на истражувачкиот дух.
- Градење партнерство со семејството.
- Почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели.
- Планирање, усогласување со можностите, потребите и интересите на децата, условите во потесната и пошироката средина.
- Континуирана едукација на вработените за потребата и значењето на здравата храна.

За едукација на децата од предучилишна возраст за здравата храна и за да им се овозможи да одгледуваат здрава храна, ќе треба да се направи соодветно уредување на просторот наменет за одгледување на здрава храна. Во дворовите на сите објекти на установата ќе се изработат површини – леи во кои децата, заедно со своите воспитувачи, негуватели, родители и останатите вработени, ќе одгледуваат предвидени култури. Исто така, во Програмата е дадена предлог-скица на градината која треба да биде составен дел од градинката. Таа скица е следнава:




Слика бр. 19: Предлог-скица за градина која треба да биде во состав на градинката

Во Програмата, посебно внимание се посветува и на соработката на градинката и воспитувачите со родителите. За одгледување на здрава храна во градинките/центрите за ран детски развој, потребна е соработка на градинката/центарот со родителите во поглед на запознавање на родителите со потребата за правилна и здрава исхрана на нивните деца. Преку работилници, родителите можат да се вклучат во опремување на просторот за одгледување на градинарските култури и овошјето. За подобрување и подигнување на свеста за значењето на здравата и правилната исхрана кај децата и создавање навики за консумирање на здрава и квалитетна храна, и родителите треба да земат активно учество во одредени програмски активности. Родителите може дел од активностите за одгледување да ги пренесат и во домот за да заеднички едукативно делуваат од најрана возраст кај децата. И на крај, очекуваните резултати се следниве:

- Детето е оспособено за фокусирано набљудување.
- Може да наброи најмалку две растенија од градината.
- На зеленчуково растение покажува корен, стебло, лист, цвет, плод.
- Воочување на бојата, формата, мирисот, вкусот и големината на одгледуваните растенија.
- Набројува неколку од условите за раст на растенијата (на пример: почва, воздух,

вода, светлина).

- Наведува неколку сличности и разлики помеѓу растенија кои се и не се за исхрана.
- Може да наброи неколку примери за ползата од култивираните растенија за човекот.
- Детето е запознаено со календарот за садење и за собирање на засадените култури.
- Изготвен хербариум, албум за здрава храна, готвач за здрава храна, ликовна изложба и приредба (јавна презентација), изработка на брошури и друг едукативен материјал.

## 5.2. Животните вештини и образованието за одржлив развој

Имајќи го предвид фактот дека во образовните институции учениците се подготвуваат и за живот во заедницата и општеството, треба да се спомене и важноста на животните вештини со кои децата треба да се стекнат низ процесот на воспитание и образование. Светската здравствена организација ги дефинира животните вештини како „способности за адаптивно и позитивно однесување, кои овозможуваат поединците ефективно да се соочат со барањата и предизвиците на секојдневниот живот“ (СЗО 2020). Така, животните вештини треба да го подготват поединецот за живот во свет во кој ќе живее самостојно и продуктивно ќе придонесува за доброто на општеството во кое живее.

Основниот сет на вештини кои го промовираат здравјето и благосостојбата на младите вклучуваат: донесување одлуки и решавање проблеми, развивање на критичко и креативно размислување, комуникација и меѓучовечки односи, самосвест и емпатија и справување со стресот и емоциите. Ако се разгледаат и очекуваните вредности кои треба децата да ги поседуваат при достигнување на Стандардите за рано учење и развој, може да се воочи сличноста на овие вредности со основниот сет на вештини кои се споменати од страна на Светската здравствена организација. Станува збор за вредности, како: независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, прифаќање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност, почит кон заедницата и државата во целост (МТСП, 2006).

Ученици кои се целосно подготвени за иднината се тие кои можат да бидат двигатели на промени, можат позитивно да влијаат во својата околина, да ги разберат намерите, постапките и чувствата на другите и да ги предвидат краткорочните и долгорочните последици од своето делување (Организација за економска соработка и развој 2018).

Во иднина, нема да биде потребно учениците само да ги воспримаат и усвојуваат знаењето и вештините. Напротив, ќе има и мобилизација на тоа знаење, вештини, вредности и ставови за да ги исполнат барањата (Организација за економска соработка и развој, 2018). За да одговорат на еколошките, економските и социјалните предизвици, учениците ќе треба да се стекнат со вештини за критичко и креативно размислување, вештини за тоа како да се учи, вештини за саморегулација, емпатија, самоефикасност, соработка, како и одредени практични и физички вештини (Организација за економска соработка и развој 2018).

Наставниците се клучни за образовниот успех; нивните знаења и вештини овозможуваат ефективно образование, вклучувајќи го и позитивниот развој на младите луѓе во формални и неформални средини во светот. Важно е наставниците и училишните менаџери да ја разберат важноста на животните вештини за младите луѓе и за нивната иднина. Исто така, наставниците имаат потреба да разберат како младите ги совладуваат животните вештини. За да го направат тоа, наставниците треба да ги стекнат или да ги развијат следните

вештини:

- Да ги поттикнат младите да работат со нив на позитивен начин.
- Да создадат атмосфера каде што младите ќе се чувствуваат удобно изразувајќи ги своите мислења и чувства.
- Да му помогнат на секое дете да почувствува дека напредува.
- Да ги води учениците наместо да доминира над нив.
- Да се соочува со чувствителни прашања.
- Да покаже почит кон учениците и нивното индивидуално самоопределување.
- Да разговара со младите како со некои рамноправни на себе.
- Да поттикнува почит кај младите.
- Да делува како пример за здраво однесување.
- Да усвојува лични и професионални ставови и практики.
- Да стекнува позитивна репутација како кредибилен и почитуван поединец.
- Да користи наставни методи кои им помагаат на младите да се изразат.
- Да создава и да користи алатки за следење/евалуација на редовна основа.
- Да има пристап до ресурси, лидерство и институционална поддршка (СЗО 2018).

Во Упатството за планирање активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на децата (МТСП 2015), целта на планираните активности е следнава:

- Развивање на самостојност и независност кај децата во извршувањето на секојдневните активности.
- Развивање свесност за здраво и безбедно однесување.
- Развивање способност за вршење сукцесивни дејствија.
- Развивање самостојност и преземање одговорност кај децата во грижата за личната хигиена.
- Развивање свесност кај децата за грижата за надворешната околина.
- Усвојување вештини за социјално прифатливо и пристојно однесување во интеракција со останати лица.
- Зајакнување на функционалната комуникација меѓу децата.
- Развивање способности за прифаќање на различностите, емоциите и потребите на другите.
- Развивање на независноста, самодовербата и одговорноста кај децата.
- Развивање на позитивни ставови кај децата во врска со престој во надворешна средина и зајакнување на нивната интеракција со околината.
- Усвојување вештини кај малите деца за практикување на здрави животни стилови.

Според „Прирачникот за животни вештини од прво до трето одделение “, издаден од Бирото за развој на образованието (БРО 2008), животните вештини се дефинираат како група психосоцијални вештини, чија цел е да придонесат за личниот, емоционалниот и социјалниот развој на децата и да обезбедат физичка, ментална и социјална добросостојба на децата. Според Светската здравствена организација, постои листа на најважни животни вештини. Тие се следниве:

*Табела бр. 9: Листа на најважни животни вештини според СЗО*

| | |
|---|---|
| Свест за себе<br>» свест за сопствените вредности (самодоверба, позитивна слика за себе),<br>» свест за сопствените слабости (реалистични очекувања, реална слика за себе),<br>» свест за правата и одговорностите,<br>» јасна слика за вредностите,<br>» мотивираност за грижа за себе. | Емпатичност<br>» грижа за другите,<br>» толеранција на разликите,<br>» почитување на другите,<br>» дружељубивост. |
| Комуникациски вештини<br>» ефективна и соодветна вербална и невербална комуникација,<br>» способност за изразување,<br>» асертивност,<br>» активно слушање,<br>» способност за преговарање. | Интерперсонални вештини<br>» соработливост,<br>» подготвеност за тимска работа,<br>» формирање и прекинување пријателства,<br>» препознавање на границите за соодветно интерперсонално однесување. |
| Вештини за донесување одлуки<br>» донесување одлуки со полна свесност за факторите што влијаат врз мислењето и изборот,<br>» донесување одлуки засновани на точна проценка на ситуацијата,<br>» поставување на реалистични цели,<br>» планирање на сопствените постапки, со земање предвид на можните последици,<br>» преземање одговорност за сопствените постапки,<br>» подготвеност за менување на одлуките заради приспособување на нови ситуации. | Вештини за решавање проблеми<br>» идентификување на проблемите и причините за нивното јавување,<br>» точна проценка на активностите што можат да се преземат за решавање на проблемите,<br>» идентификување каде може да се побара помош кога се има проблем и барање помош,<br>» подготвеност за компромис,<br>» подготвеност за учество во групно решавање проблеми. |
| Креативно мислење<br>» позитивно мислење,<br>» активно учење (потреба за барање нови знаења),<br>» способност за себеизразување,<br>» идентификување на алтернативни можности,<br>» смислување оригинални решенија на проблемите. | Критичко мислење<br>» спознавање на социјалните и културните влијанија врз ставовите, вредностите и однесувањето (вклучувајќи го врсничкиот притисок и влијанието на медиумите),<br>» свесност за нееднаквост, неправда и предрасуди,<br>» свест за улогата на одговорен граѓанин. |
| Справување со емоции<br>» препознавање на емоциите кај себеси и кај другите,<br>» поврзување на емоциите со доживувањата, мислењето и однесувањето,<br>» справување со фрустрации, лутина, здодевност, тага, страв и анксиозност,<br>» справување со силни емоции кај другите. | Справување со стрес<br>» справување со ситуации на кои не може да се влијае,<br>» развивање стратегии за справување со загуба, одбивање, критикување,<br>» справување со употреба на психотропни супстанции,<br>» одолевање на притисоци,<br>» справување со стресни ситуации,<br>» менаџирање на времето. |

Образованието за животни вештини се разликува од другите видови образование. Преку овој вид образование, децата ќе се стекнат со вештини што ќе им овозможат да ги користат своите знаења за да практикуваат здрави облици на однесување и да ги избегнуваат оние што се закана за нивното лично, емоционални и социјално здравје (*Прирачник за животни вештини*). Ова образование се разликува по следниве карактеристики:

- Образованието за животни вештини е насочено кон внесување промени во однесувањето преку стекнување определени знаења, ставови и вештини, кои им помагаат на децата да изберат и да практикуваат здраво однесување наместо само да

учат што значи.
- Основната задача на образованието за животни вештини е да го претвори знаењето во однесување, па затоа секоја програма за животни вештини треба да нуди баланс меѓу: 1) знаења и информации, 2) ставови и вредности и 3) вештини.
- Образованието за животни вештини се базира на партиципативни методи на учење и поучување, што ги прави децата активни учесници во процесот на учењето, наместо да ги третира како пасивни примачи на информации.

Во Прирачникот се вклучени пет теми кои се дел од програмата за животни вештини:
- **ЈАС: Личен идентитет**
- **ЈАС И ТИ: Интерперсонални односи**
- **ЈАС И ДРУГИТЕ: Општествени односи**
- **ЈАС И ЗДРАВЈЕТО: Здраво живеење**
- **ЈАС И ОКОЛИНАТА: Однос со надворешната средина**

При обработка на овие теми, се користат и соодветни методи кои се најчесто употребувани. Истите може да се погледнат во табелата:

*Табела бр. 10: Методи кои се користат при обработка на теми за животни вештини*

| | |
|---|---|
| Дискусија со цела група | 1. Поттикнува размена на мислења.<br>2. Помага во заедничко доаѓање до заклучоците и извлекување на пораките од активностите.<br>3. Помага во стекнување вештини за комуницирање и меѓусебно почитување. |
| Работни групи | 1. Помагаат во активирање на секое дете преку споделување на сопственото искуство и истакнување на своето мислење.<br>2. Им помагаат на децата да научат меѓусебно да комуницираат, да соработуваат и да се почитуваат едни со други. |
| Анализа на приказни | 1. Ги презентираат информациите на интересен начин за да им помогнат на децата полесно да разберат и да запомнат.<br>2. Овозможуваат да се воведат потешки и почувствителни теми.<br>3. Придонесуваат за развивање на детската фантазија.<br>4. Придонесуваат за развивање комуникациски вештини (слушање, зборување, пишување). |
| Цртање | 1. Претставува средство за изразување на мислењето на децата.<br>2. Поттикнува на креативно мислење.<br>3. Помага да се пренесат и да се запомнат информациите. |
| Анализа на ситуации/случаи | 1. Овозможува преку критичка анализа на дадено однесување да се поттикне на алтернативно однесување.<br>2. Поттикнува на критичко и креативно мислење. |
| Демонстрации и симулации | 1. Помагаат да се поврзе апстрактното знаење со конкретни ситуации во реалноста.<br>2. Придонесуваат да се развијат практични вештини и вештини за набљудување.<br>3. Поттикнуваат на логичко размислување. |
| Игровни активности | 1. Помагаат да се воведе темата на забавен начин. |

| | |
|---|---|
| | 2. Придонесуваат полесно да се запомни пораката.<br>3. Овозможуваат сите да учествуваат и да придонесуваат за развивање на самодовербата кај децата. |
| Глумење и играње улоги | 1. Придонесуваат за развивање на сите видови комуникациски вештини.<br>2. Овозможуваат децата да ги анализираат ставовите и емоциите, па дури и тогаш кога се работи за чувствителни теми, како што е сексуалноста или пречките во развојот.<br>3. Придонесуваат за развивање на самодовербата кај децата.<br>4. Поттикнуваат активности кои бараат од децата да размислуваат и да одлучуваат. |

Имајќи го предвид фактот дека во образовните институции учениците се подготвуваат и за живот во заедницата и општеството, треба да се спомене и важноста на животните вештини со кои треба децата да се стекнат низ процесот на воспитание и образование. Светската здравствена организација ги дефинира животните вештини како „способности за адаптивно и позитивно однесување кои овозможуваат поединците ефективно да се соочат со барањата и предизвиците на секојдневниот живот“ (СЗО 2020). Така, животните вештини треба да го подготват поединецот за живот во свет во кој ќе живее самостојно и продуктивно ќе придонесува за доброто на општеството во кое живее.

Основниот сет на вештини, кои го промовираат здравјето и благосостојбата на младите, вклучува донесување одлуки и решавање проблеми, развивање на критичко и креативно размислување, комуникација и меѓучовечки односи, самосвест и емпатија и справување со стресот и емоциите. Ако се разгледаат и очекуваните вредности кои треба децата да ги поседуваат при достигнување на Стандардите за рано учење и развој, може да се воочи сличноста на овие вредности со основниот сет на вештини кои се споменати од страна на Светската здравствена организација. Станува збор за вредности, како: независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, прифаќање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност, почит кон заедницата и државата во целост (МТСП 2006).

Ученици кои се целосно подготвени за иднината се тие кои можат да бидат двигатели на промени, можат позитивно да влијаат во својата околина, да ги разберат намерите, постапките и чувствата на другите, како и да ги предвидат краткорочните и долгорочните последици од своето делување (Организација за економска соработка и развој 2018). Во иднина, нема да биде потребно учениците само да го восприемаат и усвојуваат знаењето и вештините. Напротив, потребна ќе биде и мобилизација на тоа знаење, вештини, вредности и ставови за да ги исполнат барањата (Организација за економска соработка и развој 2018). За да одговорат на еколошките, економските и социјалните предизвици, учениците ќе треба да се стекнат со вештини за критичко и креативно размислување, вештини за тоа како да се учи, за саморегулација, емпатија, самоефикасност, соработка, како и одредени практични и физички вештини (Организација за економска соработка и развој 2018).

Наставниците се клучни за образовниот успех. Нивните знаења и вештини овозможуваат ефективно образование, вклучувајќи го и позитивниот развој на младите луѓе во формални и неформални средини во светот. Важно е дека наставниците и училишните менаџери ја разбираат важноста на животните вештини за младите луѓе и за нивната иднина. Исто така, наставниците имаат потреба да разберат како младите ги совладуваат животните вештини. За да го направат тоа, наставниците треба да ги стекнат или да ги развијат следните вештини:

- Да ги поттикнат младите да работат со нив на позитивен начин.

- Да создадат атмосфера каде што младите ќе се чувствуваат удобно изразувајќи ги своите мислења и чувства.
- Да му помогнат на секое дете да почувствува дека напредува.
- Да ги води учениците наместо да доминира над нив.
- Да се соочува со чувствителни прашања.
- Да покаже почит кон учениците и нивното индивидуално самоопределување.
- Да разговара со младите како со некои рамноправни на себе.
- Да поттикнува почит кај младите.
- Да делува како пример за здраво однесување.
- Да усвојува лични и професионални ставови и практики.
- Да стекнува позитивна репутација како кредибилен и почитуван поединец.
- Да користи наставни методи кои им помагаат на младите да се изразат.
- Да создава и да користи алатки за следење/евалуација на редовна основа.
- Да има пристап до ресурси, лидерство и институционална поддршка (СЗО 2018).

## 5.3. Компетенции кои го трансформираат општеството

Живееме во свет во кој општествата постојано и брзо се менуваат, а со тоа се менува и нашата иднина. Се наметнува потребата учениците да се подготват да земат активна улога во сите димензии на животот каде што ќе се движат низ неизвесноста и низ широкиот спектар на контексти, како што се: временскиот (минато, сегашност, иднина), социјалниот (семејство, заедница, регион, нација и свет) и дигиталниот. Но, исто така учениците треба да учествуваат и во природниот свет, ценејќи ги неговата чувствителност, сложеност и вредност. За да се практикува младинското учество, идентификувани се три дополнителни категории на надлежности, кои одговараат на зголемената потреба младите да бидат иновативни, одговорни и свесни. Тие се:

- Создавање нова вредност.
- Помирување на тензиите и дилемите.
- Преземање одговорност (Организација за економска соработка и развој 2018).

Во однос на првата категорија, неопходно е луѓето да го унапредат своето креативно размислување со цел да се оспособат да развиваат нови производи и услуги, нови работни места, нови процеси и методи, нови начини на размислување и живеење, нови претпријатија, нови сектори, нови бизнис-модели и нови социјални модели. Иновациите, сè повеќе произлегуваат, и се резултат на соработката со другите и тимската работа, а не се резултат на само еден поединец. Во тој случај, тоа значи дека во иднина, за да се креираат иновативни производи, услуги, процеси, методи и сл., потребно е учениците да се оспособуваат и да користат компетенции, како: приспособливост, креативност, љубопитност и отворен ум.

Втората категорија бара помирување на различните перспективи и интереси во локалните средини, кои понекогаш носат глобални импликации. Ова помирување значи дека младите луѓе ќе треба да станат вешти во соочувањето со тензиите, дилемите и во градењето компромиси, како: балансирање на еднаквоста и слободата, автономијата и заедницата, иновациите и континуитетот и ефикасноста и демократскиот процес. Поединците треба да размислуваат интегрирано, што би значело избегнување на прерано донесување заклучоци и препознавање меѓусебни врски. За да бидат подготвени за

иднината, поединците треба да научат да размислуваат и да дејствуваат на поинтегриран начин, земајќи ги предвид меѓусебните врски и меѓусебните односи помеѓу контрадикторни или некомпатибилни идеи, логики и позиции, од краткорочни и долгорочни перспективи. Со други зборови, тие треба да научат системски да размислуваат. Во свет на меѓузависност и конфликти, луѓето ќе бидат успешни ако ја обезбедат сопствената благосостојба и благосостојбата на нивните семејства и нивните заедници преку развивање на капацитетот за разбирање на потребите и желбите на другите.

Третата трансформативна компетентност е предуслов за другите две. Соочувањето со новитети, промени, различности и спротивставени ставови значи дека поединците можат сами да размислуваат и да работат со другите. Подеднакво, креативноста и решавањето проблеми бараат капацитет да се разгледа иднината на постапките, да се процени ризикот и придобивката и да се прифати одговорност за резултатите од својата работа. Ова сугерира чувство на одговорност и морална и интелектуална зрелост, со која личноста може да размислува, проценувајќи ги своите постапки, но и личните и општествените цели, она што било научено и кажано и она што е правилно или погрешно. Етичкото дејствување подразбира поставување прашања поврзани со норми, вредности и граници, како што се: *Што да правам? Дали бев во право што го направив тоа? Каде се границите? Знаејќи ги последиците од она што го направив, дали требаше да го сторам тоа?* За да бидат младите способни да преземат одговорност за иднината, треба да ги усвојат компетенциите кои се поврзани со саморегулацијата, самоконтролата, самоефикасноста, одговорноста, решавањето проблеми и приспособливоста.

Компетенциите кои треба да ги поседуваат воспитувачите и кои се поврзани со образованието за одржлив развој, во исто време треба да бидат усогласени со суштинските карактеристики на овој вид образование, како: холистички пристап, замислување на промени кои истражуваат алтернативна иднина, учат од минатото и инспирираат ангажирање во сегашноста и постигнување на трансформација која служи за промена на начинот на кој луѓето учат и во системите кои го поддржуваат учењето.

# 6. ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РАНОТО ДЕТСТВО

## 6.1. Контекст на одржливиот развој во раното детство

Раното учење и развој во многу држави низ светот е подигнато на ниво на национален приоритет, кој добива ист третман како и другите останати потсистеми на образование (Дурчевска-Георгиева, Ајрулаи 2018). Освен улогата на родителите и семејното опкружување, значајна е и организираната воспитно-образовна работа за рано образование за сите деца.

Имено, кога се мисли на организирана работа, мора да се споменат трите функции на организираното предучилишно воспитание и образование: педагошката, општествената и економската. Педагошката функција им нуди на децата можност за развој, игра и учење во безбедна средина. Преку оваа функција се унапредуваат знаењата и вештините на родителите во однос на семејното воспитание, со што на децата им се обезбедува таа безбедна средина за учење. Општествената функција е поврзана со еднаквите и рамноправни можности кои треба да ги уживаат сите деца за да се постигне поголема општествена интеграција и кохезија. И на крај, преку економската функција, на родителите им се отвора можност да се вратат на работа и/или да го продолжат своето образование. Вложувањето во раниот детски развој придонесува кон унапредување на образовниот и социоекономскиот статус на секој поединец (Дурчевска-Георгиева, Ајрулаи 2018).

Светската организација за образование во раното детство тврди дека процесот на имплементирање на одржливиот развој може и треба да почне уште од најрано детство, бидејќи за децата се смета дека се активни двигатели во нивните сопствени животи и дека се способни да се вклучат во покомплексни еколошки и социјални предизвици (ОМЕР 2010). Во контекст на ова, познатиот едукатор Марија Монтесори во својата книга вели: „Детето станува творец на човекот, татко на човекот" (Монтесори 2021), со што може да се сфати значењето на раниот детски развој во развивањето на личноста на човекот.

Релацијата помеѓу образованието за одржлив развој и раното детство може да се препознае и преку посебните препораки кои го опфаќаат токму периодот на раното детство. Препораките се следните: да се овозможи пристап на сите во процесот на доживотно учење, да се почитува родовата определеност, да се учи за промена, во праксата да се формираат мрежи и партнерства за да се овозможи професионален развој што ќе го зацврсти овој вид образование во сите сектори, да се воведе образование за одржлив развој во програмите за раното детство, да се практикува одржливиот развој и да се поттикнуваат нови истражувања (Davies, Samuelsson и др. 2008).

Колку децата учат од општеството и од средината во која живеат и делуваат, ни укажуваат и претставниците на двете доминантни школи, Женевската (Пијаже) и Московската (Виготски). Истите извршиле огромно влијание врз современото разбирање на когнитивниот развој на децата од предучилишна возраст, бидејќи сознанијата на Пијаже во однос на учењето и развојот на децата укажуваат на активната улога на детето во процесот на стекнување знаења во постојаната интеракција со неговата социјална и физичка средина (Дамовска 2019). Слично на тоа, Виготски го истражувал влијанието на културно-историските фактори врз развојот на детскиот ум, мислење и говор, со фокус на тоа како културата влијае врз детето (Дамовска 2019).

Австралискиот професор и истражувач на темата за образование за одржлив развој, Џули Дејвис, смета дека децата се оние кои се најранливи во однос на влијанието кое го

предизвикува неодржливото живеење (Davies 2010). Според неа, ситуацијата не треба да остане таква, бидејќи образованието во раното детство може да претставува можност за градење и развивање способности кај децата кои ќе ги претворат во активни и информирани граѓани за сегашноста и иднината и кои ќе бидат способни да придонесуваат за здрави и одржливи начини на живеење (Davies 2010). Возрасните често го прифаќаат фактот дека односот и вредностите кои децата ги стекнуваат кон книгите и читањето, кон сметањето, социјалните интеракции и прашањата околу родот и расите, се формираат рано, верувајќи дека родителите и учителите играат клучна улога во рамките на тој процес. Но, кога станува збор за односот и вредностите кои децата ги стекнуваат кон животната средина, тогаш тој факт возрасните често го игнорираат (Davies 1998).

Колку е значаен раниот развој на детскиот ум и мозок, може да се воочи во книгата издадена од Универзитетот во Харвард „Наука за раниот детски развој", во која се споменуваат најосновните концепти за раниот развој на детето.

1) Развојот на детето претставува основа за развој на заедницата и на економијата.
2) Мозокот се гради со текот на времето.
3) Интерактивните влијанија на гените и искуствата буквално ја обликуваат архитектурата на мозокот во развој.
4) Архитектурата на мозокот и развојните способности се градат од долу, па нагоре.
5) Когнитивните, емоционалните и социјалните способности се нераскинливо испреплетени во текот на животот.
6) Токсичниот стрес во раното детство е поврзан со постојани последици врз нервниот систем (Harvard University 2007).

Во однос на филозофските и образовните практики, постои преклопување на образованието за животна средина и образованието во раното детство (Davies, J., 1998). Раното детство се фокусира на правични, демократски и инклузивни начини за интеракција меѓу луѓето, градејќи доверливи врски кои потврдуваат, негуваат и поддржуваат преговарање наместо доминирање, кое пак е важно за воспоставување на одржлива социјална правда.

Во раното детство, историска вредност има детското играње и учење на отворено. Зарем не се сеќаваме колку сме сакале и ние цел ден да го поминеме надвор, на улица, со децата од цело маало? Играта на отворено е значајна поради тоа што децата ги доживуваат директните искуства во природата преку работење со природни материјали и се мотивираат да учат преку стекнување на нови искуства (Davies 1998). Оттука, некои од предизвиците кои се претставени пред оваа област се токму пренасочување на играта на отворено и заземање на зелени површини (Davies 2010).

Она што е заедничко за образованието за животна средина и образованието во раното детство е идејата за целовитост и холистички начин на гледање кон светот. Двете полиња го претставуваат пристапот на интегрираната наставна програма како централна, со практични и релевантни искуства за учениците, со што се зачувува силната посветеност кон демократската практика. Уште една заедничка одлика на двата вида образование е онаа дека поддржувачките средини за живеење и учење и кај образованието за животна средина и кај образованието во раното детство се ориентирани кон важноста на учењето како збир на однесувања, вредности, вештини и содржина (Davies 1998). Постојат три начини за продолжување на развојот на образованието за одржливост во раното детство и сите три се поврзани со системот на целосен пристап, системското размислување и акциското

истражување (Davies 2010).

### 6.2. Образованието за одржлив развој и целите за одржлив развој

На Самитот за одржлив развој, земјите членки на Обединетите нации усвоиле програма за одржлив развој со вклучени 17 цели, кои генерално се однесуваат на трите столба на одржливост – економскиот, еколошкиот и социјалниот. Оваа програма содржи заложби за создавање на една поинаква иднина за луѓето и целата планета кои ќе се спроведат преку одржливиот развој. Програмата воедно претставува и прв договор кој воспоставува универзална, сеопфатна програма за дејствување.

Во рамките на целите, избалансирани се трите димензии на одржливоста во области, како: сиромаштија, нееднаквост, сигурност во обезбедување храна, здравје, образование, одржлива потрошувачка и производство, пораст на население, вработување, инфраструктура, одржливо управување со природни ресурси, климатски промени, родова еднаквост, мирно и инклузивно општество, пристап до правда и одговорни институции и сл. За успешна реализација на целите, се очекува да се вклучат сите ресурси (локални, национални, меѓународни), вклучувајќи ги и јавните и приватните.

Агендата 2030 за одржлив развој му даде и свеж импулс на образованието за одржлив развој. Во рамките на Агендата, под цел број четири стои: *Да се обезбеди инклузивно и еднакво квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите (Цели за одржлив развој)*. Во потцелите на целта број четири стојат:

*Табела бр. 11: Потцели на целта број 4 – Квалитетно образование*

| | |
|---|---|
| 4.1. | До 2030 година, да се осигура дека сите девојчиња и момчиња стекнале бесплатно, подеднакво достапно и квалитетно основно и средно образование, што понатаму ќе овозможи добивање на соодветни и делотворни резултати. |
| 4.2. | До 2030 година, да се осигура дека сите девојчиња и момчиња имаат пристап до ран квалитетен развој, грижа и предучилишно образование, како подготовка за основно образование. |
| 4.3. | До 2030 година, да се осигура еднаков пристап за сите жени и мажи до достапно и квалитетно техничко, стручно и терциерно образование, вклучително и високо образование. |
| 4.4. | До 2030 година, значително да се зголеми бројот на младите и возрасните кои имаат соодветни вештини, вклучувајќи технички и стручни вештини, вработување, пристојни работни места и претприемништво. |
| 4.5. | До 2030 година, да се елиминираат родовите разлики во образованието и да се обезбеди еднаков пристап до сите нивоа на образование и стручна обука на ранливите граѓани, вклучително и лицата со посебни потреби, автохтоното население и децата во ранлива состојба. |
| 4.6. | До 2030 година, да се осигура дека сите млади и значителен број од возрасните мажи и жени постигнале јазична и бројчена/нумеричка писменост. |

| | |
|---|---|
| 4.7. | До 2030 година, да се осигура дека сите ученици ќе се здобијат со знаења и вештини потребни за промовирање на одржливиот развој, меѓу другото, преку едукација за одржлив развој и одржлив начин на живот, човекови права, родова еднаквост, промоција на културата на мирот и свет без насилство, глобално жителство и разбирање на културната разновидност и придонесот на културата за одржлив развој. |
| 4.а. | Изградба и подобрување на школските објекти приспособени на барањата на децата, инвалидите и во поглед на родовите барања, осигурување на безбедна, ненасилна, инклузивна и ефективна средина за учење за сите. |
| 4.б. | До 2030 година, на глобално ниво значително да се прошири бројот на стипендии за земјите во развој, особено за најмалку развиените земји, малите островски земји во развој и земјите од Африка, за упис на високообразовни институции, вклучително и стручни и технички обуки за информатичка и комуникациска технологија, инженеринг и научни програми, во развиените земји и другите земји во развој. |
| 4.в. | До 2030 година, значително да се зголеми понудата на квалификувани наставници, вклучително преку меѓународната соработка за обука на наставници во земјите во развој, особено во најнеразвиените земји и малите островски земји во развој. |

Бидејќи во модерната педагогија се зборува за образование за одржлив развој, важно е да се објасни како е образованието поврзано со другите цели на одржлив развој (Leicht, Heiss, Byun 2018). Во следната табела се дава целосен преглед за тоа како секоја поединечна цел директно се поврзува со образованието, но и се потврдува и исказот дека навистина образованието е почетна точка за остварување на сите седумнаесет цели на одржливиот развој.

*Табела бр. 12: Цели за одржлив развој*

| | |
|---|---|
| Цел 1 | Образованието е клучно за излегување на луѓето од сиромаштија. |
| Цел 2 | Образованието игра клучна улога во помагањето на луѓето да се движат кон поодржливи земјоделски методи и поимање на исхраната. |
| Цел 3 | Образованието може критички да ги разликува низата проблеми во здравјето, како: раната смртност, репродуктивното здравје, ширењето болести, здравиот начин на живот и благосостојбата. |
| Цел 5 | Образованието за жени и девојчиња е особено важно за да се постигне основна писменост, да се подобрат партиципативните способности и вештини и да се подобрат животните можности. |
| Цел 6 | Образованието и обуката ги зголемуваат вештините и капацитетот за користење на природните ресурси на поодржлив начин и промовираат хигиена. |
| Цел 7 | Образовните програми (особено неформалните) можат да промовираат подобро зачувување на енергијата и искористување на обновливите извори на енергија. |
| Цел 8 | Постои директна поврзаност меѓу економската виталност, претприемништвото, вештините на пазарот на трудот и нивоата на образование. |
| Цел 9 | Образованието е потребно за развивање на вештините потребни да се изгради поеластична инфраструктура и поодржлива индустријализација. |

| | |
|---|---|
| Цел 10 | Таму каде што е подеднакво достапно, образованието прави докажана разлика во социјалната и економската нееднаквост. |
| Цел 11 | Образованието на луѓето може да им понуди вештини да учествуваат во обликувањето и одржувањето на одржливи градови и да им помогне во случај на катастрофи. |
| Цел 12 | Образованието може да направи критичка разлика во моделите на производство и во сфаќањето на потрошувачите за поодржливо произведени производи и спречување отпад. |
| Цел 13 | Образованието е клучно за масовно разбирање на влијанието на климатските промени и за негово адаптирање и ублажување, особено на локално ниво. |
| Цел 14 | Образованието е важно во развивањето на свеста за површината на морињата и за градењето на проактивен консензус во однос на мудра и одржлива употреба. |
| Цел 15 | Образованието и обуката ги зголемуваат вештините и капацитетите за поддршка на одржлива егзистенција и зачувување на природните ресурси и биодиверзитетот, особено во загрозени средини. |
| Цел 16 | Социјалното учење е од витално значење при олеснување и обезбедување на инклузивно и праведно општество и социјална кохезија. |
| Цел 17 | Доживотното учење гради капацитети за разбирање и промовирање на политиките на одржлив развој и неговите практики. |

Образованието и училиштето секогаш ја подготвуваат генерацијата за иднината. Актуелната сегашност се менува и животот во 21-от век е глобализиран. Глобалните предизвици бараат глобални промени. Концептот на глобално учење е суштината на образованието базирано на одржлив развој. Образованието ги оспособува учениците за соочување со променетите животни услови.

образованието за одржлив развој бара нови и модерни методи на предавање и учење, како и нови аспекти во однос на одржливоста. Одржливиот развој треба да биде интегриран на холистички начин. Образованието за одржлив развој е активно учење кое ги повикува училиштето и учениците, наставниците, администрацијата, да се активираат и да се вклучат во насока кон одржување на училиштата за одржлив развој и нивно целосно интегрирање во програмите. Одржливиот развој како водечка идеја ја објаснува неопходноста за образование за одржлив развој како модерно образование. Модерно, во смисла да знае да се соочи со актуелните предизвици на одржлив начин.

Според ОМЕР, одржливоста може да се практикува преку сите столбови на одржливиот развој, и тоа низ соодветни практики. Во однос на економската одржливост, се изведуваат активности кои се поврзани со одржливо консумирање, етичко производство, споделување ресурси, сиромаштија, социјално претприемништво, отпад и негово влијание врз животната средина, задоволување на базични потреби (чиста вода, здравје, образование и дом), ефикасни уреди, одржување на енергија, транспорт и вреднување на нематеријалното.
Во однос на социјалната и културната одржливост, се посветува внимание на промовирање на социјалното учество и дијалог, почитување на различното (спротивставување на нееднаквоста), чувство на правда и правичност, диверзитет, интергенерациско знаење,

емпатија и сочувство, споделување приказни за секојдневниот живот на другите, мир и прекин на конфликти. И на крај, во однос на еколошката одржливост, активностите се насочуваат кон стекнување искуства во природата, развивање вештини за критичко размислување, познавање на локалната област, разбирање на начинот на кој луѓето се поврзани со природата, како и со минатото, сегашноста и иднината на животната средина, чување на биодиверзитетот, носење на информирани одлуки за сегашноста и за иднината и сл.

Овие практики, споменати од страна на Светската организација за образование во рано детство, се локално приспособливи и затоа предизвиците кои настануваат во однос на овие теми можат да бидат надминати од страна на општествата во кои луѓето живеат. Можеме да потврдиме дека со вакви проблеми се соочуваме и во Македонија, гледани од наша перспектива и можностите со кои располага нашата земја.

Во книгата „Одржливиот развој започнува со образованието" (UNESCO 2014), може да се види поврзаноста на секоја глобална цел со образованието за одржлив развој и како може истото да придонесе за исполнување на секоја цел поединечно. Во рамките на четвртата цел, постојат седум потцели и три насоки на делување.

Во однос на потцелите, се обрнува внимание на бесплатно и квалитетно основно и средно образование за сите, како и на квалитетен ран детски развој, достапност до техничко, стручно и терцијарно образование за сите, високообразование, обезбедување на соодветни вештини (технички и стручни), вработување, пристојни работни места, претприемништво, отстранување на родови разлики во образованието, еднаков пристап до сите нивоа на образование (особено за ранливи граѓани и лица со пречки во развојот), промовирање вештини неопходни за одржливиот развој, одржлив начин на живот, човекови права, родова еднаквост, култура на мир, ненасилство и разбирање на културна разноликост. Во однос на насоките за делување, се предвидува изградба и/или подобрување на училишните установи, кои треба да бидат адаптирани според потребите и барањата на децата, осигурување на безбедна, ненасилна, инклузивна и ефективна средина за учење, зголемување на бројот на стипендии (особено во земји во развој и неразвиени земји) за упис во високообразовни институции, стручни и технички обуки за информациска и комуникациска технологија, инженеринг, зголемување на понудата на квалификувани наставници и меѓународна соработка за обуки на наставници во земјите во развој и неразвиените земји.

Како што забележуваме, четвртата глобална цел е поврзана со обезбедување на инклузивно и правично квалитетно образование и промовирање на можностите за доживотно учење. Токму затоа, преку оваа цел се настојува сите да имаат пристап до базично квалитетно образование. Исто така, се настојува да се подобри училишната опременост, да се зголеми бројот на обуки и стручни можности за луѓето и да се зголеми бројот на обучени наставници, способни да обезбедат безбедна и сигурна средина за учење. Подетално се објаснети насоките во однос на оваа цел:

- Да се обезбеди рано, основно и средно образование за сите до 2030 година.
- Да се подобри техничкото и стручното образование за возрасните, како и образованието за вештини за работа, вклучувајќи ги и универзитетите.
- Да се елиминираат родовите нееднаквости и да се обезбеди еднаков пристап на ранливата популација.
- Да се обезбедат можности за младите и значителен дел од возрасните да постигнат јазична и нумеричка писменост;
- Да се промовираат темите за глобално државјанство во сите предмети, вклучувајќи

теми како одржлив развој, одржлив начин на живот, човекови права, родова еднаквост и обезбедување мир преку образование.
- Да се изградат и да се надградат образовни објекти кои ќе бидат сигурни, инклузивни, ненасилни и да се обезбедат средини поволни за ефективно учење.
- Да се зголеми бројот на квалификувани наставници преку обуки и да се вложува во образованието (UNESCO 2015).

За обезбедување на инклузивно и еднакво квалитетно образование и промовирање на доживотното учење, поставени се цели за учење кои учениците треба да ги усвојат во сите три развојни домени. Тие цели се насочени кон разбирање на улогата на образованието и доживотното учење, разбирање на вредноста на образованието, подигање на свесноста за важноста на квалитетното образование, охрабрување на другите за користење на едукативните можности, спроведување на квалитетно образование, ООР и слични пристапи на сите нивоа, промовирање на родова еднаквост и сл. (UNESCO 2017).

Правото на образование е запишано во меѓународното право, во член 26 од Универзалната декларација за човекови права од 1948 година. Образованието е основно човеково право и е од суштинско значење за разбирање на сите други човекови права.

Можноста за учење за светот околу нас промовира слобода, зајакнување и разбирање. Образованието го „отклучува" потенцијалот за да се постигнат останатите цели за одржлив развој. Кога луѓето имаат пристап до квалитетно образование, тие можат да го прекинат циклусот на сиромаштија, да учат за одржливо живеење, да прават мудри избори и да се информираат себеси и другите за важни прашања.

Образованието има потенцијал значително да ја подобри благосостојбата на жените и девојчињата. Пристапот до образование може да им помогне на девојките и жените да ги зголемат приходите, да ги намалат разликите во платите и да промовираат економска независност. Кога жените се образовани и имаат вишок приходи, овие зголемени ресурси се од корист не само за нивните семејства туку и за заедниците во кои тие припаѓаат.

Еколошката едукација на поединците може да им помогне да ги стекнат потребните вештини за да направат промени во политиките и практиките во рамките на нивната заедница. Исто така, важно е да се организираат предавања на теми за одржлив развој, како што се: заштита на животната средина, човекови права, родова еднаквост, мир и глобално граѓанство со цел да ги поттикнат луѓето да делуваат за да ја подобрат нивната сегашност и иднина (Council for International Cooperation 2018: 4.1–4.11).

## 6.3. Практики на образованието за одржлив развој во раното детство

Норвешка е држава која е препознатлива по својата долга историја на образование кое вклучува одржлив развој. Во поново време, ревидираниот план за образование во раното детство официјално го вметнал делот за задолжителен одржлив развој како еден од основните вредности со кои треба да се стекнат децата во раните години. Одржливиот развој се гледа како повеќедимензионален (социјален, еколошки и економски), а ревидираната рамка посветува огромно внимание на меѓугенерациските еднаквости, демократијата, различноста и социјалната правда (Hindmarch, Boyd 2021).

Неодамнешните ревизии на политиките во Шведска, пак, се надоврзуваат на долгата историја на едукатори кои работат со деца и гледаат на нив како на активни чинители кои разрешуваат прашања поврзани со еколошкиот, политичкиот, економскиот и социјалниот аспект на одржливоста. Ревидираната наставна програма од 2018 година, го препознава

одржливиот развој како основна вредност. Воведени се три нови цели во наставната програма, кои се усогласени со одржливоста, а кои ги истакнуваат децата како важни носители на промени кои водат кон одржлива иднина. (Hindmarch, Boyd 2021).

Во Нов Зеланд, според Кодексот и стандардите на Советот за образование, сите наставници се обврзуваат да ги промовираат и да ги штитат принципите на човековите права, одржливоста и социјалната правда и да ги поттикнат учениците да бидат активни учесници во животот на заедницата, ангажирајќи се за прашања важни за благосостојбата на општеството. Оваа професионална одговорност се очекува не само на ниво на формалното образование туку и на ниво на професионалниот развој. Социјалните димензии на одржливоста и активното демократско граѓанство лежат во срцето на ревидираната наставна програма за рано детство – *Te Whariki* (Hindmarch, Boyd 2021).

Јапонските едукатори имаат силна традиција на практикување активности засновани на природата во давањето на претшколски услуги. Се забележува дека понатамошните истражувања во јапонските градинки и јапонските интерпретации на шведските природни програми би можеле да понудат промовирање на Образование за одржливост во раното детство во Јапонија. Јапонија, во ревизијата на нејзината национална наставна програма во 2017 година, ја вклучила целта – да се изгради одржливо општество, нудејќи можности за пошироко градење капацитети за образование за одржливост во раното детство (Hindmarch, Boyd 2021).

### 6.4. Програми во основното деветгодишно образование во Република Северна Македонија поврзани со одржливиот развој

Бирото за развој на образованието дава преглед на програми кои официјално се користат во нашите училишта, вклучувајќи го предучилишното, основното и средното образование. Кога се разгледуваат тие програми, може да се забележи дека предметот Животни вештини може да се изучува дури и од прво одделение, со деца на возраст од 6 до 8 години, односно до трето одделение. Наставната програма опфаќа три развојни периоди со по три одделенија за да се остави простор за флексибилен приод во реализирање на целите и да се одговори на потребите на учениците и актуелните животни ситуации. Во сите три периоди се повторуваат истите пет програмски теми (1. Јас: Личен развој; 2. Јас и ти: Интерперсонални односи; 3. Јас и другите: Општествени односи; 4. Јас и здравјето: Здраво живеење; 5. Јас и околината: Однос со надворешната средина, но дефинирани на различни нивоа (од ниво на препознавање, опишување, именување, набројување и споредување, до ниво на осознавање и заземање мислење и став) преку различни цели на наставата и различни очекувани резултати. На крајот од првиот развоен период, до крајот на трето одделение, ученикот/ученичката се очекува:

- да има позитивна слика за себе;
- да се гледа себеси како член на семејството и како ученик;
- да може да ги препознае сопствените емоции и да ги изразува на различни начини;
- да може да се соочи со загуба на миленик и да се справи со тагата и жалењето во тој период;
- да може да разликува сопствен успех и неуспех во учењето и да го прифаќа успехот како резултат на личните залагања;
- да прифаќа дека секој има право на сопствено мислење и право да го искаже сопственото мислење;

- да знае дека слободното време може да се користи на различни начини, со различни цели;
- да ги прифаќа разликите меѓу луѓето, во поглед на физичките карактеристики, способностите и потребите;
- да ги прифаќа другарите и другарувањето како важен дел од животот;
- да умее да разликува лага од вистина и да може да се воздржува од кодошење;
- да може да помогне кога некој му/ѝ бара помош и може да побара помош кога му/ѝ треба;
- да умее да се заблагодари за пружена помош, да се извини кога ќе згреши и да замоли за да добие нешто;
- да прави разлика меѓу намерни и ненамерни грешки во сопственото и туѓото однесување и да ги согледува негативните последици од направените грешки;
- да ги поврзува пријатните и непријатните емоции со настаните како причина и со однесувањето како последица;
- да може внимателно да сослуша, без да прекинува и да упаѓа во збор;
- да знае кои облици на вербално и невербално изразување се деструктивни и да може да се воздржи од нивно користење;
- да препознава насилничко однесување и да умее да се заштити од него и да побара помош доколку е жртва на насилничко однесување;
- да може да понуди решение на конфликтот кое е правично и за двете страни;
- да препознава некои детски права и да умее да побара заштита при нивно прекршување;
- да ја прифати потребата од еднаков однос кон другите, без разлика на сличностите и разликите;
- да умее да ги споделува своите интереси и потреби со другарите и да може да ги сослуша нивните интереси и потреби;
- да ги знае елементарните постапки за донесување одлуки во група и да може да учествува со нивното донесување;
- да прифаќа дека може да биде подеднаков/подеднаква со другите членови на врсничката група, особено кога треба да се избере помеѓу правилни и неправилни видови активности;
- да може да предлага правила на однесување и да ги согледа сопствените грешки во однесувањето;
- да умее да ја претстави својата земја во позитивно светло и да ги почитува симболите на националниот идентитет;
- да знае за постоењето на различни народи и за некои големи достигнувања на современиот свет;
- да разликува корисни од некорисни и соодветни од несоодветни емисии и медиумски информации;
- да се идентификува со позитивни херои (луѓе кои им помагаат на другите);
- да знае од кого може да побара заштита кога е загрозен/загрозена и да умее да го стори тоа;
- да разликува здрава од нездрава храна и да знае како правилно се консумира храната;
- да се оспособува редовно да ги практикува хигиенските навики;
- да умее да користи едноставни заштитни мерки за да не ги разболи другите и да прифаќа совети од возрасните за заштита и лекување од болести и заболувања;

- да разликува машко и женско според биолошката градба и да знае како се раѓаат деца;
- да знае кои предмети, животни, растенија, постапки и ситуации се опасни по здравјето и безбедноста и да знае како треба да се однесува за да се заштити од повеќето од нив;
- да знае што треба да се прави за да се одржува хигиената во домот, во училницата и во тоалетните простории и да умее да придонесе во одржувањето на хигиената;
- да разликува несоодветно од соодветно однесување кон растенијата и животните;
- да може да учествува во разубавување на училницата;
- да умее рационално да ја користи водата и електричната енергија.

Исто така, Бирото за развој на образованието дава преглед на слободни изборни предмети кои може да се изучуваат во основното деветгодишно образование. Така, на пример, Бирото го дава правото на учениците да го изберат предметот Заштита на животната средина. Оваа програма е наменета за четврто, петто и шесто одделение, со фонд на часови од 2 часа неделно, односно 36 часа во едно полугодие. Темите кои се опфатени во програмата се поврзани со воздухот, водата, енергијата и животната средина, почвата и управувањето со отпад. Знаењата кои треба да ги усвојат во секоја тема одделно се следните:

Тема 1: Воздух
Знаења/вештини:

- Ги набројува главните компоненти на воздухот со нивната процентуална застапеност.
- Го објаснува значењето на воздухот за планетата Земја и за живиот свет.
- Прави разлика меѓу штетноста на загадениот воздух и важноста на чистиот воздух.
- Идентификува загадувачи на воздухот.
- Наведува начини за намалување на загадувањето на воздухот и мерки за заштита на воздухот од загадување.

Ставови/вредности:

- Ја прифаќа важноста од чист воздух за живиот свет и за планетата Земја.
- Прифаќа дека треба да се престојува на чист воздух во природа.
- Се залага за дневни рутини и активности кои придонесуваат за што помало загадување на воздухот.
- Има критички став кон причините што доведуваат до загадување на воздухот и кон климатските промени.
- Поддржува активности и мерки за заштита на воздухот од загадување.
- Подготвен/-а е да презема активности и се залага за заштита на воздухот од загадување.
- Поддржува екоакции за подигнување на јавната свест за заштита на воздухот од загадување.

Тема 2: Вода
Знаења/вештини:

- Го објаснува значењето на водата за планетата Земја и за живиот свет.
- Ја објаснува важноста од редовно консумирање чиста вода за здравјето.
- Го објаснува значењето на водата за стопанството и за животот на човекот, вклучително и значењето на водата за одржување на личната и општата хигиена.

- Го објаснува водниот циклус, т.е. кружењето на водата во природата.
- Го објаснува влијанието на климатските промени врз природните води (топење на ледниците, појава на поплави, појава на суши).
- Идентификува причинители на загадување на природните води.
- Наведува начини и мерки за заштита на природните води од загадување.
- Објаснува начини на пречистување на природните води.
- Наведува начини на рационално користење на водата.

Ставови/вредности:

- Ја прифаќа важноста од редовно консумирање чиста вода и одржување хигиена.
- Има критички став кон причините што доведуваат до загадување на природните води и кон климатските промени.
- Поддржува активности и мерки за заштита на природните води од загадување.
- Подготвен/-а е да презема активности и се залага за заштита на природните води од загадување.
- Поддржува екоакции за подигнување на јавната свест за заштита на природните води од загадување.
- Прифаќа дека треба да заштедува вода во секојдневниот живот.
- Се залага за рационално користење на водата.

Тема 3: Енергијата и животната средина
Знаења/вештини:

- Набројува различни извори на енергија (сонце, ветер, вода, горива).
- Прави разлика меѓу различни видови енергија (топлинска енергија, светлинска енергија, електрична енергија).
- Го објаснува значењето на енергијата за живиот свет, како и значењето на енергијата за стопанството и за секојдневниот живот на човекот.
- Прави разлика меѓу необновливи извори на енергија (јаглен, нафта, природен/земен гас) и обновливи извори на енергија (сонце, ветер, вода).
- Го објаснува влијанието на употребата на горивата (јаглен, нафта, природен/земен гас, дрво) врз загадувањето на животната средина и врз климатските промени.
- Ја разбира важноста од употребата на обновливи извори на енергија за животната средина.
- Наведува начини и мерки за заштеда на електрична енергија.

Ставови/вредности:

- Има критички став кон употребата на горивата и смета дека тоа негативно и штетно влијае врз животната средина.
- Поддржува употреба на обновливи избори на енергија заради заштита на животната средина од загадување и климатските промени.
- Прифаќа дека треба да штеди електрична енергија во секојдневниот живот.
- Се залага за рационално користење на електричната енергија.

Тема 4: Почва и управување со отпад
Знаења/вештини:

- Идентификува загадувачи на почвите и наведува начини и мерки за заштита на почвите од загадување.
- Ја разбира важноста од управувањето со отпад (редуцирање на отпадот, селекција на отпадот, негова реупотреба и рециклирање).
- Умее да селектира, т.е. да сортира отпад.
- Умее да реупотребува отпад.
- Идентификува материјали кои може да се рециклираат.
- Го објаснува влијанието на отпадот врз здравјето и врз животната средина.
- Учествува во екоакции за одржување чиста и зелена животна средина.

Ставови/вредности:

- Има критички став кон причините што доведуваат до загадување на почвите.
- Се залага за одржување на почвите и зелените површини и нивна заштита од загадување.
- Поддржува активности и мерки за заштита на почвите и зелените површини од загадување.
- Ја прифаќа важноста од чиста животна средина без отпад.
- Се залага за чиста животна средина.
- Има критички став кон загадувањето на животната средина со отпад.
- Го осудува фрлањето отпад во животната средина и негрижата за животната средина.
- Презема активности за селекција и за реупотреба на отпад.
- Поддржува екоакции за чистење на околината од отпад и нејзино озеленување.

Исто така, од оваа година, како слободен изборен предмет се предлага и предметот Глобално затоплување и климатски промени. Овој предмет е наменет за ученици од седмо, осмо и деветто одделение, со 2 часа неделно. Опфаќа две теми, и тоа: 1. Загадувачи на атмосферата и 2. Последици од загадувањето на атмосферата.

Тема 1: Загадувачи на атмосферата

Знаења/вештини:

- Ги препознава потребите на современиот човек и нивното влијание врз животната средина.
- Ја објаснува улогата на фосилните горива во добивањето на топлинска и електрична енергија.
- Ги препознава штетните влијанија врз животната средина од прекумерната употребата на фосилните горива како енергетски извори.
- Набројува разни загадувачи на атмосферата и ги поврзува со глобалното затоплување и климатските промени.
- Ги објаснува причините за промената на бојата на небото од светлосина до црвена.
- Го објаснува користењето на статичкиот електрицитет во процесот на прочистување на загадениот воздух.
- Ја препознава бучавата како загадувач на животната средина.

Ставови/вредности:

- Смета дека штедењето на електричната енергија е економска, но, пред сè, еколошка

потреба.

- Прифаќа дека употребата на фосилните горива како основни енергетски извори треба да се намали.
- Смета дека производството на електричната енергија не треба да ја уништува животната средина.
- Прифаќа дека човекот е дел од природата и треба да се грижи за неа.
- Ја прифаќа важноста од чист воздух за живиот свет и за планетата Земја.
- Има критички став кон причините што доведуваат до загадување на воздухот и кон климатските промени.

Тема 2: Последици од загадувањето на атмосферата
Знаења/вештини:

- Правилно ги користи физичките величини: температура, притисок, волумен, густина, апсолутна и релативна влажност на воздухот, при објаснување на одредени појави во атмосферата.
- Научно ги објаснува премините од фаза во фаза, испарување и кондензација, при кружење на водата во атмосферата
- Ги препознава стакленичките гасови, вклучително и водната пареа, како заробувачи на топлината во атмосферата и ја поврзува нивната концентрација со температурата на воздухот.
- Научно ги објаснува физичките процеси кои настануваат при формирањето на силни ветрови и поројни дождови.
- Ги објаснува последиците од топењето на мразот на половите на планетата Земја.
- Ја објаснува улогата на озонската обвивка врз животот на Земјата.

Ставови/вредности:

- Смета дека загадениот воздух има директно и индиректно влијание врз здравјето на човекот.
- Прифаќа дека човекот е дел од природата и треба да се грижи за неа.
- Има критички став кон причините што доведуваат до загадување на воздухот и кон климатските промени.
- Подготвен/-а е да презема активности и се залага за заштита на воздухот од загадување.

И на крај, би ја спомenала и програмата кој е во рамките на предметот Живите организми и животната средина, која исто така е предвидена за учениците од седмо до деветто одделение, со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно. Во рамките на овој предмет се изучуваат две теми, и тоа: 1. Климатски промени и животна средина и 2. Живите организми и нивните живеалишта.

Тема 1: Климатски промени и животна средина
Знаења/вештини:

- Ги набројува слоевите на атмосферата и го опишува нивниот состав.
- Ја објаснува улогата на тропосферата за одржување на животот на Земјата.
- Објаснува дека процесите фотосинтеза и клеточно дишење овозможуваат одржување на O2 и CO2 на постојано ниво во атмосферата.
- Го објаснува ефектот на стаклена градина и ги наведува стакленичките гасови и

нивната улога.

- Прави разлика меѓу ефект на стаклена градина и засилен ефект на стаклена градина.
- Прави врска меѓу засилениот ефект на стаклена градина и глобалното затоплување, односно климатските промени.
- Знае дека климатските промени влијаат врз состојбата на количеството вода на планетата Земја (топење на ледници и покачување на морското ниво, појава на поплави, суши и сл.).
- Ги објаснува последиците од топењето на мразот на половите на планетата Земја.
- Го објаснува настанувањето на киселите дождови и го објаснува штетното влијание на киселите дождови врз животната средина.
- Го објаснува влијанието на климатските промени врз синџирите и мрежите на исхрана и опстанокот на живиот свет.
- Ги идентификува загадувачите на атмосферата и штетните гасови кои се ослободуваат и познава начини за заштита на атмосферата од загадување.

Ставови/вредности:

- Ја прифаќа важноста од незагадена атмосфера за опстанокот на живиот свет.
- Се залага за дневни рутини и активности кои придонесуваат за што помало загадување на атмосферата.
- Има критички став кон причините што доведуваат до климатските промени и поддржува активности за нивно контролирање.
- Подготвен/-а е да презема активности и се залага за заштита на атмосферата од загадување.
- Поддржува екоакции за подигнување на јавната свест за заштита на атмосферата од загадување.

Тема 2: Живите организми и нивните живеалишта

Знаења/вештини:

- Идентификува загадувачи на почвите и наведува начини и мерки за заштита на почвите од загадување.
- Ги наведува различните видови почва и го објаснува нивниот состав.
- Го поврзува составот на почвите со нивните својства и степенот на плодност.
- Ја објаснува улогата на почвата како филтер и ублажувач.
- Прави разлика меѓу природни и вештачки ѓубрива и нивното влијание врз животната средина.
- Ги наведува придобивките и недостатоците од употребата на конвенционалните пестициди наспроти органските пестициди (биопестициди).
- Ја објаснува улогата на растенијата во спречувањето поплави и ерозија.
- Идентификува загадувачи на води и наведува начини и мерки за заштита на водите од загадување.
- Објаснува како настанува еутрофикацијата и како влијае врз природните води и живиот свет во нив.
- Го толкува поимот одржлив развој и наведува примери за одржливост.

Ставови/вредности:

- Има критички став кон причините што доведуваат до загадување на почвите и природните води.
- Се залага за одржување на почвите и зелените површини и нивна заштита од загадување.
- Поддржува употреба на природни ѓубрива и биопестициди.
- Учествува во екоакции за одржување чиста животна средина.
- Поддржува активности и мерки за заштита на природните води од загадување.
- Подготвен/-а е да презема активности и се залага за заштита на почвите и природните води од загадување.

## 6.5. Потреба за образование за одржлив развој во нашата земја

Како што е истакнато и во Програмата за рано учење и развој, периодот на рани години е доста значаен за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на детето. Холистичкиот пристап, важен за образованието за одржлив развој, е вклучен и во Програмата за рано учење и развој во нашата земја, кој е наменет да се спроведува и преку теорија и преку практика. Во таа смисла, воспитувачите се должни да креираат услови за децата да можат да учат низ игра, низ интеракција, учество во истражувачко-откривачки процеси, решавање на проблемски ситуации со цел да го поттикнат развојот на моторичките, јазичните, когнитивните и социоемоционалните вештини.

Доколку продолжиме да ја анализираме оваа програма, навистина можеме да воочиме многу сличности помеѓу поставените принципи во истата и вредностите, вештините и знаењата кои треба да се постигнат преку образованието за одржлив развој.

Во овој дел би го споменала принципот на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принципот на мултикултурализам, со кој се утврдува дека децата не смеат да се дискриминираат, туку напротив, сите да бидат вклучат во образовниот систем.

Понатаму, сличноста може да се забележи и со вториот принцип, според кој, тргнувајќи од тезата дека сите деца можат да учат, се јавуваат високи очекувања за нивните достигнувања при процесот на учењето, во согласност со нивната возраст и социокултурните карактеристики.

Принципот на активно учење е значително важен, бидејќи е поврзан со средината во којашто учат децата, а во која, во согласност со нивните емотивни и физички потреби, децата ја развиваат љубопитноста, креирајќи различни начини на изразување и изнаоѓање решенија и одговори.

Една од карактеристиките на денешното образование е адаптацијата кон индивидуалните потреби, специфичности, интереси и можности на секое дете, а токму тоа е истакнато во петтиот принцип од Програмата.

Понатаму, важен е и принципот на целосност, кој зборува за содржини кои ги опфаќаат сите аспекти на развојот на детската личност преку холистички пристап, со оглед на фактот дека детето го запознава светот како една целина.

Кога се зборува за образованието за одржлив развој, често се споменува и активното учество на родителите и заедницата во која живее и учи детето и затоа принципот на отвореност на воспитно-образовниот процес е доста сличен со овој аспект на Образованието за одржлив развој.

Принципот на континуиран професионален развој на воспитувачот е елемент кој е значаен при обезбедување квалитет во раното образование, а токму принципот на

постојана евалуација на воспитно-образовниот процес е еден сегмент преку кој се обезбедува квалитет во образованието (Министерство за труд и социјална политика 2014).

Во Националната стратегија за одржлив развој е образложено дека Светската комисија за животна средина и развој (позната како Брутланд-комисија) го дефинира одржливиот развој како: „Развој кој ги задоволува потребите на сегашните генерации, без да ја загрози можноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби“. Оваа дефиниција ги поткрепува гледиштата за одржлив развој на Република Македонија и сумира голем број мисли и визии.

Дефиницијата понатаму вели: „Во суштина, одржливиот развој е процес на промени во којшто користењето ресурси, насочувањето инвестиции, ориентацијата на техничкиот развој и институционалните промени се во хармонија и ги зголемуваат како сегашните така и идните потенцијали, сѐ со цел да се задоволат човечките потреби и аспирации“. Одржливиот развој вклучува три заемно зависни и испреплетени димензии:

- Економска димензија (економски ресурси, раст и развој).
- Димензија на животната средина (природни ресурси, заштита и одржливо користење на природата и превенција и борба против загадувањето).
- Социјална димензија (социјални ресурси, солидарност и борба против сиромаштијата).

Одржливиот развој претставува континуиран процес кој вклучува подобрување на интеграцијата на економските, социјалните и аспектите на животната средина. Република Македонија треба да биде општество во коешто економскиот напредок може да се одвива паралелно со подобрувањето на животната средина. За тоа мора да постојат неопходни иницијативи и можности кои им овозможуваат на поединците да дадат придонес преку сопствени иницијативи. Населението треба да остварува придобивки, но истовремено и да дава придонес во подобрувањето на општата рамка за вработување, условите на живеење, социјалните услови и подобар квалитет на живот.

Одржливиот развој имплицира дека општеството мора истовремено да се соочи со економските, социјалните и предизвиците на животната средина. Идните генерации би требало да имаат во најмала мера поволни услови за добар живот, како што има и сегашната генерација, како и солиден социјално урамнотежен економски развој. Овој развој мора да обезбеди голема индивидуална слобода на делување, да ги почитува ограничувањата на природата и на животната средина и да нема негативни последици врз здравјето на луѓето.

Одржливиот развој не може да се оствари индивидуално, само во една земја, бидејќи ние сѐ повеќе сме меѓусебно поврзани. Затоа, глобалниот одржлив развој предвидува свет во којшто постои економски напредок, зголемена благосостојба и подобра заштита на животната средина. Ваквиот развој е во корист на сите, вклучувајќи ги помалку развиените и помалку силните делови од светот. Истиот подразбира отвореност, демократија и почитување на човековите права. Одржливиот развој бара глобална соработка и меѓународни решенија.

Токму поради сето ова, Република Македонија не смее да ги намали напорите на домашно поле. Во Националната стратегија за одржлив развој Владата го презентира она што ќе го направи Република Македонија за да обезбеди урамнотежен развој на општеството. Стратегијата претставува одговор на предизвиците презентирани на конференцијата во Рио во 1992 година и придонес кон исполнувањата на меѓународните обврски за поттикнување на одржливиот развој.

Одржливиот развој претставува крајна цел за Европска соработка во Европската Унија.

Членот 2 од Спогодбата на Европската Унија пропишува дека цел на Унијата е „да промовира економски и социјален напредок и високо ниво на вработеност, како и да постигне урамнотежен и одржлив развој".

Дефинирањето на одржливиот развој претставувало поттик за поставување цели кои би помогнале при задоволувањето на потребите на сегашните генерации, а не би одмогнале при задоволувањето на потребите на идните генерации. Поставувањето на токму тие цели било насочено кон подобрување на квалитетот на образованието, преориентирање на постоечките програми за учење, подигање на свеста за концептот на одржлив развој и обучување на наставниците. Сите овие цели со текот на времето биле подложни на одредени промени за да веќе во 2019 година се зборува за делување во насока на пет области на приоритет, и тоа: унапредување на политиките, трансформирање на средините за учење, градење на капацитетите на воспитувачите, зајакнување и мобилизирање на младите и забрзување на активностите на локално ниво.

Истражувањата покажуваат дека децата ги чувствуваат предизвиците на денешнината, колку и да се чини дека нив тие предизвици не ги „допираат". Студиите за ран детски развој зборуваат за фактот дека раниот развој се заснова врз одредени концепти кои објаснуваат дека децата се основата за развој на заедницата и дека нивните мозоци се формираат со текот на времето, а за тоа придонесуваат генетските и искуствените влијанија, со што когнитивните, емоционалните и развојните способности ги прават нераскинливи.

Процесот на вметнување на одржливиот развој во образованието треба да започне од најрано детство со цел да им даде можност на децата да станат двигатели на промени во средината во која живеат. Предизвиците кои се поставени пред овој вид образование би биле надминати доколку се пренасочува играта во центрите и градинките од затворен простор кон отворен, се заземат зелени површини во рамките на центрите и градинките, се овозможи дополнително образование на наставниците и се отвори можноста за вмрежување на наставниците.

Глобалните цели за одржлив развој се однесуваат на трите столба на одржливост. Одржливоста во центрите и градинките може да се практикува од аспект на сите столба на одржливост, преку соодветни практики. Поврзаноста на секоја од седумнаесетте цели на одржливоста со образованието ни испраќа порака дека образованието е од клучно значење во остварувањето на глобалните цели и воспоставувањето на одржливоста. Она што е значајно во овој дел е дека четвртата цел, која, впрочем, е поврзана со обезбедувањето на квалитетно образование за сите, во себе содржи цели за учење кои се предвидени да ги стекнат учениците.

Од ревидираните програми во повеќе држави, како: Норвешка, Шведска, Нов Зеланд и Јапонија, може да се забележи дека одржливиот развој се вметнува во програмите како вредност која треба да се негува уште од најраните години. За децата се смета дека се значајни двигатели при создавањето промени кои водат кон одржлива иднина.

На крајот, анализирајќи ја Програмата за рано учење и развој во Македонија, може да се согледа поврзаноста помеѓу нејзините принципи и вредностите, вештините и знаењата кои се темел на образованието за одржлив развој. Ова упатува на зголемување на можностите за практична имплементација на овој вид образование и во нашиот систем на образование, потенцирајќи ја една од најглавните одлики на образованието за одржлив развој, а тоа е приспособување на овој вид образование кон локалните услови и можности со кои располага една средина.

# 7. РАНОТО ДЕТСТВО, ООР И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 7.1 Образованието за одржлив развој денес

Одржливиот развој е дефиниран уште во 1987 година како „развој кој ги задоволува потребите на сегашните генерации, без да го загрози задоволувањето на потребите на идните генерации“ (УНЕСКО 2012).

Од 3 до 14 јуни 1992 година, во Рио де Жанеиро се одржала Конференција за животна средина и развој од страна на Обединетите нации. На Конференцијата е формално установено образованието за одржлив развој. Конференцијата станува основа за составување на подоцнежни декларации и документи, како што е и документот Агенда 21, кој претставува сеопфатен план на активности кои треба да се преземат на глобално, национално и локално ниво од страна на агенциите на ОН, владите и водечките организации и мрежи за да се намали човековото влијание врз животната средина. Во истиот документ, вклучено е и поглавјето 36, кое се однесува на важноста на образованието, обуката и јавната свест за остварување на целите и активностите од Агенда 21. Овие три аспекти, споменати во поглавјето, можат да се забележат и во четирите општи цели кон кои треба да се насочува образованието за одржлив развој:

- Да го промовира и да го подобрува квалитетот на образованието – целта е да се рефокусира учењето за цел живот кон усвојување знаења, вештини и вредности што им се потребни на луѓето за да го подобрат квалитетот на својот живот.
- Да ги преориентира курикулумите – почнувајќи од претшколско, па сè до универзитетско ниво, образованието мора да биде преосмислено и преформулирано за да биде носител на знаењето, на моделите на размислување и на вредностите потребни да се изгради одржлив свет.
- Да ја подигне јавната свест за концептот на одржлив развој – ова ќе овозможи да се развие активно и одговорно граѓанство на локално, национално и интернационално ниво.
- Да обучи работна сила – продолжително техничко и стручно образование на директорите и работниците (особено на оние во трговијата и индустријата), кое ќе биде збогатено со цел да ги оспособи луѓето за усвојување на одржливите методи на производство и потрошувачка (UNESCO 2012).

Во рамките на Стратегијата за образование за одржлив развој се поставени цели и задачи кои треба да се исполнат при имплементирање на овој вид образование. Вклучувањето и развивањето на образованието за одржлив развој во формалните образовни системи во рамките на сите релевантни предмети и во формалното и во неформалното образование е клучно за обезбедување на идните генерации со знаења „од“ и умеења „за“ одржливиот развој. Преку образованието за одржлив развој, луѓето ќе станат покомпетентни и посамоуверени, користејќи ги можностите за делување во обезбедувањето на здрав и продуктивен живот, кој ќе биде во хармонија со природата и почитувањето на социјалните вредности, родовата еднаквост и културната различност (UN 2005). Задачите на Стратегијата кои би биле во функција на исполнување на главната цел се следните:

- Уверување дека политиките, регулаторните и операционалните рамки го поддржуваат образованието за одржлив развој.
- Промовирање на одржливиот развој преку формалното и неформалното учење.
- Развивање на компетенциите на едукаторите за вклучување на одржливиот развој во нивната настава.
- Уверување дека соодветни алатки и едукативни материјали за образование за одржлив развој се достапни за користење.
- Промовирање на истражувања и развој на образованието за одржлив развој.
- Зајакнување на соработката за ООР на сите нивоа во рамките на регионот УНЕЦЕ (UNECE) (UN 2005).

Кога веќе ги споменав задачите на Стратегијата, неопходно е истите да се поврзат и со петте области на приоритет за кои се зборува во глобалната рамка за имплементирање на ООР од 2020 до 2030 година, насловена: „Образование за одржлив развој за 2030“. Петте области на приоритет се поврзуваат со горенаведените задачи бидејќи и приоритетните задачи во рамката се исто така насочени кон унапредување на политиките, трансформирање на средините за учење, градење на капацитетите на воспитувачите, зајакнување и мобилизирање на младите и забрзување на активностите на локално ниво (UNESCO 2015).

Во 2023 година, Обединетите нации излегоа со општ коментар кој се однесува токму на образованието за одржлив развој. Според општиот коментар број 26, даден од Комитетот за правата на детето на Обединетите нации, сите детски права се меѓусебно поврзани и се подеднакво важни. Штетите по животната средина и климатските промени претставуваат закана за некои од детските права. Некои од правата имаат важна улога и помагаат во заштитата на детските права, како што е правото на образование. Тие се следниве:

- Почитување, заштита и остварување на детските права преку преземање храбри и конкретни чекори и одржување на ветувањето дека секое дете ќе расте во чиста, здрава и одржлива животна средина.
- Редовно спроведување на проценка на влијанијата врз детските права за да се разбере (и реши) како одлуките ќе влијаат (или влијаат) на децата, со посебно внимание на различните влијанија врз децата со различна возраст и потекло.
- Да се обезбеди почитување на детските права од страна на бизнисите преку подготовка на закони, регулатива и политики за да се спречат компаниите да ја загадуваат животната средина и да им наштетуваат на децата и да не го прикриваат нивното влијание врз животната средина.
- Да се обезбеди поддршка за децата во пристапот до правда, односно решенија, поддршка и надомест за нанесената штета и последици на национално, регионално и меѓународно ниво; меѓународна соработка со други влади бидејќи еколошките проблеми не завршуваат на границите на една земја.
- Земјите кои се најодговорни за негативните влијанија врз животната средина и имаат најмногу ресурси треба да преземаат поголема акција од останатите и да ги поддржуваат земјите кои се најпогодени.
- Да ги ублажат влијанијата од климатските промени. Тука спаѓа и одржување на ветувањата да се ограничи затоплувањето на планетата преку следење на она што го кажуваат научниците за климатските промени и преземање неодложно дејствување.
- Да ги вклучат децата во подготовката на планови, одлуки и решенија за адаптација и

да ги заштитат децата кои веќе ги доживуваат ефектите од климатските промени. Тоа се однесува и на зајакнување на училишните згради и водоводите за заштита од невремиња, поплави и други екстремни временски услови и обезбедување храна во случај на вонредни ситуации.
- Да обезбедат финансиска и техничка помош на земјите соочени со загуби и штети што влијаат врз детските права.
- Да обезбедат бизнисите, вклучително и глобалните бизниси во повеќе од една земја, да немаат негативно влијание врз детските права, преку неодложно намалување на емисиите и поттикнување на употреба на обновливи извори на енергија.
- Да обезбедат фондовите за климатска акција да не поддржуваат активности со коишто може да се прекршат детските права.

Република Северна Македонија во 2015 година го потпиша Парискиот договор, кој стапи на сила во 2016 година. Имено, се работи за договор за ублажување, приспособување и финансирање на климатските промени. Долгорочната цел на договорот е да се задржи зголемувањето на глобалната просечна температура. Дел од целите кои се вклучени во овој договор се следниве:
- Задржување на зголемувањето на глобалната просечна температура на далеку под 2 °C над прединдустриските нивоа и продолжување на напорите за ограничување на зголемувањето на температурата на 1,5 °C над прединдустриските нивоа, признавајќи дека ова значително ќе ги намали ризиците и влијанијата од климатските промени.
- Зголемување на можноста за приспособување кон негативните влијанија на климатските промени и поттикнување на отпорност на климата и развој на ниски емисии на стакленички гасови, на начин што не го загрозува производството на храна.
- Изработка на финансиски текови, во согласност со патеката кон ниски емисии на стакленички гасови и развој отпорен на клима.

## 7.2. Фази во раниот детски развој

Според „Прирачникот за позитивно родителство“, за детскиот развој се мисли на целиот процес и на сите промени што се случуваат во него, што го унапредуваат и притоа му обезбедуваат подобра рамнотежа, поголема стабилност и ефикасност во средината во која расте. Растот и развојот на детето се гледаат низ промените што се случуваат на биолошко, психичко и социјално поле. Промените кои настануваат кај децата генерално се поттикнати од надворешни и од внатрешни фактори. Внатрешните фактори се поврзуваат со генетскиот запис, со она што детето го наследува преку гените од своите родители и предци. Додека пак, надворешните фактори се поврзани со карактеристиките и специфичностите на примарната (родителот, семејството) и пошироката социјална средина (група, заедница и општество на кое припаѓа семејството). Постојат повеќе поделби за тоа како се одвиваат растот и развојот кај детето, во зависност од тоа што и какви промени кај него треба да се забележат.
- Доенче (0 – 18 месеци).
- Рано детство (18 месеци – 3 години).
- Предучилишна возраст (3 – 5 години).
- Училишна возраст (5 – 12 години).
- Адолесценција (13 – 18 години).

Во развојната фаза од 18 месеци до 3 години, комуникацијата помеѓу детето и родителот продолжува да се збогатува. Кај детето почнува да се развива говорот, тоа учи по пат на повторување, имитирање и водење од страна на возрасниот. Секојдневно се зголемува фондот на зборови, а до крајот на третата година детето ќе може да состави прости реченици.

Во развојната фаза од 3 до 5 години, детето продолжува преку љубопитноста да го запознава светот околу себе. Сака сè да знае, постојано поставува прашања и станува свесно дека може сè да научи. Кога детето постојано поставува прашања или постојано повторува едно исто прашање, тоа не го прави намерно, со цел да го вознемири или да го налути родителот, туку едноставно учи за светот и го повторува, односно го проверува наученото. Родителот понекогаш се заморува од овие прашања или нема одговор на нив, но и во вакви ситуации е потребно родителот со почит да му одговори на детето. На ваков начин, родителот ја почитува љубопитноста на детето, ја одобрува неговата потреба да учи, го поттикнува на учење и му покажува дека го почитува неговото мислење.

### 7.3. Стратегија за образование (2018 – 2025)

Улогата на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија е социјализација, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст со цел создавање основи за развивање на нивните потенцијали и стекнување знаења за светот којшто ги опкружува. Мисијата на предучилишното образование е еднаков пристап и максимална опфатеност на децата од предучилишна возраст со различни форми и програми, дизајнирани според современите трендови и најновите научни сознанија од областа на детскиот развој.

Со децентрализацијата што започна во јули 2005 година, основачките права и одговорности за 51 јавна детска установа – градинка (со 181 објект) во 40 општини беа пренесени од централните на локалните власти. Деца од осум други општини одат во објекти коишто функционираат во рамки на јавна детска установа – детска градинка од соседната општина.

Во 2005 година, последната година од предучилишното образование (за децата на возраст од 6 до 7 години) беше законски регулирана како задолжителна. На барање на МОН беше изработена посебна Програма за воспитно-образовната работа во подготвителната година, заедно со досие за следење на развојот на детето во текот на годината, а воспитувачите беа обучени да ја применуваат Програмата во пракса. Во учебната 2007/2008 година, подготвителната година од предучилишното образование беше вградена како прва училишна година во циклусот на основно образование.

Во 2009 година, МТСП, надлежно за системот на предучилишно образование, ги воведе Стандардите за рано учење и развој за децата, изготвени од широка работна група претставници од клучните институции и заинтересираните страни. Стандардите ги дефинираат очекуваните постигнувања на децата на предучилишна возраст, во различни сфери од нивниот развој (развојот на моториката, социоемоционалниот развој, мисловниот развој итн.). Истите можат да се применуваат во сите контексти во коишто децата на возраст од 0 до 6 години се опслужуваат со услуги на чување, воспитување и образование (во семејствата, во детските градинки, во детските рекреативни центри и во разни неформални видови грижа за децата). Истата година се организираа работилници за подигнување на свеста за важноста на раниот детски развој, во кои учествуваа претставници од сите детски градинки со цел промовирање на концептот за раниот детски развој преку практично применување на Стандардите во градинките.

Во периодот 2010 – 2012 година беа развивани капацитетите на предучилишните

воспитувачи од 18 избрани детски градинки. Беа обучувани како да спроведуваат стратегии (засновани врз Стандардите) за подучување на децата, оценување и документирање на нивните постигнувања, како и за градење на соработка со родителите. Во 2013 година беа изработени материјали за родителите, наменети за поддршка на развојот и учењето на децата во домашни услови, а на избраните детски градинки им беше наложено да ги следат ефектите од нивната примена.

Во 2012 година беа изготвени инструменти за следење на развојот на децата врз основа на Стандардите и истите станаа службен дел од портфолиото за секое дете. Со цел да се олесни процесот на водење на педагошката евиденција и документација, беше изработен прирачник за предучилишни воспитувачи и негуватели. До 2014 година, воспитувачите од сите јавни и приватни градинки беа обучени како да го користат горенаведениот инструмент.

Предучилишното образование е уредено со Законот за заштита на децата, усвоен во 2013 година, којшто се изменува и се дополнува во согласност со потребите. Со овој закон, раното учење и развојот се поставени во центарот на вниманието, а освен јавните градинки, се дозволија и други форми на услуги за грижа и образование на децата. Ова ги поттикна општините да отворат центри за ран детски развој во местата каде што не беа отворени градинки. Освен тоа, Законот го уредува и системот за инспекциски надзор врз дејноста заштита на децата и воведува лиценцирање врз основа на дополнителни обуки и испити. Законот е придружен од 25 подзаконски акти кои ги дефинираат правилата за неговото спроведување.

Во текот на 2014 година беа обучени 157 воспитувачи од сите детски градинки за целосна и сеопфатна примена на Стандардите. Овие воспитувачи потоа ја пренесоа таа обука и на другите воспитувачи во нивните градинки. Беа изработени два прирачници (еден за негуватели и еден за воспитувачи) за спроведување на Стандардите.

Во 2015 година, од страна на МТСП е донесена Програмата за рано учење и развој за деца со пречки во развојот, подготвена од страна на БРО. Програмата има за цел да се обезбедат еднакви можности за сите деца на предучилишна возраст.

Во текот на 2014 – 2015 година, сите воспитувачи кои работат со деца на возраст од 5 до 6 години во 10 детски градинки беа опфатени во Пилот-програма за воведување на почитување на различностите и мултикултурализам во раниот детски развој. Воспитувачите ја добија потребната обука, како и прирачник, едукативни материјали и книги за деца за изведување на овие активности. Освен тоа, во рамки на Програмата се организираа активности за подигнување на свеста за сите воспитувачи од останатите детски градинки.

Во 2013 година, вработени се логопеди во детски градинки во Република Македонија. Во 2015 година, вработените од 10 пилот-градинки поминаа обука за инклузија во рано учење и развој, заснована врз соодветните модули за стручно усовршување. Исто така, изготвен е и прирачник за инклузивно предучилишно образование.

Во 2015 година, со цел подобрување на квалитетот на предучилишното образование, советниците од БРО почнаа да реализираат инструктивно-советодавни посети и стручни увиди во јавните детски градинки.

МТСП, во соработка со Фондот за образование на Ромите, во 18 општини и 17 ромски невладини организации го спроведе проектот Инклузија на децата Роми во јавните детски градинки. Целта на овој проект беше да се зголеми опфатеноста на децата Роми во предучилишното образование, една до две години пред да почнат со основното образование. Намерата беше да се подобри ставот на родителите Роми кон образованието, да се прошират

социјалните вештини и познавањето на македонскиот јазик кај децата Роми, како и да се подобрат компетенциите на предучилишните негуватели и воспитувачи да работат со децата Роми и да се борат против предрасудите кон Ромите. За овие цели, МТСП, во соработка со Министерството за финансии (МФ), одобри финансиска поддршка за ангажирање на 17 негуватели Роми. При изведувањето на некои од активностите, надлежните установи за грижа и воспитување на децата остваруваа блиска соработка со клучни меѓународни развојни партнери и заинтересирани страни.

Беа вложени напори во насока на зголемување на бројот на детските градинки/центрите за ран детски развој и проширување на капацитетите на постојните градинки, особено во руралните и социјално загрозените средини. Според податоците од МТСП, во периодот од 2006 година до денес се отворени: 14 јавни установи за деца – детски градинки, 4 јавни установи за деца – центри за ран детски развој, 27 објекти за предучилишно воспитание и образование, 23 групи во други просторни услови, 25 центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки, 7 приватни установи за деца – центри за ран детски развој, 24 приватни установа за деца – детски градинки и 6 детски градинки, организирани како организациска единица во состав на правно лице/приватно средно училиште.

**Предизвици**

Системот за предучилишно образование се соочува со значајни предизвици:

- Опфатеноста на децата во предучилишното образование е загрижувачки ниска, во ситуација кога постоечкиот систем нема капацитети за зголемен опфат и нема можности за опфаќање на децата со посебни образовни потреби. Воедно, стапката на опфатеност е најниска токму кај припадниците на маргинализираните заедници, кај кои е и најсилна тенденцијата на рано напуштање на образованието, тешкотии во достигнувањето на стандардите и ниски постигнувања во учењето.
- Условите за учење во предучилишните установи не се на задоволително ниво; неконзистентно се спроведуваат нормативите и стандардите во предучилишните установи; речиси воопшто не се користи ИКТ во предучилишните установи.
- Постоечките Стандарди за рано учење и развој на децата треба да се ревидираат, врз основа на спроведени анализи; контролата на квалитетот не функционира; не се спроведува интегрирано мултикултурно воспитување и образование на децата на предучилишна возраст; недоволна е соработката со останатите нивоа на образование, а особено со високото образование.
- Системот страда поради недоволен број кадар во предучилишните установи, што е придружено со недоволно јасно дефинирани компетенции и стандарди за директорите, воспитувачите, негувателите и стручните служби на градинките. Всушност, не постои механизам за професионален развој и напредување во кариерата на овие вработени лица, додека системот за нивно лиценцирање бара ревизија.
- Раководењето и управувањето со предучилишните установи е неефикасно, се преклопуваат надлежностите на разни структури коишто се одговорни за предучилишниот образовен систем, т.е. МОН, МТСП и Министерството за локална самоуправа (МЛС); слаба е соработката со родителите, заедниците и бизнис-секторот. Истовремено, на системот за педагошка евиденција и документација, којшто се води за децата во институциите, му треба подобрување.

**Приоритети и очекувани исходи**

Во поглед на развојот на предучилишното образование, Стратегијата ги утврди следните приоритети и очекувани исходи:

Приоритет I. Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на предучилишното образование

1.1. Подобрена е содржината на предучилишното воспитание и образование.
1.2. Предучилишното воспитание и образование е насочено кон постигнување на излезните резултати коишто се дефинирани со Националниот стандард за рано учење и развој.
1.3. Воспоставени се предуслови за да се посвети повеќе внимание на секое дете во предучилишните установи.
1.4. Воспитно-образовниот процес е поддржан со соодветни физички услови за да се постигнат определените излезни резултати.
1.5. Воспитно-образовниот процес е поддржан со сите неопходни дидактички материјали за да се постигнат определените излезни резултати.
1.6. Предучилишното образование нуди можност за билингвален пристап за работа со деца од различни култури.

Приоритет II. Зголемување на опфатот на децата и подобрување на инклузивноста во предучилишното образование

2.1. Создадени се основни услови за да се зголеми опфатеноста на децата во предучилишното образование преку обезбедување на еднаков пристап за сите деца.
2.2. Воспоставени се физичките услови и вработени се лица кои се неопходни за да се вклучат децата со развојни тешкотии.
2.3. Содржината и методите според коишто се реализираат активностите со децата во предучилишното образование се приспособени за да ги вклучат децата со различни развојни тешкотии.
2.4. Обезбедена е средина којашто овозможува морална поддршка и постои позитивно јавно мислење за инклузивното образование.
2.5. Воспоставена е административна основа за обезбедување на инклузивно образование.

Приоритет III. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во предучилишните установи

3.1. Јасно се дефинирани барањата за професионалните компетенции и работните задачи на вработените во предучилишните установи.
3.2. Воспитувачите и негувателите кои се приправници/почетници се способни да ги вршат своите задачи во согласност со профилот на работното место и Стандардите за рано учење и развој.
3.3. Постојано се подобруваат професионалните компетенции на воспитувачите и на останатите вработени во предучилишните установи; воспитувачите се мотивирани да покажат подобри резултати.
3.4. Сите вработени во предучилишните установи ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции.

Приоритет IV. Подобрување на законодавството, организацијата и управувањето со предучилишното воспитание и образование и зајакнување на соработката

4.1. Надзорот на воспитно-образовните активности се заснова на соодветно отсликување на она што го сработиле воспитувачите и на постигнувањата на децата.
4.2. Подобро се земени предвид потребите на децата на предучилишна возраст и интересите на заедницата.
4.3. Општата педагошка култура на родителите е подобрена и придонесува кон образование коешто се заснова на семејното воспитување на децата.

**Предизвици**

Основното образование се соочува со одреден број предизвици:

- Образовните постигнувања на учениците се загрижувачки ниски, што се покажува на резултатите на меѓународните тестирања.
- Недостасуваат стандарди коишто би требало да ги дефинираат резултатите од учење во секој циклус (I, II, III) на основното образование, а наставниот план е преоптоварен. Наставните програми не се доволно релевантни за локалната средина. Во повеќето училишта недоволно или несоодветно се предава граѓанско образование, образование за животни вештини (ОЖВ), а претприемачките вештини се на ниско ниво и кај учениците и кај наставниците.
- Во повеќејазичните училишта учениците се раздвоени според јазикот на којшто се одвива наставата (работат во различни смени, објекти, катови, различна администрација итн.), поради што немаат доволно можности за интеракција, недоволно е застапено мултикултурно/интеркултурно образование во наставните и воннаставните активности, како и во некои од учебниците. Самите наставници не промовираат доволно еднаквост (во однос на половата или етничката припадност, општествениот статус, интелектуалните и физичките способности), почитување на различностите, како и на мултикултурализмот.
- Мерките за надминување на поделбата по етнички линии во училиштата не се доволни и сегрегацијата во училиштата влијае на општествената кохезија и интеретничката интеграција.
- Недостасува механизам којшто обезбедува етнички сегрегирани податоци за деца на училишна возраст, кои не се вклучени во системот по различна основа, со вообичаено објаснување дека пречката е во заштитата на личните податоци. Но, законската регулатива не спречува собирање податоци по етничка основа заради подобрување на состојбите во образованието.
- Голем број ученици Роми се надвор од образовниот систем. Евидентен е и голем процент на рано напуштање на образованието и низок степен на писменост кај децата од ромска етничка припадност. Како најчести причини за оваа состојба се наведуваат: недоволното познавање на македонскиот јазик, нискиот степен на образование на родителите и лошата социоекономска состојба.
- Децата со посебни образовни потреби не се доволно вклучени во редовното основно образование. Нивното вклучување во редовните училишта не е доволно уредено и не се воведени соодветни механизми за тоа. Освен тоа, постојат предрасуди кон овие деца кај родителите, наставниците и учениците. Исто така, наставниците не поседуваат доволно компетенции за работа со оваа категорија

ученици.

- Недостасуваат и соодветни системски решенија за идентификација и работење со талентирани ученици.
- Малолетниците сместени во воспитно-поправните домови и бездомниците се исклучени од системот на основното образование, поради што и нивната интеграција во општеството е попречена. Нема ефикасен систем за образование, координација на активностите и следење на овие категории деца.
- Нема доволно дидактички материјали и дидактички ресурси за наставата да се одржува на сите наставни јазици (во тој опфат спаѓаат и асистивни технологии за ученици со посебни образовни потреби) и специјализираните кабинети по одредени предмети не се целосно снабдени со наставни помагала. Повеќето од училиштата се незадоволително опремени со помагала за предметна настава, но и со дополнителна ИКТ-опрема (на пример: ЛЦД-проектори, паметни табли итн.). Современите наставни методи и техники не се применуваат доволно во пракса. Сѐ уште не постои електронска образовна платформа за учење.
- Дел од одделенијата имаат преголем број ученици, а во некои општини не се почитува легислативата за реонизација, што е еден од најсилните фактори за сегрегација во основното образование. Ова дополнително се усложнува и со непочитувањето на правилата за безбедна и сигурна училишна средина во повеќе училишта.
- Во однос на контролата на квалитетот, недостасуваат континуирани валидни информации за националниот образовен систем во меѓународни перспективи. Системот на екстерно тестирање, применуван во периодот 2013 – 2017 година, не ги следеше стандардите за оценување на постигнувањата на учениците; проценката на квалитетот на наставните програми и оценувањето на постигнувањата на учениците не обезбедија конзистентност во однос на сите релевантни фактори. Начинот на примена на екстерното тестирање го пренасочи фокусот и на поучувањето од страна на наставниците и на учењето кај учениците врз меморирање информации, наместо суштинско разбирање и поврзување на појавите. Според голем број од учесниците во образовниот процес, голема важност сѐ уште се придава на формалното планирање и составување извештаи, иако фокусот треба да биде на реализацијата на образовниот процес и постигнувањето на резултатите од учењето.
- Не се спроведува професионална и кариерна ориентација. Често, за учениците, содржините што ги учат остануваат неповрзани со реалниот и професионалниот живот, тие не добиваат доволно информации коишто за нив ќе бидат релевантни, особено за техничките струки, и не добиваат поддршка да изберат стручни училишта и профили што се барани на пазарот на трудот.
- Стручните служби не се екипирани со сите потребни стручни соработници, иако во изминатите две години се вработени голем број психолози, педагози и специјални едукатори во основните училишта. Значителен дел од работното време овие стручни соработници го поминуваат во административни активности за училиштето, неповрзани со нивниот профил. Оттука, иако училиштата имаат стручни соработници, во пракса, учениците и наставниот кадар не добиваат доволна поддршка од нивната примарна експертиза. Во некои случаи, стручните служби не ја следат етничката структура во повеќејазичните училишта.

- Различните клучни заинтересирани страни не се во потполност информирани и вклучени во реформските процеси; проектните активности и иницијативи се претежно неодржливи. Истовремено, се воведуваат иновации без да бидат пилотирани и евалуирани во однос на нивните ефекти. Поддршката за демократско учество на учениците е недоволна во повеќето училишта.
- Постојната формула за финансирање на основното образование треба да се ревидира за да вклучи и развојна компонента со којашто би се финансирал професионалниот развој на наставниците, би се овозможило воведување иновативни методи на работа со учениците, спроведување на акциски истражувања, реализирање на развојни проекти коишто ќе бидат во функција на подобрување на наставата, зајакнување на соработката со родителите итн.

**Приоритети и очекувани исходи**

Стратешките приоритети за развој на основното образование во периодот до 2025 година и нивните соодветни резултати ќе бидат следните (што се подетално образложени, заедно со мерките, активностите и индикаторите, во соодветниот столб во Акцискиот план):

<u>Приоритет I. Подобрување на содржината на основното образование</u>

1.1. Резултатите од учење од секој циклус на основното образование се јасно дефинирани и значајни за реалната ситуација и за потребите на учениците, во согласност со нивната возраст и карактеристики.
1.2. Основното образование помага во развивање на клучните и генеричките компетенции (како способностите на учениците за критичко мислење и решавање проблеми), да ги почитуваат различностите и мултикултурализмот и да практикуваат и да стекнуваат демократски вредности и вештини.
1.3. Наставните планови и програми за сите одделенија се насочени кон постигнувањата на резултатите од учење, коишто се определени со Националниот стандард.
1.4. Учениците стекнуваат пошироко знаење и компетенции според нивните интереси, коишто се значајни за локалната средина.
1.5. Учениците во основното образование имаат квалитетни и актуелни учебници како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности.

<u>Приоритет II. Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и интеретничката интеграција во основното образование</u>

2.1. Воспоставени се физичките услови коишто се неопходни за инклузија на учениците со физичка попреченост.
2.2. Училиштата се инклузивна средина за учениците со различни видови посебни образовни потреби на кои им овозможуваат целосна поддршка.
2.3. Подобрена е ефикасноста од финансирањето на процесите за инклузија и учење на учениците со посебни образовни потреби.
2.4. Подобрена е интеракцијата помеѓу учениците кои ја следат наставата на различен јазик.
2.5. Унапредена е наставата што се одвива на помалку застапените наставни јазици и наставата по предметите коишто обезбедуваат учење за јазикот и културата на заедниците кои ја следат наставата на јазик различен од мајчиниот.

2.6. Обезбедени се услови децата сместени во воспитно-поправните домови да го продолжат (завршат) основното образование.
2.7. Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование.

Приоритет III. Подобрување на условите за учење и квалитетот во остварувањето на основното образование

3.1. Воспоставени се подобрени услови за учење, кои овозможуваат поголемо внимание за секој ученик.
3.2. Подобрена е ефективноста на процесот на одржување на наставата, без оглед на јазикот на кој се одржува истата.
3.3. Подобрени се постигнувањата на учениците по Математика и Природни науки.
3.4. Училиштето е безбедна средина за учење од сите аспекти, како за наставниците така и за учениците (објекти за држење настава, помошни објекти, опрема за вежбање и материјали, асистивни технологии за учениците со посебни образовни потреби, стандарди за храна).
3.5. Учениците се добро информирани пред да донесат одлука за продолжување на образованието по завршувањето на основното образование.
3.6. Зголемена е демократската партиципација на учениците во училиштата.
3.7. Повратните информации од сите евалуации на постигнувањата на учениците овозможуваат да се носат одлуки за образовните политики, засновани на докази.
3.8. Обезбедени се емпириски податоци за математичката писменост и писменоста по природните науки кај учениците во основното образование споредени со меѓународни перспективи.

Приоритет IV. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта

4.1. Подобрен е квалитетот на идните наставници.
4.2. Наставниците приправници се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните и националните стандарди.
4.3. Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа.
4.4. Наставниците се мотивирани да постигнат подобри резултати на работното место.
4.5. Професионалните компетенции на наставниците континуирано се подобруваат.
4.6. Учениците и наставниците добиваат постојана поддршка од стручните служби.

Приоритет V. Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование

5.1. Подобрено влијание и одржливост на иновациите воведени во основното образование.
5.2. Директорите на основните училишта ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење.

### 7.4. Заклучоци на Советот за образование и грижа во раното детство

Советот на Европската Унија се согласува да преземе мерки за да се одговори на двојниот предизвик за обезбедување на генерализиран и правичен пристап до образование и грижа за раното детство, додека подигањето на квалитетот на обезбедувањето може да го вклучи следново:

- Обезбедување на правичен пристап до висококвалитетен, инклузивен ПОЗ, особено за деца во лоша социоекономска состојба, деца од мигрантско или ромско потекло или деца со посебни образовни потреби, вклучително и хендикеп.
- Дизајнирање ефикасни модели за финансирање, вклучително и насочено финансирање, кои ја постигнуваат вистинската рамнотежа помеѓу јавните и приватните инвестиции, во согласност со националните и локалните околности.
- Промовирање меѓусекторски и интегрирани пристапи за грижа и образовни услуги со цел да се задоволат сите потреби на децата: когнитивни, социјални, емоционални, психолошки и физички на холистички начин, како и да се обезбеди блиска соработка помеѓу домот и ПОЗ и непречена транзиција помеѓу различните нивоа на образование.
- Поддршка на професионализацијата на персоналот во ПОЗ, со акцент на развојот на нивните компетенции, квалификации и услови за работа и подобрување на престижот на професијата, како и развивање политики насочени кон привлекување, обука и задржување на соодветно квалификуван персонал во ПОЗ и подобрување на родовата рамнотежа.
- Промовирање развојно соодветни програми и наставни програми, кои го поттикнуваат стекнувањето и на когнитивните и на некогнитивните вештини, притоа препознавајќи ја важноста на играта, што е исто така клучно за учење во раните години.
- Поддршка на родителите во нивната улога како главни воспитувачи на нивните деца во текот на раните години и охрабрување службите на ПОЗ да работат во тесно партнерство со родителите, семејствата и заедниците со цел да се зголеми свеста за можностите што ги нуди ПОЗ и за важноста на учењето од рана возраст.
- Промовирање на обезбедување квалитет со учество на сите клучни засегнати страни, вклучувајќи ги и семејствата.
- Промовирање на европското истражување и собирање податоци за ПОЗ, во соработка со меѓународните организации со цел да се зајакне базата на докази за креирање политики и реализација на програми во ПОЗ.

Во оваа смисла, во 2022 година, преку Декларацијата во Ташкент, вклучени се заложби за акција кои се однесуваат на трансформирање на грижата и образованието во раното детство. Во оваа декларација се изнесени одредени водечки принципи и стратегии кои се насочени кон вкупно четири теми: правични и квалитетни услуги за сите во раното детство, кадар за грижа и образование во раното детство, иновација за унапредување на трансформацијата и политика, управување и финансии. Во однос на првата тема потребно е:

- Подобрување на релевантноста и квалитетот на наставните програми во раното образование, како и педагогијата. Со оглед на огромното значење на раното образование, наставните програми и педагогијата треба да се темелат на локалното знаење и да развијат пристапи насочени кон детето, базирани на игра, целосно инклузивни и чувствителни на животната средина и на родовите прашања.
- Обезбедување на правични и инклузивни услуги за квалитетно образование во раното

детство за сите, со даден приоритет на најранливите.
- Штитење и гарантирање на правото на образование во раното детство во време на итни ситуации и кризи. Децата и услугите во раното детство се исклучително подложни на кризи опфаќајќи ги конфликтите и природните катастрофи и затоа сите напори треба да бидат насочени кон нивна заштита.
- Осигурување дека сите деца добиваат нега и поддршка.
- Формирање на релевантни системи за мониторинг и евалуација на образованието во раното детство. Политиките, условите, услугите, програмите и практиките во раното детство треба да се следат, евалуираат и да бидат водени од националните стандарди.
- Воведување и засилување на интервенциите кои ги признаваат предизвиците и потребите на сите деца и кои им овозможуваат да напредуваат и да го остварат својот потенцијал.
- Подобрување на транзициите во раното образование и воспитание и во основното образование. Квалитетните програми за рано образование и воспитание обезбедуваат основно учење и социјално-емоционални вештини, кои го поддржуваат развојот, учењето и благосостојбата на децата.
- Засилување на образованието за мир и одржлив развој од раното детство. Малите деца се природно љубопитни за тоа како функционира светот и учествуваат во интензивен процес на разбирање на себе и своето опкружување. Развивањето на знаења, вештини, вредности и ставови за причините и влијанието на климатските промени ќе им овозможи на децата да станат сегашни и идни двигатели за мир и одржлив развој.

Во однос на втората тема за кадарот во раното образование и воспитание, значајни се следниве аспекти:
- Засилување на образовните обуки и обуките за персоналот во раното образование и воспитание. Обуката на персоналот треба да биде интегрирана во рамките на образованието за наставници од висок квалитет и континуиран професионален развој, преку рамки и стандарди кои овозможуваат сертифицирање на професионалците во раното образование и воспитание, вклучувајќи и признавајќи го претходното знаење и искуственото знаење.
- Засилување на атрактивноста на образованието и воспитанието во раното детство и обезбедување можност за напредок во кариерата. Статусот и социјалниот престиж на професијата треба да се подобрат за да се привлечат нови и талентирани лица и да се спречи губењето на персоналот. Платите и работните услови треба да бидат на исто ниво со оние на наставниците и договорните услови треба да се стабилни.
- Регулирање на персоналот во приватните центри и градинки кои даваат услуги во раното детство. Секторот е слабо регулиран во однос на квалитетот на услугите и квалификациите, договорните и работните услови на работниците.
- Засилување на поддршката на родителите, семејствата и другите старатели. Тие треба да бидат ценети и поддржани вклучувајќи програми за родителство, засновани врз докази, мерки за балансирање на работата и семејниот живот, финансиска поддршка и образовни можности.

# 8. ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Кога станува збор за образованието, често за него се мисли како на процес на пренесување знаења, вредности и вештини во образовни институции, на училиште или на факултет. Сите знаења, вредности и вештини со кои учениците се стекнуваат низ процесот на образование мора да бидат насочени кон исполнување на одредени цели. Процесот на образование почнува и на предучилишна возраст, што може да се забележи и во нашата национална Програма за рано учење и развој. Учителите играат значајна улога во процесот на поддршка на учењето кај младите и кај возрасните. Во Агендата за одржлив развој 2030, овозможувањето на квалитетно образование на сите нивоа е една од најглавните цели за одржлив развој. Според УНЕСКО, образованието е клучно за остварување на сите други останати цели. Водејќи се од најзначајните карактеристики на Образованието за одржлив развој, неопходно е учителите и воспитувачите да се стекнат со компетенции кои ќе соодветствуваат на принципите и вредностите врз кои се темели овој вид образование.

Европската комисија смета дека наставата и образованието го надополнуваат економскиот и социјалниот аспект на знаењето во општеството и затоа истите треба да се согледаат во нивниот социјален контекст. Токму поради тоа, основните компетенции на наставниците вклучуваат соработка со другите, користење на различни видови знаења, технологии и информации, како и работа во и со општеството. Освен споменатите компетенции, дадени се и компетенции за воспитувачи при имплементација на образованието за одржлив развој од страна на Обединетите нации и Економската комисија во Европа. Тие компетенции алудираат на тоа дека учењето треба да се насочува кон стекнување знаења, кон практично изведување на наставните содржини, живеење заедно и битисување.

## 8.1. Предуслови за професионални компетенции за одржлив развој во раното детство

Формалниот процес на трансфер на знаењата официјално започнува кога децата се запишуваат во прво одделение. Сепак, тоа не значи дека знаењето не се иницира и во градинка. Напротив, децата совладуваат знаења и вештини и развиваат вредности и способности во периодот кога одат во градинка. Така, образованието несомнено станува најважен процес во градењето и обликувањето на една личност, следејќи го развојот дури и од најраните години.

Дека процесот на образование почнува во предучилишните установи, во детските центри и во градинките, може да се потврди доколку детално се анализира националната Програма за рано учење и развој. Во истата, јасно е прецизирано дека воспитно-образовните активности во текот на предучилишното образование се насочени кон почитување на потребите, интересите и можностите на секое дете, нагласувајќи го холистичкиот пристап во поттикнувањето на раното учење и развој кај малите деца, како во теоријата така и во практиката. Стекнувањето на знаењата, умеењата, способностите и вредностите кај децата се реализира низ сите четири сегменти на развојот. Со тоа, воспитно-образовниот процес станува комплементарен и континуиран. Избалансираниот пристап кон емоционалниот, социјалниот, когнитивниот, моторичкиот развој и развојот на говорот, најдобро ги подготвува децата за успех во училиштето, но и за заедницата и подоцна за работното место (БРО 2018).

Во рамките на нашата Програма за рано учење и развој, особено внимание се

посветува на домените, како: физичко здравје и моторен развој, социоемоционален развој, развој на пристап кон учење, развој на јазикот,описменување и комуникација и когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

Според УНЕСКО, образованието е круцијално за имплементација на одржливиот развој и претставува важна основа каде што тензиите меѓу економскиот, социјалниот и еколошкиот развој можат да бидат усогласени и интегрирани во единствен концепт и стремеж кон одржлива благосостојба за сите. Ова оди подалеку од именување на образованието како единствена одржлива цел, со што е потребно подобро разбирање на улогата на едукаторите како вкрстено средство за имплементација и зајакнување на достигнувањата на многу други цели. Имено, се практикува проширено разбирање на образованието низ формалното и неформалното образование за да се создаде силен механизам за поддршка на социјалното учење и промена.

Дискусиите за развојната агенда по 2015 година беа фокусирани кон образованието како суштински механизам за постигнување на одржлив развој. Истакнато е дека „низ сите нивоа и видови образование (формално и неформално), Образованието за одржлив развој помага да се унапреди промената во процесите на наставата и учењето, внесувајќи пристапи кои ги стимулираат учениците да поставуваат прашања, да анализираат, критички да размислуваат и да донесуваат одлуки (Institute for Global Environmental Strategies 2015).

И литературата и практиката ја нагласуваат вредноста на квалитетното образование за луѓето да живеат поздрав, посреќен и попродуктивен живот на одржлив начин.

За да се постигне квалитетно образование, мора да се внимава на квалитетот на наставата, наставните програми и соодветните средини за учење (Institute for Global Environmental Strategies 2015). Квалитативната реформа во образованието бара прогресивни и динамични наставни програми и воспоставување ефективни простори за учење кои поддржуваат колаборативно и искуствено учење. Зајакнувањето на перформансите во учењето е сржта на следењето на квалитетното образование за одржлив развој, затоа што целта е да се зајакнат учениците со капацитети кои ќе замислуваат и актуализираат одржлива иднина (Institute for Global Environmental Strategies 2015). Образованието за одржлив развој бара холистичка интеграција на клучните образовни компоненти истакнати и релевантни за способноста на ученикот да придонесе за општествена промена и трансформација на кооперативен и колективен начин.

Ова не треба да ги опфаќа само образовните содржини, како што се опфатени во целта 4.7., туку мора да се прошири и на процесите на учење, кои се од суштинско значење за подобрување на квалитетното образование. Пристапот на квалитетно образование за одржлив развој не само што ќе ја поддржи реализацијата на целите вклучени во четвртата цел туку и ќе ја зајакне ефективноста на образованието низ целата агенда за одржлив развој (Institute for Global Environmental Strategies 2015).

## 8.2. Компетенциите на воспитувачите за одржлив развој во светски рамки

Компетенциите на воспитувачите за образованието за одржлив развој им даваат насоки на воспитувачите да разбираат, да делуваат, да соработуваат и да битисуваат. Компетенциите се поделени во четири групи, при што секоја група компетенции се разгледува преку холистички пристап, предвидување промени и постигнување трансформација.

Во националната Програма за рано учење и развој (МТСП 2014) се споменува холистичкиот пристап во поттикнувањето на раното учење и развој кај малите деца. Во дадените компетенции на воспитувачите, холистичкиот пристап значи разбирање на основата на

системското размислување, зависната природа на релациите, поврзаноста помеѓу одржливата иднина и начинот на кој размислуваме, живееме и работиме. Понатаму, примената на холистичкиот пристап би значело активно вклучување на различни генерации, култури, места и дисциплини, креирање можности за споделување идеи, работа со различни перспективи, дилеми и предизвици. Гледано од сите овие аспекти, воспитувачот треба да биде некој кој сака да даде позитивен придонес на другите луѓе и нивната социјална и природна средина, локално и глобално, и некој кој сака да преземе акција, дури и во ситуации на несигурност. Групирањето на компетенциите во редовите на табелата е инспирирано од извештајот на Меѓународната комисија за образование при УНЕСКО. Следната рамка е избрана бидејќи е сеопфатна и претставува значаен сет на категории кои одразуваат широк опсег на искуства за учење:

- Учењето да се однесува на разбирање на предизвиците со кои се соочува општеството на локално и глобално ниво и да се знае потенцијалната улога на воспитувачите и учениците.
- Учењето да се однесува на развивање практични вештини и компетентност за дејствување во однос на образованието за одржлив развој.
- Учењето да се практикува за да придонесува за развој на партнерства и ценење на меѓузависноста, плурализмот, меѓусебното разбирање и мирот.
- Учењето да се однесува на развојот на нечии лични атрибути и способност за дејствување со поголема автономија, расудување и лична одговорност во однос на одржливиот развој (Social and Economic Council 2011).

Аналитичката рамка за образование за одржлив развој се темели врз четири суштински компоненти. Тие се: вредности, содржина, компетенции и имплементација. Секоја од овие компоненти вклучува неколку карактеристики во себе. Така, на пример, во однос на вредностите, вклучени се: луѓето и природата, луѓето и општеството, локалното и глобалното, како и сегашноста и иднината. Во однос на содржината, се посветува внимание на сите три области: еколошката, социјалната и економската област. Во однос на компетенциите, се вбројуваат: критичкото размислување, системското размислување, способноста за соработка и способноста за решавање проблеми. Во однос на имплементацијата на образованието за одржлив развој, вклучени се следниве карактеристики: образованието да е насочено кон децата, да е насочено кон зајакнување на децата и кон градење на повеќекратни синергии.

*Табела бр. 13: Аналитичка рамка за образование за одржлив развој*

| **Аналитичка рамка за Образование за одржлив развој** | | | |
|---|---|---|---|
| **Вредности** | **Содржина** | **Компетенции** | **Имплементација** |
| Луѓе и природа | Еколошка област | Критичко размислување | Насоченост кон детето |
| Луѓе и општество | Социјална област | Системско размислување | Зајакнување на детето |
| Глобално и локално | Економска област | Способност за соработка | Повеќекратни синергии |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Способност за решавање проблеми | |

Според Училиштето за одржливост (School of Sustainability), постојат пет основни компетенции за одржливост. Станува збор за компетенција за системско размислување, компетенција за размислување за иднината (антиципативна компетенција), компетенција за вредностите (нормативна компетенција), компетенција за стратешко размислување и интерперсонална компетенција (компетенција за соработка). Освен овие пет, постои и шеста компетенција, која е поврзана со користењето и интегрирањето на претходните пет компетенции за решавање на проблемите околу одржливоста поттикнувајќи одржлив развој, а тоа е компетенција за интегрирано решавање на проблемите (Arizona State University 2018).

Од страна на Економската комисија е дадена рамка, односно Стратегија за образование за одржлив развој, во која се впишани и компетенциите на воспитувачите во однос на образованието за одржлив развој. Компетенциите на воспитувачите подетално се разгледуваат од три аспекти, кои, всушност, претставуваат и суштински карактеристики на образованието за одржлив развој, како: холистички пристап, замислување промена и постигнување трансформација. Холистичкиот пристап ги содржи компонентите на интегрираното размислување, инклузивноста и справувањето со комплексности. Замислувањето промена ги опфаќа компетенциите поврзани со три димензии: учење од минатото, инспирирање на вклученост во сегашноста и истражување на алтернативна иднина. Додека пак, постигнувањето трансформација ги покрива компетенциите кои делуваат на следните нивоа: трансформација на значењето на тоа што значи да се биде воспитувач, трансформација на педагогијата, т.е, трансформативни пристапи кон предавањето и учењето и трансформација на образовниот систем во целина:

а) Учење да се знае – се однесува на разбирање на предизвиците со кои се соочува општеството и на локално и на глобално ниво и потенцијалната улога на воспитувачите и учениците (воспитувачот разбира...).

б) Учење да се прави – се однесува на развивање на практични вештини и компетентност за дејствување во однос на образованието за одржлив развој (воспитувачот е способен да...).

в) Учење да се живее заедно – придонесува за развој на партнерства и почитување на меѓузависноста, плурализмот, меѓусебното разбирање и мирот (воспитувачот работи со другите на начини на кои...)

г) Учење да се биде – се однесува на развојот на нечии лични атрибути и способност да се дејствува со поголема автономија, расудување и лична одговорност во однос на одржливиот развој (воспитувачот е некој кој...) (UNECE Strategy for ESD).

Во делот **Учење да се знае** се дадени детални насоки за тоа што треба еден воспитувач да разбере. Воспитувачот ја/го/ги разбира:

*Табела бр. 14: Стратегија за образование за одржлив развој – Учење да се знае*

| Воспитувачот ја/го/ги разбира: | Холистички пристап | Замислување промена | Постигнување трансформација |
|---|---|---|---|
| | Основата на системското Размислување. | Основните причини за неодржливиот развој. | Причината за потребата од трансформирање на образовните системи кои го поддржуваат Учењето. |
| | Начинот на кој природните, социјалните и економските системи функционираат и како тие можат да бидат меѓусебно поврзани. | Одржливиот развој е концепт кој се развива. | Причината за потребата од трансформирање на начинот на кој ние предаваме. |
| | Меѓузависната природа на односите меѓу сегашните генерации и меѓу генерациите, како и оние меѓу богатите и сиромашните и меѓу луѓето и природата. | Итната потреба за промена од неодржливи практики кон унапредување на квалитетот на животот, правичноста, солидарноста и еколошката одржливост. | Зошто е важно учениците да се подготват пред да се сретнат со нови предизвици. |
| | Сопствениот личен поглед кон светот и културните претпоставки, разбирајќи ги и оние на другите. | Важноста на поставувањето проблеми, критичкото размислување, визионерството и креативното размислување при планирање на иднината. | Важноста на градењето, земајќи го искуството на учениците како основа за трансформација. |
| | Врската помеѓу одржливата иднина и начинот на кој размислуваме, живееме и работиме. | Важноста на подготвеноста за непредвиденото и претпазлив пристап. | Како вклучувањето во предизвици од секојдневниот живот ги подобрува резултатите во учењето и помага учениците да направат разлика во практиката. |

Понатаму, следува вториот дел, во кој детално се објаснети вредностите и компетенциите на воспитувачот во однос на **Учење да се прави**. Во овој случај, воспитувачот може:

*Табела бр. 15: Стратегија за образование за одржлив развој – Учење да се прави*

| Воспитувачот може: | Холистички пристап | Замислување промена | Постигнување трансформација |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Да креира можности за споделување идеи и искуства од различни дисциплини/места/култури/генерации, без предрасуди и пристрасност. | Критички да ги оценува процесите на промени во општеството и да замисли одржлива иднина. | Да го олесни партиципативното образование насочено кон ученикот, што развива критично размислување и активно учество. |
| | Да работи со различни перспективи околу дилеми, прашања, тензии и конфликти. | Да пренесе чувство на итност за промена и да инспирира надеж. | Да ги оцени резултатите од учењето во однос на промените и достигнувањата во рамките на одржливиот развој. |
| | Да го поврзе ученикот со локални и глобални сфери на влијание. | Да ја олесни евалуацијата на потенцијалните последици од различни одлуки и постапки. | |
| | | Да ги користи природните, социјалните средини и изградената животната средина, вклучувајќи ја и својата институција, како контекст и извор на учење. | |

Третиот дел **Учење да се живее заедно** ги покажува и ги посочува компетенциите на воспитувачот кои се потребни за заедничко живеење и делување со другите.

*Табела бр. 16: Стратегија за образование за одржлив развој – Учење да се живее заедно*

| Воспитувачот работи со другите на начин на кој: | Холистички пристап | Замислување на промена | Постигање на трансформација |
|---|---|---|---|
| | Активно се ангажираат различни групи низ генерации, култури, места и дисциплини. | Се олеснува појавата на нови светогледи кои го посочуваат одржливиот развој. | Се ставаат на испит неодржливите практики во образовните системи, вклучувајќи го и институционалното ниво. |
| | | Се поттикнуваат преговори за алтернативна иднина. | Им се помага на учениците да ги разјаснат своите сопствени и туѓи светогледи преку дијалог, препознавајќи дека таа алтернативна рамка постои. |

И на крај, во четвртиот дел **Учење да се биде** можат да се забележат компетенциите на воспитувачите.

*Табела бр. 17: Стратегија за образование за одржлив развој - Учење да се биде*

| Воспитувачот е некој кој: | Холистички пристап | Замислување промена | Постигање трансформација |
|---|---|---|---|
| | Ги вклучува различните дисциплини, култури и перспективи, не изоставајќи ги знаењата на мештаните. | Е мотивиран да им остави позитивен придонес на другите луѓе, на нивните социјални и природни средини, локално и глобално. | Е подготвен да ги стави на испит претпоставките врз кои се темели неодржливиот развој. |
| | | Е подготвен да го земе предвид дејствувањето, дури и во ситуации на неизвесност. | Е олеснувач и учесник во процесот на учење. |
| | | | Е практичар кој одразува критики. |
| | | | Инспирира креативност и иновации. |
| | | | Се ангажира заедно со учениците на начини кои градат позитивни односи. |

Кога се зборува за компетенциите кои треба да ги поседуваат едукаторите за образование за одржлив развој, може да се направи и еден краток преглед на формирањето на основните компетенции за одржливост на воспитувачите. Највлијателното истражување во однос на компетенциите за одржливост е направено во 2011 година, од страна на Вик, Витикомб (*Arizona State University*) и Редман, кое се однесува на основните компетенции за одржлив развој за развивање на академски програми. Во истражувањето се фокусираат на базичните компетенции, како: критичкото размислување, комуникацијата, истражувањето, плуралистичкото истражување и управувањето со податоци. Во нивното истражување постојат пет основни компетенции кои ја сочинуваат рамката. Тие се: компетенција за системско размислување, компетенција за предвидување, компетенција за нормативно размислување, стратешка компетенција и интерперсонална компетенција. Подоцна, во 2016 година, на овие пет компетенции е додадена и шеста – компетенција на интегрирано решавање проблеми.

Во второто истражување од Брундирс, во 2020 година, додадени се уште две компетенции на постоечката рамка за основните компетенции за одржлив развој, и тоа: интеперсоналната компетенција и компетенцијата за имплементација. Во однос на овие осум клучни компетенции, авторите укажаа на вредносното размислување како водечка компетентност, обезбедувајќи нормативна ориентација за сите други компетенции и појаснувачки вредности вградени во рамката.

На крај, Редман (*Arizona State University*) и Вик (*University of Freiburg*) започнале истражување со преглед на литературата за да се подготви кохерентна и сеопфатна рамка на клучните компетенции на одржливоста. За да доведат до одржливи трансформации, клучните компетенции мора да бидат меѓусебно поврзани и интегрирани едни со други. Системското размислување, размислувањето за иднината, размислувањето за вредностите и размислувањето за стратегиите придонесуваат за изготвување акциони планови за одржливост. Клучните професионални вештини на одржливоста, како што се: интер- и

интраперсоналните компетенции гарантираат соработка и грижа за себе, неопходни за долгорочен успех. Компетенцијата за интеграција овозможува кохерентна комбинација на одржливото планирање и напорите за имплементација (Bianchi 2020).

Во Упатството за планирање на активностите од програмата за рано учење (МТСП 2015) е дадена улогата на воспитувачите, која се состои од:

- Организирање на работата и просторот на начин што ќе им овозможат на децата самостојно извршување на секојдневните активности.
- Демонстрација на активности на децата за правилна грижа за себе.
- Организирање активности преку кои децата ќе ги вежбаат активностите за правилна грижа за себе.
- Вклучување на децата при сервирање на оброкот и средување на масата и во активности насочени кон одржување на хигиената на просторот.
- Поддршка и мотивација на децата за правилниот и одговорен однос кон растителниот и животинскиот свет.
- Организирање активности за демонстрација и вежбање на социјално прифатливо однесување.
- Почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели.
- Планирање, усогласување на можностите, потребите и интересите на децата, условите во потесната и пошироката средина.
- Континуирана размена на искуствата и советување со вработените во насока на градење на здрави животни навики.
- Континуирана размена на искуствата и советување со родителите во насока на градење на здрави животни насоки.

## 8.3. Професионални компетенции на наставниците

Низ процесот на образование, еден од преносителите на знаењата до децата и младите е токму воспитувачот, наставникот или професорот, во зависност од институцијата за која станува збор. Можеме да се согласиме дека наставниците играат клучна улога во процесот на образование и воспитание кај децата и учениците, бидејќи сите ние и ден-денес ги паметиме нашите први воспитувачи и/или учители. Тоа може да го потврди фактот колку се воспитувачите значајни „актери“ во животите на малите деца. Учителската професија остава трага кај децата, силно влијае врз општеството и игра значајна улога во унапредувањето на човечкиот потенцијал и во формирањето на идните генерации.

Европската комисија разликува вкупно три основни компетенции кои секој наставник треба да ги почитува и да ги практикува: да соработува со другите, да ги користи знаењата, новата технологија и новите информации, како и да работи со и во општеството.

Во однос на првата компетенција, се вели дека наставниците треба да се потпираат врз вредностите за социјална инклузија, поттикнувајќи го потенцијалот кај секој ученик. Поради тоа, тие треба добро да го разбираат човечкиот развој и да поседуваат знаења за развојот на човековата личност, но и да покажат самодоверба кога работат со другите. Доколку наставниците поседуваат знаења за фазите на развој кај децата, ќе знаат како да пристапат кон секое дете, давајќи го својот максимум за да на секое дете му се овозможи индивидуален пристап кон учењето. Како што самиот збор кажува, учениците треба да се вклучат во општеството преку наставникот, на свој начин. Наставниците треба да бидат способни да

работат со учениците како со посебни индивидуи и да се потрудат да ги вклучат во општеството, претворајќи ги во активни членови во средината во која живеат и делуваат.

Што се однесува пак на втората компетенција, наставниците треба да знаат да обработуваат и да користат различни видови знаења. Нивниот професионален развој треба да ги подготви да можат да пристапат до знаења и истите да ги анализираат, вреднуваат и пренесуваат преку користење технологија тогаш кога е потребно. Сите бевме сведоци на дигиталното време во услови на пандемија, кога училиштата беа затворени и кога наставниците се приспособуваа на новонастанатата состојба и предаваа од далечина. Наставниците мораа да совладаат одредени дигитални вештини за да го предаваат материјалот според наставната програма. Водени од тоа искуство, наставниците треба да гледаат на учењето како на доживотен процес, процес кој никогаш не запира. Кога се пренесуваат знаења и информации од различни извори и на различни начини, голема е веројатноста да допрат до секој ученик. На тој начин, повторно се постапува индивидуално, каде што секој ученик го восприема знаењето на начинот на кој му прилега.

Во однос на третата компетенција, наставниците имаат удел во подготовката на учениците да станат глобални граѓани во светот во кој живеат. Учениците треба да научат да ги почитуваат другите култури и да бидат свесни за различностите помеѓу луѓето, наоѓајќи заеднички вредности. Кога учениците учат за другите култури, нации и народи, учат и за себе. Преку споделувањето, може многу да се научи за другиот, но и за себе. Но, од друга страна, наставниците треба да бидат способни и да настојуваат да работат во партнерство со локалната заедница и со други засегнати страни, како што се: родителите, образовните институции и претставничките групи. Преку соработката со заедницата, учениците можат да го поврзат тоа што го учат на училиште со начинот на кој се живее и делува во реалниот свет (Европска комисија 2010).

Европската комисија ја опишува компетентноста на наставникот како „негова способност да извршува сложени дејствија со леснотија, прецизност и приспособливост на повеќе нивоа – оние на поединецот, училиштето, заедницата и нивните професионални мрежи“. Кај релевантните литературни дела, компетентноста на наставникот генерално се гледа како интегриран збир на знаења, вештини и ставови што ги водат наставниците кон преземање на ефективни мерки во нивната ситуација (Medley 1977; Roelofs, Sanders 2007; Wortham 2010). Така, може да се забележи дека наставникот треба да поседува знаења, вештини и способности и истите да ги користи за да ги исполни воспитно-образовните цели, не заборавајќи и на соработката со родителите, училиштето и пошироката заедница.

### 8.3.1. Професионалните компетенции на воспитувачите

Постојат некои теории дека компетентноста на воспитувачите во градинките се гледа во нивната организираност во училницата и на работа, поттикнувајќи го учењето кај децата, но и соочувајќи се со дисциплинските прашања. Други теории пак сметаат дека воспитувачот во градинката добро управува и владее со својата училница, знае да гради позитивни односи со децата и ги намалува проблемите во училницата. Но, постојат и такви теории кои велат дека воспитувачот треба да биде компетентен и соодветен за градење на суштински однос со своите колеги и со родителите на децата, да ја почитува различноста на децата во групата, да исполнува безбедни педагошки практики и да има јасен пат во кариерата (Chenk Tak-lai 2019/2020). Со други зборови, воспитувачот треба да е организиран, комуникативен, да решава проблеми, да соработува со другите, да се усовршува и сл.

Доколку се прочита нашата Програма за рано учење и развој, може да се согледаат соодветните насоки во однос на тоа која е улогата на воспитувачот во градинката. Некои од овие насоки се поклопуваат и се поврзуваат со горенаведените дефиниции за тоа која е улогата на воспитувачот во градинките. Тие се совпаѓаат во однос на следењето на секое дете, во градењето односи со семејството, родителите и заедницата, во соработката со колегите, како и во добрата организираност на воспитно-образовниот процес. Во согласност со целите на воспитно-образовната работа, улогата на воспитувачот во градинката/центарот за ран детски развој се состои од:

- Следење на детскиот развој индивидуално.
- Почитување на детските индивидуални разлики, потреби и предлози при планирањето и реализирањето на воспитно-образовната дејност (интегрирано).
- Мотивирање на децата за различни видови активности.
- Следење и вреднување на воспитно-образовниот процес, самовреднување и рефлексија.
- Водење досие на детето.
- Развивање елементарна способност за самовреднување кај децата.
- Градење партнерство со семејството.
- Соработка со училиштата и локалната самоуправа.
- Почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели.
- Реално планирање, усогласување со можностите, потребите и интересите на децата, условите во потесната и поширокaта средина.
- Тимско работење, соработка со стручни, научни и други институции во поширокaта средина.
- Обезбедување стимулативна средина, позитивна социоемоционална клима, нагледност и автентичност во воспитно-образовниот процес.
- Поттикнување на децата кон истражувачки, откривачки, креативни процеси и кон активирање во планирањето и реализацијата на целите и др.

Низ овие споменати улоги кои воспитувачот ги презема во текот на извршувањето на воспитно-образовната дејност, проникнува важноста на соработката со другите, градењето партнерства и работењето со другите во заедницата, но се наметнува и неопходноста да се почитува детето со своите индивидуални особености.

Според нацрт-верзијата на „Професионални компетенции на воспитувачи“, поимот воспитувач се толкува како „воспитно-образовен професионалец, обучен и одговорен за создавање на безбедна и стимулативна средина во која децата ќе растат и ќе се развиваат социјално, емоционално, морално, когнитивно и физички. Тој е член од поширок тим кој развива и спроведува програми за рано учење и развој и кон нивното реализирање вклучува членови од семејството и други професионалци од заедницата во најдобар интерес на детето.“ За компетенции на воспитувачи се смета збирот на стекнати знаења, способности, вештини и професионални вредности што сите воспитувачи треба да ги демонстрираат со цел ефикасно да го поддржат раното учење, развојот и безбедноста на децата. Компетенциите се предуслов за успешно професионално функционирање на воспитувачите. Професионалните вредности на кои се базираат компетенциите за воспитувачи се водечки принципи што го диктираат професионалното однесување на воспитувачите, односно определуваат како воспитувачот ќе ја планира и ќе ја реализира воспитно-

образовната работа, како ќе се однесува кон децата, родителите, своите колеги и пошироката заедница. Професионалните вредности на воспитувачите им помагаат постојано да ја преиспитуваат и да ја подобруваат сопствената професионална практика. Професионалните ставови и вредности се стекнуваат и се менуваат во текот на иницијалното образование на воспитувачот, преку стручното усовршување и низ практиката.

Компетентните воспитувачи во работата се раководат од следните професионални вредности: инклузивност, професионален интегритет и посветеност, посветеност кон најдобар интерес на детето, почитување и прифаќање на различностите, соработка и демократичност.

Воспитувачот верува дека сите деца можат да учат и да се развиваат и дека тој може да придонесе секое дете максимално да ги искористи сопствените потенцијали. Тој е свесен дека детето е создавач на сопственото знаење, но и дека е важно возрасните да му дадат поддршка во вистинско време и на соодветен начин. Знае дека детските искуства се интегрирани и имаат значење само кога децата самостојно истражуваат и ги согледуваат врските меѓу концептите, истовремено конструирајќи го сопственото знаење. Убеден е дека кога тој планира и реализира разновидни воспитно-образовни активности за децата и применува разновидни извори за учење и дидактички средства и материјали, во согласност со нивните интереси и потреби, тие ќе бидат мотивирани за учење и со задоволство ќе се вклучуваат во нив. Вложувањето труд од страна на децата за успешно завршување на почната активност ќе резултира со развивање чувство на сигурност и успешност и ќе ја зголеми самодовербата кај нив, што понатаму ќе им помогне да се соочуваат со други предизвици и да не се откажуваат кога ќе наидат на тешкотии.

Во планирањето на активностите од програмата за рано учење и развој, во однос на стекнувањето на здрави животни навики и во согласност со целите на воспитно-згрижувачката работа, улогата на воспитувачот/негувателот на градинката/центарот за ран детски развој се состои во следново:

- Организирање на работата и просторот на начин што ќе им овозможат на децата самостојно изврштување на секојдневните активности.
- Демонстрација на активности на децата за правилна грижа за себе.
- Организирање активности преку кои децата ќе ги вежбаат активностите за правилна грижа за себе.
- Вклучување на децата при сервирањето на оброкот и средување на масата и во активности насочени кон одржување на хигиената на просторот.
- Поддршка и мотивација на децата за правилниот и одговорен однос кон растителниот и животинскиот свет.
- Организирање активности за демонстрација и вежбање на социјално прифатливо однесување.
- Почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели.
- Планирање, усогласување со можностите, потребите и интересите на децата, условите во потесната и пошироката средина.
- Континуирана размена на искуствата и советување со вработените во насока на градење на здрави животни навики.
- Континуирана размена на искуствата и советување со родителите во насока на градење здрави животни навики.

Компетенциите на воспитувачите се поделени по подрачја или клучни области на професионални знаења и разбирања и професионални способности и вештини. Издвоени се седум подрачја на компетенции. Секое подрачје на компетенции е составено од потподрачја, што попрецизно ја дефинираат клучната област на компетенциите. Професионалните компетенции на воспитувачот ги содржат следните клучни области на компетенции кај воспитувачите:

- Рано учење и развој на детето.
- Курикулум.
- Стимулативна средина за учење.
- Следење, вреднување и унапредување на раното учење и развојот на детето.
- Семејство и заедница.
- Социјална и образовна инклузија.
- Професионален развој.

Во потподрачјето број пет се зборува за улогата на семејството и заедницата во предучилишното образование на децата. Имено, во овој дел (а особено во делот за соработка со заедницата), можеме да забележиме дека голема важност се дава на соработката и партнерството со родителите и заедницата. Базичните компетенции на воспитувачот тука се поврзани со разбирањето и прифаќањето на потребата од вклучување на заедницата и родителската поддршка, со познавањето на ресурсите на заедницата во интерес на поддршка на семејствата и со познавањето на основните тела и стратешките цели на општината поврзани со предучилишното образование.

Во потподрачјето број шест се зборува за социјалната и образовната инклузија на децата. Воспитувачот треба да поседува компетенции кои се поврзани со индивидуалните образовни потреби на децата, како и со инклузивната средина и пристапот на учење. Воспитувачот треба да ги поттикне децата социјално да се вклучат во заедницата, но и да ги разберат и да ги прифатат различните од себе.

Во потподрачјето број седум се зборува за професионалниот развој на воспитувачите. Кога се зборува за професионален развој, се мисли на личниот и професионалниот развој на воспитувачите, како и на професионалната етика и соработка. Точно е дека секој воспитувач поседува знаење бидејќи го има поминато делот на иницијалното образование. Но, во општество каде што гледаме промена (дури и трансформација) на целокупниот живот воопшто, неопходно е и воспитувачите да се приспособуваат на промените кои настануваат во образованието. За соодветно да одговорат на истите, потребно е стручно усовршување и обука.

### 8.3.2. Компетенции на воспитувачите за образование за одржлив развој

Компетенциите на воспитувачите за образованието за одржлив развој им даваат насоки на воспитувачите да разбираат, да делуваат, да соработуваат и да битисуваат. Компетенциите се поделени во четири групи, при што секоја група компетенции се разгледува преку холистички пристап, предвидување промени и постигнување трансформација.

Во националната Програма за рано учење и развој се споменува холистичкиот пристап во поттикнувањето на раното учење и развој кај малите деца. Во дадените компетенции на воспитувачите, холистичкиот пристап значи разбирање на основата на системското размислување, зависната природа на релациите, поврзаноста помеѓу одржливата иднина и

начинот на кој размислуваме, живееме и работиме. Понатаму, примената на холистичкиот пристап би значело активно вклучување на различни генерации, култури, места и дисциплини, креирање можности за споделување идеи, работа со различни перспективи, дилеми и предизвици, тензии и предрасуди. Гледано од сите овие аспекти, воспитувачот треба да биде некој кој сака да даде позитивен придонес на другите луѓе и нивната социјална и природна средина, локално и глобално, и некој кој сака да преземе акција, дури и во ситуации на несигурност.

Групирањето на компетенциите во редовите на табелата е инспирирано од извештајот на Меѓународната комисија за образование при УНЕСКО. Следната рамка беше избрана бидејќи е сеопфатна и претставува значаен сет на категории кои одразуваат широк опсег на искуства за учење:

- Учењето да се однесува на разбирање на предизвиците со кои се соочува општеството на локално и глобално ниво и да се знае потенцијалната улога на воспитувачите и учениците.
- Учењето да се однесува на развивање практични вештини и компетентност за дејствување во однос на образованието за одржлив развој.
- Учењето да се практикува за да придонесува за развој на партнерства и ценење на меѓузависноста, плурализмот, меѓусебното разбирање и мирот.
- Учењето да се однесува на развојот на нечии лични атрибути и способност за дејствување со поголема автономија, расудување и лична одговорност во однос на одржливиот развој (Social and Economic Council 2011).

Според Училиштето за одржливост, постојат пет основни компетенции за одржливост. Станува збор за компетенција за системско размислување, компетенција за размислување за иднината (антиципативна компетенција), компетенција за вредностите (нормативна компетенција), компетенција за стратешко размислување и интерперсонална компетенција (компетенција за соработка). Освен овие пет, постои и шеста компетенција, која е поврзана со користење и интегрирање на претходните пет компетенции за решавање на проблемите околу одржливоста поттикнувајќи одржлив развој, а тоа е компетенцијата за интегрирано решавање на проблемите (Arizona State University 2018).

Од страна на Економската комисија е дадена рамка, односно Стратегија за бразование за одржлив развој, во која се впишани и компетенциите на воспитувачите во однос на образованието за одржлив развој. Компетенциите на воспитувачите подетално се разгледуваат од три аспекти кои, всушност, претставуваат и суштински карактеристики на образованието за одржлив развој, како: холистички пристап, замислување промена и постигнување трансформација. Холистичкиот пристап ги содржи компонентите на интегрираното размислување, инклузивноста и справувањето со комплексности. Замислувањето промена ги опфаќа компетенциите поврзани со три димензии: учење од минатото, инспирирање на вклученост во сегашноста и истражување на алтернативна иднина. Додека пак, постигнувањето трансформација ги покрива компетенциите кои делуваат на следните нивоа: трансформација на значењето на тоа што значи да се биде воспитувач, трансформација на педагогијата, т.е. трансформативни пристапи кон предавањето и учењето и трансформација на образовниот систем во целина.

### 8.4. Препораки за развивање на компетенциите на воспитувачите за образование за одржлив развој

Една од препораките кои треба да помогнат во развивање на компетенциите на воспитувачите е токму професионалниот развој во рамките на образованието. Воспитувачите се важни двигатели за промени во образованието. Треба да се обезбедат обуки и за оние кои се на лидерски и раководни позиции во образовните институции. Лидерството и менаџментот можат многу да придонесат за успешна образовна трансформација на институционално ниво.

Потребно е да се градат капацитети во рамките на формалното и неформалното образование, со посебно посветено внимание на компетенциите на едукаторите кои работат во високото образование. Треба да се обезбеди континуирано професионално усовршување на воспитувачите. На едукаторите треба да им се развијат компетенциите за да бидат подготвени ако образовниот систем се трансформира.

Втората препорака е дадена во однос на управувањето и раководењето на институциите. Институциите и организациите кои се вклучени во поддршката на учењето треба да се охрабрат да работат на начини и да одржуваат култура која го олеснува развојот и практикувањето на компетенциите. Ова ќе го вклучи начинот на кој организацијата го дистрибуира сопственото одлучување, управува со своите ресурси и го води својот однос со пошироката заедница.

Следна препорака е изработката на наставните програми. Компетенциите треба да бидат основа за преглед на документите од наставната програма. За да можат воспитувачите да ги практикуваат компетенциите, тие треба да бидат поддржани со наставна програма која ги одразува таквите образовни пристапи. Учебниците и другите образовни материјали треба да се прегледаат за да се утврди дали тие го одразуваат пристапот на образованието за одржлив развој и да се види дали треба да се развијат материјали за понатамошна поддршка на образованието за одржлив развој.

Ревизијата и оценувањето, како и системите за следење на образовните институции треба да бидат приспособени или развиени со цел да се оцени придонесот на институцијата за одржливиот развој. Образовните институции треба да работат според принципите за одржлив развој и да создадат поволна средина за развој и практикување на компетенциите (Learning for the Future 2014).

Предучилишното образование е клучно за раниот детски развој. Децата уште од раните години имаат тенденција холистички да се развиваат. За да иницираат целосен развој на детската душа, децата ги развиваат своите емоционални, социјални, когнитивни и моторички способности. Развивајќи ги способностите, со текот на времето ги постигнуваат и стандардите за рано учење и развој кои треба да се достигнат за време на предучилишното образование. Со тоа, се потврдува дека учењето, образованието и воспитанието почнуваат уште во предучилишниот период, во градинките.

Според Агенда 2030, четвртата цел од глобалните цели за одржлив развој е поврзана со квалитетното образование. Тоа треба да се имплементира на сите ниво на образование, вклучувајќи го и предучилишниот период. Исто така, квалитетното образование треба да се практикува и во формалното и неформалното образование. За да се постигне квалитет во образованието, мора да се внимава на квалитетот на наставата, наставните програми и соодветните средини за учење.

Имајќи го предвид фактот дека во образовните институции учениците се подготвуваат и за живот во заедницата и општеството, треба да се спомене и важноста на животните вештини со кои треба да се стекнат децата низ процесот на воспитание и образование. Основниот сет на вештини кои го промовираат здравјето и благосостојбата на младите вклучуваат донесување одлуки и решавање проблеми, развивање на критичко и креативно

размислување, комуникација и меѓучовечки односи, самосвест и емпатија и справување со стресот и емоциите.

Низ процесот на образование, еден од преносителите на знаењата до децата и младите е токму воспитувачот, наставникот или професорот, во зависност од институцијата за која станува збор. Европската комисија разликува вкупно три основни компетенции кои секој наставник треба да ги почитува и да ги практикува: да соработува со другите, да ги користи знаењата, новата технологија и новите информации, како и да работи со и во општеството.

# 9. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

## 9.1. Рано детство за образование за одржливост: Светски проект ОМЕП (Early Childhood Education for Sustainability: OMEP World Project)

Во периодот од 2009 до 2014 година, Светската организација за рано образование (ОМЕП) спровела разни истражувачки проекти во однос на темата за образование за одржлив развој. Главната цел на овие проекти била да се зајакне свеста за образование за одржлив развој кај малите деца, а притоа членовите на ОМЕП, како и меѓународните заедници за рано детство, се залагале за преземање „перспектива“ која била главно ориентирана кон детето. Истражувањето на ОМЕП опфатило четири студии. Податоците во истражувањето се добиени од 28 земји учеснички, вклучени биле повеќе од 44 330 деца на возраст од раѓање до 8 години, како и 13 225 наставници.

Учесниците во истражувањето биле од различни едукативни контексти за рано детство. Во истражувањето биле вклучени истражувачки методи, како: интервјуа за деца, детски дијалози и тематски проекти водени од деца кои биле дел од програмата за рано образование. Резултатите од ова истражување покажале дека децата имаат значително познавање за Земјата и дека поседуваат важни идеи за еколошките проблеми. Исто така, во истражувачките наоди било видливо дека возрасните често знаат да ги потценуваат компетенциите на малите деца. Се образложило дека образованието за одржлив развој може да биде двигател на квалитетот на раното детско образование.

Овој спроведен проект бил комбинација на акциско и развојно истражување. Од една страна, од светските координатори биле дадени упатства на што да се фокусира истражувањето и како да се соберат и да се анализираат податоците, а од друга страна, секој национален координатор донел одлука за својата земја, што укажува на можноста различни студии да бидат спроведени како развојни проекти во рамки на национални и општински прописи. Четирите студии ги опфаќале следните теми:

- **Гласот на децата за одржливиот развој**.
- **Образование за одржлив развој во практиката**.
- **Меѓугенерациски дијалози за образование за одржлив развој**.
- **Еднаквост за одржливост**.

### 9.2. Идеите на предучилишните деца за одржливиот развој: Како предучилишните деца ги перципираат трите столба на одржливиот развој во однос на 7-те R (Preschool Children's Ideas on Sustainable Development: How Preschool Children Perceive Three Pillars of Sustainability with the Regard to 7 R)

Следно истражување кое е релевантно за темата е истражувањето спроведено во Анкара, Турција, од автори од три универзитети. Целта на истражувањето била да даде опис на идеите на предучилишните деца во однос на одржливиот развој. Станува збор за квалитативно истражување во кое биле вклучени 36 деца на предучилишна возраст, запишани во четири различни предучилишни установи во Анкара. Како истражувачки метод било вклучено полуструктурирано интервју со цел да се добијат податоци за идеите на предучилишните деца во однос на трите столба на одржливиот развој: еколошки, социјално-културен и економски. Исто така, во истражувањето била користена анализа на содржина со индуктивен пристап каде што се анализирало во насока на 7-те R: *reduce, reuse, recycle, respect, reflect, rethink and redistribute (редуцирај, преупотреби, рециклирај, почитувај, рефлектирај, преиспитај и прераспредели)*. Од истражувањето се добиле податоци со кои децата ги рефлектирале своите идеи и ставови за првите четири (редуцирај, преупотреби, рециклирај и почитувај), додека пак за другите три (рефлектирај, преиспитај и прераспредели) не покажале никакви идеи. Исто така, се воочило дека полот немал никакво влијание врз идеите на предучилишните деца во однос на темата за одржлив развој. Во ова истражување било предложено одржливите практики да бидат интегрирани во програмата за рано детство и истата да биде поддржана од наставниците во предучилишните установи, како и од родителите и од општеството.

Учесниците во ова истражување биле на 5-годишна и 6-годишна возраст, од кои 15 деца имале по 5 години, додека пак останатите 21 дете имале по 6 години. Во истражувањето биле опфатени 19 момчиња и 17 девојчиња, сите потекнувале од средна класа на социоекономски статус. Примерокот кој се користел во истражувањето бил пригоден примерок. Сите деца, вкупно 36, посетувале настава во четири различни предучилишни установи надгледувани од страна на Министерството за национално образование во Турција. Се користел протокол за интервју, добиен од сликовит прашалник под наслов: „Ставовите на предучилишните деца за еколошките проблеми". Формуларот вклучувал 12 прашања придружени со слики. Децата биле непосредно интервјуирани во празни училници. Побарано било да погледнат во сликите кои презентирале позитивен и негативен модел на однесување. Потоа, било побарано да го кажат своето мислење во однос на сликите.

Интервјуата еден на еден биле снимени со аудиоснимка, а потоа секој запис бил транскрибиран и кодиран од истражувачите. Во првата фаза биле запишани кодовите за сите 7 R со по неколку примери. Откако кодовите биле запишани, збирот на податоци бил повторно ревидиран и кодиран.

## 9.3. Некои аспекти на одржливиот развој во градинките во Словенија (Some Aspects of Sustainable Development in Kindergartens in Slovenia)

Како последно истражување што сакам да го истакнам е истражувањето што било спроведено во Словенија, на Универзитетот во Марибор. Аспектите на еколошката криза имаат значително негативно влијание врз животната средина. Но, тие влијаат и врз менталитетот на населението. Образованието за одржлив развој се развило поради загриженоста за уништувањето на животната средина и антропоцентричниот менталитет. Експертите се убедени дека образованието кое е засновано на еколошка етика доведува до квалитетна иднина.

Ова истражување анализирало важечка програма во Словенија, во словенечките градинки, од аспект на одржливиот развој. Авторот го претставува спроведеното истражување со цел да се добие одговор на тоа како словенечките градинки го вклучуваат одржливиот развој во секојдневната пракса.

Една од задачите во истражувањето била да се анализираат тековните практики во градинките, во рамките на реализацијата на образованието за одржлив развој. Главната цел на истражувањето била да се добие одговор дали градинките во Словенија го практикуваат одржливиот развој и доколку е така, да се објасни начинот на кој го практикуваат. Биле поставени три прашања:

1) Какво значење му придаваат воспитувачите на образованието за одржлив развој во градинките?
2) Кој, според воспитувачите, игра најважна улога во обликувањето на односот на децата кон околината?
3) Дали децата се запознаваат со еколошките проблеми во нивниот роден град? Доколку се запознаваат, на кој начин тоа се прави?

Студијата се засновала врз дескриптивен метод на неекспериментално педагошко истражување. Во истражувањето биле вклучени 96 воспитувачи на предучилишни деца. Податоците биле собрани со помош на прашалник кој се состоел од два дела. Повеќето од прашањата биле од затворен карактер. Податоците од затворените прашања биле претставени во табели во кои биле дадени фреквенциите и нивните проценти. За тестирање на зависните врски, се користел $\chi 2$-тестот. Податоците собрани од отворените прашања најнапред биле категоризирани, а потоа категоризираните податоци биле рангирани и претставени во табели.

# II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИ ПОИМИ

Концептот на одржлив развој ја претставува идејата која вели дека човечките општества мора да живеат на начин грижејќи се не само за задоволување на сопствените потреби туку и за потребите на идните генерации. Тоа би значело дека општеството треба да се организира со цел да постои долгорочно. Самиот концепт на одржлив развој се фокусира и е насочен кон економски, социјален и еколошки развој за идните поколенија. Во оваа смисла, често се споменува и образованието за одржлив развој како главен елемент кој има задача да пренесе знаења, вештини, способности и вредности кај учениците за да станат одговорни граѓани кои ќе изградат одржлива иднина. Образованието за одржлив развој ги покрива сите три столба на одржливоста – економскиот, социјалниот и еколошкиот.

Концептот на одржлив развој во образованието дефинира образование кое има за цел да поттикнува промени во знаењето, вештините, вредностите и ставовите на учениците и притоа да отвори можност за обезбедување на поодржливо и поправедно општество за сите.

Предучилишното образование е образование во раното детство што ги опфаќа децата од раѓање, па сè до шестгодишна возраст. Квалитетното предучилишно образование обезбедува безбедна и поттикнувачка средина, промовирајќи го физичкиот, социјалниот, емоционалниот и интелектуалниот развој на децата. Квалитетното предучилишно образование се разгледува низ следните категории:

- ✓ **Пристап**,
- ✓ **Работна сила**,
- ✓ **Курикулум**,
- ✓ **Следење и вреднување**,
- ✓ **Управување и финансирање**.

Практичната имплементација на концептот на одржлив развој во раното детство се реализира од повеќе аспекти, а еден од нив се едукативните материјали. Едукативните материјали претставуваат колекција од анимирани или неанимирани материјали и човечки или нечовечки ресурси што наставникот/воспитувачот ги користи заради постигнување на посакуваните цели на учење. Значењето на едукативните материјали базирани на концептот на одржлив развој се согледува од следните аспекти:

а) Основни вредности (социјални врски, родова еднаквост, културен диверзитет).

б) Природа (циклуси во природата, смена на годишните времиња, животни и растенија, култивација и градинарство).

в) Учење (развој на педагогии, игра, децата како коистражувачи).

## 2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на ова истражување е образованието за одржлив развој анализирано преку современите теоретски концепти, како и преку можностите за практична имплементација во градинките и училиштата, од неколку аспекти:

- Интернационални декларации, рамки и стратегии.
- Програма за рано учење и развој.
- Стандарди за рано учење и развој.
- Ставови и мислења на градоначалници.
- Ставови и мислења на директори.
- Ставови и мислења на воспитувачи.
- Ставови и мислења на наставници.
- Ставови и мислења на родители.
- Ставови и мислења на студенти.
- Податоци од децата.
- Едукативни материјали базирани на концептот на одржлив развој.

## 3. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето има за цел да го испита современиот теоретски концепт на образованието за одржлив развој во раното детство и можностите за практична имплементација во градинките и училиштата.

Истражувањето е со квалитативен и квантитативен карактер. Квалитативно е од еден аспект, бидејќи во себе содржи поприродни техники, карактеристични за квалитативните истражувања. Квантитативно е од друг аспект, бидејќи се користат и некои построги и попрецизни техники на истражување. Станува збор за индивидуално истражување, спроведено од еден поединец – истражувач. Исто така, истражувањето е и современо, се занимава со актуелна тема, применето, и во една од компонентите има карактер на акциско истражување со воведување на иновативни едукативни материјали во работата со децата.

Примената на квалитативен и квантитативен пристап, со своите посебни методи и техники, овозможи добивање на соодветни податоци кои придонесуваат за подетална и посуштинска анализа.

## 4. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето е конкретизирана низ следниве задачи:

Задача 1: Да се анализираат интернационални декларации, рамки и стратегии од Агенда 2030 и Агенда 21 за образованието за одржлив развој во раното детство:

1.1. Да се анализираат вредностите и знаењата кои го содржат одржливиот развој.
1.2. Да се анализираат начините за обезбедување пристап до квалитетно образование преку документите за одржлив развој.
1.3. Да се разгледаат начините во однос на соодветното користење на природните ресурси преку документите за одржлив развој.
1.4. Да се анализираат интернационалните документи во однос на климатските промени.
1.5. Да се анализираат интернационалните документи во однос на еколошката, економската и социјалната криза.
1.6. Да се изврши анализа на содржина на интернационалните документи во однос на примерите за одржлив развој што тие ги промовираат.

Задача 2: Анализа на педагошка документација на програмски документи од аспект на концептот на одржлив развој:

2.1. Да се анализира Програмата за рано учење и развој и Стандардите за рано учење и развој.
2.2. Да се разгледаат годишни, месечни и дневни подготовки за воспитно-образовната работа на теми поврзани со одржливиот развој во детските градинки.
2.3. Да се анализира програмата по сите предмети за прв образовен циклус во училиштата.
2.4. Да се разгледаат годишни, месечни и дневни подготовки за воспитно-образовната работа на теми поврзани со одржливиот развој во училиштата.

Задача 3: Да се испитаат ставовите и мислењата на градоначалниците за можностите и капацитетите на општините за воведување образование за одржлив развој во раното детство:

3.1. Да се испитаат ставовите и мислењата на градоначалниците за капацитетите на градинките во општините за имплементација на образованието за одржлив развој.
3.2. Да се испитаат ставовите и мислењата на градоначалниците за подготвеноста на општините и нивно учество во имплементацијата на образованието за одржлив развој во градинките.

Задача 4: Да се испитаат ставовите и мислењата на директорите на предучилишните установи и училиштата за потребата од воведување образование за одржлив развој во периодот на раното детство:

4.1. Да се испитаат ставовите и мислењата на директорите на предучилишните установи и училиштата за важноста на образованието за одржлив развој во раното детство и неговата имплементација во градинките и училиштата.
4.2. Да се испитаат ставовите и мислењата на директорите на предучилишните установи и училиштата за подготвеноста на кадарот за примена на концептот на одржлив развој.
4.3. Да се испитаат ставовите и мислењата на директорите на предучилишните установи и училиштата за професионалната обука на кадарот.
4.4. Да се испитаат ставовите и мислењата на директорите на предучилишните установи и училиштата за соодветен пристап на услугите базирани на концептот на одржлив развој во раното детство.

4.5. Да се испитаат ставовите и знаењата на директорите за соработката на градинките и училиштата со општината и другите заинтересирани страни.

Задача 5: Да се испитаат ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците за можностите за практична имплементација на концептот на одржлив развој во раното детство:

5.1. Да се испитаат ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците за можностите кои ги нудат програмите за практична имплементација на концептот на одржлив развој во раното детство.

5.2. Да се испитаат ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците за нивната професионална подготвеност за практична имплементација на концептот на одржлив развој во раното детство.

5.3. Да се испитаат ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците за потребата од развивање на компетенциите за имплементација на образованието за одржлив развој.

5.4. Да се испитаат ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците за креирање и примена на едукативни материјали преку кои практично се имплементира концептот на одржлив развој во раното детство.

5.5. Да се испитаат ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците за постоењето и видот на ресурсите потребни за креирање на едукативни материјали и изведување активности во градинките и училиштата.

Задача 6: Да се испитаат ставовите и мислењата на родителите за образованието за одржлив развој како современ концепт:

6.1. Да се испитаат ставовите и мислењата на родителите за познавање и прифаќање на концептот за образование за одржлив развој.

6.2. Да се испитаат ставовите и мислењата на родителите за примена на концептот за образование за одржлив развој во градинките и училиштата.

6.3. Да се испитаат ставовите и мислењата на родителите за пристап до повеќе информации за концептот на образование за одржлив развој.

6.4. Да се испитаат ставовите и мислењата на родителите за нивна вклученост во активностите во градинките и училиштата.

Задача 7: Да се добијат податоци од децата за образованието за одржлив развој во раното детство:

7.1. Да се добијат податоци од децата за свесноста и постојното знаење за еколошките промени како резултат на образованието за одржлив развој во раното детство.

7.2. Да се добијат податоци од децата за потребата од креирање и примена на едукативни

материјали преку кои практично се имплементира концептот на одржлив развој во раното детство.

Задача 8: Да се добијат податоци за можностите и ефектите од примената на едукативни материјали креирани врз концептот на одржлив развој:

8.1. Да се креираат едукативни материјали базирани врз концептот на одржлив развој по следните критериуми:
- усогласеност со Програмата за рано учење и развој;
- методски насоки за едноставна примена од страна на воспитувачите;
- почитување на интересите и развојните потреби на децата;
- можностите на децата.

8.2. Да се применат едукативни материјали кои обезбедуваат:
- користење на едукативни материјали кои се изработени според критериуми кои го следат образованието за одржлив развој;
- подобрување на практичната имплементација на Програмата за рано учење и развој;
- развивање на животни вештини кај децата.

## 5. ХИПОТЕЗИ

### Основна хипотеза

Постојат можности за практична имплементација на образованието за одржлив развој како современ педагошки концепт во раното детство.

### Истражувачки прашања/помошни хипотези

**Група 1 (**Истражувачки прашања кои се однесуваат на интернационалните декларации, рамки и стратегии за образование за одржлив развој во раното детство.)

Х1.1. Интернационалните декларации, рамки и стратегии обезбедуваат вредности и знаења за образованието за одржлив развој во раното детство.

Х1.2. Интернационалните декларации, рамки и стратегии ги посочуваат начините за обезбедување пристап до квалитетно образование за одржлив развој.

Х1.3. Интернационалните декларации, рамки и стратегии ги посочуваат климатските промени, еколошката, економската и социјалната криза како клучни за образованието за одржлив развој во раното детство.

Х1.4. Интернационалните декларации, рамки и стратегии даваат примери и препораки од реализирани проекти за образованието за одржлив развој во раното детство.

**Група 2** (Истражувачки прашања кои се однесуваат на националната педагошка документација.)

X2.1. Програмата за рано учење и развој дава теоретска основа за концептот за образование за одржлив развој преку принципите за рано учење и развој.

X2.2. Стандардите за рано учење и развој го следат холистичкиот развој на децата на предучилишна возраст, аспект со кој се одликува образованието за одржлив развој.

X2.3. Годишните, месечните и дневните подготовки за воспитно-образовната работа во програмите за првиот образовен циклус даваат методска основа за имплементација на концептот на образование за одржлив развој.

**Група 3** (Помошни хипотези кои се однесуваат на ставовите и мислењата на градоначалниците.)

X3.1. Постои капацитет на градинките и училиштата во општините за имплементација на образованието за одржлив развој.

X3.2. Постои интерес за соработка меѓу општините и градинките и училиштата за целите на образованието за одржлив развој.

**Група 4** (Помошни хипотези кои се однесуваат на ставовите и мислењата на директорите на предучилишните установи и училишта.)

X4.1. Директорите на предучилишните установи и училишта во своите ставови и мислења ја препознаваат важноста на образованието за одржлив развој во раното детство.

X4.2. Директорите на предучилишните установи и училишта сметаат дека кадарот е делумно подготвен за примена на концептот на образование за одржлив развој.

X4.3. Директорите на предучилишните установи и училишта сметаат дека кадарот треба да е обучен за успешно да го имплементира образованието за одржлив развој.

X4.4. Директорите на предучилишните установи и училишта сметаат дека делумно постои соодветен пристап на услугите базирани врз концептот на образование за одржлив развој во раното детство.

X4.5. Директорите на предучилишните установи и училишта соработуваат со општината и со други засегнати страни.

**Група 5** (Помошни хипотези кои се однесуваат на ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците.)

Х5.1. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата сметаат дека Програмата за рано учење и развој нуди можности за практична имплементација на образованието за одржлив развој.

Х5.2. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата сметаат дека се делумно подготвени за практична имплементација на концептот на образование за одржлив развој во раното детство.

Х5.3. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата сметаат дека е потребно професионално усовршување за образованието за одржлив развој.

Х5.4. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата сметаат дека е потребно развивање на компетенциите за имплементација на образованието за одржлив развој.

Х5.5. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата сметаат дека е потребно да се креираат и да се применуваат едукативни материјали преку кои практично ќе се имплементира образованието за одржлив развој.

Х5.6. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата делумно сметаат дека постојат доволно ресурси за изработка на едукативни материјали базирани врз концептот на образование за одржлив развој.

**Група 6** (Помошни хипотези кои се однесуваат на ставовите и мислењата на родителите.)

Х6.1. Родителите делумно го познаваат и го прифаќаат концептот на образование за одржлив развој.

Х6.2. Родителите сметаат дека е потребно да се применува концептот на образование за одржлив развој во градинките и училиштата.

Х6.3. Родителите сметаат дека е потребно да имаат повеќе информации за образованието за одржлив развој.

Х6.4. Родителите сметаат дека е потребно да бидат повеќе вклучени во активностите кои се изведуваат во градинките и училиштата.

**Група 7** (Истражувачки прашања кои се однесуваат на податоците добиени од децата.)

Х7.1. Децата делумно ги знаат еколошките промени како резултат на образованието за одржлив развој.

Х7.2. Децата ги прифаќаат едукативните материјали кои се базираат врз концептот на одржлив развој во раното детство како дел од секојдневните активности.

Х7.3. Децата во својата игра ги користат едукативните материјали базирани врз концептот на одржлив развој во раното детство.

**Група 8** (Помошни хипотези кои се однесуваат на можностите и ефектите од примената на едукативните материјали.)

Х8.1. Потребни се критериуми за развој на едукативни материјали базирани врз концептот на одржлив развој во раното детство.

Х8.2. Се претпоставува дека едукативните материјали базирани врз концептот на одржлив развој ја следат и ја поддржуваат практичната имплементација на Програмата за рано учење и развој во градинките и обезбедуваат квалитет на услуги во предучилишните институции.

Х8.3. Се претпоставува дека едукативните материјали базирани врз концептот на одржлив развој ги развиваат животните вештини.

## 6. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Независни варијабли во истражувањето се:

1. Примена на едукативните материјали базирани врз концептот на одржлив развој.
2. Професионалните и индивидуалните особини на воспитувачите.

Како зависни варијабли се јавуваат:

1. Ставовите и мислењата на градоначалниците за можностите за имплементација на ООР.
2. Ставовите и мислењата на директорите за можностите за имплементирање на образование за одржлив развој.
3. Ставовите и мислењата на воспитувачите за примената на едукативните материјали во предучилишните програми и можностите за имплементирање на ООР.
4. Ставовите и мислењата на наставниците за примената на едукативните материјали во наставните програми и можностите за имплементирање на ООР.
5. Ставовите и мислењата на родителите за познавањето на концептот на одржлив развој.
6. Ставовите и мислењата на студентите за запознавањето со концептот на одржлив развој во рамки на факултетските програми.

## 7. ПРИМЕРОК И ПОПУЛАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето беа опфатени повеќе примероци: примерок на педагошка документација кој ги вклучува интернационалните декларации, рамки и стратегии, како што се: Универзалната декларацијата за човекови права, Агенда 21, Агенда 2030, Конвенцијата за правата на детето, УНЕЦЕ – Стратегијата за одржлив развој и Декларацијата од Рио;

примерок на национални документи, меѓу кои се: Програмата за рано учење и развој, Програмата за првиот образовен циклус и Стандардите за рано учење и развој, како и Предлог-рамката за квалитет во предучилишното образование, воспитување и згрижување. Дополнително, истражувањето опфати примероци на градоначалници, директори, воспитувачи, наставници, родители и деца, како и примероци на државни и приватни градинки и државни и приватни училишта.

Во примерокот беа вклучени: 17 градоначалници на општини, 42 директори на градинки и училишта, 132 воспитувачи, 126 наставници, 109 родители, 108 студенти и 120 деца. Набљудувањето беше реализирано во три градинки, односно во три групи: една група составена од деца на возраст од 2 до 6 години (хетерогена) и две групи составени од деца на возраст од 3 до 6 години. Набљудувањата се спроведуваа во период од десет дена, при што во активностите учествуваа до 200 деца. Фокус-групите беа реализирани со вкупно четири воспитувачи, при што беа организирани три фокус-групи. Во текот на истражувањето беше применет пригоден примерок.

## 8. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во согласност со поставените задачи, применети се следниве истражувачки техники:

1. Анализа на содржина (анализа на педагошка документација, интернационални декларации, рамки и стратегии, Програма за рано учење и развој, Програма за прв образовен циклус и Стандарди за рано учење).
2. Интервјуирање (полуструктурирано интервју за градоначалници на општини, полуструктурирано интервју за директори на градинки и училишта и интервју за деца, придружено со слики).
3. Анкетирање (прашалник за наставници, прашалник за воспитувачи, анкетен лист за родители и анкетен лист за студенти).
4. Партиципативно набљудување (при креирање и примена на едукативните материјали).
5. Фокус-групи.

Преку *анализа на содржината* се анализираат интернационални декларации, рамки и стратегии од Агенда 2030, Агенда 21 и Целите за одржлив развој, но исто така се врши и анализа на Програмата за рано учење и развој, која се спроведува во предучилишните установи, Програмата за прв образовен циклус, како и Стандардите за ран детски развој.

- Податоците од анализата на содржината се претставени со **чек-листи**.

*Интервјуирањето* беше наменето за градоначалниците на општините, директорите на градинките и училиштата, како и за децата. Преку оваа техника се добија информации за ставовите и мислењата на испитаниците за образованието за одржлив развој, можностите за негова имплементација, како и за примената на едукативните материјали базирани врз концептот на одржлив развој. Понатаму, се дојде до податоци и за развојот на свесноста на

децата за еколошките промени.

- За техниката интервјуирање се користи **полуструктурирано интервју со градоначалници, полуструктурирано интервју со директори** и **интервју за деца со слики (отворени прашања).**

*Анкетирањето* беше наменето за воспитувачите, наставниците и родителите. Преку оваа техника се добија информации за ставовите и мислењата за практична примена на образованието за одржлив развој, подготвеноста и компетенциите на кадарот, како и за едукативните материјали базирани врз концептот на одржлив развој во Програмата за рано учење и развој и наставните програми, но и податоци за познавањето на концептот на одржлив развој од страна на испитаниците.

- За техниката анкетирање се користеше **прашалник** и **анкетен лист**.

*Партиципативното набљудување* беше спроведено во групите во самите детски градинки, каде што се набљудуваа деца на различна возраст почнувајќи од две до шест години со цел да се добијат непосредни информации за едукативните материјали креирани врз концептот на одржлив развој, како и за практичната имплементација на тие едукативни материјали.

- За техниката партиципативно набљудување се користеше инструментот **протокол за набљудување**.

Како помошни средства се користеа **фотоапарат** и **видеокамера**.

## 9. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

Во согласност со карактерот на истражувањето, карактеристиките на истражувачките техники и инструменти, во истражувањето се примени квалитативна и квантитативна обработка на податоците.

<u>Квалитативно</u> се обработуваа податоците добиени од партиципативното набљудување, интервјуата и фокус-групите.

- По секој завршен набљудувачки ден, пополнет беше протокол за набљудување, при што секој реализиран ден беше детално објаснет преку целите за набљудувачкиот час, реализираните активности и користените материјали, дополнети со фотографии од самите набљудувања. Добиените податоци по секоја набљудувачка сесија беа систематски анализирани, по што се изработуваше извештај со детален опис и дескрипција.
- Интервјуата беа доставени по електронски пат до официјалните контакт електронски адреси на училиштата и градинките. Информациите за овие официјални е-адреси беа преземени од надлежната институција за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Фокус-групите беа спроведени преку пополнување на однапред подготвени прашања, при што се водеа детални белешки од изјавите на учесниците. Прашањата и дискусиите во рамки на фокус-групите беа усогласени со реализираните

набљудувачки часови во соодветните градинки со цел да се обезбеди конзистентност и подлабинско согледување на набљудуваните појави. За сите реализирани набљудувања, на крај беше составен заеднички извештај.

Квантитативно се обработуваа податоците добиени по пат на анализа на содржината и анкетирање.

- Податоците добиени по пат на анализа на содржината беа обработени со чек-листи.
- Податоците добиени од анкетите и прашалниците беа обработени со користење на програмата *Ексел*, при што истите беа систематизирани и прикажани преку табели и графикони со цел појасна анализа и интерпретација на резултатите. Беа пресметани фреквенциите на резултатите и хи-квадратот за да се тестираат поставените хипотези.

## 10. ТЕК И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето се спроведе во временска рамка од една година, по следниов тек:

- Барање од Филозофскиот факултет за спроведување на истражувањето.
- Информирање на предучилишните установи и училиштата за видот и текот на истражувањето и барање согласност за негово спроведување.
- Техничка подготовка и печатење на истражувачки документи.
- Спроведување на теренско истражување.
- Издавање потврда од страна на градинките за реализираните набљудувања.
- Квалитативна и квантитативна обработка на податоците.
- Анализа и интерпретација на истражувањето.
- Заклучни сознанија.

## III. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Анализа на содржината е истражувачка техника, а воедно и квалитативна техника која се користи во истражувањата. Преку неа, можно е да се анализираат наставни програми и планови, цели на воспитанието и образованието, како и да се вреднуваат и да се анализираат документи и друга литература. За потребите на истражувањето, користена беше техниката анализа на содржина за да се анализира следнава педагошка документација:

- Наставни програми по сите предмети за прво, второ и трето одделение.
- Програма за рано учење и развој.
- Стандарди за рано учење и развој.
- Агенда 21.
- Агенда 2030.

Наставните програми од прво до трето одделение се издадени од страна на Бирото за развој на образованието во 2021 година. Тие содржат основни податоци за наставната програма, поврзаност со националните стандарди, резултати од учење, инклузивност, родова рамноправност/сензитивност, интеркултурност и меѓупредметна интеграција, како и оценување на постигнувањата на учениците.

Програмата за рано учење и развој е издадена од Министерството за труд и социјална политика во 2014 година. Во неа се уредуваат теоретските основи и принципи за рано учење и развој базирани врз Стандардите за рано учење и развој, цели, примери за активности, очекувани резултати и др.

Стандардите за рано учење и развој се подготвени од страна на Министерството за труд и социјална политика уште во 2009 година за сите родители и стручни лица кои имаат влијание врз унапредувањето и стимулацијата на раното учење и развој кај малите деца.

Агенда 21 претставува план за акција, издаден од Обединетите нации во 1992 година, чија цел била постигнување одржливост до 2000 година. Бројот 21 се однесува на суштинската цел во 21-от век. Агенда 21 ги посочила проблемите кои постоеле, но во исто време и се фокусирала на тоа да се подготви светот за предизвиците од новиот век. Овој план претставува и глобален консензус и политичка заложба на највисоко ниво за развој и соработка за природната средина.

Агенда 2030 е уште еден план за акција од 2015 година, изготвен од страна на Обединетите нации за луѓето, планетата Земја и просперитетот. Исто така, истиот цели кон зацврстување на глобалниот мир. Преку Агендата, се препознава дека искоренувањето на сиромаштијата во сите форми и димензии е услов за обезбедување на одржлив развој.

Во текот на истражувањето, овие анализи беа спроведени преку употреба на чек-листи. Изворите кои беа вреднувани беа пишани, анализирајќи ги нивните содржини од аспект на одржливиот развој. Сета посочена документација и изворите на факти кои беа користени, беа земени од примарни извори.

### 1. Анализа на наставните програми од првиот образовен циклус на задолжителното деветгодишно основно воспитание и образование

#### 1.1. Анализа на наставната програма за прво одделение

Поаѓајќи од дефинирањето на основните карактеристики на образованието за

одржлив развој кое се наоѓа во Стратегијата на УНЕЦЕ за образование за одржлив развој, се потенцира дека целта на овој вид образование е да се засилат капацитетите на децата, учениците, индивидуите, групите, заедниците и државите да пресудат во полза на одржливиот развој. Визијата е да се оди кон промена во начинот на размислување на луѓето и со тоа да го направи светот побезбеден, поздрав и попросперитетен за живеење (Стратегија на УНЕЦЕ 2005).

Пред да се започне со процесот на пронаоѓање сличности меѓу нашите наставни програми од прво до трето одделение со образованието за одржлив развој, ќе дадеме краток преглед на резултатите од учење кои се очекува да ги постигнат децата од прво до трето одделение по предметите Општество и Природни науки.

- **Резултати од учење по предметот Природни науки во прво одделение**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ именува надворешни делови на телото, да ја објаснува нивната функција и врз основа на нив да идентификува сличности и разлики меѓу луѓето;
- ✓ искажува грижа за сопственото здравје преку личната хигиена, физичката активност и здравата исхрана;
- ✓ идентификува надворешни дразби и ги доведува во врска со сетилата.

Ученикот/ученичката ќе прифати дека:

- ✓ има деца кои се различни во начинот на кој им функционираат одредени делови на телото или некои нивни сетила.

- **Резултати од учење по предметот Општество во прво одделение**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ се претстави себеси пред другите;
- ✓ ги препознае основните чувства кај себе и кај другите;
- ✓ ги опишува посакуваните особини и однесувањето карактеристично за другарувањето;
- ✓ наведува и да разликува месеци во годината и денови од неделата, прави разлика меѓу сегашност (денес), во споредба со поблиско и подалечно минато (вчера и кога бев мал/мала) и иднина (утре и кога ќе бидам голем/голема).

Ученикот/ученичката ќе развива:

- ✓ позитивна слика за себе (самодоверба и самопочит);
- ✓ отпор кон коруптивно однесување.

- **Резултати од учење по предметот Природни науки во второ одделение**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ ги идентификува, опишува и разликува условите за живот на живите суштества;
- ✓ идентификува членови на синџирот на исхрана и да ги групира живите суштества кои сами создаваат храна или се хранат со готова храна;

- ✓ ја објаснува важноста на пошумувањето, штедењето на водата, рециклирањето, реупотребата и намалувањето на отпадот за заштита на околината.

- **Резултати од учење по предметот Општество во второ одделение**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ ги препознава и да ги разликува училишните простории, да именува кој работи во училиштето и да ја опишува улогата (одговорноста) на вработените во училиштето;
- ✓ ја опишува постапката за избор на раководство на одделенската заедница и нејзините тела и да ја објаснува улогата на одделенската заедница;
- ✓ ги наведува, опишува и разликува посакуваните особини на учениците;
- ✓ ги наведува, опишува и разликува постапките на посакувано и непосакувано однесување на учениците.

Ученикот/ученичката ќе:

- ✓ развива вештини за донесување одлуки во група;
- ✓ развива свест за почитување на различности врз основа на пол, јазик и можности.

- **Резултати од учење по предметот Природни науки во трето одделение**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ идентификува присуство на скелет кај човекот и да ја објаснува улогата на скелетот во заштитата на внатрешните органи, обезбедувањето потпора и движењето на телото во просторот;
- ✓ именува и опишува коски од кои е составен скелетот кај човекот и го споредува скелетот на човекот со скелетот кај животни;
- ✓ ја објаснува работата на мускулите и нивната поврзаност со коските при движење;
- ✓ ја одредува местоположбата на мозокот, срцето, белите дробови, бубрезите и желудникот во телото и да ја објаснува нивната функција на едноставен начин.

- **Резултати од учење по предметот Општество во трето одделение**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ објасни како државата обезбедува почитување на правото на образование, кои се придобивките од образованието и како се стекнува професија преку образованието;
- ✓ објасни како треба да се учи за да се постигне успех во учењето;
- ✓ ги предвидува последиците од своите постапки и да ги признава грешките во однесувањето кон другите;
- ✓ опише како се решаваат проблеми во група и како се донесуваат групни одлуки.

Ученикот/ученичката ќе развива свест:

- ✓ за потребата од доживотно учење;
- ✓ дека успехот и неуспехот во учењето зависат од сопствените залагања.

### 1.1.1. Анализа на наставната програма по Македонски јазик

Во *Наставната програма по Македонски јазик* за прво одделение може да се забележи дека на некој начин се дефинираат или објаснуваат вредностите и знаењата за концептот на одржлив развој. Ова, особено може да се забележи во делот кога наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјата поврзани со Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Уметничко изразување и култура. Исто така, во овој документ се посочуваат практични примери и начини кои го прикажуваат имплементирањето на образованието за одржлив развој уште од најрано детство преку деловите за опрема и средства кои се потребни за да се постигнат зацртаните резултати за учење и да се стекнат потребните компетенции. Потенцирана е и важноста за подигање на свесноста за климатските промени и еколошките предизвици и посочени се еколошките, економските и социјалните предизвици со кои се соочува светот. Ова, особено може да се забележи преку предметите Природни науки и Општество. Поврзаноста помеѓу деловите од наставната програма со темата за одржлив развој се гледа, односно елементите на одржливиот развој особено се потенцирани во *Наставната програма за прво одделение по Македонски јазик,* и тоа во следните делови кои се поврзани со подрачјата од Националните стандарди, како: Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Уметничко изразување и култура:

V-A.6. – да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување;

V-A.10. – да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и во туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина);

V-A.14. – да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин;

V-A.15. – да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите;

V-A.19. – да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки;

VI-A.5. – да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.);

VI-A.6. – да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација;

VIII-A.3. – да ги изразува своите идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни).

### 1.1.2. Анализа на наставната програма по Математика

Во *Наставната програма по Математика* за прво одделение, и покрај тоа што се споменуваат горенаведените елементи кои се поврзуваат со одржливиот развој, исто така се споменува и следнава релевантна компетенција која е поврзана со подрачјата: Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура, Техника, технологија и претприемништво од Националните стандарди:

VII-A.1. – да ги поврзува сознанијата од науките со нивната примена во техниката и технологијата и со секојдневниот живот.

### 1.1.3. Анализа на наставната програма по Англиски јазик

Во *Наставната програма по Англиски јазик* се споменуваат и следниве неколку компетенции кои спаѓаат во подрачјето Користење други јазици од Националните стандарди:

II-Б.1. – преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комуникација со припадниците на различни културни/јазични групи;

II-Б.3. – преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури;

II-Б.4. – преку изучувањето на други јазици се развива почитување на другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции.

### 1.1.4. Анализа на наставната програма по Природни науки

Во *Наставната програма по Природни науки* се напишани и следниве компетенции, опфатени со подрачјето Математика и природни науки од Националните стандарди:

III-Б.5. – љубопитноста, систематичноста и иновативноста се клучни за развивање на научноистражувачка мисла;

III-Б.8. – секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина.

Исто така, во истата наставна програма, од релевантните компетенции кои се поврзани со Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Техника, технологија и претприемништво, би ги издвоила следниве компетенции:

IV-А.2. – да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ;

V-А.1. – да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности);

V-А.6. – да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување;

V-А.14. – да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин;

V-А.15. – да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите;

V-А.18. – да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките;

V-А.19. – да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки;

VII-Б.5. – ресурсите не се неограничени и потребно е одговорно да се користат.

### 1.1.5. Анализа на наставната програма по Општество

Во *Наставната програма по Општество* за прво одделение, во подрачјето

Општество и демократска култура од Националните стандарди, се споменуваат и следниве две компетенции:

VI-А.13. – да го анализира концептот на човекови права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување;

VI-Б.2. – сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси.

Во истата наставна програма, во подрачјата поврзани со Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура, се споменуваат компетенциите:

V-А.5. – да ги препознава емоциите кај себе и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите;

V-А.9. – да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите;

V-Б.4. – секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина;

VII-Б.5. – ресурсите не се неограничени и потребно е одговорно да се користат.

### 1.1.6. Анализа на наставната програма по Ликовно образование и воспитание

Во *Наставната програма по Ликовно образование и воспитание* за прво одделение, во подрачјата Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Техника, технологија и претприемништво од Националните стандарди, би ја издвоила компетенцијата:

V.А.4. – да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување;

V-А.17. – да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите;

VII-А.4. – да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги.

### 1.1.7. Анализа на наставната програма по Физичко и здравствено образование

Во *Наставната програма по Физичко и здравствено образование*, во подрачјата поврзани со Личен и социјален развој од Националните стандарди, можат да се истакнат следниве компетенции:

V-А.2. – да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба;

V-А.16. – да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни;

V-Б.1. – грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности се важни услови за обезбедување физичко и ментално здравје.

### 1.1.8. Анализа на наставната програма по Музичко образование

И на крај, во *Наставната програма по Музичко образование,* освен веќе споменатите компетенции, во подрачјето Уметничко изразување и култура од Националните стандарди, би ја издвоила и следнава:

VIII-Б.2. – критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности.

Врз основа на тврдењата поставени во чек-листата, може да се заклучи дека во Наставната програма за прво одделение се дефинираат, објаснуваат и анализираат вредностите и знаењата за концептот на одржлив развој и се посочуваат примери за активности кои го прикажуваат имплементирањето на образованието за одржлив развој. Исто така, може да се забележи дека постојат активности кои се изведуваат надвор, во дворот на училиштето. И на крај, во документот се укажува на важноста за подигање на свеста за климатските промени и еколошките предизвици и се истакнуваат еколошките, социјалните и економските предизвици со кои се соочува светот.

## 1.2. Анализа на наставната програма за второ одделение

Во однос на наставната програма за второ одделение по сите наставни предмети, може да се истакне дека некои од компетенциите и деловите кои ја покажуваат поврзаноста со Националните стандарди се исти, слични или се повторуваат. Но, она што ја прави посебна оваа програма се компетенциите кои се истакнуваат по предметите Природни науки и Општество, каде што поголема е важноста на оние кои се поврзуваат со темата за образование за одржлив развој. Инаку, и во оваа наставна програма се забележува дека постојат вредности и знаења кои се поврзуваат со концептот на одржлив развој, постојат активности, практични примери и активности надвор од училиштето кои ја отсликуваат можноста за имплементирање на овој вид образование во образовните институции. Во програмата се потенцира и важноста на подигањето на свеста за еколошките предизвици и климатските промени.

### 1.2.1. Анализа на наставната програма по Македонски јазик

Така, во *Наставната програма по Македонски јазик* за второ одделение на некој начин се повторуваат резултатите од учењето кои водат кон стекнување на одредени компетенции. Од споменатите компетенции во оваа наставна програма, би ги издвоила следниве две компетенции кои се поврзани со подрачјето Јазична писменост од Националните стандарди:

I-Б.2. – со употребата на јазикот во различни контексти и средини и во различни форми се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата);

I-Б.4. – содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти.

Во делот на релевантните компетенции од подрачјата Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Уметничко изразување и култура од Националните стандарди, би ги потенцирала следниве неколку:

V-A.13. – да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата;

VI-A.3. – да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува;

VII-A.1. – да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот);

VII-A.4. – да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури;

VII-A.5. – да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти.

### 1.2.2. Анализа на наставната програма по Математика

Во *Наставната програма по Математика* за второ одделение би ги издвоила компетенциите поврзани со подрачјето Математика и природни науки од Националните стандарди, а тие се следниве:

III-Б.2. – знаењата од математиката наоѓаат примена во многу области на секојдневното живеење;

III-Б.3. – знаењата од математиката се неопходни за усвојување на знаењата од други предмети и научни дисциплини;

III-Б.4. – учењето математика може да биде забавно и интересно.

### 1.2.3. Анализа на наставната програма по Англиски јазик

И во *Наставната програма по Англиски јазик* за второ одделение се посветува внимание на тоа дека преку изучување на странски јазик се развива интерес за учење и на други јазици, но се развива и љубопитност за комуникација со припадници на различни културни или јазични групи. Од компетенциите опфатени со подрачјето Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура од Националните стандарди, би ги споменала следниве:

V-Б.7. – иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;

V-Б.8. – интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените потреби и интереси така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби;

V-Б.9. – барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план.

### 1.2.4. Анализа на наставната програма по Природни науки

Во *Наставната програма по Природни науки* за второ одделение, веќе јасно се користи терминот одржлив развој бидејќи е вклучен во компетенциите кои спаѓаат во подрачјето Математика и природни науки од Националните стандарди. Овие компетенции се следниве:

III-А.28. – да ги користи основните научни сознанија за да го објаснува природниот свет;

III-А.34. – да разликува и класифицира супстанции и да го поврзува нивниот состав со нивните својства;

III-А.51. – да ја објаснува интеракцијата меѓу човекот и животната средина и да ги идентификува позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина;

III-А.52. – да го разбере значењето и потребата на одржливиот развој и критички да анализира ситуации во кои постојат конфликти на интереси меѓу потребата од економско-технолошки развој и заштита на животната средина;

III-А.53. – да анализира односи меѓу еколошките, социјалните и економските системи од локално до глобално ниво;

III-А.54. – да ги објаснува физичките појави и да користи научни концепти во секојдневниот живот;

III-Б.5. – љубопитноста, систематичноста и иновативноста се клучни за развивање на научноистражувачка мисла;

III-Б.8. – секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина;

V-А.18. – да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките.

### 1.2.5. Анализа на наставната програма по Општество

*Наставната програма по Општество* за второ одделение ги вклучува компетенциите кои се од подрачјата Општество и демократска култура, Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура. Од компетенциите поврзани со подрачјата Општество и демократска култура, се издвојуваат следниве:

VI-А.13. – да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување;

VI-Б.1. – не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.);

VI-Б.2. – сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси.

Од подрачјата Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура, се издвојуваат следниве компетенции:

V-А.15. – да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи

ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите;

V-A.17. – да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите;

VII-A.9. – активно да учествува во тимска работа, според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот;

IV- Б.1. – дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава;

VII- Б.5. – ресурсите не се неограничени и потребно е одговорно да се користат.

### 1.2.6. Анализа на наставната програма по Ликовно образование и воспитание

Во *Наставната програма по Ликовно образование и воспитание* за второ одделение, во подрачјето Уметничко изразување и култура се вбројуваат и следниве компетенции:

VIII- A.6. – да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност;

VIII-Б.3. – почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет;

VIII-Б.6. – почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите.

Во подрачјето Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Техника, технологија и претприемништво од Националните стандарди, резултатите од учењето водат кон стекнување и на следниве компетенции:

V- A.13. – да комуницира со другите;

VI- A.8. – да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите;

VII- A.4. – да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги;

VII-A.9. – активно да учествува во тимска работа, според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот;

V-Б.2. – осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста;

V-Б.3. – сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува.

### 1.2.7. Анализа на наставната програма по Физичко и здравствено образование

Во *Наставната програма по Физичко и здравствено образование*, во подрачјето Личен и социјален развој, освен некои од горенаведените компетенции се споменува и компетенцијата V-A.2., која е поврзана со избирање и практикување на активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба и компетенцијата V-A.11., која е поврзана со тоа да се дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да се побара помош.

### 1.2.8. Анализа на наставната програма по Музичко образование

И на крај, во *Наставната програма по Музичко образование* за второ одделение, во подрачјата Уметничко изразување и култура, Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура, се споменуваат горе-долу сличните компетенции кои веќе беа споменати во Наставната програма по Музичко образование за прво одделение.

## 1.3. Анализа на наставната програма за трето одделение

Во наставните програми по сите предмети во трето одделение, компетенциите се слични со оние кои беа споменати во прво и второ одделение. Меѓутоа, од сите заедно, издвоени се следниве:

I-Б.2. – со употребата на јазикот во различни контексти и средини и во различни форми се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата) (**Македонски јазик**);

VIII-A.4. – да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметнички продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури (**Македонски јазик**);

III-Б.2. – знаењата од математиката наоѓаат примена во многу области на секојдневното живеење (**Математика**);

III-A.29. – да разгледува и одбира идеи, набљудува, предвидува и поставува претпоставки (хипотези), собира и вреднува докази, проверува предвидувања, планира, организира и спроведува истражување, евидентира, обработува, анализира и претставува резултати, евалуира и дискутира заклучоци (**Природни науки**);

III-A.33. – да истражува и да дискутира за влијанието на науката, технологијата и активностите на човекот врз животната средина (**Природни науки**);

III-A.47. – да применува знаења за основните животни процеси кои се одвиваат на ниво на организмите со цел да го подобри квалитетот на сопствениот живот (**Природни науки**);

I-A.3. – да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано истражувајќи ги своите ставови (**Природни науки**);

V-A.8. – да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби (**Природни науки**);

VII-A.1. – да ги поврзува сознанијата од науките со нивната примена во техниката и технологијата и со секојдневниот живот (**Природни науки**);

VI-A.2. – да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување на заедницата (**Општество**);

IV-А.7. – да одбере и да користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби (**Општество**);
IV-А.8. – на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци (**Општество**);
V-А.12. – успешно да се справува со социјални притисоци (**Општество**);
V-А.21. – да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење (**Општество**);
V-Б.5. – од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени (**Општество**);
V-Б.10. – учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование (**Општество**);
VII-Б.4. – работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување на позитивна работна клима (**Општество**);
V-А.16. – да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни (**Ликовно образование**);
VI-А.10. – да се заштити себеси и другите во кризни ситуации и при елементарни непогоди (**Ликовно образование**);
VI-А.17. – да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации (**Ликовно образование**);
VI-А.19. – да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето (**Ликовно образование**);
VI-А.20. – да ја објаснува улогата на меѓународните институции (**Ликовно образование**);
IV-Б.5. – информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето (**Ликовно образование**);
V-А.1. – да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности и сексуално однесување) (**Физичко и здравствено образование**);
V-Б.1. – грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје (**Физичко и здравствено образование**);
VIII-А.6. – да ги идентификува разликите и сличностите помеѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност (**Музичко образование**).

## 2. Анализа на Програмата за рано учење и развој

Откако беа анализирани наставните програми по сите предмети за првиот образовен циклус од прво до трето одделение, беше детално анализирана и Програмата за рано учење и развој, која е наменета за употреба во градинките за деца кои се на предучилишна возраст. Во Програмата за рано учење и развој се уредуваат теоретските основи и принципи на раното учење и развој кои се базираат врз Стандардите за рано учење и развој, цели, примери за активности и очекувани резултати. Во Програмата се дава особено значење на интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој. Нагласено е дека и теоријата и практиката го промовираат холистичкиот пристап на раното учење и развој кај децата, каде што воспитувачите креираат услови за создавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко-откривачки процеси и решавање на проблемски ситуации. Холистичкиот пристап му овозможува на секое дете да расте во стимулативна околина за учење, подготвувајќи се за трансфер во основно училиште и воедно формирајќи правилни навики.

Програмата, исто така, се темели врз неколку основни принципи, вкупно единаесет. Од овие принципи може да се забележи дека се внимава на овозможувањето пристап до рано образование за сите деца, на високите очекувања за секое дете, играта како основен метод на учење, соодветната средина за учење, уникатноста на секое дете, холистичкиот пристап, соработката со заедницата и семејството, поттикнувањето на креативно и критичко мислење, евалуацијата во градинката, на родителите и локалната самоуправа и професионалниот развој. Овие принципи се дадени во делот Теоретски основи и принципи. Во Програмата понатаму е објаснета и организацијата на времето во градинката. Од она што е спомнато во овој дел, може да се забележи дека е предвидено време кога децата треба да бидат инволвирани во слободни активности и игра, како и во реализација на факултативни програми заедно со родителите, прошетки, набљудувања, учество во различни манифестации, активности за стекнување на културни и хигиенски навики, како и индивидуална работа со деца и родители. Додека пак, во третиот дел се дава детален опис на улогата на воспитувачот во градинката. Од споменатите белешки што се во Програмата, можат да се посочат некои кои содржат елементи на одржлив развој, а се поврзани со улогата на воспитувачот во процесот:

- Градење партнерство со семејството.
- Соработка со училиштата и локалната самоуправа.
- Тимско работење, соработка со стручни, научни и други институции во пошироката средина.
- Поттикнување на децата кон истражувачки, откривачки, креативни процеси и кон активирање во планирањето и реализацијата на целите.

Исто така, во четвртиот дел насловен: „Соработка со родители“, постојат одредени аспекти кои можат да се поврзат со одржливиот развој. Секоја градинка би требало да обезбеди:

- Поттикнување на родителите за учество во креирање на годишната програма за работа на детската градинка/центарот за ран детски развој.
- Поттикнување на родителите за нивно активно вклучување во подготовката на воспитно-образовниот процес (договори за реализација на одредени теми, изработка на дидактички средства и материјали за реализација на воспитно-образовната

активност и сл.).

- Поддршка на родителите за учество во реализација на дел од планираните содржини.
- Присуство на родителите во детската градинка/центарот за ран детски развој во врска со различни поводи и празници, присуство на заеднички прослави, приредби на децата, излети и сл.
- Организирање на родителски средби и разговори со родителите (индивидуални, мали групи и заеднички).
- Информирање на родителите (усно и писмено – интернет-комуникација, огласна табла, билтен, информативни материјали и др.) во врска со развојните постигања и напредувањето на децата, како и со актуелните настани во градинката/центарот за ран детски развој.
- Консултативни разговори со цел навремено реагирање и конструктивно решавање проблеми поврзани со развојот и учењето на детето.
- Учество на родителите во критичкото вреднување на постигањата на детето.

Во петтиот дел од Програмата се запишани просторните услови за реализација на Програмата за рано учење и развој. Тука, може да се забележи дека освен основните центри кои треба да ги има во секоја просторија за учење во градинката/центарот за ран детски развој, просторијата за учење треба и може да има центар за игри со песок и вода (поставен во близина на чешма), како и други центри по потреба.

## 2.1. Анализа на доменот Пристап кон учење

Под реден број шест, поврзан со пристапот кон учење во градинката/центарот за ран детски развој, се опфатени предиспозициите, ставовите и навиките кои ги отсликуваат различните стилови и начини преку кои различни деца различно се вклучуваат себеси во процесот на раното учење. Исто така, тука се дава и приоритет на тоа како децата ги стекнуваат знаењата и вештините. Ставовите кои се вклучени се поврзани со интересот, задоволството и мотивацијата за учење, но и со однесувањето на детето, како што се: вниманието, истрајноста, иницијативноста, флексибилноста и самоконтролата. Пристапот на учење ги опфаќа следниве елементи:

- љубопитност и интерес;
- иницијативност;
- упорност и истрајност;
- креативност и инвентивност.

Од сите овие елементи, се издвојуваат **љубопитноста** и **иницијативноста**, како и **креативноста** и **истрајноста**. Во однос на **љубопитноста** и **иницијативноста**, стандардите кои треба да се постигнат се: детето да научи нови работи и да стекне искуства; како и да може да презема иницијатива. Понатаму, во деталниот опис на целите кои треба да се достигнат за развојниот период до 6 години, а кои се на некој начин поврзани со одржливиот развој, би ги споменала следниве:

- Да се поттикнува иницијативноста во решавањето на едноставни проблемски ситуации.
- Да се развива интересот кон луѓето и предметите во непосредната средина.

- Да се охрабрува за поставување прашања за непознати предмети, лица и појави во моментот на набљудувањето.
- Да се поддржува иницијативата за користење на различни извори на информации.
- Да се развива потребата и способноста за изнаоѓање на сопствени пристапи во решавањето на проблемски ситуации.
- Да се поттикнува развивање свесност за сопствените начини и пристапи во откривањето на нови сознанија.
- Да се развива интерес и потреба за интерактивно решавање на проблемски ситуации преку користење на различни предмети и материјали од непосредното опкружување.

Од предложените активности се издвојуваат следниве:

- Активности во кои се поттикнува детското влијание кон некои појави кои се случуваат во одреден момент (врнење дожд, паѓање снег, дување ветер).
- Откривачки игри во кои децата се ставени пред проблемска ситуација: да изнајдат решение како да го поместат натоварениот камион, да ја пренесат претоварената кутија.
- Активности и игри во песокот со чаши, лажици, чинии, кофи, топки, лопати, автомобили и други играчки.
- Активности во кои децата користат различни алатки за да го откријат нивниот ефект врз материјалите (сечење со ножици, сечкање на овошјето, туткање или кинење на хартијата...).
- Игри со ветерници, со дување во цевки, во амбалажа од испиено сокче, во балони, со правење авиони од хартија и пуштање на истите во воздух...
- Активности во кои децата се мотивираат да користат различни извори на информации за стекнување на нови искуства и потврдување на веќе стекнатите искуства (природа, филм, приказна, исказ од возрасно лице, фотографија).
- Децата да експериментираат со земја, вода, песок, ткаенина и сл. и да разговараат со воспитувачот за тоа што и како направиле, откриле, научиле.
- Децата играат со земја, на трева и во природни услови, копаат длабоко и откриваат сѐ што има во неа.
- Децата превртуваат камен под кој можат да откријат нешто ново.
- Активности во кои децата гледаат лист и инсекти под лупа.
- Истражуваат песок, вода, воздух, хартија, ткаенина, магнет и сл.
- Истражуваат што плива, а што тоне, што се раствора, а што не се раствора и сл.

Во делот кој ги издвојува елементите на **креативност** и **истрајност**, стандардите кои треба да се постигнат се поврзуваат со покажување истрајност во преземените активности, користење на креативноста во секојдневните активности и учење на различни начини од сопствените искуства. Очекуваните резултати кои треба да ги постигнат децата во развојниот период до 6 години, а се поврзани со одржливиот развој, се следниве:

- Детето си креира нови игри и активности на сопствен начин.
- Користи предмети според сопствени идеи и намери.
- Ги искажува своите идеи, предлози и мислења.
- Детето набројува разни начини на користење на предметите во секојдневниот живот.

Од примерите за активности, се издвојуваат следниве:

- Игри со тесто, пластелин, природни материјали, во кои им се овозможува на децата да го допрат, да го мириснат, да го месат материјалот.
- Активности во кои децата се поттикнуваат кон различни начини за самостојно изразување (на пример: боење со бела боја на темна хартија, печатење обоени плутени тапи и сл.).
- Воспитувачот ги охрабрува децата да погодуваат за што може да се користи пенкалото, теглата, столот..., пофалувајќи го начинот на кој успеваат да откријат нови намени за истиот предмет.
- Симболички игри во кои детето ги користи и ги комбинира материјалите на различни начини.
- Активности во кои децата откриваат што би можеле да продаваат, на кој начин да ја уредат продавницата, со што ќе купуваат (сечат парчиња хартија или цртаат пари..., користат каменчиња за монети и сл.).
- Легнати на трева да ги набљудуваат формите и да погодуваат кој облак на што им личи.
- Активности во кои децата предлагаат решенија за проблемски ситуации.
- Игра **Направи сам** од понудени различни материјали од непосредната околина.

## 2.2. Анализа на доменот Здравје и моторички развој

Во делот **Здравје и моторички развој**, во однос на грубиот моторички развој, примери за активности кои можат да се поврзат со темата за одржлив развој, а се поврзани со грубиот моторички развој, се следниве:

- Возрасниот организира активности, прошетки за децата самостојно да се движат во просторијата и надвор од дворот.
- Вежби, како што се: провлекување под маса, столче, клупа.
- Имитирање на берење овошје, тивко, полека одење на прсти.
- Активности во кои децата возат играчки со педали.
- Децата се редат во неколку групи и се провлекуваат под маса, ќебе, тунел од платно.
- Игра во која во импровизирана шума од столчиња, маси, обрачи, детето носи кошница.
- Вежби за стапалата: одење боси по јаже, обрач, стапче, капачиња, како и одење наназад.
- Игри во кои се користат клацкалки, направи за истегнување, лизгалки.
- Децата се седнати во круг, а пред секое дете има истуткана хартија во вид на топче. Децата ја земаат од подот со прстите на нозете и ја ставаат во кутија.
- Децата се редат на греда и стојат на една нога.

Во делот **Фин моторички развој,** кој ги опишува активностите, постојат елементи на одржлив развој, како:

- Организирање игри со играчки во два дела (тенџере и капак).
- Организирање активности во кои децата цедат сунѓер, омекнуваат пластелин, туткаат хартија.
- Игри во кои децата користат играчки, чанта, паричник, облека и сл.
- Активности за моделирање на едноставни форми со пластелин, тесто.

- Активности на цртање со молив, боичка, креда на плочник, на хартија по зададена тема, форма.
- Моделирање со тесто, пластелин.
- Активност: различни материјали, предмети со мали дупки се нижат на конец (мониста, макарони, бројаници).
- Игра на мешање на водата со разни бои, претурање од поголем во помал сад.
- Го уредуваме просторот за игра.
- За време на оброците децата учествуваат во поставувањето на приборот за јадење.
- Активности во кои децата ја истиснуваат тубата со лепило, пастата за заби, темперни бои.
- Активности на превиткување на хартијата – оригами (авионче, вртелешка, бротче, риба).
- Изработување слика со гужвање, превиткување и лепење хартија, салфетки.
- Воспитувачот организира игра на претурање на водата од чаша во чаша, без да се истури.
- Децата ги врзуваат чевлите без помош на возрасен.
- Воспитувачот им овозможува на децата самостојно да го поставуваат оброкот и приборот за јадење.
- Децата ја полнат чашата со сок, без да ја истурат.
- Изработување слика со гужвана хартија, салфетка, ориз, грав или друг природен материјал.

Во делот **Здравје и безбедно однесување,** активности кои се предложени во Програмата, а истовремено содржат елементи на одржлив развој, се следниве:

- Организирање активности во кои детето ги става рацете под вода и со помош на возрасен ги мие.
- Активности за правилно миење на рацете со сапун.
- Им се зборува на децата дека кога шетаат на улица задолжително треба да бидат со возрасно лице.
- Запознавање на децата со правилата при користење тоалет и одржување хигиена.
- Разговор со децата за одбирање на облеката според временските услови.
- Прошетка до блиската улица, именување на опасните ситуации, на што да внимаваме кога сме на улица.
- Прошетка и разговор за значењето на прошетките во природа и дишењето чист воздух.
- Разговор за тоа што го загрозува здравјето (немиено овошје, долг престој на силно сонце, неправилна исхрана).
- Воспитувачот организира активности за одржување на личната хигиена, како и за хигиената во просторот и инвентарот во неа.
- Прошетка до најблиската сообраќајница.
- Разговор за последиците од нехигиена, загадена околина, расипана храна за здравјето на децата.

Исто така, потребно е да се споменат и очекуваните резултати кои се тесно поврзани со одржливиот развој, како:

- Покажува грижлив однос кон личната хигиена и хигиената во просторот во градинката и дворот.
- Го препознава значењето на водењето хигиена во просторот и исхраната заради заштита од опасни и штетни фактори.
- Собира ѓубре по завршувањето на своите активности.
- Бара да се затвори прозорот доколку има провев.

Во однос на **Сензомоторниот развој**, неопходно е да се споменат примерите за активности за развојниот период до шест години, кои се тесно поврзани со одржливиот развој:

- При облекување и исхрана детето допира облека, обувки, храна, вода, млеко.
- Возрасниот организира активности, водата со која се мијат рацете е ладна или топла, играчката е мека, сапунот мириса.
- Пред детето, возрасниот чисти и сече млад компир, кромид, лук, магдонос, морков, домат; детето допира, мириса и вкусува цреша, ротквичка, кромитче, салата по нивното миење и сечење.
- Игра *Ветерот дува – фиу, дождот паѓа – кап кап, сонцето свети, цвеќето мириса – ммм* и сл.
- Игра криенка.
- Игра *Погоди кој сум?,* со овошје или зеленчук (кисело – слатко, лимон – шеќер).
- Игра *Препознај ги предметите во затворената вреќа!*
- Допира различни ткаенини: мазни, рапави, тенки, дебели, растегливи, нерастегливи.
- Помирисува неколку вида цвеќе, мириса трева, смола од бор и др.
- Воспитувачот организира активности со шишиња наполнети со вода, студена, млака, топла. Децата треба да ја почувствуваат и да ја препознаат.
- Игра *Волшебно торбиче*. Со допир да препознава: топка, коцка, чашка, чиниче и сл.
- Вкусува, со затворени очи, парче од: краставица, зелка, морков, домат, пиперка, јагода, вишна, цреша, круша, дуња, лубеница, лимон и го именува плодот.
- Вкусува различни прехранбени артикли и ги групира по вкус: благо, кисело, луто, солено и горчливо.
- Активности за мирисање на неколку вида цвеќе, препознавање и именување на нивниот мирис (зумбул, каранфил, темјанушка, лале и сл.).
- Воспитувачот го насочува вниманието на детето кон непријатни мириси од околината: загорено млеко, изгорен шеќер, чад, бензин и др. Детето го именува најпријатниот и најнепријатниот мирис за него.

## 2.3. Анализа на доменот Социоемоционален развој

Во однос на **Социјалниот развој,** би ги спомената целите кои треба да се постигнат и планираните активности кои би помогнале при реализација на тие цели. Најнапред, поставените цели се следниве:

- Да се поттикнува детето за завршување на започнатата задача.
- Да се поттикнува за доживување и манифестирање љубов кон луѓето, животните, предметите, растенијата.

- Да се поттикнува детето да се запознае со својот воспитувач и негувател, со занималната, центрите за учење, играчките и средствата во нив, санитарниот јазол.
- Да се поттикнува кон отворено и спонтано контактирање со лицата во околината.
- Да се поттикнува да се договара и игра заедно со другите, да решава едноставни задачи и заедно со воспитувачот да се обидува да решава проблеми и конфликтни ситуации кои се појавуваат меѓу децата.
- Да се запознае со убавините на својот роден крај, со дел од народното богатство и културата.
- Да се развива свесност за постоење и почитување на различни култури.
- Да се поттикнува кон развивање соработка, толеранција и пријателство со врсниците.
- Да ја негува уредноста и да се поттикне да води грижа за хигиената во средината.
- Да се поттикнува на формирање елементарни поими за морално однесување.
- Да се воведува кон запознавање со елементарните морални вредности (љубов, мир, ненасилство, вистина и добро однесување).
- Да се навикнува да учествува во уредувањето на просторот, донесувањето на правилата на однесување во занималната.
- Да се навикнува на учество во уредувањето на просторот, донесувањето на правилата на однесување во просторијата за учење, нивно целосно запознавање и осознавање на последиците од нивното непочитување и прекршување.
- Да се поттикнува заедно со другите деца да планира и да реализира активности, да решава едноставни задачи, проблеми и конфликти кои се појавуваат меѓу нив.
- Да ги запознава и да ги прифаќа елементарните морални норми со кои се регулира односот кон себе и кон другите (толерантност, соработливост, упорност, самостојност, чесност, дарежливост, умереност, вистинољубивост, мирољубивост), како и поттикнување на одбивност кон сѐ она што е спротивно на овие особини.

Во однос на планираните активности, тука се издвоени оние кои се поврзани со темата за одржлив развој:

- Активности и споделување на обврските при средување на занималната.
- Активности за уредување на занималната по повод различни прослави.
- Разговори за облека што се носи секојдневно, при игра со песок и вода, за роденден и свечени прилики.
- Прошетки во блиската околина и разговарање за тоа како треба да се однесуваме надвор во пошироката околина.
- Организирани активности надвор од градинката/центарот за ран развој (посета на другарче дома, прослава, еднодневен излет и др.).
- Гостин родител во занималната.
- Прошетки за збогатување на социјалното искуство.
- Слушање приказни, легенди врзани за родниот крај (за личности, случки и постари објекти), посети на музеј, дом на културата, гледање традиционална облека, слушање народна музика од родниот крај, запознавање со неколку стари занаети.
- Запознавање со различни географски и културни области во Република Македонија, природните убавини, позначајни објекти од областа на културата.
- Хуманитарни акции (собирање играчки и облека).

- Одбира игри и играчки, се договара со врсниците за заеднички игри и активности, разговара со нив за евентуалните конфликтни ситуации, за можните решенија на проблемските ситуации.
- Игра игри, учествува во драматизации во кои се одразува животот во семејството, ги објаснува своите и обврските на другите членови во семејството, опишува и црта како заедно се радуваат во семејството, какви се кога се нежни, зошто се лутат и какви се тогаш, како се грижат еден за друг, кажува како може да ги израдува мама, тато, братот, сестрата и други роднини.
- Изработување на македонското знаме со примена на салфетна техника.
- Децата му предлагаат на воспитувачот точки за прослава на значајни празници и активно учествуваат во нивната реализација.
- Учествува во договарање и избор на места и објекти за посета (што ќе посети и зошто, што ќе носат со себе, со кого ќе комуницираат таму и сл.), а потоа и во реализацијата на договореното (на пример: посета на археолошко наоѓалиште, посета на другарче дома, прослава, еднодневен излет и др.).
- Учествува во изнаоѓање решенија за проблемски ситуации (на пример, детето е само дома, а снемува струја, пукнала цевка за вода и др.).

Во однос на **Емоционалниот развој**, планираните активности кои се поврзани со темата за одржлив развој се следниве:

- Правење отпечаток на раката и ногата во снег.
- Играње игра во која сите деца се седнати долу во круг, ги затвораат очите, дишат длабоко, се опуштаат и добиваат задача да се смеат гласно колку што можат, а потоа им се придружува и возрасниот.
- Активности во кои децата туткаат целофан, кинат хартија, гмечат тесто и сл. (за да искажат лутина, а да не повредуваат други деца).
- Го црта смешно животното од кое се плаши, го црта како добар ликот од кој се плаши.

## 2.4. Анализа на доменот Јазик, комуникација и развој на писменост

Во делот **Јазик, комуникација и развој на писменост**, под 9.2., опишани се планирани активности кои се во врска со комуникацијата и медиумската култура, а се поврзани со одржливиот развој:

- Игри да го повикаме мачето, кучето, пилето (ги повикува овие животни со изговарање на пи-пи, мац-мац и сл.).
- Говорни игри каде што детето изговара зборови кои ги повторува (како чука саатот: тик-так...).
- Поттикнување на детето да ги именува предметите или лицата кои се во негова близина.
- Драматизација и игра на улоги за секојдневни ситуации и доживувања од животот на детето.
- Игра на улоги (мајка, лекар, продавач, бебе), при што го менува интензитетот и бојата на гласот.
- Иницирање активности во кои се претставува конкретно животно користејќи соодветна маска на главата или пред лицето.

- Разговори со детето за постоење на различни јазици во локалната средина или пошироко.
- Иницирање активности во кои децата ќе имаат различни улоги и ќе имаат можност да глумат.
- Следење на ТВ-емисија за деца, анимиран филм, радиоемисија за деца и сл.
- Следење на куклени и театарски претстави со посета во театар и разговор за нивното значење.
- Разгледува детско списание, „чита“ илустрација, фотографија, измислува своја приказна.
- Разговара за работата на новинар, артист, илустратор.

Во делот 9.3., поврзан со **Читање и збогатување на речникот**, планираните активности кои се поврзани со темата за одржлив развој се следниве:

- Активности во кои се покажуваат и јасно се именуваат предметите во околината (без инсистирање детето веднаш да ги знае тие зборови).
- Активности во кои се покажуваат одделни, неповрзани дејствија, исто дејствие се покажува со различни ликови (куклата спие, мачето спие, зајчето спие и сл.).
- Игри со фотографии, слики и кажување искази од 3 до 4 зборови.
- Игри во кои се вербализираат едноставни дејства кои ги гледа во живо или на слика (на пример: детето зема кукла, топката оди под маса и сл.).
- Активности за поттикнување на детето да препознае некој печатен симбол (лого на омилено чоколадо, омилена играчка или цртан филм), создавање стимулативна средина во која ќе понудите различни печатени материјали со цел детето да препознае одредени симболи.
- Слушање на радио- и видеокасети со снимени народни приказни.
- Активности за збогатување на речникот со придавки (на пример: *Кој ќе наведе повеќе дрвени предмети?*).
- Се организира средба со писатели и поети и децата разговараат со нив.

Во однос на точката 9.4., **Пишување**, би ја спомenала активноста поврзана со детето, а тоа е да црта линии, пишува елементи од букви на песок, на земја, на хартија. Додека пак, во делот 10.: **Когнитивен развој и стекнување на општи знаења**, се поттикнува логичкото размислување кај децата заедно со развивање и на мисловните функции, како: анализа, синтеза, воопштување, заклучување, вреднување и поврзување. Покрај ова, се поттикнува и совладување на научниот пристап во обичното секојдневие, запознавање и разбирање на околината, на другите луѓе, на живата и неживата природа и сл. Когнитивниот развој се реализира низ неколку аспекти, меѓу кој е и науката – *запознавање и разбирање на околината*. Во однос на **Когнитивниот развој и стекнувањето на општи знаења**, во делот *Логиката и размислувањето,* целите кои треба да се постигнат во развојниот период до шест години, а се поврзани со одржливиот развој, се следниве:

- Да се поттикнува детето на користење на сетилата при запознавање и откривање на непосредната средина, предметите, алатките, играчките и основите на позабележителните појави.
- Да се поттикнуваат способностите за разбирање на едноставни и воочливи причинско-последични врски во опкружувањето.
- Да се поттикнува и поддржува користењето на сетилата при запознавање и примање на

податоци од природата и околината.
- Да се поттикнува самостојно изведување на истражувачки активности.
- Да се поттикне дивергентното мислење во процесот на решавање на едноставни ситуации.
- Да се развива способноста за стекнување знаења за средината и опкружувањето преку конкретно набљудување и манипулирање.
- Да се поттикнува кон активно учење низ проекти и низ други форми на учење.

Во однос на планираните активности, наведените активности можат во себе да содржат елементи на одржлив развој, како што се следниве:
- Игри во кои детето отвора и затвора различни картонски кутии, фиоки итн.
- Игри со вода и песок, ракување на некоја механичка играчка, редење на одредени коцки.
- Активности и игри во кои се експериментира, се истражуваат можностите на некои предмети, амбалажи (на пример, се размислува како да се направи зграда од кутии, коцки или од разнородни предмети).
- Игровни и истражувачки активности со песок и со вода.
- Разговор со децата за случки од секојдневието, за заеднички прошетки, за ситуации во продавница, во парк, на игралиште и сл., притоа внимавајќи децата да ги распознаваат одредените основни следувања на настаните или случките.
- Активности во кои детето ќе скине нешто, ќе превитка, ќе намокри, ќе обои, ќе расклопи, ќе размести и сл.
- Активности во кои се експериментира со нешта кои се менуваат (на пример: водата истекува кога се навалува чашата; цвеќето расте на сонце и му треба земја и вода; има пареа на капакот кога водата врие; семето ’рти во земја и во вода; хартијата се распаѓа во вода; пластиката плови; металот тоне и сл.).
- Активности во кои се разговара за причините кои довеле до некои промени (на пример: зошто цвеќето венее; зошто хартијата се распаѓа во вода; зошто топката се тркала итн.).
- Активности низ кои децата ќе станат свесни за настанот кој се случува во моментот. Ќе се води разговор за сега и овде, како и за тоа што се случува во тој момент (на пример: на прошетка – гледаме, трчаме, играме, полеваме цвеќе... итн.).
- Активности со кои со децата се собира отпадна хартија и истата се користи за да се изработи нешто според идеите кои заеднички се предложени.
- Активности во кои децата ќе се соочат со решавање на едноставни проблемски ситуации преку користење на разни предмети, алатки, приоди и сл., според сопствени видувања.
- Активности за изработување предмети според идеите на децата, разговор за нивниот изглед и намена, разговор за конкретните идеи.
- Воспитувачот разговара за промените во опкружувањето, за видувањата на децата, за воочени работи, претпоставки, ставови, критики, заклучоци итн.
- Вклучување на децата во работа на проекти со анализа и освестување на процесот на учење и донесување заклучоци.

Во однос на делот за **Математика**, можат исто така да се најдат елементи на одржливиот развој кои се составен дел од Програмата. Во делот на поставените цели, постојат неколку кои се поврзуваат со одржливиот развој. Тие се следниве:
- Да се развиваат навики за употреба на броеви во комуникацијата со играчките и

другите познати предмети во опкружувањето.
- Да се поттикнуваат кај детето способности за просторно ориентирање (воочување релации во однос на себе: пред – зад; горе – долу; под, далеку).
- Да се развиваат способности за воочување, идентификување и користење спротивности кај предметите во непосредната околина: должина, широчина, големина.
- Да се поттикне кон доживување на математиката како пријатно искуство.
- Да се поттикне формирање на особини на личноста: иницијативност, трпеливост, истрајност, љубопитност, прецизност.

Во однос на активностите за Математика, предвидени во Програмата да се реализираат во развојниот период до шест години, би ги издвоила следниве:
- Разместување предмети во просторијата користејќи релации во однос на себе и во однос на другите.
- Учество на децата во изработката и одржувањето на заедничкиот и личниот календар на активности.
- Разговори според слика за активностите и обврските на луѓето во различни делови од денот (наутро, напладне, навечер итн.).
- Учество на децата во планирање и уредување на просторот за игра и учење.
- Изработка на календар на настаните од денот, во кој секое дете ќе ги внесува своите дневни обврски преку цртеж (колку пати во денот миеме раце, заби, лице..., ги подредуваме играчките и сл.).
- Собира или реди играчки, предмети во различни кутии или места според бројот кој се бара (на пример: пет играчки во белата кутија, три листа за цртање на масичката и сл.).

Во делот **Наука**, целите, планираните активности и очекуваните резултати се најмногу поврзани со темата за одржлив развој. Тука би посветила најмногу внимание бидејќи речиси поголемиот број планирани цели, активности и очекувани резултати ја начнуваат темата за одржлив развој. Од планираните цели би ги издвоила следниве:
- Да се поттикне интерес кај детето за стекнување одредени елеменетарни претстави и поими за предмети и појави од непосредната средина.
- Да се поттикнува процес на воочување и елементарно препознавање на воочливите карактеристики на одредени растенија и животни.
- Да се поттикнува процес на воочување и препознавање на живата и неживата природа.
- Да му се овозможи на детето стекнување претстави и поими за некои карактеристики од животинскиот и растителниот свет од блиската околина.
- Да се поттикнуваат способности за препознавање на одредени природни појави (сонце, дожд, снег, ветер).
- Да се поттикнува процес на препознавање на одредени функции од деловите на телото на луѓето и на животните.
- Да се поттикнуваат способности за воочување на одредени карактеристики за неживата природа со која непосредно се соочуваат (воздух, земја, вода, предмети во непосредната околина и сл.).
- Да се поттикнат кај детето знаења и способности за препознавање и класификација на животните според местото на живеење, според родот и карактеристиките.

- Да се поттикнуваат способности за препознавање и класификација на растенијата.
- Да се поттикнат сознанијата за основните фактори и услови за опстојување и развој на живиот свет.
- Да се поттикнат знаењата и способностите за распознавање на основните својства на одредени природни елементи и појави од опкружувањето.
- Да се поттикнат знаењата и способностите за препознавање на годишните времиња.
- Да се стекнуваат знаења за средината и опкружувањето преку конкретно набљудување и манипулирање.
- Да се поттикне прифаќањето на екологијата како дел од современиот начин на живеење.
- Да се развиваат способностите за препознавање и класификација на животните според местото на живеење, според родот и според карактеристиките.
- Да се поттикнува интересот и љубовта кон природата.
- Да се поттикнува процесот на осознавање на одредени основни фактори и услови за опстојување и развој на живиот свет.
- Да се поттикнува развојот на свесноста за сопствената улога во поддршката на опстанокот на природата.
- Да се развиваат способности за распознавање на основните својства на одредени природни елементи и појави и географски поими од опкружувањето.
- Да се поттикнува интерес кон научниот пристап во проучувањето и осознавањето на природата, растенијата, животните и човекот.
- Да се оспособува детето за запознавање со околината, карактеристиките, посебностите на местото на живеење, градинката.
- Да се запознава со општествената средина во која живее, како и со одредени општествени институции и нивната намена.
- Да се запознава со државните симболи, постоењето на детските права, како одредени принципи на демократското живеење.
- Да се поттикне за осознавање и откривање на својствата на телата и предметите (тродимензионалноста, агрегатната состојба, тврдоста, топлината, мирисот, привлекувањето итн.).
- Да се поттикне кон осознавање и откривање на својствата, значењето и примената на водата, воздухот, почвата, светлината, звукот.
- Да се стекнува со елементарни претстави за планетата Земја.
- Да се поттикнува интересот и љубовта кон природата и обезбедување поддршка на љубопитноста изразена преку детските прашања.
- Да се оспособува за препознавање и класификација на растенијата, одредени видови, нивните карактеристики, условите за раст, развој, корист, примена и значење за целокупното опстојување на планетата Земја.
- Да се оспособува за откривање и почитување на основните фактори и услови за опстојување и за развој на живиот свет.
- Да се поттикнува за правилен однос кон материјалните вредности (храна, вода, енергија) и развивање на одговорно однесување.

- Да создава интерес кон научниот пристап во проучувањето и осознавањето на природата, растенијата, животните и човекот.
- Да се поттикнува еколошката свест и прифаќањето на екологијата како дел од современиот начин на живеење.

Во делот кој ги опишува активностите, би сакала да ги споменам оние кои се тесно поврзани со одржливиот развој. Тие се:

- Активности за манипулација со предмети од непосредното опкружување (кревање кружни полесни и потешки предмети, фаќање снегулки во рака, разни ткаенини, материјали, плискање со вода итн.).
- Активности и разговори преку слики за животни за препознавање и поврзување на карактеристиките (*Ова е маче кое мјаука: мјау-мјау... Каде е кучето? Како оди кучето?... Кој кукурика: кукурику-кукурику?* итн.).
- Активности со живи растенија за користење на сетилата (мирисање цвеќиња, допирање лисја, гранчиња, цветови, набљудување дрвја итн.).
- Прошетки и престој во различни годишни времиња, играње игри и активности поврзани со неживата природа итн. со цел да се воочат и да се препознаат одредени карактеристики на неживата природа.
- Игри низ кои се имитираат гласови, шумови, јавувања од животни.
- Прошетки и разговори за природата. *Барајте растенија по сличност – цвеќиња, грмушки, видови дрвја!* Разговор со децата за местото на живеење, објектите, парковите.
- Игри со песок и вода.
- Игри и активности во кои се имитираат животни (однесување, карактеристики и сл.).
- Игри во семејното катче – готвење (комбинација на плодови, корист од плодовите, начин на обработка).
- Разговори за местото на живеење, објектите, настаните, можностите кои ги нуди местото за игри, спорт и забава. Посета на специфични објекти и настани.
- Посета на место надвор од местото на живеење.
- Посета и учење во природа со разговор за инсектите, животните, луѓето во местото, за нивните видливи карактеристики.
- Активности од еколошки карактер (акции за чистење, рециклирање, негување на растенијата и околината, градинарско катче и сл.).
- Користење драматизации со еколошки пораки.
- Изработка на календар на природата и внесување секојдневни настани и ситуации во него, разговори за календарот.
- Разговори за специфичностите и разликите кај живата и неживата природа, за местоположбата на некои објекти наспроти семејниот дом.
- Прошетки до крстосница, пазар, продавници од различен тип. Разговори за патот до нив, однесувањето во тие места.
- Учество во активности од еколошка природа. Да му се овозможи на детето креативно да се изразува преку рециклиран материјал или неупотреблив, но безбеден материјал.
- Учествува во разни активности на градинката.

- Учествува во организирани посети на разни општествени институции, се запознава со нивната улога, одговорностите, средствата, просториите, опремата за работа и сл.
- Активности во кои детето ги истражува својствата на водата, воздухот, звукот, почвата, средината.
- Истражувачки активности со хартија, ткаенина и сл.
- Разговор за слики, енциклопедии, цртежи, ЦД-презентации итн. за планетата Земја.
- Сади цветно растение, го набљудува процесот на растење и води календар за неговото растење.
- Учествува во игри и активности, во кои детето самостојно ќе ги согледа специфичностите и разликите кај живата и неживата природа.
- Учествува во истражувачки активности за потребите од штедење и зачувување на материјалните вредности.
- Учествува во активности за зачувување на средината, разговара, објаснува за потребата од одговорно однесување.
- Разговори за надминување на стереотипите и предрасудите за разликите во однос на можностите и потребите на луѓето.

Бидејќи во делот посветен на науката, темата е најмногу поврзана со одржливиот развој, би ги издвоила и очекуваните резултати кои се очекуваат да бидат постигнати кај децата до шест години. Тие се:

- Поставува прашања за набљудуваните непознати предмети, појави, растенија и животни.
- Покажува и именува одредени растенија и животни (според развојните карактеристики на сопствената возраст).
- На барање, покажува познати животни, луѓе, растенија и предмети.
- Препознава одредени воочливи карактеристики на неживата природа во непосредната околина (на пример: песок, влажен песок, ладен камен...).
- Препознава одредени природни појави, како: дожд, сонце, снег.
- Покажува интерес кон живиот свет, ги препознава карактеристиките на живата природа во непосредното опкружување.
- Разликува цвеќе од овошни и зеленчукови плодови.
- Препознава елементарни постапки за правилно еколошко однесување.
- Покажува грижа кон животните и природата.
- Ги препознава условите за одгледување на растенијата и животните од непосредната околина.
- Препознава придобивки и опасности од одредени животни и растенија.
- Прави разлика меѓу одредени природни елементи и појави и географски поими во непосредното опкружување.
- Експериментира и користи разни безбедни материјали и предмети од околината (кал, песок, хартија, вода, пареа итн.).
- Препознава и учествува во активности за примена на правилата за еколошка култура.
- Препознава неколку карактеристики, посебности на местото на живеење и градинката.
- Ги набројува основните својства на водата и воздухот.
- Набројува неколку географски карактеристики на средината во која живее (планина, река, рид, поле и сл.).

- Разликува и именува неколку метеоролошки појави (дожд, снег, ветер, слана итн.).
- Набројува неколку начини за грижлив однос кон животните и природата.
- Набројува сличност меѓу живите суштества (расте, се развива, се храни, прима вода, дише и сл.).
- Умее да опишува неколку примери на правилен однос кон материјалните вредности (користење храна, вода, енергија и материјали во градинката).
- Умее да набројува некои од условите за одржување на здравјето (лична хигиена, чист воздух, вода, здрава исхрана, соодветно облекување и однесување во различни климатски услови итн.).
- Може да се служи со разни безбедни материјали и предмети од околината (кал, песок, хартија, вода, converted итн.).

Делот 10.5. е посветен на **Уметноста**, односно 10.5.1. посветува внимание на ликовното воспитание и на музичкото воспитание. Во овој дел, би сакала да ги издвојам само активностите кои се предвидени да се реализираат во развојниот период до шест години, а се тесно поврзани со темата за одржлив развој. Тие се:

- Игри и активности со песок, земја итн.
- Игри за обликување со безбедни ликовни материјали, цртање, боење, печатење со рака.
- Активности и игри за самостојно истражување преку гужвање хартија, гмечење на меки материјали.
- Игри пред огледало (движења и елементи од телото), танцување, пеење и учење песни.
- Активности во кои детето ја печати својата дланка претходно обоена со различна боја врз хартија.
- Активности во кои детето си игра со разни материјали (хартија, песок, глинамол, глина, волница и сл.) поради запознавање со можностите за менување на нивната форма, облик, должина итн. и користење на истите за ликовно изразување.
- Експериментирање со користење природни материјали. Активности во кои детето кине, превиткува, мокри, со донесување заклучоци за исходот.
- Игри во кои детето слуша, препознава, именува и имитира звуци од разни предмети (пластика, метал, дрво), временски појави, животни итн.
- Активности во кои детето може да нацрта едноставни форми и облици според сопствено видување, и тоа: по слободен избор или по дадена тема од страна на воспитувачот (на пример: облаци, дрво, сонце, човек, куќа, сладолед и сл.).
- Активности во кои детето црта, слика, моделира, со ликовен и неликовен материјал во различни подлоги, притоа користејќи прсти, дрвени бои, фломастери, различни видови бои, четки со различна големина и дебелина, материјали за моделирање, обликување итн.
- Користење разни материјали и предмети од околината кои можат да се користат за ликовно изразување.
- Игри за развој на сетилата, перцепцијата и имагинацијата (на пример: правење топки од хартија, снег од бела хартија, користење целофан за обвиткување на разни предмети, играчки, користење глина за обликување и салфети за обвиткување лебед итн.).
- Користење разни амбалажи, сунѓери, плодови, гранчиња и сл. за уметничко изразување и за развој на еколошки и хигиенски навики.
- Користење разни материјали и предмети од околината кои произведуваат звук или можат да се користат за музичко изразување.

- Активности во кои детето моделира, црта, бои, слика, кашира, обликува, декорира, користејќи различен ликовен материјал, како: природен материјал, амбалажи и сл.
- Ткаење на детски разбој.
- Игри и активности во кои децата користат и самостојно избираат разни материјали за музичко и ликовно изразување.
- Истражувачки активности за изнаоѓање и користење на разни ресурси, материјали, алатки и предмети за музичко и ликовно творење.
- Ајде да компонираме – „Нашата екохимна“. На одреден краток текст децата измислуваат заедничка мелодија која се снима и потоа се запишува со ноти.
- Игри и активности во кои се изработуваат разни инструменти и тропалки со чашки од јогурт и зрнести семиња, ѕвончиња од тапи и шишиња, свирчиња од дрвца итн.
- Со изработените инструменти од природен материјал, децата ги свират песните: „Засади дрвце“, „Зајак во град“, „Чувај ја природата“ итн.
- Создавање нови форми од амбалажа и други предмети кои ја загубиле првобитната употреба, со разни постапки на туткање, кинење, лепење, додавање, сечење и сл.

### 3. Анализа на Стандарди за рано учење и развој

Промоцијата на раниот детски развој во Северна Македонија се базира на меѓународната рамка која е содржана во Конвенцијата за заштита на правата на децата, но и врз националната законска и политичка рамка. Во Националниот развоен план 2008 – 2013 година, зацртано е и донесувањето и имплементацијата на Стандардите за рано учење и развој кај малите деца од предучилишна возраст. Нашиот Закон за заштита на правата на децата го дефинира раниот детски развој како предучилишно образование кое не опфаќа само згрижување на децата, туку и мерки и активности за промоција на здравјето и унапредување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот и социјалниот развој.

Подоцна, во Националната програма за развој на образованието во Македонија 2005 – 2015 година е истакнато дека „раниот детски развој ќе претставува еден од приоритетите на Владата на Република Македонија, а помошта од граѓанскиот сектор во реализација на оваа цел ќе биде драгоцена“. Во овој документ, исто така е истакнато дека во моментот е забележан недоволен опфат на децата во процесот на предучилишно образование и забележано е пренесувањето на надлежностите од централно на локално ниво со цел да се подигне свеста на локалните власти за искористување на сопствените капацитети со цел локалната заедница да биде столб во реализирање на воспитно-образовниот процес кај децата на предучилишна возраст.

Мерењето на квалитетот на предучилишното образование е директно условено од Стандардите за рано учење и развој, но и од нивната имплементација.

Во овој документ, дадените стандарди можат да се применуваат секаде каде што се згрижуваат, воспитуваат и образуваат деца. Не мора тоа да биде само градинка или центар за ран детски развој, туку тие можат да се применуваат во семејството, во детските центри за рекреација, како и во разни неформални облици на згрижување и воспитување деца. Во овој дел, важно е да се спомене дека развојниот процес се одвива континуирано и преку сите домени, со што се идентификува холистичкиот пристап кој го содржи Програмата, а кој е исто важен за образованието за одржлив развој.

Процесот на изготвување на Стандардите за рано учење и развој бил започнат во 2006 година, а завршен во 2008 година. Значајно за истражувањето е да се потенцира дека во процесот на изготвување на овој документ биле вклучени и родителите и децата. Родителите имале партиципативна улога во тој процес, а децата биле вклучени преку методот на опсервирање. Овој документ во себе вклучува и водечки принципи и вредности во развојот на Стандардите за рано учење и развој кај децата. Тие принципи се следниве:

- На сите деца, без разлика на полот, етничката и религиозната припадност, социоекономските и културолошките разлики, како и различните здравствени и посебни потреби, треба да им се овозможи влез во образовниот систем.
- Сите деца можат да учат. Тие заслужуваат високи очекувања во нивните достигнувања во процесот на учење, а се во согласност со нивната возраст и социокултуролошките карактеристики.
- Децата најдобро учат преку игра. Во процесот на учењето, играта се прифаќа како инструмент за учење.
- Средината во којашто децата учат ја поттикнува љубопитноста и е во согласност со нивните физички и емотивни потреби со цел да се чувствуваат безбедно.
- Развојот на учењето кај децата е целосно условен од квалитетните воспитувачи кои се заинтересирани за сопствено континуирано професионално унапредување, развој и соработка со децата и нивните родители.

- Почитување на личноста и индивидуалните специфичности, потреби, интереси и можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни потреби, како и децата од сите социоекономски и етнички средини.
- Содржините на стандардите ги опфаќаат сите домени од развојот на детската личност, без фаворизирање на поединечни домени. Холистичкиот пристап во развојот на стандардите е основа за нивно подготвување, со оглед на тоа дека детето го осознава светот како целина.
- Заедничко делување на семејството и заедницата во поттикнување на развој на рано учење кај децата.
- Сите деца имаат потенцијал да постигнат најголем дел од очекуваните стандарди на одредена возраст, со соодветна поддршка, инструкции и стимулација на развојот на раното учење.

Покрај овие принципи, преку Стандардите за рано учење и развој е предвидено да се достигнат и вредности, како: независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, прифаќање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност, почит кон заедницата и државата во целост. Стандардите имаат за цел да помогнат децата да се развиваат холистички. Холистичкиот пристап исто така е поврзан со одржливиот развој и се содржи во делот за образование за одржлив развој. Холистичкиот пристап подразбира поттикнување на различни домени на развој, кои во овој случај се: физичко здравје и моторен развој, социоемоционален развој, развој на пристап кон учење, развој на јазикот, описменување и комуникација, когнитивен развој и стекнување на општи знаења, без да се фаворизира еден од овие домени. Стандардите во овој документ се дефинираат како „изјава за нашите очекувања што децата треба да знаат и умеат да направат во текот на нивниот развој на одредена возраст“, Со нив се опфатени генералните вештини, однесувања и концепти кои децата ги развиваат во рамките на секој развоен домен.

При анализата на Стандардите за рано учење и развој, би се задржала на активностите кои се посочени во овој документ, а кои се во исто време поврзани со темата за одржлив развој. Освен активностите, документот ги содржи и индикаторите кои се секогаш поврзани со стандардите, а претставуваат мерливи манифестации на она што детето го прави.

### 3.1. Анализа на доменот Здравје и моторен развој

Во овој домен постојат четири субдомени кои придонесуваат за негување на здравјето кај децата и развивање на моторичките вештини. Вредностите кои се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години во овој домен се: физичка компетентност и добра физичка кондиција, која обезбедува висок степен на подготвеност за одење во училиште и активно учество во процесот на учење; активно учество на децата во животната околина која ги опкружува и способност за примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности.

**I Субдомен – Груб моторен развој**
**Стандард 1: Детето може да ја одржува рамнотежата на телото.**
**Стандард 2: Детето може да ги контролира деловите од телото.**

**Стандард 3: Детето може да се движи координирано, со цел.**
**Стандард 4: Детето е свесно за своето тело во однос на постоењето на други подвижни и неподвижни објекти.**

**II Субдомен – Фин моторен развој**
**Стандард 1: Детето може да воспостави контрола на движењата на дланките и прстите.**
**Стандард 2: Детето може да ракува со играчки и разни предмети за општа употреба.**

**III Субдомен – Здраво и безбедно однесување**
**Стандард 1: Детето презема активности поврзани со личната нега и хигиена.**
**Стандард 2: Детето може да препознае штетни и опасни ситуации.**

**IV Субдомен – Сензомоторен развој**
**Стандард 1: Детето може да ги користи своите сетила (вид, слух, допир, мирис, вкус) за регулирање на телото.**

Во првиот дел за **Здравје и моторен развој**, постојат вкупно девет стандарди кои треба да се достигнат. Во однос на првите четири, кои се дел од субдоменот *Груб моторен развој*, активности кои се поврзани со одржливиот развој во развојниот период до шест години се следниве:

**Стандард 1: Груб моторен развој – Детето може да ја одржува рамнотежата на телото**
- Вклучете го детето во натпреварувачки игри во трчање.
- Обезбедете услови за комплексна физичка активност со трчање, одење, скокање, качување.
- Охрабрете го детето да прескокнува ниска препрека со едната нога (нацртајте линија и поттикнете го детето да ја прескокне со едната нога или да прескокне некоја мала препрека: вир со вода, камен...).
- Обезбедете му на детето безбеден простор за да може да ги практикува овие движења.
- Организирајте разни натпревари во скокање и трчање во надворешен простор.
- Поттикнете го детето да оди по работ на тротоарот. Ако има потреба, придржувајте го на почетокот.
- Вклучете го детето во игра која се состои од шутирање топка кон препрека (ѕид) или кон друго дете.
- Обезбедете греда или импровизирајте од мали столчиња (наредете ги во низа) и поттикнете го детето да оди по нив нанапред или со странично чекорење.
- Овозможете му на детето подолг престој во надворешна средина (во природа или на спортски игралишта) и поттикнете го да тренира одредени индивидуални или групни спортови.

**Стандард 2: Груб моторен развој – Детето може да ги контролира деловите од телото**
- Организирајте натпревар во скокање со споени стапала (врзани стапала), во двор или во некоја друга поголема просторија.
- Поставете го детето на велосипед и поттикнете го да ги придвижи педалите.
- Организирајте игри во дворот со шутирање и фаќање топка или други предмети за додавање.

- Овозможете му на детето да престојува во простории или игралишта каде што има изобилство на направи или во природа каде што може да користи природни елементи за оваа активност (дрва, планина, качување на стрмни карпи...).
- Овозможете простор или носете го детето на игралиште каде што може рекреативно да спортува конкретни спортови.
- Спортувајте со детето заедно, како партнери, или како дел од спортски тим.

**Стандард 3: Груб моторен развој – Детето може да се движи координирано, со цел**

- При шетање на отворен простор, дајте му инструкции на детето да го следи вашето темпо на одење.
- Замолете го детето да имитира одење или танцување на некоја позната личност или да имитира животно.
- Организирајте натпреварувачка игра со носење кутии во рацете.

**Стандард 4: Груб моторен развој – Детето е свесно за своето тело, во однос на постоење на други подвижни и неподвижни објекти**

- Поставете некоја пречка во собата или во дворот и поттикнете го детето да оди брзо кон пречката и да ја заобиколи без да се удри во неа.
- Наредете столици (или некои други предмети) во низа на растојание и поттикнете го детето да дојде до крајот на низата со заобиколување на столицата, во цикцак линија.
- Овозможете му да детето да престојува во отворен простор погоден за физички активности (трчање, брзо одење...).
- Следете го детето при шетање на отворен простор и поттикнете го да се разминува со останатите пешаци.
- Поттикнете го детето да трча околу некое дрво или некој друг предмет, без да го допре.

Во вториот субдомен, поврзан со **Фин моторен развој**, постојат два стандарди кои треба да се исполнат. Во однос на овие стандарди, ги забележувам само оние активности во развојниот период до шест години кои се поврзани со темата за одржлив развој.

**Стандард 1: Фин моторен развој – Детето може да воспостави контрола на движењата на дланките и прстите**

- Овозможете му на детето пристап до сликовници (книги, весници) со тенки листови и поттикнете го да ги прелистува страниците една по една.
- Охрабрете го детето да ја исече хартијата по зададената линија.

**Стандард 2: Фин моторен развој – Детето може да ракува со играчки и разни предмети за општа употреба**

- Охрабрете го детето да ги собере истурените јаболка во поголема чинија (тенџере).
- Поттикнете го детето да ја отвори чешмата, да наполни сад со вода и да ја затвори чешмата.
- Дозволете му на детето да одвртува и да завртува капачиња од шишиња.
- Поттикнете го детето да учествува во подготовката на оброкот, како: нанесување путер или мармалад на леб, ставање млеко, сок или вода.
- Поттикнете го детето на активности со претурање на течности од еден во друг сад.
- Охрабрете го детето активно да учествува во подготовките на оброците или во

активности поврзани со ракување со секојдневни предмети и садови.

Во третиот субдомен поврзан со **Здраво и безбедно однесување**, постојат два стандарди кои треба да се достигнат од страна на децата; децата треба да преземаат активности за лична нега и хигиена и да препознаат штетни и опасни ситуации. Во однос на овие две, би ги издвоила следниве активности:

**Стандард 1: Здраво и безбедно однесување – Детето презема активности поврзани со лична нега и хигиена**

- За време на бањањето, дозволете му на бебето да игра во водата.
- При настинки, кивавици и кашлање, поттикнете го детето да користи марамче за да го избрише носот и потоа да го фрли на соодветно место.
- Поттикнете го детето самостојно да користи тоалет.

**Стандард 2: Здраво и безбедно однесување – Детето може да препознае штетни и опасни ситуации**

- Објаснете му го на детето значењето на боите на семафорот и практикувајте го тоа при секое поминување на улица.
- При поминување на улица, дајте му инструкција на детето да погледне во двата правца на улицата и безбедно да ја помине.

И на крај, во делот за субдоменот *Сензомоторен развој*, би ги издвоила активностите кои се дел од првиот стандард. Тие се:

**Стандард 1: Сензомоторен развој – Детето може да ги користи своите сетила (вид, слух, допир, мирис, вкус) за регулирање на движењето**

- Овозможете му на детето да има пристап до разни материјали и играчки за градење кули, сложувалки, тесто, пластелин, хартија и прибор за цртање, боенки.
- Дајте му на детето два сада со разна големина, наполнети со вода и поттикнете го да ја претура водата со помала чаша од еден во друг сад.

### 3.2. Анализа на доменот Социоемоционален развој

Во однос на делот за **Социоемоционален развој**, одредени се два субдомени, *Социјален развој* и *Емоционален развој*. И во овој домен постојат одредени клучни вредности кои се очекуваат од децата на возраст од 0 до 6 години. Тие ги вклучуваат:

- Градење на позитивна слика за себе.
- Самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците.
- Способност за разбирање на сопствените емоции.
- Контрола на сопствените чувства.
- Позитивна емоционална состојба.
- Респект и одговорност кон сличностите и различностите во заедницата.

Во однос на доменот **Социоемоционален развој** се издвојуваат два субдомена со следниве стандарди:

**I Субдомен – Социјален развој**

**Стандард 1: Детето може да прави разлика помеѓу познати и непознати возрасни лица.**
**Стандард 2: Детето може да развие социјални вештини во интеракција со други деца.**
**Стандард 3: Детето може да развие социјални вештини во интеракција со возрасни.**
**Стандард 4: Детето може да ги забележи и да ги почитува сличностите и разликите кај луѓето.**

**II Субдомен – Емоционален развој**
**Стандард 1: Детето го развива поимот за себе.**
**Стандард 2: Детето може да ги препознае и соодветно да ги изразува своите емоции.**
**Стандард 3: Детето се гордее со своите постигнувања и верува во своите способности.**
**Стандард 4: Детето може да ги контролира сопствените чувства.**

Во однос на стандардите во првиот субдомен *Социјален развој,* би ги истакнала активностите во развојниот период до шест години кои се поврзани со одржливиот развој:

**Стандард 1: Социјален развој – Детето може да прави разлика помеѓу познати и непознати возрасни лица**
- Детето со леснотија контактира со познати лица од околината (соседи, сопствениот лекар, домашни пријатели и роднина).

**Стандард 2: Социјален развој – Детето може да развива социјални вештини во интеракција со други деца**
- Овозможете му на детето почесто да си игра со други деца.
- Детето има другарчиња на повеќе места (во градинка, во школо, кај баба, пред зграда...) – индикатор.
- Овозможете му на детето да биде дел од групна активност со врсници.

**Стандард 3: Социјален развој – Детето може да развива социјални вештини во интеракција со возрасни**
- Поддржете го детето во неговото настојување да игра некоја колективна игра со вас (карти, домино, не лути се човеку...).
- Овозможете му на детето низ игра да партиципира во одредени активности, како: полевање цвеќиња, бришење прашина и др.
- Детето бара помош од возрасни во заедницата или соседството – индикатор.
- Охрабрете го детето и учете го да прашува други возрасни кога му е потребна некоја информација или помош.

**Стандард 4: Социјален развој – Детето може да ги забележи и да ги почитува сличностите и разликите кај луѓето**
- Овозможете им на децата контакт и можност за игра со деца со посебни потреби и деца од друга културна и етничка средина.
- Овозможете им на децата средина со мултикултурни предмети, книги, песни и јазик.
- Помогнете му на детето да учествува во игри, како што се маскенбали или други драмски претставли со преправање.
- Прославувајте ги сите празници и случувања на децата во групата. Овозможете им да се запознаат повеќе и да научат нешто ново за нивниот социјален, културен и етнички

идентитет.

Во вториот субдомен *Емоционален развој*, би го споменала Стандардот 1 кој е поврзан со развивање на поимот за себе. И во овој субдомен е забележлива активноста која говори за поттикнување на детето само да се подготви пред да замине на прошетка. Во однос на третиот стандард, би ги издвоила следниве активности:

**Стандард 3: Емоционален развој – Детето се гордее со своите постигнувања и верува во своите способности**

- Вклучувајте го детето во секојдневните активности и постојано бодрете го и фалете ги неговите постигнувања.
- Поддржете ги децата кога сакаат да испробаат нешто ново.

### 3.3. Анализа на доменот Пристап кон учење

За да се развиваат иницијативноста, љубопитноста и интересот кај децата, треба да се создаде позитивен амбиент за учење, бидејќи токму тоа ги стимулира децата да истражуваат, да решаваат проблеми, да покажуваат висок степен на иницијативност, да се поттикнува нивната љубопитност и да се охрабруваат да поставуваат прашања. Пристапот кон учењето се однесува на навиките, диспозициите и стиловите на учење, кои укажуваат на различните начини на кои детето секојдневно се внесува во процесот на учење. Но, детскиот пристап кон учењето се однесува и на мотивацијата, однесувањето и когнитивните стилови коишто децата ги демонстрираат кога учат нешто ново. Во овој дел постојат клучни вредности кои треба да се развиваат до шестгодишна возраст. Тие се:

- Љубопитност и интерес.
- Иницијативност.
- Упорност и посветеност.
- Креативност и инвентивност.
- рефлексија и интерпретација.

Развојниот процес во рамките на овој домен се одвива во два субдомени:

- *Љубопитност и иницијативност.*
- *Креативност и истрајност.*

**I Субдомен**
**Стандард 1: Детето може да научи нови работи и да стекне нови искуства.**
**Стандард 2: Детето може да преземе иницијатива.**

**II Субдомен**
**Стандард 1: Детето покажува истрајност во преземените активности.**
**Стандард 2: Детето може да ја користи својата креативност во секојдневните активности.**
**Стандард 3: Детето може да учи на различни начини од сопствените искуства.**

Во однос на првиот субдомен *Љубопитност и иницијативност*, во првиот стандард ги издвојувам следниве активности:

**Стандард 1: Љубопитност и иницијативност – Детето може да научи нови работи и да**

**стекне нови искуства**

- Играјте си со децата употребувајќи нови предмети со различна боја, форма и големина.
- Овозможете им на посрамежливите деца да бидат љубопитни. Поттикнете ги да поставуваат прашања.
- Читајте му на детето книги со коишто го запознавате со различни места и култури.
- Менувајте ја честопати средината во која се движи детето со нови содржини (играчки, предмети) за да ја поттикнете неговата љубопитност.
- Овозможете му на детето да си развие сопствен интерес. Почитувајте го неговиот избор.

**Стандард 2: Љубопитност и иницијативност – Детето може да презема иницијатива**

- Овозможете му доволно простор и време на детето за да избере активност.
- Планирајте активности во соработка со детето.
- Овозможете му на детето многу можности за игра, самостојно и со други деца.
- Овозможете му на детето креативна средина за игри и активности, во кои ќе може слободно да ги изразува сопствените иницијативи.
- Поддржете го детето во просоцијални активности и укажете му на позитивните ефекти од дружењето.
- Овозможете му на детето да дизајнира и самостојно да организира активности и игри.

Во вториот субдомен *Креативност и истрајност*, постојат три стандарди кои треба да се постигнат. Во однос на сите три, ги издвојувам активностите кои се поврзани со темата за одржлив развој, а кои можат да се имплементираат преку градинката/центарот за ран детски развој до шестгодишна возраст.

**Стандард 1: Креативност и истрајност – Детето покажува истрајност во преземените активности**

- Овозможете му на детето да истрае во активноста (редење коцки). Не го деконцентрирајте со други работи (исклучете го телевизорот).
- Поддржете го детето во неговите настојувања и пофалете го за успешно завршената работа.
- Поттикнете го детето во неговата упорност (на пример, оваа недела ќе му даваш вода на мачето) – индикатор.
- Детето настојува успешно да ја заврши активноста, си поставува цели, го следи поставениот план со помош на возрасен (секојдневно го полева цветчето, секојдневно го храни домашното милениче...).

**Стандард 2: Креативност и истрајност – Детето може да ја користи својата креативност во секојдневните активности**

- Дозволете му на детето да ги користи и да ги комбинира играчките и материјалите од секојдневниот живот.
- Придружете му се на детето во симболичката и драмската игра, запознајте го со различни луѓе, култури и места.

**Стандард 3: Креативности и истрајност – Детето може да учи на различни начини од сопствените искуства**

- Разговарајте со детето и дозволете му да ги сподели со вас сопствените мисли и идеи за светот што го опкружува.
- Поттикнете го детето да ги препознава последиците од своето однесување.

### 3.4. Анализа на доменот Јазик, комуникација и развој на писменост

Во овој домен, исто така постојат клучни вредности со кои треба да се стекнат децата до шестгодишна возраст. Тие се:

- Способност за слушање и разбирање на говорниот јазик.
- Правилно зборување и елоквенција.
- Комуникациски вештини.
- Интерес кон читање книги.
- Развој на способност за писмено изразување.
- Развој на чувство за постоење на културна и јазична различност.

Овој домен се состои од три субдомени кои се дефинираат според следните стандарди:

**I Субдомен – Комуникација**
**Стандард 1: Детето може да слуша и да разбира говорен јазик.**
**Стандард 2: Детето може да зборува и да комуницира.**
**Стандард 3: Детето може да го збогати својот речник и да покаже напредок во правилниот говор.**

**II Субдомен – Читање**
**Стандард 1: Детето покажува интерес кон печатени материјали.**
**Стандард 2: Детето може да препознае пишани симболи и букви.**

**III Субдомен – Пишување**
**Стандард 1: Детето може да се вклучи во активности поврзани со пишување.**
**Стандард 2: Детето ги искажува своите идеи преку пишани симболи и букви.**

Во однос на **Стандардот 1: Комуникација – Детето може да слуша и да разбира говорен јазик,** се забележува следнава активност:

- Поттикнете го детето да ви покаже одредени предмети во околината (каде е масата, каде е играчката, каде е мачето, дрвото итн.).

**Стандард 2: Комуникација – Детето може да зборува и да комуницира**

- Покажете му на детето некој предмет од околината и поттикнете го да го именува и да ја продолжи реченицата.
- Иницирајте игра во која ќе го поттикнете детето да одговара на прашања.
- Охрабрете ја дискусијата помеѓу децата во групата – индикатор.
- Детето разговара со свои врсници за некоја случка (како си поминало на роденден, на прошетка, на распуст...).
- Поттикнете го детето да раскажува по сеќавање (како си поминало на роденден...).

**Стандард 3: Комуникација – Детето може да го збогати својот речник и да покаже напредок во правилниот говор**

- Поттикнете го детето да ги објаснува предметите или лицата коишто се во неговата околина (каква е бабата, какво е цвеќето...).
- Разговарајте со детето за постоење на различни јазици во локалната заедница и пошироко.

Во однос на вториот субдомен *Основи за читање*, во двата стандарди се воочливи следниве активности:

**Стандард 1: Основи за читање – Детето покажува интерес кон печатени материјали**

- Подадете му на детето лист од хартија и внимателно набљудувајте како манипулира со него.
- Понудете му на детето да разгледува разни илустрирани книги, списанија, етикети на храна.
- Поттикнете го детето да препознае некој печатен симбол (лого на омилено чоколадо, омилена играчка...).
- Поттикнете ја оваа активност кај детето и потсетувајте го почесто да им „чита“ на своите кукли или омилени играчки животни.
- Охрабрете го детето да ви ја донесе книгата во која има слики и пишува за нешто што него го интересира (за некои животни, омилени приказни, мориња, реки итн.).

**Стандард 2: Основи за читање – Детето може да препознае пишани симболи и букви**

- Поттикнете го детето да го избере омилениот предмет со препознавање на симболот или амбалажата.
- Читајте му често на детето и повремено прашувајте го да покаже одредени слики.

Во субдоменот *Основи на пишување*, во развојниот период до шест години, низ двата стандарди се забележуваат следниве активности кои се поврзуваат со одржливиот развој:

**Стандард 1: Основи на пишување – Детето може да се вклучи во активности поврзани со пишување**

- Обезбедете му на детето разни алатки за пишување и големи листови хартија поставени на хоризонтални и вертикални површини.
- Поттикнете го детето да ви нацрта круг на рамна земјена или песочна површина со некое зашилено гранче.
- Обезбедете му на детето доволно хартија, табаци и алатки за пишување и цртање и поттикнете го да пишува.

**Стандард 2: Основи на пишување – Детето ги искажува своите идеи преку пишани симболи и букви**

- Поттикнете го детето да го нацрта мачето, кучето, бабата, дедото или некоја друга драга личност или, пак, некој познат предмет. Ако е потребно, помогнете му и пофалете го колку добро го нацртал цртежот.

## 3.5. Анализа на доменот Когнитивен развој и стекнување на општи знаења

Когнитивниот развој кај децата се однесува на зголемување на нивните интелектуални и ментални способности. Тој во себе вклучува неколку сегменти, како што се: препознавање, обработка, организација и соодветна употреба на дадената информација. Во овој домен

постојат клучни вредности кои треба да се постигнат:

- Способност на децата да размислуваат.
- Способност за стекнување и користење на нови информации.
- Способност за активно решавање на проблемите, во зависност од нивниот развоен стадиум.
- Способност за критичко размислување.

Во овој домен се набројуваат точно четири субдомени, а тие се:

**I Субдомен – Логика и размислување**
**Стандард 1: Детето демонстрира способност да истражува и да открива.**

**II Субдомен – Математика и броеви**
**Стандард 1: Детето демонстрира знаење за количина, бројки и броење.**
**Стандард 2: Детето демонстрира способност за класификација и серијација.**

**III Субдомен – Наука**
**Стандард 1: Детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација.**
**Стандард 2: Детето ги набљудува и ги опишува карактеристиките на живиот свет (растенија и животни).**
**Стандард 3: Детето ги набљудува и ги опишува карактеристиките на неживата природа.**
**Стандард 4: Детето осознава за човекот како живо и општествено суштество.**

**IV Субдомен – Уметност**
**Стандард 1: Детето демонстрира способност да разликува различни звуци/гласови.**
**Стандард 2: Детето демонстрира интерес за учество во музички активности.**
**Стандард 3: Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност.**

Во однос на првиот субдомен *Логика и размислување,* низ стандардите предвидени за децата, можат да се забележат следниве активности:

**Стандард 1: Логика и размислување – Детето е способно да истражува и да открива нови работи**

- Дозволете му на детето да отвора и да затвора фиоки и плакари и поттикнете го да ви каже зошто го прави тоа.
- Овозможете му на детето да игра со песок, земја и помогнете му да направи кал.
- Објаснете му дека земјата и/или песокот се омекнуваат со водата и може да се прават фигури.
- Овозможете му на детето пристап до безбедни предмети за домашна употреба.
- Поттикнете го да открие како и зошто се употребуваат.
- Овозможете му пристап до механички играчки и предмети коишто се расклопуваат и повторно се склопуваат.
- Поттикнете го детето да ги забележува промените и новонастанатите состојби во околината и разговарајте за тоа.
- Овозможете му на детето да истражува со предметите и да ги забележува ефектите (на

пример: светло – темно, гласно – тивко).

- Овозможете пристап до разни играчки или предмети за општа употреба. Детето ќе истражува на кој принцип работат и зошто се користат.
- Дадете му магнет на детето и неколку метални копчиња, поттикнете го да го користи магнетот и со други метални предмети.

Во однос на вториот субдомен *Математика и броеви*, постојат неколку стандарди кои треба да се постигнат во развојниот период, а тие се постигнуваат преку следниве активности:

**Стандард 1: Математика и броеви – Детето демонстрира знаење за количина, бројки и броење**

- Прашајте го детето колку јаболка се потребни за него и неговото другарче.
- Овозможете му на детето за време на оброците да учествува во активности кои се поврзани со мерење и броење (преку активности покажете му на детето дека броевите одредуваат одредена мерка или количина).
- Поттикнете го детето да ги користи броевите во секојдневната комуникација и разговарајте со него каде се користат бројките.
- Дајте му на детето коцки или други предмети (камчиња) и нацртајте на лист хартија броеви од 1 до 10. Поттикнете го детето да изброи 6 предмети и да ги стави до бројот 6.

**Стандард 2: Математика и броеви – Детето демонстрира способност за класификација и серијација**

- Поттикнете го детето да ги стави предметите во соодветно обоените картонски кутии.
- Разгледувајте заеднички слики и фотографии на кои се прикажани различни активности коишто се случуваат наутро, напладне и навечер.
- Дајте му на детето две чаши со разна големина, свртете ги со дното нагоре и поттикнете го да ја покрие помалата чаша со поголемата.
- Овозможете му на детето да ги набљудува објектите горе, долу и околу нив (мебел, играчки, опрема, дрвја и сл.), а потоа поттикнете го да ги наброи сите предмети што ги гледа, а се наоѓаат над него, потоа оние кои се под него, оние кои се пред него, потоа оние кои се зад него и, на крај, оние кои се далеку од него.
- Поттикнете го детето да ги оддели само оние копчиња кои имаат две дупки. Повторете ја активноста со копчиња со четири дупки.

Во субдоменот *Наука* постојат четири стандарди преку чии активности се постигнуваат зацртаните стандарди. Активностите кои се најмногу поврзани со темата за одржлив развој се следниве:

**Стандард 1: Наука – Детето стекнува информации за средината и опкружувањето, преку набљудување и манипулација**

- Поддржете го и поттикнете го детето да осознава преку примена на сите сетила.
- Поттикнете го детето да набљудува и да демонстрира поврзаност на предметите (помалото може да се смести во поголемото, за да се движи колата, треба да има тркала итн.).
- Поттикнете го детето да истражува нови предмети од неговата околина.
- Овозможете му и поттикнете го детето да користи разни алтернативни и други

предмети со цел да ја истражува околината.
- Овозможете му и поттикнете го детето да применува и да користи други предмети со цел да ја осознава и да ја истражува околината.
- Овозможете му на детето да набљудува разни експерименти, да извршува одредени елементарни безбедни експерименти, да ги опише и да ги препознае на слика.
- Поттикнете го детето да набљудува и да демонстрира поврзаност на предметите со природните феномени (кога врне дожд, употребуваме чадор итн.).
- Секогаш најдете време за разни активности во кои детето ќе може самостојно да истражува и да осознава (Индикатор – Детето идентификува, опишува и споредува предмети, појави и нивното значење [опишува разлика помеѓу вода и мраз, камен и земја...]).

**Стандард 2: Наука – Детето ги набљудува и ги опишува карактеристиките на живиот свет (растенија и животни)**

- Овозможете му на детето да набљудува разни растенија и животни (играчки или живи).
- Овозможете му на детето пристап до аквариум и поттикнете го да ги гледа рибите.
- Поттикнете го детето да имитира звуци на животни кои ги гледа во негова близина или на животни од сликовници.
- Поттикнете го детето да набљудува и да разгледува одредено растение или животно.
- Поттикнете го детето да именува одредено растение и животно.
- Обезбедете пристап до книги и сликовници со растенија и животни и поттикнете го да ги опишува.
- Овозможете му на детето да набљудува растенија и животни во разни годишни времиња и при хранење (полевање со вода, пиење вода, хранење животни итн.).
- Поддржете го и поттикнете го детето да осознава преку набљудување и примена на сите сетила.
- Овозможете му на детето да учествува во активности за грижа на растенијата и животните (полевање на цвеќињата, грижа за домашното милениче итн.).
- Поттикнете го детето да зборува за корист од витамините коишто ги има во овошјето и во зеленчукот или за улогата на некои домашни животни (коњ, крава...) во исхраната на човекот.
- Вклучете го детето во активности, како: сеење, полевање растенија и хранење животни.
- Овозможете му на детето да допира и да мириса растенија и цвеќиња во неговата околина.
- Подадете му на детето поголем лист од некое дрво или плод и поттикнете го да го испитува преку превртување во рацете, гмечење, цедење...
- Разгледувајте заедно со детето слики од разни животни, растенија и нежива природа и поттикнете го детето да ги одвои едните од другите.
- Разговарајте и понудете информации за фактори кои позитивно и негативно влијаат врз живиот свет; вклучете го во еколошки активности.
- Водете го детето на прошетки во природа и поттикнете ја неговата љубопитност; разговарајте за разни животни.
- Дозволете му на детето да разговара со луѓето кои имале разни искуства (некои растенија се опасни – имаат боцки, змијата е отровна...).

**Стандард 3: Наука – Детето ги набљудува и ги опишува карактеристиките на неживата природа**

- Овозможете му на детето да набљудува разни појави (сонце, дожд итн.); носете го детето надвор.
- Овозможете му на детето подолго да се бања и поттикнете го да си игра со водата.
- Овозможете му на детето катче во дворот со песок, додајте му вода и поттикнете го да го измеша песокот со водата.
- Овозможете му на детето прошетка додека врне снег.
- Престојувајте со детето во надворешна средина и кога врне дожд.
- Овозможете му на детето да набљудува и да именува разни својства на природните материи и предмети: камен, песок, вода, воздух.
- Овозможете му на детето активности и игри во кои се користат природни материјали (вода, песок, кал, камен, дрво).
- Поттикнете го детето да раскажува приказни, настани, случки во врска со годишните времиња.
- Водете го детето на прошетки со цел да набљудува.
- Овозможете му на детето да разгледува разни сликовници, слики, филмови итн.
- Разговарајте со детето за водените пространства и поттикнете го детето да ви каже некои разлики помеѓу река и езеро.
- Поттикнете го детето да разговара за водата и зошто таа замрзнува или се топи.
- Поттикнете го детето да разговара за својствата на одредени материи (стаклото се крши, дрвото лесно се запалува, гумата се витка...).

**Стандард 4: Наука – Детето го осознава човекот како живо и општествено суштество**

- Поттикнете го детето да ја именува активноста на лицата коишто се во негова близина.
- Овозможете му на детето да разгледува разни сликовници, слики, филмови..., со теми од градбата на човечкото тело.
- Поттикнете го детето да осознава и да зборува за разликата помеѓу луѓето и животните (луѓето зборуваат, читаат, прават предмети, цртаат...).

Во овој субдомен поврзан со *Уметноста* постојат три стандарди кои треба да се постигнат од страна на децата до шестгодишна возраст, а тие стандарди можат да се постигнат преку следниве активности:

**Стандард 1: Уметност – Детето може да разликува различни звуци и гласови**

- Организирајте активности и игри во кои детето ќе именува и ќе имитира звуци на движење на автомобил.

**Стандард 2: Уметност – Детето покажува интерес за учество во музички активности**

- Овозможете му на детето да игра со различни тропалки, да произведува звуци со плескање на рацете и нозете и истовремено да пее.
- Направете атмосфера во која на децата ќе им пуштите музика, а тие ќе пеат.
- Организирајте активности и игри во кои ќе се пее.
- Дозволете му на детето да слуша музика и поттикнете го само да ракува со предмети што произведуваат музика (радио, ТВ, музички инструмент, касетофон).
- Обезбедете му на детето пристап до разни музички инструменти, вклучувајќи и

нетрадиционални музички предмети кои сам ги креира и охрабрете го да ги користи за продукција на разни звуци (дрвени шупливи предмети, разни ударни предмети...).

**Стандард 3: Уметност – Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност**

- Дајте му на детето безбедни ликовни материјали (моливи, креди, табла за цртање).
- Овозможете му на детето да црта на песок или на земја како подлога.
- Овозможете му пристап до ликовен материјал и дајте му инструкции за да нацрта одредена тема.
- Овозможете им на децата различен материјал за цртање.
- Овозможете им на децата различен ликовен материјал за изработка на предмети (хартија, пластелин, тесто, дрво, лепило...).

## 4. Анализа на Агенда 21

За целите на ова истражување, се анализираше и документот Агенда 21. Агенда 21 е необврзувачки доброволен акциски план на Обединетите нации насочен кон одржлива енергија, производ на конференцијата за околина и развој – УНЦЕД (UNCED), одржана во Рио де Жанеиро, во Бразил, 1992 година. Овој документ претставува акциона агенда за ОН, други мултилатерални организации и самостојни влади низ светот, која може да се изведе на локално, национално и глобално ниво. Во Агенда 21 е нагласено дека преку едукација за екологијата и природата, луѓето стекнуваат разбирање како нивните индивидуални дејствија влијаат врз околината, но стекнуваат и вештини со кои можат подоцна да решаваат проблеми и да изнаоѓаат решенија базирани на факти. Поглавјето 36 од Агендата е насочено кон промовирање едукација, јавна свест и обука. Поточно, деловите кои се опишани во поглавјето се следниве:

а) Преориентација на едукацијата кон одржлив развој.

б) Подигање на јавната свест.

в) Промовирање обуки.

### 4.1. Преориентација на едукацијата кон одржлив развој

Секој од овие делови во себе ги содржи основите за делување, целите, активностите и начините на имплементација преку кои се разработуваат споменатите делови. Така, во делот за преориентација на едукацијата кон одржлив развој, значително внимание се дава на внесување теми за одржлив развој преку основното образование и еколошката едукација. Под 36.3. стои дека основното образование обезбедува основа за еколошка и развојна едукација, но и еколошката едукација треба да биде вклучена како основен дел од учењето. Понатаму, исто така се истакнува дека и формалното и неформалното образование се неопходни за промена на ставовите на луѓето, но и за постигнување на еколошка и етичка свест, вредности, вештини кои се поврзани со одржливиот развој. Ова, всушност, ја претставува основата за делување за преориентација на едукацијата кон одржлив развој.

Во делот кој ги содржи целите за преориентација на едукацијата кон одржлив развој, целите се поврзани со обезбедување пристап до образование за барем 80 проценти девојчиња и 80 проценти момчиња преку формално или неформално образование, подигање на еколошката и развојната свест во сите сектори на општеството, пристап до еколошка, развојна и социјална едукација од основна школска возраст, па сè до зрелост за сите групи луѓе и промовирање на интеграцијата на еколошки и развојни концепти во сите образовни програми, а воедно и анализа на причините за големите еколошки и развојни проблеми во локален контекст.

Во делот кој ги предлага активностите кои можат да доведат до преориентација на едукацијата кон одржлив развој се споменува дека сите држави треба да се зафатат со подготовка на национални стратегии и планови за акција; подобрување или подготвување на нови стратегии кои во себе ќе го содржат мултидисциплинарниот пристап; воспоставување на национални советодавни тела за еколошка едукација или поставување претставници преку кои ќе се помогне во мобилизирањето ресурси и обезбедувањето извор на информации и воспоставување на меѓународни врски; обезбедување на обучувачка програма за сите учители, администратори, практичари, формални и неформални едукатори, насочувајќи се кон природата и еколошката и развојната едукација; обезбедување помош за сите училишта за спроведување активности поврзани со екологијата од страна на

надлежните органи, вклучувајќи ги и учениците и управата; промовирање на докажани наставни методи или други иновативни методи; преглед на образовните програми; размена на информации кои промовираат еколошка едукација и соработка на државите за изготвување на образовни алатки; обезбедување поддршка на универзитетски и терцијарни активности и надградување на постоечките регионални мрежи кои промовираат истражувања и учат за наставни пристапи за одржлив развој; поставување на нови или зајакнување на постоечките центри на одличност кои промовираат здружени истражувања; споделување информации и проширување; обезбедување поддршка за образовни активности на локално, регионално и национално ниво преку соработка; промовирање на образованието за возрасни и вклучување на теми за околината и развојот во наставните планови; вклучување на жените и зголемување на нивните можности за стекнување знаења во нетрадиционалните насоки; потврда на правата на локалното население; предложување и образложување на одлуки во различни форми и нивна трајна имплементација.

И на крај, во делот кој ги содржи начините на имплементација на активностите под 36.7., споменати се мерките кои се поврзани со давање на повисок приоритет на тие сектори во буџетските прераспределби, штитејќи ги од барањата за структурно намалување, менување на распределбите во рамките на постоечките буџети за образование во корист на основното образование, промовирање услови каде што поголемиот дел од трошоците ќе ги сноси локалната заедница, стекнување на дополнителни финансии од приватни донатори, поттикнување смена на долгови за образование, зголемување на текот на финансии од и кон невладините организации, промовирање на постоечките капацитети, како, на пример: повеќе смени во училиштата, поцелосен развој на отворените универзитети и друга настава од далечина, промовирање на евтини или бесплатни масмедиуми за целите на образованието и поттикнување на соработка помеѓу развиени универзитети и универзитети во развој.

## 4.2. Подигање на јавната свест

Под 36.8. е дадена основата за делување при подигање на јавната свест за одржлив развој. Се вели дека „постои значителен недостаток на свесност за поврзаноста на човечките активности и околината заради немање на доволно информации“. Поради тоа, постои потреба да се зголеми јавната свесност за проблемите на околината и за вклучување на луѓето во нивно решавање, прифаќајќи чувство на лична одговорност за околината и посветеност на одржливиот развој.

Под 36.9. е истакната целта која треба да се исполни преку подигање на јавната свест. Таа цел е следнава:

36.9. Целта е да се промовира јавната свест како витален дел од глобалниот едукациски напор за зајакнување на ставовите, вредностите и дејствата кои се соодветни за одржливиот развој. Важно е да се истакне принципот на пренесување на овластувања, одговорност и ресурси на најсоодветно ниво, со предност дадена на локалната одговорност и контрола врз активностите за градење и подигање на свеста.

Во делот кој ги вклучува активностите преку кои се планира да се подигне свеста за одржливиот развој се вбројуваат оние кои се поврзани со зајакнување на постоечките советодавни тела и воспоставување на нови за јавно информирање и координирање на активностите со ОН, невладините организации и поважните медиуми, подобрување на опсегот во текот на проценката на своите активности од страна на системот на ОН,

поттикнување на јавни сервиси за информирање за овие теми од страна на државите и регионалните организации, подигање на свесност преку едукативни материјали, активно учествување преку иницирање дискусии за да се поттикне активно јавно учество, воспоставување начини за користење на модерните технологии за комуникација преку соработка на земјите со научната заедница, промовирање на еколошки одговорни центри за рекреација и туристички активности, поттикнување на невладините организации за нивна вклученост во решавањето на еколошките и развојните предизвици, вклучување на локалното население во менаџирањето, планирањето и развојот на нивната локална заедница, изготвување на помошни програми за вклучување на младите и децата во проблемите со кои се соочува природата од страна на УНИЦЕФ, УНЕСКО и УНДП, поттикнување на мобилизација на мажи и жени во кампањите за подигање на јавната свест и подигање на јавната свест за влијанието на насилството во општеството.

### 4.3. Промовирање обуки

Во делот кој ја објаснува основата за делување за да се промовираат обуки за одржлив развој, споменато е дека обуката претставува алатка за развивање на човечките ресурси, при што би се олеснила транзицијата кон поодржлив свет. Преку обуката, би можело да се пополнат празнините во знаењето и вештините, но и да се поттикне свесноста за еколошките и развојните предизвици како двонасочен процес. Под 36.13., дадени се целите кои треба да се постигнат при промовирање и поттикнување на обучувачките програми. Тие се:

а) Да се воспостават или да се зајакнат програми за стручна обука, кои ги задоволуваат потребите на животната средина и развојот со обезбеден пристап до можности за обука, без оглед на социјалниот статус, возраста, полот, расата или религијата.

б) Да се промовира флексибилна и приспособлива работна сила од различни возрасти подготвена да одговори на растечките проблеми кои произлегуваат од животната средина и развојот и промените кои произлегуваат од транзицијата кон одржливо општество.

в) Да ги зајакне националните капацитети, особено во научното образование и обука, да им овозможи на владите, работодавачите и работниците да ги исполнат своите цели за животната средина и развојот и да го олеснат трансферот и асимилацијата на нова, еколошки здрава, општествено прифатлива и соодветна технологија и практично знаење.

г) Да се осигура дека еколошките и човечките еколошки сфаќања се интегрирани на сите менаџерски нивоа и во сите функционални области на управување, како што се: маркетинг, производство и финансии.

Во делот кој ги содржи активностите за промовирање обука, објаснети се активности кои се поврзани со идентификување на потребите за обука на работната сила, развивање и разгледување на етичките кодекси и правци со цел да се зајакне поврзаноста со околината, вклучување на еколошки и развојни проблеми и предизвици во наставните планови, поттикнување на сите сектори на општеството да имаат еколошка менаџментска компонента во сите релевантни тренинг-активности, зајакнување или воспоставување програми за практична обука на дипломци од стручни школи, средни школи и универзитети, консултирање со луѓе во изолирани ситуации, разбирање на внатрешните врски помеѓу

добра околина и добри бизнис-практики, развивање услуги од локално тренирани индивидуи, способни да му обезбедат услуги на локалното население, подобрување на можностите за добивање пристап, анализа и ефективно користење на информациите и знаење за животната средина и развојот, зајакнување на обучувачката компонента во сите развојни проекти, олеснување на размена на искуства, развивање и имплементирање на стратегии за справување со национални, локални и регионални еколошки закани и појави и продолжување на обучувачките програми од страна на системот на ОН.

## 5. Анализа на Агенда 2030

Агенда 2030 претставува план за акција за луѓето, планетата и просперитетот. Исто така, овој план за акција има за цел да го зајакне и мирот во светот. Во овој план, искоренувањето на сиромаштијата во сите форми и димензии е најголем предизвик и неопходен предуслов за одржлив развој. 17-те цели за одржлив развој, заедно со 169 потцели, го покажуваат и опсегот и амбицијата на Агендата. Овие цели се засновани врз Милениумските развојни цели и треба да постигнат сè што досега не било постигнато. Интегрирани се и неразделиви и тие ги балансираат трите димензии на одржливиот развој, како што се: економската, социјалната и еколошката димензија. Овие цели и потцели потребно е да стимулираат акција во следните 15 години во подрачјата коишто се од огромно значење за човештвото и за светот:

- Луѓе.
- Планета.
- Просперитет.
- Мир.
- Партнерство.

Во однос на луѓето, во Агендата се посветува внимание на ставање крај на сиромаштијата и гладта, во сите форми и димензии, како и на целта луѓето да го постигнат својот потенцијал преку дигнитет и еднаквост во здрава средина. Во однос на планетата Земја, во преамбулата пишува „одлучни сме да ја заштитиме планетата од деградација, преку одржлива потрошувачка и побарувачка, менаџирајќи ги природните ресурси на одржлив начин и преземање на итна акција за климатските промени за да ги поддржи потребите на сегашните и идните генерации“. Во однос на просперитетот, одлучено е да им се овозможи на сите луѓе просперитетен живот, со тоа што економскиот, социјалниот и технолошкиот развој да бидат во хармонија со природата. Во однос на мирот, насоката е свртена кон поттикнување мирни, праведни и инклузивни општества, кои ќе бидат ослободени од страв и насилство. Не може да постои одржлив развој без мир и мир без одржлив развој. Во однос на партнерствата, планирано е да се мобилизираат средствата потребни за имплементација на Агендата преку глобално партнерство за одржлив развој, кое ќе се потпира врз јакнење на светската солидарност, свртено повеќе кон оние сиромашните и најранливите категории луѓе, со учество на сите држави, сите засегнати страни и сите жители.

Во воведниот дел на декларацијата, под реден број пет, се споменува дека Агендата е од навистина големо значење и нечуен делокруг. Прифатена е од сите држави и може да се примени во сите држави, земајќи ги предвид различната национална реалност, капацитети и нивоа на развој, како и почитувајќи ги националните политики и приоритети. Овие се универзални цели и потцели кои го вклучуваат сиот свет, развиените држави, но и земјите во развој.

Понатаму, под реден број шест стои дека овие цели и потцели се производ на двегодишни интензивни консултации и вклучување на граѓанското општество и другите засегнати страни низ светот, кои најмногу внимание им посветиле на најсиромашните и најранливите. Во делот кој е насловен; „Наша визија“, под реден број седум стои дека преку агендата е замислен свет со универзална писменост, свет во кој има правичен и универзален пристап до квалитетно образование на сите нивоа, сè до здравствена нега и социјална заштита, каде што физичката, когнитивната и социјалната добросостојба се осигурани.

Под реден број осум стои дека е замислен свет во кој ќе се почитуваат човековите права и човечкото достоинство, владеење на правото, правдата, еднаквоста и недискриминацијата;

ќе се почитуваат и расата, етничкиот идентитет и културната разноликост; еднакви можности за целосно достигнување на човечкиот потенцијал, придонесувајќи кон заеднички просперитет. Но, освен овие, тука стои дека е замислено светот да инвестира во своите деца, каде што секое дете ќе расте во мир, без насилство и експлоатација.

И на крајот, под реден број девет стои дека потрошувачката и побарувачката, како и користењето на природните ресурси – од воздух до земја, од реки, езера, па сè до океани и мориња – треба да се одржливи. Тука, се споменува дека развојот и примената на технологијата треба да го почитуваат биодиверзитетот. Со други зборови, да се создаде свет во кој човечките животи се во хармонија со природата и во кој дивиот свет и другите живи видови се заштитени.

### 5.1. Анализа на Нова Агенда

18. Денес, објавуваме 17 цели за одржлив развој со 169 поврзани цели кои се интегрирани и неделиви. Никогаш досега светските лидери не ветиле заедничка акција и настојување низ толку широка и универзална политичка агенда. Заедно тргнуваме на патот кон одржлив развој, посветувајќи се колективно на стремежот за глобален развој и на „вин-вин“ соработка, која може да донесе огромни придобивки за сите земји и сите делови на светот. Потврдуваме дека секоја држава има и слободно ќе врши целосен и постојан суверенитет над целото нејзино богатство, природни ресурси и економска активност. Ќе ја спроведеме агендата за целосна корист на сите, за денешната генерација и за идните генерации. Притоа, ја потврдуваме нашата посветеност на меѓународното право и нагласуваме дека агендата треба да се спроведува на начин што е во согласност со правата и обврските на државите според меѓународното право.

25. Се обврзуваме да обезбедиме инклузивно и рамноправно квалитетно образование на сите нивоа – рано детство, основно, средно, високо, техничко и стручно образование. Сите луѓе, без разлика на полот, возраста, расата или етничката припадност и лицата со попреченост, мигрантите, мештаните, децата и младите, особено оние во ранливи ситуации, треба да имаат пристап до можности за доживотно учење, кои ќе им помогнат да стекнат знаење и вештини потребни за искористување на можностите и за целосно учество во општеството. Ќе се стремиме да им обезбедиме на децата и младите негувачка средина за целосно остварување на нивните права и способности, помагајќи им на нашите земји да ја соберат демографската дивиденда, вклучително и преку безбедни училишта и кохезивни заедници и семејства.

26. За да го промовираме физичкото и менталното здравје и благосостојба и да го продолжиме животниот век на сите, мораме да постигнеме универзална здравствена покриеност и пристап до квалитетна здравствена заштита. Никој не смее да се изостави. Се обврзуваме да го забрзаме досегашниот напредок во намалувањето на смртноста на новороденчињата, децата и мајките, со ставање крај на сите такви превентивни смртни случаи пред 2030 година. Подеднакво ќе го забрзаме темпото на напредок постигнат во борбата против маларијата, ХИВ/СИДАТА, туберкулозата, хепатитисот, еболата и другите заразни болести и епидемии, вклучително и со справување со растечката антимикробна отпорност и проблемот со болести без надзор што ги погодуваат земјите во развој. Посветени сме на превенција и третман на незаразни болести, вклучително и нарушувања во однесувањето, развојот и невролошките нарушувања, кои претставуваат голем предизвик за одржливиот развој.

31. Ние признаваме дека Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени е примарен меѓународен, меѓувладин форум за преговарање за глобалниот одговор на климатските промени. Одлучни сме решително да се справиме со заканата од климатските промени и деградацијата на животната средина. Глобалната природа на климатските промени повикува на најширока можна меѓународна соработка, насочена кон забрзување на намалувањето на глобалните емисии на стакленички гасови и справување со адаптацијата на негативните влијанија на климатските промени. Со голема загриженост го забележуваме значителниот јаз помеѓу насобраниот ефект од ветувањата на државите во однос на ублажувањето на глобалните годишни емисии на стакленички гасови до 2020 година и патиштата на збирни емисии, кои се во согласност со веројатноста за одржување на зголемувањето на глобалната просечна температура под 2 степени Целзиусови или 1,5 степени Целзиусови над прединдустриските нивоа.

33. Ние признаваме дека социјалниот и економскиот развој зависат од одрживото управување со природните ресурси на нашата планета. Затоа, ние сме решени да ги зачуваме и одржливо да ги користиме океаните и морињата, слатководните ресурси, како и шумите, планините и сушните предели и да ги заштитиме биодиверзитетот, екосистемите и дивиот свет. Ние сме исто така решени да промовираме одржлив туризам, да се справиме со недостигот на вода и загадувањето на водата, да ја зајакнеме соработката против опустинување, бури од прашина, деградација на земјиштето и суша и да промовираме отпорност и намалување на ризикот од катастрофи. Во таа насока, со нетрпение го очекуваме тринаесеттиот состанок на Конференцијата на државите на Конвенцијата за биолошка разновидност што ќе се одржи во Мексико.

34. Ние признаваме дека одрживиот урбан развој и управување се клучни за квалитетот на животот на нашите луѓе. Ќе работиме со локалните власти и заедници за да ги обновиме и планираме нашите градови и човечки населби за да ја поттикнеме кохезијата во заедницата и личната безбедност и да ги стимулираме иновациите и вработувањето. Ќе ги намалиме негативните влијанија на урбаните активности и на хемикалиите кои се опасни по здравјето на луѓето и животната средина, вклучително и преку еколошко здраво управување и безбедно користење на хемикалиите, намалување и рециклирање на отпадот и поефикасна употреба на водата и енергијата и ќе работиме на минимизирање на влијанието на градовите врз глобалниот климатски систем. Исто така, ќе ги земеме предвид трендовите и проекциите на населението во нашите национални стратегии и политики за рурален и урбан развој. Со нетрпение ја очекуваме претстојната Конференција на Обединетите нации за домување и одржлив урбан развој што ќе се одржи во Кито.

37. Спортот е исто така важен поттикнувач на одрживиот развој. Го препознаваме растечкиот придонес на спортот во реализацијата на развојот и мирот, во неговото промовирање на толеранција и почит и придонесите што ги дава за зајакнување на жените и младите, поединците и заедниците, како и за целите на здравјето, образованието и социјалната инклузија.

## 6. Анализа на целите за одржлив развој

Целите за одржлив развој се повик за акција за да се подобри иднината на човештвото со намалување на сиромаштијата, заштита на животната средија и обезбедување мир за сите луѓе. И нашата држава е согласна да се остварат овие седумнаесет цели на одржлив развој кои се меѓусебно поврзани и се однесуваат на главните развојни предизвици насекаде во светот. Тука се дава преглед на целите:

Цел 1. Да се стави крај на сиромаштијата, во сите нејзини форми и насекаде.
Цел 2. Да се стави крај на гладувањето, да се постигне безбеденост на храна и да се подобри исхраната, како и да се промовира одржливо земјоделство.
Цел 3. Да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојба за сите возрасти.
Цел 4. Да се обезбеди инклузивно и еднакво квалитетно образование и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите.
Цел 5. Да се постигне родова еднаквост и еманципација на жените и девојчињата.
Цел 6. Да се обезбеди пристап за сите и одржливо управување со водата и санитарните услови.
Цел 7. Да се обезбеди пристап до достапна, сигурна, одржлива и современа енергија за сите.
Цел 8. Да се промовира инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите.
Цел 9. Да се изгради отпорна инфраструктура, да се промовира инклузивна и одржлива индустријализација и да се поттикнуваат иновации.
Цел 10. Да се намали нееднаквоста меѓу земјите и во нив.
Цел 11. Градовите и населените места да станат безбедни, отпорни и одржливи.
Цел 12. Да се обезбеди одржлива потрошувачка и производство.
Цел 13. Да се преземат итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание.
Цел 14. Да се заштитат и одржливо да се користат океаните, морињата и морските ресурси заради постигнување одржлив развој.
Цел 15. Да се заштитат, да се обноват и да се промовира одржливо користење на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, борбата против опустинувањето и да се спречи и да се намали деградацијата на земјиштето и да се спречи намалувањето на биолошката разновидност.
Цел 16. Да се промовираат мироољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, пристап до правда за сите и да се изградат ефективни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа.
Цел 17. Да се зајакнат средствата за спроведување и ревитализација на глобалното партнерство за одржлив развој.

## 6.1. Анализа на третата цел од целите за одржлив развој

3.1. До 2030 година, да се намали глобалната смртност кај родилките на помалку од 70 на 100 000 живородени.
3.2. До 2030 година, да се стави крај на смртноста кај новороденчињата и децата под 5-годишна возраст и сите земји да имаат цел да ја намалат смртноста кај новороденчињата на помалку од 12 случаи на 1 000 живородени деца, а смртноста кај децата под 5-годишна возраст да се намали на помалку од 25 случаи на 1 000 живородени деца.
3.3. До 2030 година, да се стави крај на епидемијата на СИДА, туберкулоза, маларија и занемарените тропски болести и да се зајакне борбата против хепатитис, болестите кои се пренесуваат преку водата и другите заразни болести.
3.4. До 2030 година, за една третина да се намали предвремената смртност од незаразни болести, преку превенција и лекување и да се подобри душевното здравје и благосостојба.
3.5. Да се подобри превенцијата и лекувањето на злоупотребата на супстанции, вклучително и злоупотребата на наркотични дроги и штетното користење алкохол.
3.6. До 2020 година, да се преполови бројот на смртни случаи и повреди од сообраќајни незгоди на глобално ниво.
3.7. До 2030 година, да се обезбеди универзален пристап до услугите за полово и репродуктивно здравје, вклучително и за планирање на семејството, информирањето и едукацијата, како и да се интегрира репродуктивното здравје во националните стратегии и програми.
3.8. Да се постигне универзално здравствено осигурување, вклучувајќи и заштита од финансиски ризик, пристап до квалитетни основни здравствени услуги и пристап до безбедни, ефективни, квалитетни и достапни основни лекови и вакцини за сите.
3.9. До 2030 година, значително да се намали бројот на смртни случаи и болести предизвикани од опасни хемикалии, од загадување на воздухот, водата и почвата.

- 3.а. Да се зајакне спроведувањето на Рамковната конвенција на Светската здравствена организација за контрола на тутунот во сите земји, соодветно на потребите.
- 3.б. Да се поддржи истражувањето и развојот на вакцини и лекови за заразни и незаразни болести, што главно ги погодуваат земјите во развој, да се обезбеди пристап до достапни основни лекови и вакцини, во согласност со Декларацијата од Доха и во однос на Спогодбата за трговските аспекти на правата на интелектуална сопственост – ТРИПС (TRIPS) и јавното здравје, со што се потврдува правото на земјите во развој во целост да ги користат одредбите од Спогодбата за трговските аспекти на правата на интелектуална сопственост, во врска со флексибилноста за заштита на јавното здравје, а особено за да се обезбеди пристап до лекови за сите.
- 3.в. Значително да се зголеми финансирањето во областа на здравството, како и вработувањето, развојот, обуката и задржувањето на работната сила во здравствените установи во земјите во развој, особено во најнеразвиените земји и во малите островски земји во развој.
- 3.г. Да се зајакнат капацитетите на сите земји, особено на земјите во развој, за рано предупредување, намалување на ризикот и управување со националните и со глобалните здравствени ризици.

## 6.2. Анализа на четвртата цел од целите за одржлив развој

4.1. До 2030 година, да се осигури дека сите девојчиња и момчиња стекнале бесплатно, еднакво и квалитетно основно и средно образование, што понатаму ќе овозможи постигнување соодветни и делотворни резултати.
4.2. До 2030 година, да се осигури дека сите девојчиња и момчиња имаат пристап до квалитетен ран детски развој, грижа и предучилишно образование, како подготовка за основно образование.
4.3. До 2030 година, да се обезбеди еднаков пристап на сите жени и мажи до достапно и квалитетно техничко, стручно и терцијарно образование, вклучително и до високо образование.
4.4. До 2030 година, значително да се зголеми бројот на младите и на возрасните кои имаат соодветни вештини, вклучувајќи технички и стручни вештини, со цел вработување, добивање пристојни работни места и претприемништво.
4.5. До 2030 година, да се елиминираат родовите разлики во образованието и да се обезбеди еднаков пристап до сите нивоа на образование и стручна обука за ранливите граѓани, вклучително и за лицата со посебни потреби, домородните народи и децата во ранлива состојба.
4.6. До 2030 година, да се осигури дека сите млади и значителен број од возрасните, мажи и жени, постигнале јазична и нумеричка писменост.
4.7. До 2030 година, да се осигури дека сите ученици ќе се здобијат со знаења и вештини потребни за промовирање на одржливиот развој, меѓу другото, преку едукација за одржлив развој и одржлив начин на живот, човекови права, родова еднаквост, промоција на културата на мирот и ненасилство, глобалното жителство и разбирањето на културната разновидност и придонесот на културата кон одржливиот развој.

- 4.а. Да се изградат и да се подобрат школските објекти кои ќе бидат приспособени на барањата на децата, лицата со попреченост и ќе ги земаат предвид родовите разлики, обезбедувајќи безбедна, ненасилна, инклузивна и ефективна средина за учење за сите.
- 4.б. До 2020 година, на глобално ниво значително да се зголеми бројот на стипендии за земјите во развој, особено за најмалку развиените земји, за малите островски земји во развој и за земјите од Африка, за упис на високообразовни институции, вклучително и за стручни и технички обуки за информатичка и за комуникациска технологија, технички, инженериски и научни програми, во развиените земји и во други земји во развој.
- 4.в. До 2030 година, значително да се зголеми понудата на квалификувани наставници, вклучително и преку меѓународна соработка за обука на наставници во земјите во развој, особено во најнеразвиените земји и во малите островски земји во развој.

## 6.3. Анализа на дванаесеттата цел од целите за одржлив развој

12.1. Да се спроведат 10-годишните програмски рамки за одржлива потрошувачка и производство, така што сите земји ќе преземат акции, развиените земји ќе бидат лидери, а притоа ќе ги земат предвид развојот и капацитетите на земјите во развој.
12.2. До 2030 година, да се постигне одржливо управување и ефикасно користење на природните ресурси.
12.3. До 2030 година, да се преполови отпадот од храна по глава на жител на глобално ниво во малопродажбата, како и на ниво на потрошувачи и да се намали загубата на храна во текот на производството и синџирот на снабдување, вклучително и на загубите по бербата.
12.4. До 2020 година, да се постигне здраво и еколошко управување со хемикалии и со сите видови отпад во текот на нивниот животен циклус, а во согласност со договорените меѓународни рамки и значително да се намали нивното ослободување во воздухот, водата и почвата со цел да се минимизираат нивните негативни влијанија врз здравјето на луѓето и врз животната средина.
12.5. До 2030 година, значително да се намали создавањето отпад преку спречување, намалување, рециклирање и повторна употреба.
12.6. Поттикнување на претпријатијата, особено на големите и меѓународните компании, да усвојат одржливи практики и да интегрираат информации за одржливоста во својот циклус на известување.
12.7. Да се промовираат практики за јавни набавки што се одржливи и во согласност со националните политики и приоритети.
12.8. До 2030 година, да се осигури дека луѓето насекаде имаат релевантни информации и зајакната свест за одржлив развој и животен стил во хармонија со природата.

- 12.а. Да се поддржат земјите во развој да ги зајакнат своите научни и технолошки капацитети со цел да се насочат кон одржливи модели на потрошувачка и производство.
- 12.б. Да се развијат и да се спроведат алатки за следење на одржливиот развој и влијанијата од одржливиот туризам кој создава работни места и ги промовира локалната култура и локалните производи.
- 12.в. Да се рационализираат неефикасните субвенции за фосилни горива што поттикнуваат непотребна потрошувачка преку отстранување на пазарните нарушувања, во согласност со националните услови, вклучително и преку преструктурирање на оданочувањето и исфрлање од употреба на штетните субвенции, онаму каде што постојат, преку прикажување на нивните влијанија врз животната средина, земајќи ги целосно предвид специфичните потреби и услови на земјите во развој, со намалување на можните негативни влијанија врз нивниот развој, на начин што ќе ги заштити сиромашните и загрозените заедници.

## 6.4. Анализа на тринаесеттата цел од целите за одржлив развој

13.1. Да се зајакне отпорноста и капацитетот за приспособување кон опасности поврзани со климата и со природните катастрофи, во сите земји.
13.2. Да се интегрираат мерки за климатски промени во националните политики, стратегии и планови.
13.3. Да се подобри образованието, да се подигне свеста и човечките и институционалните капацитети за ублажување на климатските промени, за адаптација, за намалување на влијанието и за рано предупредување.

- 13.а. Да се спроведе обврската преземена од страна на развиените земји потписнички на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени за заедничко мобилизирање на 100 милијарди долари на годишно ниво од сите извори до 2020 година, со цел да се одговори на потребите на земјите во развој, во смисла на преземање значителни активности за ублажување и транспарентност во спроведувањето и потполно и што е можно поскоро операционализирање на Климатскиот зелен фонд преку негова капитализација.
- 13.б. Да се промовираат механизми за зголемување на капацитетите за ефикасно планирање и управување со климатските промени во најнеразвиените земји и во малите островски земји во развој, меѓу другото и преку фокусирање врз жените, младите и локалните и маргинализираните заедници.

## 6.5. Анализа на петнаесеттата цел од целите за одржлив развој

15.1. До 2020 година, да се гарантира заштита, обнова и одржливо користење на копнените и на континенталните слатководни екосистеми и на нивните услуги, особено на шумите, мочуриштата, планините и сушните подрачја, во согласност со обврските од меѓународните договори.
15.2. До 2020 година, да се промовира одржливото управување на сите видови шуми, да се запре обесшумувањето, деградираните шуми да се вратат во првобитната состојба и значително да се зголеми обновувањето на деградираните шуми и пошумувањето на глобално ниво.
15.3. До 2030 година, да се продолжи со борбата против опустинувањето, деградираното земјиште и деградираните почви да се вратат во првобитната состојба, вклучувајќи ги и земјиштата погодени со опустинување, суши и поплави и да се прават напори за постигнување свет без активности кои го деградираат земјиштето.
15.4. До 2030 година, да се осигури заштита на планинските екосистеми, вклучително и на нивната биолошка разновидност, со цел да се подобри нивниот капацитет за обезбедување придобивки кои се од суштинско значење за одржливиот развој.
15.4. Да се преземат итни и значајни мерки за намалување на деградацијата на природните живеалишта, да се запре губењето на биолошката разновидност и, до 2020 година, да се заштитат загрозените видови и да се спречи нивното изумирање.
15.6. Да се промовира фер и рамноправна распределба на придобивките што произлегуваат од користењето на генетските ресурси и да се промовира соодветен пристап до тие ресурси, во согласност со меѓународните договори.
15.7. Да се преземат итни мерки за ставање крај на криволовството и на трговијата со заштитени видови флора и фауна и за решавање на проблемите поврзани со побарувачката и понудата на нелегални производи од дивата флора и фауна.
15.8. До 2020 година, да се воведат мерки за спречување и контрола на внесувањето и значително намалување на влијанието на инвазивните видови во копнените и во водните екосистеми и контрола или искоренување на приоритетните видови.
15.9. До 2020 година, да се интегрираат вредностите на екосистемите и биолошката разновидност во националните и локалните планови, развојни процеси, стратегии и активности за намалување на сиромаштијата.

- 15.а. Да се мобилизираат и значително да се зголемат финансиските средства од сите извори за заштита и одржливо користење на екосистемите и биолошката разновидност.
- 15.б. Да се мобилизираат значајни средства од сите извори и на сите нивоа да се финансира одржливо управување со шумите и да се обезбедат соодветни стимулации за унапредување на ваквото управување во земјите во развој, вклучително и за заштита и обновување на шумите.
- 15.в. Да се подобри глобалната поддршка на напорите за борба против криволовството и трговијата со заштитени видови, вклучително и преку зголемување на капацитетите на локалните заедници да користат одржливи извори на приходи.

## 7. Анализа и интерпретација на резултати добиени по пат на полуструктурирано интервју со градоначалници на општини

Во рамките на ова истражување беа реализирани и интервјуа со градоначалници на општини. Вкупно 17 градоначалници од 17 општини ги одговорија прашањата од интервјуто. Интервјуата се состоеја од отворени прашања, вкупно десет на број. Општините кои зедоа учество во реализацијата на интервјуата се: Брвеница, Ново Село, Штип, Кочани, Старо Нагоричане, Берово, Лозово, Ѓорче Петров, Арачиново, Шуто Оризари, Теарце, Тетово, Крива Паланка, Делчево, Јегуновце, Македонски Брод и Гази Баба. Со реализација на интервјуата се започна во месец ноември, а се заврши во месец март.

*Табела бр. 18: Структура на примерок на градоначалници по општини*

| **Име на општина** | **Регион** |
|---|---|
| Брвеница | Полошки |
| Ново Село | Југоисточен |
| Штип | Источен |
| Кочани | Источен |
| Старо Нагоричане | Североисточен |
| Берово | Источен |
| Лозово | Вардарски |
| Ѓорче Петров | Скопски |
| Арачиново | Скопски |
| Шуто Оризари | Скопски |
| Теарце | Полошки |
| Тетово | Полошки |
| Крива Паланка | Североисточен |
| Делчево | Источен |
| Јегуновце | Полошки |
| Македонски Брод | Југозападен |
| Гази Баба | Скопски |

*Табела бр. 19: Структура на примерок на градоначалници по региони*

| **Регион** | **Фреквенција** |
|---|---|
| Вардарски | 1 |
| Источен | 4 |
| Југоисточен | 1 |
| Југозападен | 1 |
| Североисточен | 2 |
| Скопски | 4 |
| Полошки | 4 |

Во однос на првото прашање: *Како ќе ја опишете вашата општина од аспект на одржливиот развој?*, може да се заклучи дека општините сметаат дека генерално постои потенцијал за одржливиот развој, изработувајќи и локални планови каде што одржливиот развој е земен предвид, заедно со своите специфики. Но, исто така некои од општините посочуваат дека се потребни повеќе финансиски средства и поголеми инвестиции за спроведување активности и отворање можности за имплементирање на одржливиот развој

во општините. Понатаму, дадени се одговори во кои се објаснува дека општините постојано планираат и реализираат активности за сите области за кои се надлежни, како што се: подобрување на условите за работа во градинките и училиштата, подобрување на комуналната инфраструктура, заштита и унапредување на животната средина, подобрување на сообраќајната инфраструктура, урбанистичко планирање и проектирање на просторот. Некои општини објаснуваат дека јавните средства се користат во насока на унапредување на условите, но притоа внимавајќи овие трошоци да не ги загрозат потребите на идните генерации. Исто така, некои од општините се изјасниле дека се посветени како општини кон одржливиот развој преку спроведување на активности кои ги интегрираат економските, еколошките и социјалните аспекти на развојот. Некои од општините велат дека постојат предизвици во однос на инфраструктурата, енергетската ефикасност и свеста кај граѓаните за одржливите практики. Има и одговори кои кажуваат дека општините веќе се вклучени во проекти кои се однесуваат на целите на одржливиот развој и дека дел од општините веќе ставаат акцент на тематики, како што се: родовите прашања, инклузијата, зелениот договор, граѓанското учество и др.

Во однос на второто прашање: *Дали и како општината вложува во образованието во раното детство?*, дел од општините велат дека тоа го прават преку изградба и реконструкција на градинки и училишта, спортски терени, мини сообраќаен парк, унапредување на условите, продолжување на детскиот престој, квалитетен наставен кадар, одржување на инфраструктурата, соработка, реализација на проекти за подобрување на условите за учење, модернизација на градинките, обезбедување современа опрема и едукативни ресурси, професионален развој на кадарот, детска и социјална заштита, вклучување на родителите во процесот, едукација, соработка со невладини организации и сл.

Во однос на третото прашање кое гласи: *Зошто образованието во раното детство е значајно за вашата општина?*, ги добивме следниве одговори:

- Стекнување на предучилишни знаења и вештини кои ќе бидат важни за понатамошното образование.
- Да се изгради личност на здрави темели за да може истата да го предводи општеството во кое живееме.
- Правилно насочување на малите генерации за да бидат двигатели на економијата и двигатели за унапредување на заедницата.
- Создавање на нови и млади генерации кои ќе ја сакаат и почитуваат својата општина и ќе се развиваат во посветени и корисни членови на заедницата.
- Психофизички развој на детето и социјализација.
- Успешно трансферирање на малите деца во процесот на основно образование.
- Личен и социјален развој на децата и нивна улога во градењето на свесни и одговорни граѓани кои ќе придонесуваат за развојот на заедницата.
- Понатамошно усовршување на младите за да бидат конкурентни на пазарот на трудот.
- Социјализација и инклузија на децата и изучување на македонскиот јазик.
- Значајност на образовниот, социјалниот и едукативниот развој.
- Раното детство поставува темели за идните генерации и развива свесност за одржливост, почит кон природата и етика во заедницата.
- Изградба на здрави млади личности.

- Раното детство е најранлива и клучна фаза во развојот на личноста.
- Поставува основи за личниот и социјалниот развој на децата и за долгорочниот напредок на заедницата.
- Детскиот мозок најбрзо се развива во првите години од животот и претставува темел за развој на личноста и нејзината улога во општествениот живот.
- Правилна социјализација во процесот на растење.

Во однос на четвртото прашање: *Што мислите за концептот на одржлив развој?*, дадени се следниве одговори:

- Да се стави посебен акцент на образованието.
- Добар како концепт, но не ги опфаќа реалните предизвици со кои се соочуваме на локално ниво. Наместо тоа, потребна е децентрализација.
- Општината функционира врз принципите на одржливиот развој (преку изградба на современа инфраструктура), унапредување на здравјето (преку изградба на спортски терени), инвестиции во обновливи извори на енергија, промена на застарена столарија и оптимизација на функционирањето на јавните претпријатија.
- Концептот носи чувство на сигурност и убеденост дека не се залудно потрошени вложените за подобри можности и услови за квалитетен живот.
- Збир на сеопфатни активности, преку решавање проблеми од поширок аспект и баланс меѓу човекот и природата.
- Потребни се финансиски средства за реализирање на овој концепт.
- Неопходен за создавање долгорочно стабилна заедница.
- Потребни се средства и желба за воспоставување, подобрување на пристапот и задржување на квалитетот на основното образование и преориентирање на програмите и професионална едукација.
- Обезбедување иднина која ги штити ресурсите, го подобрува квалитетот на живот и обезбедува економска стабилност, без да ја загрози животната средина.
- Олеснување на иднината и одржување на заедницата.
- Значаен за општината и заедницата за да се подобри благосостојбата на граѓаните и напредок во сите области.
- Поттикнува промени во знаењето и вештините, адаптирање кон новитетите и хармонија со природата.

Во однос на петтото прашање: *Преку кои активности локалната самоуправа може да го промовира одржливиот развој во раното детство?*, градоначалниците се изјаснија со голем спектар на одговори. Голем дел од градоначалниците сметаат дека тоа можат да го направат преку унапредување на условите, односно овозможување на подобри услови за работа на учениците, воспитувачите и наставниците и зголемување на капацитетите во градинките. Во оваа смисла, тоа би значело изградба на градинки и реконструкција на истите, односно изградба и реконструкција на училишта, поставување фотоволтаици на институции и сл. Исто така, од овој аспект, некои од општините инвестираат во изградба на современи спортски терени и модерни и современи детски игралишта со цел да се намали времето поминато пред екран и зголемување на можностите за активности надвор од домовите, овозможувајќи полесен пристап и до децата, но и до родителите. Општина Штип може да се пофали со тоа што потпомогнати од општествено одговорни компании учествувале во бројни акции за пошумување на централното градско подрачје, но и преку акции кои вклучувале засадување на нови садници во дворовите на училиштата и

градинките.

Понатаму, голем дел од општините промовирањето на одржливиот развој во раното детство го реализираат преку спроведување на предучилишните програми во градинките, учество на семинари, обуки, практични вежби, едукативни работилници, поддршка и учество во проекти за рециклирање и селекција на отпад и сл.

Од друга страна, општините го промовираат одржливиот развој преку подигнување на свеста за чиста и убава животна средина, преку едукација за одговорно однесување кон природата, грижа за животната средина, толеранција, иновативност и креативност, учење за хуманоста, поттикнување на активности на отворено за подигање на свеста за природата и екологијата, работилници за рециклирање, едукативни трибини, активности за засадување дрва со учество на ученици и родители, поддршка на програми за еколошко образование и поддршка на иновации и инвестиции, организирање на културни и музички настани, натпревари, откривање таленти и др.

Шестото прашање беше поврзано со целите за одржлив развој и истото гласеше: *Дали до сега се имплементирани политики за практикување на целите за одржлив развој во општините и кои се тие?* Во однос на ова прашање, голем дел од општините конкретно ги опишуваа активностите или политиките кои тие ги спроведуваат за реализација на целите за одржлив развој во своите општини. Дел од нивните одговори се следниве:

- Замена на санитарни јазли, набавка на клупи, столчиња и други наставни помагала, поставување термоизолација во училиштата, замена на печки на дрва со енергетско ефикасни уреди, замена на врати и прозорци, кровни реконструкции.
- Инвестирање во нови спортски терени и игралишта, индустриски зони.
- Соработка со приватниот сектор за отворање на повеќе работни места за најранливите категории и спроведување акции за време на божиќните празници.
- Унапредување на квалитетот и безбедноста на храната и осовременување на градскиот пазар.
- Изградба на нови спортски терени и детски игралишта, унапредување на пешачката патека и нејзино збогатување со велосипедска патека, урбана опрема и реквизити.
- Инвестиции во спортските терени и училишните сали, промена на столарија, поставување на автоматски врати, адаптација на тоалети, доделување стипендии, бесплатна училишна опрема и бесплатна услуга во градинките за социјално ранливите категории луѓе.
- Изработка на планови и програми за родова еднаквост во локалната самоуправа.
- Приклучување на хидросистем.
- Поставување фотоволтаични централи.
- Зголемување на ефикасноста и ефективноста на јавната администрација.
- Креирање кадар за потребите на индустријата, соработка со близок универзитет.
- Бесплатни униформи за секој ученик, формирање на солидарен фонд.
- Акции за пошумување, чистење и унапредување на условите за отстранување отпад, поставување подземни контејнери, садење садници, изградба на нов парк.
- Промовирање и поддршка на учениците од ромската заедница, доделување стипендии за успешни ученици, мерки за социјална заштита.
- Преку социјални политики, политика за локален економски развој и политика за животна средина.
- Едукација преку воспитно-образовни институции.

- Изработка на планови и програми донесени со партиципативно учество на граѓаните.
- Зелени политики, примена на технологии.
- Еднаков пристап до услугите кои ги нудат детските установи.
- Економски политики преку земјоделството и сточарството.

Седмото прашање се однесуваше на соочување со ризиците од климатските промени преку образованието во раното детство. На ова прашање, градоначалниците ги дадоа следниве одговори:

- Едукација на децата за одговорно однесување кон природата.
- Едукативни предавања и работилници.
- Соработка со општествено одговорни компании.
- Реално согледување на проблемите.
- Прошетки во природа и организирање акции и патроли.
- Подигнување на свеста преку организирање на тематски часови и практични активности.
- Промотивни активности, како што се: филм, претстави, предавања, разни анимирани видеоматеријали, посета и настава во природа.

На осмото прашање: *На кој начин соработувате со градинките и училиштата за темите за одржлив развој, како што се: загадување на водата, почвата и воздухот, рециклирање, селектирање отпад, грижа за природата и сл.?,* градоначалниците ги издвојуваат следниве моменти:

- Соработка со невладини организации, здруженија и други институции за спроведување кампањи.
- Промотивни активности и едукативни активности.
- Имплементирање на етички кодекс во училиштата и акции и активности за засадување дрвја, чистење на околината и работилници посветени на денот на водата, денот на планетата Земја и др.
- Одржување обуки за вработените и работни младински акции за разубавување на јавниот простор.
- Редовни состаноци со градинките и училиштата за дефинирање на заеднички активности, обезбедување ресурси за образовни проекти и поддршка на локални иницијативи за заштита на животната средина.
- Предавања и кампањи.
- Соработка со други институции и невладини организации.
- Наставни планови.
- Соработка со родители.

Деветтото прашање гласеше: *Можете ли да ги наброите неколку проекти во кои општината зела учество заедно со градинката или училиштето на тема што се однесувала на одржливиот развој? Кои се тие?* Добиени се следниве одговори:

- Хортикултурно уредување и одржување на училишните дворови.
- Поставување на комунална инфраструктура за селектирање отпад.

- Проекти за подобрување на училишната инфраструктура.
- Финансиска помош.
- Засадување дрва.
- Кампањи против врсничко насилство.
- Едукација за функционирање на институциите и државното управување.
- Засадување садници и едукација за зачувување на околината и борбата со климатските промени.
- Поставување на фотоволтаични централи.
- Изградба на нови спортски терени.
- Нови автобуси.
- Изградба на објект во градинка.
- Екоакции.
- Бесплатен престој, бесплатен оброк за учениците, екскурзии и сл.
- Рециклирање и грижа за животната средина.
- Едукативни кампањи за енергетска ефикасност.
- Развивање навики за здрава исхрана.
- Поставување на зелен покрив.
- Кампања *Прв чекор (First step)* – информирање на децата за сите предизвици со кои се соочуваат младите
- Спорт за сите – партнерство со ТАКТ.
- Спорт за развој – социјална инклузија и кохезија.
- СУДЕКУ – одржлива демократска култура.
- БОРЕНКА – едукација за заштита на шумите и нивното значење.
- Поставување панели за топла вода.
- Организирање саеми за здрава храна.
- Посета на едукативен центар за зачувување на природата во с. Негрево.
- Посета на билките на планината Голак.
- Генералка викенд.
- Вклучување на вработените во програмите на Еразмус плус.
- Училишна спортска лига.

И на крај, десеттото прашање гласеше: *Како можете да ја помогнете реализацијата на одрживиот развој во градинките или училиштата во Вашата општина? Кои ресурси би биле потребни?* Одговорите на ова прашање одат од можност за обезбедување на финансиските средства, издвојување од сопствениот буџет, домашни фондови, па до организирање на едукативни работилници, обуки и предавања за родители, ангажирање на експерти во областа, професионален развој на кадарот, вклучување на сите засегнати страни, организирање на различни активности, соработка со јавни установи, училишта, невладини организации и др.

## 8. Анализа и интерпретација на резултати добиени по пат на полуструктурирано интервју со директори на градинки и училишта

За реализација на ова истражување, опфатени беа различни видови испитаници со цел да се даде целосен приказ на моменталната состојба во однос на образованието за одржлив развој во нашата земја, и тоа преку собирање податоци од повеќе чинители во нашата држава. Така, најнапред беа земени предвид директорите на државните градинки и училишта низ Република Северна Македонија. Во однос на оваа тема, податоци беа земени од вкупно 42 државни градинки и училишта, и тоа од следните општини: Аеродром, Тетово, Берово, Брвеница, Велес, Гевгелија, Зрновци, Кичево, Пехчево, Сарај, Чаир, Штип, Јегуновце, Теарце, Битола, Босилово, Бутел, Василево, Виница, Гази Баба, Делчево, Желино, Илинден, Кисела Вода, Лозово, Македонски Брод, Охрид, Петровец, Пласница, Прилеп, Сопиште, Струга, Чешиново-Облешево и Чучер Сандево. Во рамките на овие интервјуа, добиени се одговори од директори на градинки и училишта од над 35 општини во нашата држава.

*Табела бр. 20: Структура на примерокот според застапеност на субјектите по општини*

| **Име на општина** | **Име на градинка/училиште** | f |
|---|---|---|
| Берово | ООУ „Никола Петров-Русински“ | 1 |
| Аеродром | ЈУДГ „Буба Мара“ | 1 |
| Битола | ЈОУДГ „Мајски цвет“ | 1 |
| Бутел | ООУ „Живко Брајковски“<br>ЈОУГД „11 Октомври“ | 2 |
| Брвеница | ЈОУДГ „Сонце – Диели“ | 1 |
| Босилово | ЈОУДГ „Среќни насмевки“ | 1 |
| Василево | ООУ „Атанас Нивичански“ | 1 |
| Велес | ООУ „Васил Главинов“ | 1 |
| Виница | ООУ „Кочо Рацин“ | 1 |
| Гази Баба | ООУ „Крум Тошев“ | 1 |
| Гевгелија | ООУ „Ристо Шуклев“<br>ООУ „Климент Охридски“ | 2 |
| Желино | ОУ „Луиг Гуракуќи“ | 1 |
| Илинден | ЈОУДГ „Гоце Делчев“ | 1 |
| Кисела Вода | ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ | 1 |
| Јегуновце | ОУ „Александар Здравковски“<br>ОУ „Шемшево“<br>ООУ „Симче Настовски“<br>ЈОУГД „Јаболчиња“ | 4 |
| Лозово | ЈОУДГ „Срцко“ | 1 |
| Македонски Брод | ООУ „Св.Климент Охридски“ | 1 |
| Охрид | ООУ „Ванчо Николески“ | 1 |
| Петровец | ООУ „Кочо Рацин“ | 1 |
| Пехчево | ОЈУДГ „7 Септември“ | 1 |
| Прилеп | ООУ „Блаже Конески“<br>ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“ | 2 |
| Сарај | ООУ „Бајрам Шабани“ | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| Сопиште | ООУ „Драга Стојановска“ | 1 |
| Струга | ООУ „Единство“ | 1 |
| Теарце | ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ | 1 |
| Тетово | ООУ „Истикбал“ | 1 |
| Чаир | ОУРЦ „Иднина“ | 1 |
| Чешиново-Облешево | ООУ „Климент Охридски“ | 1 |
| Чучер Сандево | ООУ „ Св. Кирил и Методиј“ | 1 |
| Новаци | ООУ „Славко Лумбарковски“ | 1 |
| Зрновци | ЈОУГД „Бисерчиња“<br>ОУ „Синиша Стоилов“ | 2 |
| Делчево | ОЈУДГ „Весели цветови“ | 1 |
| Штип | ОЈУДГ „Астибо“ | 1 |
| Пласница | ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ | 1 |
| Кичево | ЦОУ „Милто Гурра“ | 1 |

Од погоре изнесеното, во интервјуто зеле учество вкупно 42 директори на установи. Поделени по градинки, училишта или центри, структурата изгледа вака:

*Табела бр.21: Пресметување фреквенција и процентуална застапеност на одговори од градинки и основни училишта*

| | f | F % |
|---|---|---|
| Училишта | 30 | 71,4 % |
| Градинки | 12 | 28,6 % |
| Вкупно | 42 | 100 % |

Интервјуто со директори на градинки и училишта се состоеше од вкупно 15 отворени прашања. Интервјуто започнува со едно општо прашање во однос на испитувањето, а тоа е дали директорите слушнале за образование за одржлив развој. Во однос на ова прашање, добиени се одговори дека повеќето од директорите слушнале за овој вид образование. Мал е бројот на директори кои воопшто не слушнале за овој вид образование.

Понатаму, во однос на прашањето: *Каква е вашата перцепција во однос на имплементирање на образованието за одржлив развој во нашите градинки/училишта?*, одговорите генерално упатуваат на тоа дека имплементацијата е „реална, применлива и изводлива“ и дека истата би имала „позитивни ефекти за децата и учениците“ и важи како „клучен чекор кон создавање на повозрасни генерации кои ќе имаат поголема свест за заштитата на животната средина и преземање на социјална одговорност“. Исто така, се смета како „алатка од која зависи опстанокот на животот на нашата планета“. Некои од директорите споделиле ставови дека овој вид образование веќе се имплементира, но истакнале дека тој процес оди побавно за што се потребни не само обуки за вработените туку и измена на програмата за работа. Исто така, споделени се ставови дека образованието за одржлив развој во градинките се имплементира доста често преку голем број активности кои ги опфаќаат целите за одржлив развој. Понатаму, има и одговори кои насочуваат кон интегрирање на овој вид образование во сите фази на образовниот процес, во сите воспитно-образовни институции. Најмал е бројот на испитаници кои сметаат дека имплементацијата на ООР е многу тешка и далекусежна, односно дека тој процес е подолготраен.

Во однос на прашањето: *Со што може да го поткрепите вашиот одговор?*, испитаниците го потврдуваат својот изнесен став преку реализација на одредени активности, проекти и наставни содржини по конкретни предмети, како и преку активности од секојдневната пракса. Некои од нив сметаат дека се насетува потребата за развој на екосвест кај децата, за инклузивно и еднакво образование за сите, за кариерно насочување и сл., а други пак ги истакнуваат напорите кои ги прави БРО за создавање на соодветни програми за ООР. Од друга страна, дадени се одговори кои сведочат дека е намален бројот на учениците и средствата за финансирање, но и дека е потребно вложување на многу труд и барање одговорност и посветеност за која не постои никаков интерес.

Следното прашање ги испитува испитаниците во однос на придобивките од имплементацијата на образованието за одржлив развој во периодот на раното детство. Испитаниците ги истакнале следниве бенефиции:

- Поставување темел за понатамошно образование на индивидуата.
- Навремено откривање на способности и квалитети за конкретни области кај децата потребни за нивно идно насочување при избор на професија.
- Подобрување на квалитетот на наставата.
- Стекнување на корисни навики и навики за заштеда.
- Правилни и активни навики и практики кај децата.
- Стекнување вештини, знаења и вредности.
- Подобрување на успехот на децата и учениците, развивање на нивниот потенцијал, вештини и знаења.
- Развој на чувство на емпатија, хуманост и однос кон животната средина.
- Грижа за другите и заедницата.
- Поставување темел за развој на животни вештини.
- Промоција на можностите за доживотно учење.
- Развивање свест за чување на животната средина.
- Љубов и добронамерност.
- Развивање чувство на одговорност за подобрување на средината во која живееме.
- Развивање на критичко мислење и решавање проблеми околу климатските промени, сиромаштијата, нееднаквоста и сл.
- Промовирање благосостојба за сите, на секоја возраст.
- Развивање свесност за глобалните предизвици.
- Подобрување на еколошката свест кај учениците и одговорно штедење.
- Стекнување навики за грижа за себе и околината, државата и светот во целина.
- Правилно користење технологии.
- Обезбедување на квалитетен кадар.
- Развој на социјални вештини, препознавање на вредноста на различноста, иновации и креативност, подготовка за идни предизвици.
- Создавање основа за одржлив развој.
- Зајакнување на сегашните и идните генерации.
- Помали трошоци и поздрава средина за учење и растење.
- Едукација за подобрување на менталното здравје и благосостојба на учениците.
- Стекнување способност за адаптирање и пренасочување на индивидуите во секојдневното живеење според актуелните барања на пазарот на трудот.
- Создавање генерации кои ќе работат на подобрување на производството и потрошувачката и развојот на технологијата.

- Стекнување слика за вистински животни вредности.
- Развивање на идни лидери.

На прашањето: *Во однос на кадарот, наведете вештини и предзнаења кои треба да ги поседуваат воспитувачите/наставниците за да го применат ООР во градинките/училиштата!*, испитаниците најмногу ги истакнуваат следниве вештини и предзнаења:

- Психолошки вештини.
- Способност за согледување, анализа и насочување на учениците и тимска работа со родителите и стручните служби.
- Мотивираност, посветеност и љубов.
- Комуникациски вештини и критичко размислување.
- Дигитални вештини.
- Општи знаења од областа на природните и општествените науки и вештини за изведување експерименти кои се практично применливи.
- Способности за соработка, размена на успешни примери од пракса и искуство.
- Познавања од областа на природните науки, истражувачки вештини и иновативност.
- Адаптабилност, отвореност кон промени, емпатичност, самокритичност, желба за доживотно учење и креативност.
- Примена на разни методи и постапки.
- Креативни, забавни и практични методи.
- Вештини за инклузија на деца со пречки во развој и нивна едукација за форми, методи и техники.
- Чувство за откривање на способностите кои ги поседуваат учениците.
- Знаења за заштитата на животната средина, познавање на економијата.
- Знаења од повеќе научни области.
- Знаења за природата и врската на човекот со природата, системско размислување, културолошки разлики и инклузивност.
- Комуникациски вештини и креативност, иновации, развивање на критичко мислење и практично искуство.
- Социоемоционален пристап.
- Општи знаења за одржливиот развој.
- Праведност.
- Предзнаења за искористување и обновување ресурси, одржување на здрава животна средина и социјална заштита на учениците.
- Следење на современи текови.
- Знаења за раниот детски развој и менување според новините во воспитно-образовниот процес.
- Дигитални вештини и познавање на странски јазици.
- Предзнаења од економски аспект, екологија и социјален аспект.
- Искуство во реализација на активности и проекти, говорни вештини и вештини за комуникација и вмрежување.
- Емпатија.
- Инвентивност и креативност.

- Знаења од екологија, економија, социјална правда и ЦОР.
- Интердисциплинарно планирање, интерактивно учење, инклузивност и оценување.
- Еколошка свест, креативност и комуникациски способности.

Само тројца испитаници се изјасниле дека воспитувачите и наставниците не треба да поседуваат вештини и предзнаења, односно дека воспитувачите и наставниците немаат доволно предзнаења за овој вид образование и во оваа смисла насочуваат кон посета на обуки, работилници и семинари, како начини на кои можат истите да се стекнат со способности, знаења и вештини.

Во однос на прашањето: *Дали сметате дека воспитувачите/наставниците се оспособени да го применат овој вид образование во училиштата? Зошто? Доколку не се, дали е потребна обука за оспособување на кадарот на ова поле?*, испитаниците генерално се согласуваат дека е потребна обука за спроведување на овој вид образование во градинките и во училиштата. Во оваа насока, најголем дел од испитаниците сметаат дека е потребна обука за оспособување на кадарот за да спознае нови искуства, како дополнителна доквалификација преку стекнување на нови методи, техники и стратегии за учење. Исто така, преку одговорите може да се заклучи дека обуките се добредојдени и се неопходни за развој на вештини, разбирање на ООР и иновативни методи за да се овозможи ефективна интеграција на овој вид образование во градинките и училиштата. На овој начин, одржливиот развој ќе се стави во фокус и преку следење на трендот на ООР, преку соодветните институции во Република Северна Македонија, како што се МОН и БРО, како и други образовни институции преку кои се прави проценка и се одржуваат обуки за оспособување на кадарот за примената на овој вид образование.

На прашањето: *Како можете да го обезбедите усвојувањето вештини, знаења и способности потребни за практично имплементирање на образованието за одржлив развој во најраните години?,* испитаниците ги истакнуваат следниве начини:

- Обуки.
- Вклучување на децата во активности.
- Вклучување на децата во проекти.
- Вонnаставни активности.
- Обучен наставен кадар, стручни работници и државни институции.
- Практично учење.
- Посета на природа и излети.
- Изработени функционални прототипи.
- Стручни материјали и програми, поттикнување на повисок квалитет во воспитно-образовниот процес за развој, зголемување и способност на индивидуата и групата.
- Истражувачко учење.
- Позитивни резултати.
- Обуки од акредитирани провајдери.
- Игри и симулација на разни ситуации.
- Поврзување на теоријата со праксата.
- Стекнување знаења и практични примери од други земји.
- Едукација на наставниот кадар.
- Системски и иновативни пристапи насочени кон деца, наставници и други образовни актери.

- Обука на воспитувачите, создавање на воспитни активности кои интегрираат ООР, интеракција со природата и вклучување на родителите и заедницата.
- Семинари, студии на случај.
- Организирање обуки за вработените, презентации за родители, работилници со ученици и соработка со локалната самоуправа и ресорното министерство.
- Семинари, конференции и вебинари.
- Настава приспособена за практично имплементирање на овој вид образование.
- Применливи наставни материјали и активности кои поттикнуваат еко-свест, вклучување на заедницата и родителите во едукативни активности, практични проекти, како: садење растенија или рециклирање и континуирана поддршка.

Осмото прашање ја поставува дилемата: *Дали би им препорачале или дали би ги пратиле воспитувачите/наставниците професионално да се обучуваат доколку за тоа има можност? Од каде добивате информации за организирани обуки?* Од вкупно 50 интервјуирани испитаници, само еден од нив не се согласува за дополнителна обука на својот кадар. Останатиот дел од испитаниците се согласни за професионално доусовршување на воспитувачите и наставниците. Тие нагласуваат дека известувањата и информациите за организирани обуки ги добиваат преку интернет, електронска пошта, стручни соработници, социјални мрежи, како и од Бирото за развој на образованието, Министерството за образование, Министерството за социјална политика, демографија и млади, општините, како и од образовни центри и академии, онлајн платформи, релевантни институции, консултантски друштва, ЦЕС-академијата, сертифицирани организации за обуки, невладини организации, локални и меѓународни конференции и други акредитирани здруженија.

Деветтото прашање е насочено кон менаџирање на градинките и училиштата и гласеше вака: *Според Вас, кои се спецификите на менаџирање на градинката/училиштето во однос на одржливиот развој?* Тука, испитаниците ги објаснуваат и дефинираат спецификите на менаџирање со кои тие се соочуваат, адресирајќи ја темата за одржливиот развој. По однос на ова прашање, добиени се следниве одговори:

- Внимание, посветеност и работа.
- Често организирање на настани.
- Образовна институција со позитивна клима за работа.
- Дополнителен наставен кадар.
- Овозможување на промени, одговорност кон вработените и средината.
- Постигнување на многу позитивни вредности.
- Соодветна визија на менаџерот.
- Обука на наставниците, соработка со општината, реализирање на наставните програми.
- Спроведување и реализирање на зацртаните цели.
- Следење, подготвување за ООР со анализи и програми.
- Обезбедување на системска поддршка.
- Просторни услови и опременост.
- Добра организација.
- Спроведување на планот и програмата, поттикнување на одржување на мотивацијата, како и обезбедување услови и средства за реализација.

- Перманентно насочување на сите вработени за реализација на темите за одржлив развој.
- Совеста на факторот човек.
- Образование и обука на кадарот, интегрирање на принципите на одржлив развој во педагошката практика, промовирање на зелени и природни простори во образовната институција и сл.
- Стекнување знаења и вештини за промовирање на одржливиот развој кај учениците.
- Интегриран пристап и долгорочно посветување.
- Промовирање и подобрување на квалитетот во образованието, реформи во наставните планови и програми, подигнување на свеста кај наставниците, учениците и родителите.
- Следење, откривање и реализација.
- Слобода за реализирање на потребата за учење, посветеност за обезбедување средина соодветна за рано учење и развој, соодветен и безбеден простор за престој, обезбедување доволно простор за соодветна бројчена застапеност и соодветна програма за рано учење и развој.
- Укажување на мерките за заштита на животната средина, негување љубов кон луѓето и одговорен однос кон природата, како и проверка на применетото.
- Поголем простор и повеќе услови.
- Сеопфатно и долгорочно планирање од страна на надлежните органи.
- Интеграција на принципите на одржливиот развој, планирање ресурси, соработка со заедницата, обучување на воспитниот кадар и создавање на зелено опкружување.
- Мултикултурализам.
- Учење, игра, заштита на средината и ресурсите.
- Волја за чиста животна средина.
- Вметнување содржини во наставните планови и програми, обезбедување обуки.
- Финансии.
- Конкретна и интензивна соработка со претпријатија и компании.
- Рационално и економично менаџирање.
- Јасно дефинирани цели.
- Инвестиција во дообразување на кадарот, инвестиции за заштеда на струја и вода и инвестиции во зајакнување на модерни занимални.
- Соработка.
- Интеграција на ООР во наставата, еколошки одговорна средина, партнерства со локални заедници и невладини организации, едукација на наставници и ученици, планирање и мониторинг на одржливите цели, водење со пример од страна на менаџерите.

Десеттото прашање беше поврзано со истакнување на позитивните страни кои ги имаат нашите градинки и училишта и кои се поврзуваат со темата за одржлив развој. Некои од одговорите се: спроведување активности во соработка со претпријатија од локалната самоуправа, одбележување на денови на екологија, хуманитарни акции, реализација на

екопроекти, како: садење дрва, рециклирање и еконастани, монтирани фотоволтаици, енергетски ефикасни училишни простории, светилки, развој на екосвест и едукација за поимот демократија, почит кон други етникуми, користење на електрична енергија од обновливи извори, инклузивност во наставата, активности за зачувување на животната средина, надминување на стереотипи, прифаќање на различности, справување со отпад, искористување на алтернативни извори на енергија, игри и практични активности кои ја промовираат свеста за одржлив развој, изработка на уметнички дела од рециклирани материјали, зелени и природни простори, социјални иницијативи и вклученост во заедницата, вклучување на децата Роми во предучилишно образование, соработка со родители, штедливост на ресурсите, развиена еколошка свест кај учениците со тешкотии, селектирање, рециклирање, поттикнување инклузија, управување со отпад, работилници за животни вештини и часови на одделенска заедница, вметнување на екосодржини во наставните планирања, искусен кадар, енергетска ефикасност (енергетски ефикасни уреди и изолација), рециклирање и намалување на отпадот, проекти за зелени училишта и одржливо земјоделство, партнерства со локалната заедница и невладини организации.

Следното прашање гласеше: *На кој начин сметате дека градинките/училиштата би можеле да се насочат кон барањата на овој вид образование и на кој начин тоа би се направило?* Од аспект на испитаниците, постојат повеќе начини за пренасочување на градинките и училиштата кон барањата на овој вид образование. Тие се следниве:

- Поголемо залагање на сите институции.
- Нови вработувања
- Учество во проекти, обуки и соработка со државни институции.
- Обука на кадар.
- Со правилник усвоен од БРО.
- Програми за настава по одредени предмети.
- Поефикасни програми, пореални анализи, поврзување на теоретското со практичното, повеќе нагледни средства за реализирање на програмите, поодговорен наставен кадар за реализирање на школските програми, поголеми материјални добра на училиштата и наставен кадар.
- Редовна настава и воннаставни активности.
- Вметнување на наставни содржини, учествување во проектно насочено учење, со дебати и симулации, практични примери и сл.
- Поголема ангажираност и поддршка на надлежните министерства и органи.
- Следење на новитети во образованието.
- Општествено и еколошко образование на децата.
- Соодветна национална практика и промена во програмата.
- Проекти, работилници, обуки и мотивација и доделување грант за поддршка за подобрување на условите.
- Системско делување и предлог-програма за работа од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.
- Интеграција на еколошки теми во наставната програма, создавање на зелени простори, проекти за учење преку активна ангажираност и обука на наставен кадар.
- Соработка со родители и општина.
- Проекти од невладини организации.

- Воведување на задолжителен предмет.
- Вметнување содржини во наставните планови и програми.
- Насоки од БРО и МОН.
- Развивање критичко мислење и решавање проблеми.
- Опрема за училиштата и обучен кадар.
- Финансии.
- Слободни ученички активности.
- Интеграција на ООР во наставата, едукација на наставниците, практични активности, изградба на зелени простори и училишни градини.

Во однос на ова прашање, само неколку испитаници не се согласни за пренасочување на градинките и училиштата кон одржлив развој, а некои од испитаниците не знаат дали треба истото да се направи или не треба.

Дванаесеттото прашање беше поврзано со тоа на кој начин и за кои активности се користи училишниот двор или дворот на градинката. Најмногу одговори се дадени во насока кон спортски, физички активности, истражувачки, едукативни, културни активности, одмор, релаксација, голем одмор, игри, хортикултурни уредувања, дружби, рекреација, часови на отворено по различни предметни содржини, екоиницијативи, еколошка акција, моторен развој, игри во групи, хуманитарни акции, одржување на дворот, игри на отворено, социјални и тимски игри, запознавање на животинскиот свет, појадување, уредување на зеленчукова градина, приредби, настани, натпревари, истражување, физичко воспитание, игра со песок, украсување на дворот со рециклирани материјали, часови во природа, вонnаставни активности, слободни активности, детски претстави, работилници, манифестации, едукативни проекти, еколошки проекти, креативни работилници. Само еден испитаник се изјаснил дека дворот се користи за многу малку активности, бидејќи во дворот нема ништо и никој не се ангажира и не презема нешто да се смени тоа.

Во однос на поставеното прашање: *Според Вашето мислење, кои проблеми во животната средина можат да се посочат уште од најмала возраст?*, би ги навела оние кои најмногу се споменувани од испитаниците. Тие се: загадување на природата и околината со отпадоци, надминување стереотипи, поттикнување развој на екосвест, вклучување во училишна демократија, загадување на воздух, алтернативни извори на енергија, одгледување на органска храна, загадена почва, штетни ефекти од хемикалии, промоција на рурална средина, социјално-еколошки проблеми, заштеда на вода, заштеда на енергија, енергетска ефикасност, глобално затоплување, губење на биодиверзитетот, виртуелниот свет наспроти животот на децата.

Претпоследното прашање ја испитуваше соработката на градинките и училиштата со родителите на децата и го даде одговорот на прашањето*: Колку често се вклучуваат родителите во активности кои ги организира градинката/училиштето, а се однесуваат на образованието за одржлив развој? За какви активности станува збор?*. И тука има најразлични одговори. Некои од испитаниците се изјаснуваат дека родителите секогаш се вклучуваат во активности кои ги организира училиштето или градинката, а некои од испитаниците се согласни дека родителите се вклучуваат, но не многу и не премногу често. Дополнително, мал е бројот на испитаници – директори кои велат дека родителите не покажуваат интерес за соработка со самото училиште или градинка. Оние кои се вклучуваат, се вклучуваат во следниов вид активности:

- Собирање хартија, батерии.
- Активности во природа.
- Работа со рециклиран материјал.
- Предавања.
- Работилници.
- Излети.
- Подготовка на здрава храна.
- Проекти.
- Манифестации и прослави.
- Хуманитарни и екоакции.
- Спортски активности.
- Базари.
- Одбележување на денот на планетата Земја и еколошки прослави.
- Зачувување на менталното здравје.
- Фестивали за подигање на свеста.

На крај, последното прашање од ова интервју се однесуваше на испитување на соработката на овие образовни институции со локалните институции или други засегнати страни. Генерално, испитаниците сметаат дека е воспоставена соработка со општината, но некои од нив сметаат дека таа соработка не е на многу завидно ниво. Градинките и училиштата оваа соработка ја гледаат преку:

- Развивање поголема свест и совест.
- Имплементација на училишни активности во непосредна средина и во соработка со родители, локална средина и пошироко.
- Заеднички собири, поставување цели.
- Средби и отворен дијалог.
- Подобрување на училишниот двор.
- Системи за управување со отпад.
- Селектирање, рециклирање.
- Грижа за зелените површини.
- Меморандуми на соработка
- Поставување на контејнери за рециклирање, поставување штедливи светилки.
- Споделување идеи.
- Обуки.
- Пристап до материјали за практична примена.
- Финансиска поддршка во инвестиции во делот на струја и вода.
- Воспоставување партнерства со локални власти и соработка со невладини организации.
- Поддршка на приватниот сектор за финансирање екоиницијативи.

## 9. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку спроведување прашалник за воспитувачи

Прашалникот кој се реализираше со воспитувачи беше споделен за пополнување во сите градинки низ нашата држава. Исто така, се споделуваше и на групи воспитувачи. Прашалникот се состоеше од вкупно 21 прашање. Прашањата беа од најразличен вид, како: отворени и затворени, комбиниран тип на прашања, прашања со алтернација и селекција.

Во однос на прашањето кое испитуваше дали воспитувачите слушнале за образование за одржлив развој, добиени се следниве резултати:

Од вкупно 132 испитаници, 60 од нив одговориле дека имаат слушнато за ваков вид образование, но не се целосно запознаени со истото, односно 40 од воспитувачите одговориле: „Немам слушнато". Понатаму, од вкупниот број испитаници, 28 испитаници одговориле дека се запознаени со овој вид образование и само 4 испитаници одговориле со „Не знам". Или, изразено во проценти, најголем процент од воспитувачите изјавиле дека слушнале за овој вид образование, но за жал не се доволно запознаени со истото (46 %). 30 % од воспитувачите немаат воопшто слушнато за овој вид образование, а нешто помал процент од испитаниците се изјасниле потврдно во однос на прашањето.




Графикон бр. 1: Ставови на воспитувачите во однос на прашањето колку се запознаени со образованието за одржлив развој

За податоците добиени во однос на првото прашање, пресметан е хи-квадрат тест, при што се добиени следниве вредности:

$\chi^2 = 49.84$

$\chi^2 (3) = 9.42$, $p < 0,5$.

Врз основа на понудените категории во однос на ова прашање, може да се забележи дека се дадени вкупно четири категории. Врз основа на тоа, може да се пресметаат степените на слобода, кои се преметуваат според формулата:

$df = (r-1)$

Во овој случај, се доаѓа до следниве вредности:
df = (4-1)
df = 3

Постои статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците.

Понатаму, во однос на прашањето: *Колку често децата или учениците излегуваат во дворот на градинката?*, добиени се следниве резултати:




Графикон бр. 2: Ставови на воспитувачите за тоа колку често децата излегуваат во дворот на градинката

Од вкупно 132 воспитувачи, најголемиот дел од нив, дури 52, изјавиле дека децата излегуваат во дворот на градинката од два до три пати во неделата, 36 од испитаниците одговориле дека излегуваат еднаш во неделата, 16 од нив се изјасниле дека децата излегуваат надвор од три до четири пати во неделата, додека пак само 13 воспитувачи изјавиле дека децата излегуваат во дворот на градинката секој ден. Мал е бројот на испитаници кои изнеле став дека децата излегуваат надвор над четири пати во неделата, односно 6 испитаници кажале дека децата не излегуваат во дворот ниту еднаш во текот на неделата.




Графикон бр.3: Ставови на воспитувачите за местото каде што би ги однеле децата да играат

Во однос на ова прашање, повеќе од половина од испитаниците ја избрале опцијата дека воспитувачите би ги однеле децата да играат во дворот на градинката, дури 56 %. Втората опција е паркот, додека пак третата опција, која е претставена со повисок процент, е во ходникот на градинката. По некој испитаник додал и други опции, како: во сала, на игралиште, блиската околина, шума, на прошетка, на плоштад и сл.

Понатаму, воспитувачите беа испитувани во однос на тоа дали децата кога излегуваат надвор од градинката, играат со материјали кои постојат во природната средина од која се опкружени. Во однос на ова прашање, добиени се следниве резултати (прикажани преку графикон):




Графикон бр.4: Ставови на воспитувачите во однос на тоа дали децата играат со материјали кои ги има во природната околина

Тука, може да се забележи дека најголем дел од воспитувачите изјавиле дека кога излегуваат во дворот, децата секогаш играат со материјали кои ги има во природната средина. Исто така, 43 % од испитаниците изјавиле дека ги користат природните ресурси од околината, но понекогаш. Мал процент од воспитувачите изјавиле дека не користат природни ресурси, односно не знаат дали ги користат истите за време на реализирање на активности во рамките на програмата.

Понатаму, следуваше прашањето: *Дали во своите активности користите материјали од природно потекло, како: листови и гранки од дрвја, песок, камен, дрво, кал, вода и сл.?* Во однос на ова прашање, се забележува следново:




Графикон бр. 5: Ставови на воспитувачите за тоа дали користат материјали од природно потекло во своите активности

Најголем процент од испитаниците, дури 39 %, се изјасниле дека често користат материјали од природно потекло, други 36 % одговориле дека постојано користат, а 24 % од воспитувачите изнеле став дека понекогаш ги користат овие видови материјали. Незначаен е бројот на воспитувачи кои изјавиле дека не користат вакви видови материјали во изведувањето на активностите.

Во однос на прашањето: *Дали сметате дека ви е потребна обука за изработка на едукативни материјали од рециклиран материјал?,* добиени се следниве резултати, кои се претставени преку следниов графикон:




Графикон бр. 6: Ставови на воспитувачите за потребата од обука за изработка на едукативни материјали од рециклиран материјал

Тука, повеќе од половина од испитаниците, или вкупно 53 %, сметаат дека оваа обука им е потребна, додека пак 39 % од вкупниот број испитаници сметаат дека можеби им е потребна. Само 8 % од вкупниот број испитаници сметаат дека не е потребна обука која би им помогнала да научат да изработуваат наставни средства од рециклиран материјал.

Следното прашање беше насочено кон темите за кои би сакале воспитувачите да учествуваат на обука. Во однос на ова прашање, следуваат следниве резултати:




Графикон бр. 7: Ставови на воспитувачите за тоа на кои од дадените теми би сакале да учествуваат на обука

Тука, изедначен е бројот и процентот на испитаници кои сакаат да учествуваат на обука за рециклирање и одржливост. Понатаму, 48 испитаници сакаат да учествуваат на обука за намалување на отпад, додека пак 41 од вкупниот број испитаници сакаат да посетуваат обука за штедење на енергија. 29 испитаници би учествувале на обука за селектирање на отпад. Со други зборови, најголем дел од воспитувачите, односно повеќе од половина од вкупниот број испитаници, сакаат да посетуваат обука за рециклирање и одржливост.

Следува и прашањето за тоа дали изработките од рециклиран материјал се соодветни и квалитетни за развојот на децата. Резултатите од ова прашање се прикажани подолу:




Графикон бр. 8: Ставови на воспитувачите во однос на тоа дали изработките од рециклиран материјал се соодветни и квалитетни за развојот на децата

Најголемиот дел од испитаниците, односно дури 70 % сметаат дека изработките од рециклиран материјал се соодветни и квалитетни за развојот на децата, додека пак 30 % од вкупниот број испитаници сметаат дека се можеби соодветни.

Понатаму, следуваше прашањето: *Дали градинката соработува со општината во спроведување на активности и проекти на теми поврзани со одржливиот развој?*




Графикон бр. 9: Ставови на воспитувачите за соработка меѓу општината и градинката во однос на активности за одржлив развој

Во овој дел, речиси половина од испитаниците сметаат дека понекогаш постои соработка помеѓу градинките и општините (48,5 %); останатиот дел од испитаниците велат дека постои соработка (45,4 %); додека пак мал дел од вкупниот број испитаници сметаат дека воопшто не постои соработка помеѓу градинката и општината (6,1 %).

## 10. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку спроведување прашалник за наставници

Во рамките на истражувањето, поделен беше и прашалник за наставници за да се испитаат нивните ставови во однос на образованието за одржлив развој. Овој прашалник беше пополнет од страна на 126 наставници од основните училишта низ целата држава. Прашалникот се состоеше од 21 прашање, вклучувајќи отворени и затворени прашања, комбиниран тип на прашања, како и прашања со алтернација и селекција.

Во однос на првото прашање: *Дали сте слушнале за образованието за одржлив развој?*, кај наставниците се забележува дека одговориле потврдно, но и дека не се многу запознаени, односно 70 испитаници така се изјасниле. Понатаму, 33 испитаници од вкупно 126 истакнале дека се запознаени со образованието за одржлив развој, додека пак 22 од вкупниот број испитаници изјавиле дека немаат слушнато за образованието за одржлив развој. Еден испитаник дал одговор: „Не знам“.  Повеќе од половина од испитаниците, 56 %, слушнале за овој вид образование, но не се доволно запознаени со истото. Од друга страна, 17 % од вкупниот број испитаници воопшто не слушнале за ваков вид образование.




Графикон бр. 10: Ставови на наставниците за тоа дали се запознаени со образованието за одржлив развој

Понатаму, следува седмото прашање кое дава одговор на тоа колку често учениците излегуваат во дворот и таму ги изведуваат планираните активности. Во однос на ова, може да се види  дека децата излегуваат надвор во дворот на училиштето во текот на школските денови, без разлика дали тоа го прават секој ден, два пати, три пати или повеќе пати во текот на неделата. Мал е процентот на испитаниците (5 %) кои кажуваат дека учениците не излегуваат во дворот ниту еднаш во неделата.




Графикон бр. 11: Ставови на наставниците за тоа колку често учениците излегуваат надвор во училишниот двор

Во однос на ова прашање, најголем процент од наставниците ги изнесуваат учениците од два до три пати во неделата надвор (39 %), додека пак 29 % од нив дури и секој ден во неделата. 12 % од наставниците се изјасниле дека учениците излегуваат од три до четири пати во неделата надвор, додека пак 13 % од нив споделиле дека ги изнесуваат учениците во дворот на училиштето еднаш во неделата. Мал е процентот на наставници кои ги изнесуваат учениците надвор над четири пат во неделата.

Во однос на ова прашање, направен е хи-квадрат тест. Ова се податоците кои беа добиени:

$\chi^2 = 77.94$
$\chi^2\ (5) = 13.42,\ p < 0.5.$

Според добиеното, постои значајна разлика помеѓу одговорите на испитаниците по однос на ова прашање.

Во однос на прашањето: *Каде би ги однеле учениците да играат?*, ова се добиените резултати:

*Табела бр.22: Пресметување фреквенција и дистрибуција на фреквенција*

| | f | f % |
|---|---|---|
| Во парк | 58 | 46 % |
| Во дворот на училиштето | 105 | 83,3 % |
| Во ходникот на училиштето | 9 | 7,1 % |

| | | |
|---|---|---|
| Во природа | 1 | 0,8 % |
| Места кои се безбедни за нив | 1 | 0,8 % |
| На блиска планина | 1 | 0,8 % |
| Зависно од карактерот на активноста | 1 | 0,8 % |
| Во сите три наведени | 1 | 0,8 % |

Понатаму, може да го разгледаме и следното прашање, кое е директно поврзано со темата за одржлив развој. Имено, преку ова прашање испитувавме дали кога учениците излегуваат надвор, работат со материјали кои постојат во природната средина од која се опкружени. Понудени беа четири одговори, а добиени се следниве резултати (тука се прави и компарација меѓу ставовите на наставниците и ставовите на воспитувачите):




Графикон бр. 12: Ставови на наставниците и воспитувачите за тоа дали учениците играат со материјали кои постојат во нивната природна средина од која се опкружени

Тука, најголема разлика се забележува во одговорот „Да, секогаш". Поголем е бројот на воспитувачи, дури 73, кои велат дека децата секогаш играат со материјали кои ги има во природното опкружување, додека пак 30 наставници се согласиле со тоа дека учениците секогаш работат со вакви материјали. Не е мала разликата во однос на другата опција, „Да, понекогаш", одговориле 57 воспитувачи и 77 наставници. На крај, 16 од вкупно 126 наставници категорично одговориле дека учениците не работат со вакви материјали кога излегуваат во дворот, додека пак, во однос на оваа опција, само еден воспитувач истакнал дека децата во градинките не играат со материјали од природната средина.

Во однос на прашањето: *Дали во своите активности користите материјали од природно потекло, како: листови и гранки од дрвја, песок, камен, дрво, кал, вода и сл.?*, понудени беа четири одговори. Од вкупно 126 наставници, 36 одговориле со „Да, постојано", 48 со „Да, понекогаш", 37 со „Да, често", додека пак 5 наставници одговориле со „Не". Или, претставено со графикон, изгледа вака:




Графикон бр. 13: Ставови на наставниците за тоа дали користат материјали од природно потекло во своите активности

Од графиконот, може да се забележи дека наставниците користат материјали од природно потекло, без разлика дали тоа го прават често, постојано или понекогаш. Мал е процентот на наставници кои не користат материјали, како: листови и гранки од дрвја, песок, камен, дрво, кал, вода, во изведувањето на планираните активности.

Понатаму, следува прашањето кое ги испитуваше наставниците во однос на нивниот професионален развој и усовршување. Имено, прашањето: *Дали сметате дека ви е потребна обука за изработка на едукативни материјали од рециклиран материјал?*, се потруди да даде одговор на тоа колку наставниците се желни да се усовршуваат и колку се подготвени да ги прошируваат своите знаења и практични искуства. Во однос на ова, има поделени ставови. 47 % сметаат дека можеби им е потребна обука, додека пак 44 % од нив сметаат дека им е потребна. 9 % од наставниците одговориле негативно.




Графикон бр.14: Ставови на наставниците за потребата од обука за изработка на едукативни материјали од рециклиран материјал

Следното прашање беше поврзано со темите на кои би сакале самите наставници да учествуваат на обука. И во однос на ова прашање, на наставниците им беше овозможено да бираат повеќе одговори. Од ова прашање, добиени се следниве резултати:

*Табела бр. 23: Пресметување фреквенција и дистрибуција на фреквенција*

| | f | f % |
|---|---|---|
| Рециклирање | 58 | 46 % |
| Одржливост | 61 | 48,4 % |
| Намалување на отпад | 52 | 41,3 % |
| Селектирање на отпад | 30 | 23,8 % |
| Штедење на енергија | 39 | 30,9 % |

Прашањето под реден број деветнаесет беше поврзано со изработка на едукативни материјали од рециклиран материјал за користење во училишните планирани активности во однос на програмата. Имено, на прашањето: *Дали сметате дека ваквите изработки од страна на наставниците ќе бидат соодветни и квалитетни за развојот и учењето кај учениците?*, дадени беа следниве одговори:




Графикон бр.15: Ставови на наставниците во врска со тоа дали едукативните материјали се соодветни и квалитетни за развојот кај учениците

Најголемиот процент од наставниците сметаат дека ваквите изработки би биле соодветни и квалитетни за развојот и учењето на учениците (71 %). Останатиот дел од наставниците сметаат дека тие можеби би биле соодветни и квалитетни (28 %). Само мал дел од наставниците сметаат дека тие не би биле соодветни и квалитетни за развојот и учењето на учениците (1 %).

Претпоследното прашање ја испитуваше соработката на образовната институција, училиштето, со општината во која се наоѓа. Прашањето: *Дали училиштето соработува со општината во спроведување активности и проекти на теми поврзани со одржливиот развој?*, даде интересни резултати. Имено, речиси ист е бројот на наставници кои велат дека училиштето соработува со општината со бројот на оние кои велат дека училиштето понекогаш соработува со општината. Само 16 испитаници, од вкупно 126, велат дека училиштето воопшто не соработува со општината во однос на оваа тема.




Графикон бр.16: Ставови на наставниците во однос на соработката на училиштата со општините

Со други зборови, скоро слични се процентите на наставниците за проценување на нивото на соработка на самите училишта со општините. Имено, 44 % од испитаниците се изјасниле дека училиштето соработува со општината на тема одржлив развој, додека пак 43 % од наставниците велат дека понекогаш училиштето соработува со општината во однос на ова. Мал е процентот на наставници (13 %) кои категорично велат дека училиштето не соработува со општината.

*Табела бр. 24: Пресметување на кумулативна дистрибуција на фреквенција*

| | f | f % | fc | fc % |
|---|---|---|---|---|
| Да | 55 | 43,7 % | 126 | 100,00 % |
| Понекогаш | 55 | 43,7 % | 71 | 56,3 % |
| Не | 16 | 12,6 % | 16 | 12,6 % |

## 11. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку спроведување анкета за родители

Во истражувањето, како испитувачи беа вклучени и родителите. За да се добие појасна слика за темата за одржлив развој, мораше да се вклучат и родителите бидејќи и во самите програми (особено во Програмата за рано учење и развој) е потенцирана и соработката со родителите во рамките на образовната институција, градинка и училиште. Во анкетата за родители, вклучени беа 14 прашања од отворен и затворен тип, комбиниран тип, прашања со алтернација и селекција. Од вкупниот број родители кои ја пополниле анкетата, 95 се мајки, додека пак 14 се татковци.

Во однос на првото прашање: *Дали сте слушнале за 17-те цели за одржлив развој?*, добиените се следниве резултати:




Графикон бр.17: Ставови на родителите во однос на тоа дали слушнале за 17-те цели за одржлив развој

Според табелата, излегува дека 26 % од родителите слушнале за 17-те цели за одржлив развој, додека пак 37 % слушнале, но не се запознаени со истите и нивната суштина. Висок е и процентот на родители кои немаат слушнато за целите за одржлив развој и тој изнесува 35 %. Само 2 % од испитаниците се изјасниле дека не знаат дали имаат познавања за целите за одржлив развој.

Понатаму, во однос на прашањето број три за тоа дали родителите имаат познавања за концептот на одржлив развој, од вкупно 109 родители, 52 одговориле негативно, 35 позитивно, додека пак 22 од нив не знаат дали имаат или немаат познавања за концептот на одржлив развој. Изразено во проценти, тоа изгледа вака:




Графикон бр.18: Ставови на родителите во однос на тоа дали имаат познавања за концептот на одржлив развој

Понатаму, следното прашање ги испитува родителите во однос на темите за кои разговараат со своите деца, а се поврзани со одржливиот развој.

*Табела бр. 25: Пресметување фреквенција и дистрибуција на фреквенција*

| | f | f % |
|---|---|---|
| Сечење на шумите | 48 | 44 % |
| Брз раст на населението | 11 | 10,1 % |
| Климатски промени | 54 | 49,5 % |
| Глобално затоплување | 18 | 16,5 % |
| Загадување на воздухот | 86 | 78,9 % |
| Користење на природни ресурси | 28 | 25,7 % |
| Селектирање на отпад | 78 | 71,6 % |
| Загадување на водата | 63 | 57,8 % |
| Уште не разговараме за овие теми | 1 | 0,9 % |

Од ова може да се забележи дека родителите со своите деца најмногу дискутираат за темата загаден воздух (скоро 79 %), додека пак најмалку од нив дискутираат за брзиот раст на населението (10 %).

Следното прашање беше насочено кон испитување на ставот на родителите за можноста за вметнување активности поврзани со одржлив развој во воспитно-образованиот процес. Од вкупно 109 родители, 70 од нив изјавиле дека е можно да се имплементираат, 38 одговориле дека можеби можат да се имплементираат и само 1 од испитаниците одговорил негативно на ова прашање. Изразено во проценти, изгледа вака:




Графикон бр.19: Ставови на родителите во однос на тоа дали во градинките или училиштата можат да се имплементираат активности поврзани со одржлив развој

Следното прашање ја испитуваше комуникацијата помеѓу родителите и образовните институции, како што се училиштата и градинките, во однос на одржливиот развој. Најголемиот дел од родителите покажале позитивен став кон оваа соработка, сметајќи дека таа треба да биде спроведена преку почеста комуникација со родителите.




Графикон бр.20: Ставови на родителите во однос на тоа дали треба да постои почеста комуникација помеѓу родителите и образовните институции на темата образование за одржлив развој

Во однос на ова прашање, најголем дел од родителите одговориле потврдно, нагласувајќи дека треба да постои почеста комуникација на родителите со училиштата/градинките, додека пак одреден дел од родителите сметаат дека можеби треба да се зачести комуникацијата помеѓу родителите и училиштата/градинките.

Во однос на наредното прашање, родителите беа прашани во врска со тоа од каде

добиваат информации за темите за одржлив развој. Тука, тие можеа да бираат повеќе одговори. Од оние кои беа понудени во самата анкета, добиени се следниве резултати:

*Табела бр.26: Пресметување фреквенција и дистрибуција на фреквенција*

| | f | f % |
|---|---|---|
| Интернет | 83 | 76,1 % |
| Телевизија | 16 | 14,7 % |
| Радио | 1 | 0,9 % |
| Списанија | 5 | 4,6 % |
| Социјални медиуми | 41 | 37,6 % |

Дванаесеттото прашање ја испитуваше досегашната вклученост на родителите во активности кои биле организирани од градинката или училиштето во врска со темата за одржлив развој. Тука, најголемиот дел од родителите кажале дека не биле вклучени во ваков вид активности, а многу мал дел од родителите се изјасниле дека биле дел од вакви активности, односно дека можеби учествувале во ваков вид активности. Тоа изгледа вака:




Графикон бр. 21: Ставови на родителите во однос на тоа дали биле вклучени во некоја активност која ја организирала градинката/училиштето, а била поврзана со ООР

## 12. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку реализирање интервју со деца

Интервјуата со слики за деца и ученици беа реализирани во основното училиште „Братство Миѓени“ во општина Тетово и приватното средно училиште „Јахја Кемал“ во Камењане. Ова интервју беше реализирано со вкупно 120 деца од второ и трето одделение. Интервјуто се состоеше од седум прашања, сите од отворен тип.




Слика 20: Поставено прашање во интервјуто: *Што гледаш на сликава? Дали ти се допаѓа?*

Во однос на првото прашање: *Што гледаш на сликава? Дали ти се допаѓа?*, сите дечиња одговориле дека гледаат контејнери со ѓубре, односно ѓубре расфрлано на улиците, отпадоци надвор од контејнер, најлони и отпад фрлен надвор од кантите, бактерии и лоша миризба и нечистотија. Исто така, одговориле дека не им се допаѓа кога ја гледаат сликата.



Слика 21: Поставено прашање во интервјуто: *Можеш ли да го опишеш детето на сликава?*

Во однос на второто прашање: *Можеш ли да го опишеш детето на сликава?*, дечињата го опишале истото со следниве зборови:

- Детето изгледа несреќно.

- Детето има кафеави очи и жолто фустанче.
- Детето јаде грав.
- Детето е среќно што има грав.
- Детето јаде со раце и е тажно.
- Детето мие или јаде бадеми.
- Детето мие маслинки.
- Детето е тажно.
- Детето е тажно и просто.
- Детето е тажно бидејќи има малку за јадење.
- Детето е тажно и гладно.
- Детето работи, има кратка коса.
- Детето е поцрно и има кафеави очи.
- Детето нема пари и нема што да јаде.
- Детето зема храна.
- На сиромашните треба да им се помогне.
- Детето прави јадење.
- Детето е црно, сиромашно и плаче.
- Детето е тажно и осамено.
- Детето мие костени.
- Детето е тажно и јаде со раце.
- Детето јаде без виљушка.
- Детето е бледо.
- Детето е без куќичка.
- Детето е жедно и гладно.
- Детето нема леб да јаде.
- Детето нема мајка и татко.
- Детето е без волја.
- Детето е оставено.
- Детето е многу слабо.
- Детето нема облека, нема храна, сиромашно е и слабо.



Слика 22: Поставено прашање во интервјуто: *Каде се наоѓаат децава на сликава? Со кого се?*

Во однос на третото прашање: *Каде се наоѓаат децава на сликава? Со кого се?,* добиени се следниве одговори:

- На излет со наставничката.
- Шетаат во природата со учителката.
- На ливада со наставничката.
- Во шума со наставничката.
- Деца што шетаат.
- Во џунгла со мама.
- Децата се среќни во природа.
- На екскурзија.
- Децата се на планина.
- Децата се надвор.
- Децата кампуваат.
- Во парк.
- Во еколошка градина.
- На пикник со мама.
- Во природа со учителката.
- Во грмушки.
- Во поле.
- На нива.
- Им покажува различни растенија, птици и овошја.

Понатаму, следува четвртото прашање. На децата им беше прикажана слика со две деца, момче и девојче, како играат во природа. Децата беа прашани да кажат што прават момчето и девојчето на сликата. Добиени се следниве одговори:



Слика 23: Поставено прашање во интервјуто: *Што прават децата на сликата?*

- Играат со каменчиња.
- Играат брат и сестра.
- Допираат камења.
- Бараат нешто во земја.
- Собираат каменчиња.

.

- Бараат камења.
- Собираат и после ќе ги бојат.
- Чистат каменчиња.
- Играат со вода  и лисја.
- Наоѓаат камења.
- Разгледуваат камења.
- Се наоѓаат во вода.
- Фаќаат жаба.
- Кој прв ќе најде златен камен.
- Гледаат камења.
- Прават оган.
- Играат со снег.
- Собираат цвеќе.
- Садат растение.

Следната слика прикажува членови на една фамилија во двор како се прскаат со вода. Децата беа прашани како се чувствуваат додека ја гледаат сликата. Ова се дел од нивните одговори:



Слика 24: Поставено прашање во интервјуто: *Како се чувствувате кога ја гледате сликава?*

- Среќно.
- И јас би сакал/-а вака.
- Убаво.
- Весело.
- Мокро.
- Интересно.
- Летно и освежувачко.
- Забавно.
- Ми се допаѓа.
- Добро.
- Насмеано.
- Радосно.
- Разиграно.
- Се смеам.

Понатаму, следуваше прашање за слика на која е претставена игра со форми каде што децата се испитуваат дали сакаат да играат со ваква игра и доколку сакаат, да ја кажат причината. Во однос на ова, поголемиот дел од децата сакаат да играат со играта направена од картон, прикажувајќи форми кои треба да се стават на соодветните места. Од вкупно 120 деца, 89 се изјасниле дека сакаат да играат поради следниве причини: бидејќи се интересни, убави, забавни, прекрасни, бидејќи треба да мислиме, треба да ги ставиме на места, бидејќи ќе ги научиме формите, бидејќи играта е за мислење, бидејќи треба да се состават, бидејќи ми се допаѓаат и можам да научам нешто, бидејќи сме играле вакви игри претходно, има многу бои, има различни форми и сл. Од друга страна, помал број деца се изјасниле дека не сакаат да играат со вакви форми, и тоа поради овие причини: бидејќи не уживам, сакам да играм игри, едноставно не сакам, не ми се допаѓаат, за мали деца се, не ми е интересно, досадно ми е, лесно е, бебешки се фигурите, сум играл и сл.



Слика 25: Поставено прашање во интервјуто: *Дали би сакале да играте со оваа игра? Зошто?*

И на крај, децата беа замолени да нацртаат нешто што има во природата. Сите деца нацртале по нешто. Во продолжение се претставени некои од цртежите:



Цртеж бр. 1



Цртеж бр. 2

## 13. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку спроведување анкети со студенти

Во рамките на истражувањето беше спроведена и анкета за студенти за да се испитаат нивните ставови за темата за одржлив развој и образованието за одржлив развој. Во рамките на анкетата, на студентите им беа поставени вкупно тринаесет прашања од отворен и затворен тип, прашања со алтернација и селекција, комбиниран тип на прашања и сл. На крај беше дадена и можност за споделување на некој коментар или за додавање на некое мислење.

Според првичните резултати од истражувањето, вкупно 88,8 % од испитаниците се изјасниле дека се женски, додека пак 11,2 % изјавиле дека се машки.




Графикон бр. 22: Година на студирање на студентите

Исто така, во однос на годината на студирање, најголем дел од испитаниците биле запишани на студии во втора година, односно 34 %. Понатаму, 28 % од студентите биле во третата година на студирање, 23 % во првата и само 15 % од студентите биле запишани во четвртата година на студирање.

Во рамки на анкетата, студентите беа испитувани да го кажат мислењето за Целите за одржлив развој, односно истите да ги рангираат од 1 до 5, според нивната значајност, каде што бројот 5 претставува најзначајно, додека пак 1 означува најнезначајно. Ова се добиените резултати:




Графикон бр. 23: Рангирање на целите за одржлив развој според нивната значајност

Според резултатите прикажани на графиконот, 82 од студентите ја рангирале чистата вода и санитарните услови како најзначајна област, односно како најзначајна цел. Понатаму, 75 од испитаниците го одбрале доброто здравје и благосостојба како приоритетна цел и 71 студент како најважна цел го избрале квалитетното образование, односно целта број 4.

Во однос на прашањето: *Дали сте слушнале за еколошки прашања и предизвици и нивното влијание врз општеството во текот на студирањето по кој било предмет?*, повеќе од половина од студентите одговориле дека слушнале (62 %), додека пак 38 % од нив се изјасниле дека не слушнале за вакви теми во текот на студиите. Тоа графички изгледа вака:




Графикон бр. 24: Ставови на студентите во однос на тоа дали слушнале за еколошки прашања и предизвици за време на студирањето, по кој било предмет

Понатаму, во однос на наредното прашање кое гласеше: *Дали сметате дека образованието за одржлив развој треба да се интегрира во програмата уште на предучилишна возраст?*, добиени се следниве резултати:




Графикон бр. 25: Ставови на студентите во однос на интегрирањето на образованието за одржлив развој уште на предучилишна возраст

Подоцна, студентите беа прашани во однос на предметите или темите кои тие сметаат дека треба да бидат вклучени во програмата на универзитетот, а се поврзани со одржливоста. Во однос на ова прашање, најголем дел од студентите ги издвојуваат темите за финансиска стабилност, вода и вработување, како теми кои треба да се вклучени во програмите на универзитетот, кои би биле од значење за студентите.




Графикон бр. 26: Ставови на студентите за тоа кои предмети или теми поврзани со одржливоста треба да бидат вклучени во програмата на универзитетот

Во однос на десеттото прашање кое гласеше: *Кои од наведените еколошки прашања или предизвици сметате дека се приоритетни и би требало да се вклучат во наставата?,* студентите ги дале следниве одговори:




Графикон бр. 27: Ставови на студентите во однос на приоритетните еколошки прашања и предизвици кои треба да се вклучат во наставата

И во однос на прашањето: *Дали постојат пречки и предизвици при интегрирањето на одржливи содржини во наставните програми?*, мислењата на студентите се поделени. Имено, 47 од вкупно 108 анкетирани студенти сметаат дека не постојат пречки и предизвици, додека пак 61 од анкетираните испитаници сметаат дека предизвиците и пречките постојат. Изразено во проценти, тоа изгледа вака:




Графикон бр.28: Ставови на студентите во однос на тоа дали постојат пречки и предизвици при интегрирање на одржливи содржини во наставните практики

## 14. Анализа и интерпретација на резултати добиени преку партиципативно набљудување во градинки

За да се реализира инструментот Протокол за набљудување, реализирани беа вкупно десет набљудувања во неколку градинки во Полошкиот Регион. Пред да се започне со набљудувањето, во градинките беа предадени потврдите со кои на истражувачот му беше дадена дозвола за изведување на набљудувањата.

Имено, првите шест набљудувања беа реализирани во градинката во општина Јегуновце наречена „Јаболчиња“. По две набљудувања беа реализирани во градинката во општина Брвеница „Сонце – Диелли“ и две во градинката „Цветови“ – Прељубиште.

*Табела бр. 27. Презентација на примерок во набљудувачкиот процес*

| Име на градинка | „Јаболчиња“ | „Сонце – Диелли“ | „Цветови“ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| f | 6 | 2 | 2 | 10 |
| % | 60 % | 20 % | 20 % | 100 % |

### 14.1. Анализа на прв набљудувачки ден

Во рамките на набљудувањето беше следен протокол за набљудување врз основа на кој се собираа податоците за време на набљудувањето. Имено, на првиот ден од сетот на набљудувања се реализираа неколку активности поврзани со основни геометриски фигури.

**Цели на активностите:**
- Да се развие меморија и логичко поврзување.
- Да се развие способноста за систематизирање, набљудување и класификација.
- Да се подигне свесноста за важноста на повторната употреба на ресурси.
- Да се поттикне вреднувањето на повторно искористените материјали за едукативни цели.

**Детален опис на активностите:**
Активност 1: Презентација на геометриски фигури
Во однос на првата активност, истражувачот започна со презентирање на четири геометриски фигури, и тоа: круг, правоаголник, квадрат и триаголник. Презентацијата траеше до 5 минути, со тоа што истражувачот ги покажуваше фигурите и ги изговараше нивните имиња.

Активност 2: Игра на меморија со геометриски фигури
Втората активност беше изведена со цел да се запомнат презентираните фигури. Оваа активност се изведе на тој начин што фигурите беа наредени по одреден редослед, а истражувачот бараше од децата заеднички да ги кажуваат имињата на фигурите, така како што беа наредени на подот. Со секое ново повторување, истражувачот сокриваше по една фигура. На крај, играта заврши кога децата умееја да ги кажат фигурите по правилниот редослед, без да ги гледаат.



Слика бр. 26: Презентација на геометриски форми во градинката „Јаболчиња“ со најобични листови хартија

Активност 3: Категоризација на слики со предмети според геометриската фигура
Третата активност бараше од децата едно по едно да земат слики од торбичката и истите да ги ставаат до соодветната фигура. Сите четири геометриски фигури беа поставени на подот, а истражувачот делеше по една сликичка за секое дете во групата. Откако едно дете ќе земаше една слика, истражувачот бараше од детето да ја погледне сликата, да размисли на која фигура наликува предметот и да го стави предметот до соодветната фигура.

Активност 4: Игра – Составување на геометриски фигури со закопчување

И на крај, четвртата активност беше поврзана со закопчување на геометриски фигури направени од мек материјал. Имено, истражувачот најпрво демонстрираше како се закопчуваат сите три, односно четири страни на геометриските фигури.

Низ овие активности можеше да се види дека обичен бел лист хартија, кој може да е рециклиран и зачуван од минатото, може едноставно да се користи за презентација на геометриска фигура. Понатаму, поврзано со едукативниот материјал изработен од мек материјал и копчиња, може да се види дека дури и некој стар материјал и копчиња кои веќе не ги користиме може да се трансформираат во едукативен материјал и истиот да служи за поттикнување на креативните и критичките вештини кај децата, но и на фината моторика и да се покаже дека старите работи можат повторно да се употребат за други цели.




Слика бр. 27: Изведување активност со геометриски форми од мек материјал во градинката „Јаболчиња“

**Користени материјали:**

- четири геометриски фигури (круг, правоаголник, квадрат, триаголник), поставени на под за презентација и игра;
- сликички со различни предмети/објекти за играта за категоризација, кои децата ги вадат од торбичка и ги поставуваат до соодветната геометриска фигура;
- едукативен материјал изработен од мек материјал на кој се поставуваат најобични копчиња за играта за фината моторика;
- обичен бел лист хартија (може да биде рециклиран), користен за презентација и за изработка на геометриски фигури;
- торбичка од која децата извлекуваат сликички/предмети.

## 14.2. Анализа на втор набљудувачки ден

Во текот на вториот ден, истражувачот изведе активности кои беа поврзани со броеви од 1 до 10. Имено, активностите се одвиваа по следниов редослед:

**Цели на активностите:**

- Да се поттикне активно учење и разбирање преку игра и движење.
- Да се развие прецизност, внимание и самодоверба.
- Да се развие еколошката свест во изработката на наставните помагала.
- Да се охрабри креативноста и способноста за трансформирање на ресурсите.
- Воспоставување на позитивен став кон намалувањето на отпадот.

**Детален опис на активностите:**

Активност 1: Игра за загревање со броење од 1 до 10

Истражувачот започна со кратка активност за загревање преку која децата броеја од 1 до 10. Најнапред, истражувачот кажа дека децата треба да се наредат во голем круг и да ракоплескаат со рачињата десет пати, сите заедно. Понатаму, да ја повторат активноста со броење, но овој пат да ги удираат рамената и, на крај, да седнат долу, да бројат од 1 до 10 и притоа да ги удираат колената.

Активност 2: Редење мониста

Втората активност беше поврзана со нижење на десет кругови во боја на мека жица. На секое дете посебно му беше дадена мека жица и кругови. Децата имаа можност да нанижат 10 кругови на меката жица, броејќи ги.

Активност 3: Презентација на броеви од 1 до 10

Третата активност беше, всушност, кратка презентација на броевите од 1 до 10, изработени од картон и сламки. Истражувачот ги замоли децата да земат по еден број. Откако дечињата зедоа број, истражувачот ги замоли едно по едно да ги наредат броевите по редослед. Оваа активност се повтори двапати поради бројот на присутни деца тој ден. Откако децата по вторпат ги наредија броевите, сите заедно, гласно, ги кажаа броевите.



Слика бр. 28: Едукативен материјал изработен од картон и сламки за презентација на броевите од 1 до 10

Активност 4: Игра: *Театар на сенки*

Четвртата активност беше, всушност, театар на сенки, при што секое дете беше прашано да го каже бројот што го гледа на сенката. Истражувачот помагаше доколку имаше потреба. Броевите беа изработени од стар картон и стари сламки, додека пак театарот беше направен од стара четириаголна рамка и стар платнен материјал. Со ова, исто така се покажа дека старите работи можат да се пренаменат за да се направи нешто ново.



Слика бр. 29: Игровна активност – *Театар на сенки*, изработен од стара рамка и бело платно

**Користени материјали:**

- меки жици во различни бои потребни за нижење мониста;
- мониста во најразлични бои за да се нижат на жиците;
- броеви од 1 до 10 изработени од картон за да се користат за играта *Театар на сенки*;
- рачно изработен театар на сенки, претходно подготвен од дрвена рамка и бело платно;
- светилка.

### 14.3. Анализа на трет набљудувачки ден

На третиот набљудувачки ден во оваа градинка, набљудувачот реализираше вкупно четири активности, чии цели беа:

- Да се развие поврзаноста на сопственото тело со околината.
- Да се развие свесноста за себе.
- Да се развие способноста за набљудување.
- Да се промовира повторна употреба на материјали за изработка на едноставни дидактички помагала.
- Да се развие креативноста за искористување на веќе достапни материјали.
- Да се охрабрат децата да гледаат на предметите од различни перспективи.

**Детален опис на активностите:**

Активност 1: Игра за препознавање на делови од телото
Во однос на првата игра, истражувачот со најобично топче почна да ги допира деловите од главата и да бара одговори од децата. Истражувачот поставуваше прашања, како: *Што допирам?* – „*Главата!*“ – одговараа децата. Оваа активност се повторуваше со зборовите уста, нос, коса, уши, очи итн. Понатаму, истражувачот го даде топчето на првото дете и му даваше наредби, како: „Допри ја главата!“, „Допри ги очите!“ и сл. Активноста беше изведена со секое дете поединечно.

Активност 2: Презентација на делови од телото преку слики
Во однос на втората активност, истражувачот ги презентираше следниве зборови: глава, нос, уста, уши, очи, коса, преку цртежи нацртани на најобичен лист хартија. Истражувачот двапати ги презентираше зборовите.



Слика бр. 30: Презентација на делови од телото со рачно нацртани цртежи

Активност 3: Игра за меморирање на деловите на телото

Откако заврши презентацијата, истражувачот ја играше играта *Што недостасува?*, со секое дете поединечно. Од детето беше побарано да ги затвори очите, истражувачот земаше еден од цртежите и кога децата ги отвораа очите, тие требаше да кажат кој цртеж недостасува.

Активност 4: Игра за повторување на научените делови од телото

За оваа активност, истражувачот на секое дете му даде лист од стар весник и ги замоли децата да го стуткаат весникот во форма на топка. Откако сите направија по едно топче, истражувачот почна да ја игра играта. Децата ги користеа топчињата да играат кошарка, но пред да фрлат во кош, требаше да кажат еден дел од главата за да се здобијат со право да фрлаат во кош. На децата им беше дозволено да фрлаат и по трипати. Оваа активност се повторуваше со секое дете поединечно.

По активностите, воспитувачите продолжија да ја обработуваат темата за пролет. Воспитувачката читаше приказна за пролет, истовремено барајќи одговори од децата. Воспитувачот прашуваше прашања, како: *Како знаеме дека е пролет?, Што има во пролет?, Какви цветови има?, Што даваат цветовите?, Кои цвеќиња се најчести во пролет?, Со каква боја се?* итн. На крај, на децата им беа поделени цветови на лист хартија кои тие требаше да ги обојат.

**Користени материјали:**

- мало пластично топче во боја за допирање на деловите од главата;
- рачно изработени цртежи со делови од главата;
- листови од стар весник;
- топчиња изработени од весник.

## 14.4. Анализа на четврти набљудувачки ден

Во текот на овој ден беа изведени вкупно три активности поврзани со процесот на садење пченица, односно поврзани со животниот циклус на пченицата. Целите на овој набљудувачки час беа следниве:

- Да се развие основно знаење за земјоделството.
- Да се разбере поврзаноста меѓу природните ресурси и секојдневниот живот.
- Да се разберат фазите од животниот циклус на пченицата.
- Да се поттикне активна вклученост во процесот на одгледување растенија.
- Да се охрабри научна љубопитност.
- Да се изгради чувство на благодарност.

**Детален опис на активностите:**

Активност 1: Активност за воведување на наставниот материјал

Истражувачот им покажуваше слики од пченица на сите деца. Додека децата ги гледаа сликите, истражувачот извлекуваше првични знаења од децата во однос на животниот циклус на пченицата. Децата препознаа дека станува збор за пченица, а истражувачот продолжи понатаму за да извлече дали децата знаат како се сади пченицата, што е потребно за да расте и да се развива, како и што се случува со пченицата откако ќе порасне.

Активност 2: Презентација на циклусот на пченица преку слики во боја

Во однос на оваа презентација, истражувачот ги нареди картичките долу, по различен редослед, и повикуваше по едно дете да ја препознае првата картичка, односно првата слика откако ќе се посади пченицата во земја. Истата процедура следуваше за следната слика. Оваа активност се повтори двапати поради неусогласеноста на бројот на картичките со бројот на децата. На крај, кога картичките повторно беа наредени по правилен редослед, истражувачот побара од децата да го објаснат животниот циклус на пченицата.

Активност 3: Садење пченица

Во рамките на оваа активност, истражувачот им соопшти на децата дека тие ќе имаат можност да посадат пченица. Најпрво, на сите деца им подели мали пластични чинии. Понатаму, им подели бел памук на сите и на крај им даде можност самите да црпат од пченицата со лажица и да ја истурат во својата чинија. На крај, секое дете истураше вода во својата саксија. Саксиите беа поставени покрај прозорците во просториите на градинката.





Слика бр. 31 и 32: Садење пченица и никната пченица за една недела

**Користени материјали:**

- испечатени слики во боја (пченица, поле со посадена пченица, леб и сл.);
- картички со слики со различни фази од животниот циклус на пченицата;
- мали пластични чинии за садење пченица;
- бел памук;
- вистинска пченица;
- лажички;
- вода.

### 14.5. Анализа на петти набљудувачки ден

За време на петтиот ден од набљудувачкиот процес беа изведени вкупно четири активности за време на 45-минутниот час во градинката. Подолу, напишани се целите на овој час.

**Цели:**

- Да се поттикне почит кон природата.
- Да се развие естетска чувствителност.
- Да се покаже дека образовните алатки не мора да бидат купени.
- Да се покаже дека секојдневните природни ресурси можат да имаат едукативна вредност.

**Детален опис на активностите:**

Активност 1: Воведна игра за загревање

Истражувачот ги замоли децата да седнат на подот и им кажа дека ќе бројат до 10. Најнапред, броеја со тапкање на колената 10 пати, потоа тапкање по рамената 10 пати и, на крај, плескање со рацете 10 пати. Така, истражувачот ја воведе темата за броеви од 1 до 10.

Активност 2: Презентација  на броеви од 1 до 10

За презентацијата, истражувачот користеше природни листови од дрвја на кои ги имаше напишано броевите од 1 до 10 со перманентен фломастер. Истражувачот го повикуваше секое дете да ги реди броевите, односно листовите, по правилен редослед. Оваа активност беше повторена двапати бидејќи бројот на деца не беше усогласен со бројот на листови.

Активност 3: Редење на листовите на гранче од 1 до 10

Понатаму, на сите деца во групата им беа дадени гранчиња и броеви од 1 до 5. Откако истражувачот ги подели броевите, им напомена да ги наредат сите броеви од 1 до 5 на нивните гранчиња. Секое дете имаше можност да ја изведува оваа активност самостојно. Набљудувачот помагаше исклучително по потреба.

Активност 4: Креирање дрво од листови и хартија

Откако ги наредија листовите на гранчињата, истражувачот ги замоли децата да седнат на своите столчиња и листовите да ги користат за да направат едно големо дрво. На секое дете му подели по еден бел лист хартија, по едно лепило на секоја група и им напомена на децата да ги залепат листовите и да нацртаат стебло на дрво. Откако го направија дрвото, истражувачот помина во секоја група поделувајќи рачно изработена четка од природни материјали и боја за со четката да направат цвеќиња на самото дрво.


Слика бр. 33: Работа со природни листови


Слика бр. 34: Изработка на дрво од листови

**Користени материјали:**

- природни листови од дрво со напишани броеви од 1 до 5 (10);
- кратки гранчиња од дрво;
- бели листови хартија;
- лепило за лепење на листовите на хартијата;
- рачно изработени четки од гранчиња од дрвја;
- боја.

## 14.6. Анализа на шести набљудувачки ден

За време на последниот ден од набљудувачкиот процес во оваа градинка, набљудувачот подготви наставен материјал поврзан со животни и нивната храна. Целите на часот беа:

- Да се подигне свеста за природната средина.
- Да се прикаже врската помеѓу животните и нивната храна.
- Да се промовира креативна употреба на материјали.
- Да се поттикне логичко поврзување и размислување.
- Да се развие просторна ориентација и физичка свесност.

**Детален опис на активностите:**

Активност 1: Игра за загревање со купени дрвени сложувалки со животни

За оваа активност, истражувачот донесе дрвени сложувалки со животни. Секое дете имаше можност да избере по едно животно и да го стави на правилното место. Активноста се повтори неколку пати за да може секое дете да биде вклучено и самостојно да ја изведе активноста.

Активност 2: Презентација и вовед на одредена храна за животни

Откако ја изведоа првата активност, истражувачот покажуваше слики со јадења и извлекуваше одговори од децата. Откако децата ги кажаа имињата на сите јадења на сликите, истражувачот продолжи со следната активност.

Активност 3: Игра на поврзување на животни со нивната храна

За оваа активност, истражувачот имаше изработено едукативен материјал од картон со прозорчиња и на секое прозорче имаше по едно животно. Откако ги кажаа сите животни кои ги гледаат на прозорчињата, истражувачот им даде можност на децата да идентификуваат кое животно каква храна јаде. Така, децата едно по едно зедоа од сликите и ги ставаа на вистинските места. Оваа активност се повтори неколку пати за да не се изостави ниту едно дете.





Слика бр. 35 и 36: Игра со животни и нивната храна

Активност 4: Воведување на прилозите за место

На крајот, кратко се воведе темата за прилозите за место. Со обична кутија, набљудувачот ја демонстрираше презентацијата со животните-играчки кои ги користеше во преходните активности. Додека ја демонстрираше активноста, набљудувачот поставуваше прашања: *Каде е лавот?*, додека пак децата ги даваа одговорите, како: *Лавот е под кутијата*. Истражувачот им дозволи на децата сами да ја изведуваат истата активност влегувајќи внатре во кутијата, легнувајќи под кутијата, поставувајќи се зад кутијата и сл.



Слика бр. 37: Игра со кутија за вежбање на прилози за место

**Користени материјали:**

- дрвена сложувалка со животни;
- испечатени слики во боја со јадење;
- рачно изработен наставен материјал од картон со прозорчиња со животни;
- испечатени слики со животни и нивната храна;
- картонска кутија;
- реални играчки – животни.

## 14.7. Анализа на седми набљудувачки ден

За овој набљудувачки ден, набљудувачот подготви тема поврзана со бои. Овој набљудувачки час се состоеше од неколку активности, чии цели беа да се поттикне еколошката свест кај децата преку едукативни материјали изработени од хамер и најлон, да се зајакнат моторичките способности кај децата и координацијата рака – око и да се развие визуелна перцепција кај децата.

**Детален опис на активностите:**

Активност 1: Презентација на боите
Набљудувачот ги презентираше боите со обични листови во боја, без користење на други наставни материјали. Во текот на презентацијата ги користеше црвената, сината, зелената, жолтата, црната, белата, портокаловата боја и сл.

Активност 2: Игра за меморирање на имињата на боите
Понатаму, истражувачот повикуваше дете по дете за да ја играат играта *Допри ја бојата*. Изведувањето на оваа активност се состои во тоа што набљудувачот извикува една од боите кои се претставени на подот, додека детето треба да ја препознае бојата и само да ја допре со своето раче. Оваа активност се повтори двапати за да може да се реализира активноста со секое дете поединечно.

Активност 3: Игра со фрлање топка во соодветно обоениот круг
И на крај, истражувачот постави едукативен материјал изработен од хамер и пластични ќеси, со обоени и исечени кругови, во кои децата фрлаа топка откако ќе земеа една играчка и ќе ја идентификуваа бојата на играчката. Оваа активност траеше сè додека сите деца не одиграа по еднаш.



Слика бр. 38: Активност изработена од хамер и рециклирани пластични кеси за фрлање топка во кош

**Користени материјали:**

- Обични листови хартија во различни бои.
- Реални играчки во различни бои.
- Наставен материјал изработен од хамер и пластични ќеси со облик на кругови во боја.

## 14.8. Анализа на осми набљудувачки ден

За време на осмиот набљудувачки ден, набљудувачот реализираше неколку активности во градинката во Брвеница, кои беа поврзани со боите и категоризацијата на боите. Целите на часот беа:

- Да се развие самостојно изведување на активности.
- Да се изучат боите.
- Да се категоризираат боите.
- Да се развијат основни когнитивни вештини.
- Да се развие координација преку движење.
- Да се поттикне средина во која секое дете ќе се поттикне на учество.

**Детален опис на активностите:**

Активност 1: Игра за запознавање
За целите на оваа игра, дечињата беа наредени во целосен круг во кој беше вклучен и самиот набљудувач. Набљудувачот во рака држеше мало топче и почна да ја води играта. Набљудувачот кажа: „Јас сум Клаудија, кој/-а си ти?“, за да демонстрира дека децата треба да ги кажат имињата за да се запознаат со набљудувачот. Истата процедура следеше и со секое дете поединечно.

Активност 2: Презентација
Набљудувачот реализираше кратка презентација за боите со помош на листови во боја (А4-формат). Презентацијата се состоеше од повторување на боите неколку пати.

Активност 3: Игра за меморирање на боите
Откако набљудувачот ги презентираше боите, се премина на вежбање и меморирање на истите. Набљудувачот ги постави боите на под и ги замоли дечињата да формираат поголем круг. Понатаму, набљудувачот повикуваше по едно дете од групата и извикуваше по една боја. Детето се очекуваше да стапне на бојата и да го каже името на истата. Активноста беше изведена неколку пати, давајќи можност на секое дете да ја спроведе активноста.

Активност 4: Игра за категоризација на боите
Набљудувачот ги замоли децата да седнат на столчиња и да гледаат накај таблата. На таблата, набљудувачот постави наставно ливче со колони. Секоја колона означуваше одредена боја. Понатаму, набљудувачот им подели слики во боја на секое од дечињата и откако дечињата ја препознаваа бојата, набљудувачот ги замоли да ја залепат сликичката во колоната со соодветната боја. Оваа активност беше изведена двапати, со секое дете поединечно.



Слика бр. 39: Игра со категоризација на предмети по боја

Активност 5: Игра со фрлање топка

Набљудувачот постави голем хамер со кругови, чии краеви беа обоени во различни бои. Во заднината на круговите беа залепени стари најлонски ќеси. Набљудувачот ги повикуваше децата едно по едно. Децата зедоа по еден предмет од ќесата со предмети и ја кажуваа соодветната боја. Откако го сторија тоа, набљудувачот им даде мало топче да го фрлаат во кош, т.е. во соодветниот круг со веќе посочената боја.

**Користени материјали:**

- мало пластично топче во боја;
- обични листови хартија во боја, А4-формат;
- табла;
- наставно ливче со колони во боја;
- испечатени слики од предмети во боја;
- наставен материјал, рачно изработен со обоени кругови;
- реални предмети и играчки во боја.

## 14.9. Анализа на деветти набљудувачки ден

Во текот на овој ден, набљудувањето се реализираше во градинката „Сонце – Диелли" во село Брвеница. Темата беше поврзана со геометриски форми и нивно изучување и повторување. Целите на часот беа:

- Да се поттикне игра на отворено.
- Да се развие креативното размислување преку моделирање и декорирање форми.
- Да се зајакне следењето инструкции и да се подготват децата за дисциплинирано учество во заедницата.
- Да се развие чувство за припадност во просторот.
- Да се поттикне рамноправно учество во игра.

**Детален опис на активностите:**

Активност 1: Презентација на геометриските форми
Набљудувачот кратко ги презентираше четирите геометриски форми, и тоа: круг, триаголник, правоаголник, квадрат. Презентацијата се состоеше во повторување на фондот на зборови неколку пати, во дворот на градинката. За презентацијата, набљудувачот користеше обични листови хартија во бела боја.

Активност 2: Игра за меморирање на геометриските форми
Набљудувачот ги нареди дечињата на масичките во надворешниот дел на градинката. Потоа, ги постави геометриските форми на подот. Откако ги постави, ги повика дечињата да ги кажуваат геометриските форми една по една, онака како што се поставени на подот. Откако еднаш ги кажаа, следниот пат продолжија да ги кажуваат, со тоа што првата геометриска форма беше скриена. Истата процедура се повторуваше сè додека не беа скриени сите 4 форми, а дечињата ги запомнија геометриските форми по нивниот редослед.

Активност 3: Игра за креирање форми од пластелин
Набљудувачот подели пластелин во сите три групи. Со пластелинот, набљудувачот формираше една од геометриските форми и дечињата беа задолжени да ја следат формата поставувајќи ситни парчиња од пластични цевки. Активноста беше реализирана со секое дете поединечно.

Активност 4: Игра за прескокнување на формата
Набљудувачот ги постави силуетите од трите геометриски форми на подот. Потоа, повикуваше дете по дете. Набљудувачот даваше наредба, а децата се очекуваше да ја исполнат наредбата. На пример: „Прескокни го триаголникот!". Детето ја извршуваше дадената наредба и се враќаше на своето место.

**Користени материјали:**

- геометриски форми изработени од обичен лист хартија;

- силуети од геометриски форми изработени од цевки во боја;
- селотејп;
- пластелин;
- масички и столчиња;
- цевки во боја;
- двор.

## 14.10. Анализа на десетти набљудувачки ден

Овој набљудувачки ден беше реализиран во градинката „Цветови“ во село Прељубиште. Со овој ден заврши набљудувачкиот процес во рамките на истражувањето, кој беше спроведен во вкупно три градинки од Полошкиот Регион. Во текот на овој ден беа изведени активности, чии цели беа:

- Да се развие математичка писменост.
- Да се изгради внимателност, концентрација и дисциплина.
- Да се поттикне употреба на едноставни и повторно употребливи дидактички материјали.
- Да се развива свесноста за рециклирање.
- Да се развиваат креативни вештини.

**Детален опис на активностите:**

Активност 1: Презентација на геометриските форми

Набљудувачот кратко ги презентираше четирите геометриски форми (круг, триаголник, правоаголник, квадрат). Презентацијата се состоеше во повторување на фондот на зборови неколку пати.

Активност 2: Игра: *Меморирање на имињата на геометриските форми*

Набљудувачот ги постави геометриските форми на подот. Откако ги постави, ги повика дечињата да ги кажуваат геометриските форми една по една, онака како што беа поставени на подот. Откако еднаш ги кажаа, следниот пат продолжија да ги кажуваат, со тоа што првата геометриска форма беше скриена. Истата процедура се повторуваше сѐ додека не беа скриени сите 4 форми, а дечињата ги запомнија геометриските форми по нивниот редослед.

Активност 3: Игра

Набљудувачот ги повика децата да седнат на масичките и им подели пластелин. Овојпат, на децата им беше кажано сами да изработат некои од геометриските форми со кои се запознаа тој ден. Откако направија геометриски форми, само на повозрасните деца им беше кажано да ги декорираат страните на формите со делови од пластични цевки.

Активност 4: Игра

Набљудувачот ги постави силуетите од трите геометриски форми на подот. Набљудувачот објасни дека децата треба да ја изведат наредбата која ќе ја каже самиот набљудувач. Така, ги повикуваше децата едно по едно и децата се забавуваа прескокнувајќи ги формите.

**Користени материјали:**

- геометриски форми на бел лист хартија;
- силуети од геометриски форми;
- пластелин;
- маса и столчиња;

- делови од цевки во боја;
- селотејп.

Со завршувањето на десеттиот ден од набљудувачкиот процес, во кој преку најразлични едукативни и игровни активности се согледаа начините на учење, користењето на дидактичките материјали и вклученоста на децата, се создаде основа за понатамошна систематизација и интерпретација на согледувањата. Во продолжение се дава преглед на тврдењата кои беа предмет на разгледување и забележување во текот на набљудувачкиот процес. Од вкупно 22 тврдења, во табелата се прикажани оние кои се најрелевантни за темата за одржлив развој и кои се најмногу поврзани со поставените хипотези во истражувањето. Според табелата, може да се забележи дека едукативните материјали кои беа прикажани во рамките на набљудувачкиот процес и со кои децата во градинките имаа можност да играат и да манипулираат, беа соодветни за потребите и можностите на децата и истите ги вежбаа и ги развиваа креативните и критичките вештини кај нив. Може да се забележи и дека тие сакаа да играат со овие изработки, а истите изработки успеаја да дадат еден нов начин кој би помогнал во практичната имплементација на програмата во однос на одржливиот развој.

*Табела бр. 28: Претставување на тврдењата дефинирани во протоколот за набљудување*

| Тврдење | Не (f) | % | Делумно (f) | % | Да (f) | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Децата се запознаваат со темите за еколошка одржливост. | / | - | 9 | 90 % | 1 | 10 % |
| 2. Достапни се ресурси за ООР вклучувајќи ги животните и растенијата во природната околина. | / | - | 1 | 10 % | 9 | 90 % |
| 8. Децата ги користат ресурсите кои ги има во животната средина во нивните секојдневни игри. | / | - | / | - | 10 | 100 % |
| 11. Децата се охрабруваат да креираат изработки од рециклиран материјал. | / | - | 3 | 30 % | 7 | 70 % |
| 12. Децата сакаат да учествуваат во активности кои се изведуваат надвор од градинката (или во дворот на градинката). | / | - | / | - | 10 | 100 % |
| 15. Децата сакаат да играат со едукативни материјали изработени од природен или рециклиран материјал. | / | - | / | - | 10 | 100 % |
| 16. Едукативните материјали соодветствуваат со можностите и развојните потреби на децата во однос на одржливиот развој. | / | | / | | 10 | 100 % |
| 17. Децата ги развиваат своите креативни вештини за одржливиот развој преку користењето на едукативни материјали базирани врз концептот на одржлив развој. | / | - | / | - | 10 | 100 % |
| 18. Децата ги развиваат своите критички вештини за одржливиот развој преку едукативните материјали базирани врз концептот на одржлив развој. | / | - | / | - | 10 | 100 % |
| 19. Преку употребата на едукативните материјали се подобрува практичната имплементација на курикулумот во однос на одржливиот развој. | / | - | / | - | 10 | 100 % |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20. Воспитувачите го препознаваат чувството за користење на едукативните материјали базирани врз Концептот на одржлив развој за време на активностите. | / | - | / | - | 10 | 100 % |
| 22. Преку едукативните материјали се доближува развивањето на компетенциите на кадарот за имплементација на образованието за одржлив развој. | / | - | | - | 10 | 100 % |

## 15. Извештај од реализираните фокус-групи со воспитувачи во градинки

Во рамките на истражувањето, по завршувањето на набљудувачкиот процес, беа реализирани фокус-групи во сите три градинки каде што се реализираше набљудувачкиот процес. Од сите три градинки, учесници во фокус-групите беа вкупно четири воспитувачи. Во однос на инструментот за реализирање на фокус-групата, истиот се состоеше од вкупно 24 прашања.

Од реализираните фокус-групи со воспитувачите, може да се забележи дека речиси сите воспитувачи кои учествуваа во фокус-групите со леснотија забележаа дека активностите кои беа користени во текот на набљудувачкиот процес водеа кон развој на когнитивни способности и развој на фината моторика кај децата. Имено, тоа може да се забележи преку фактот дека сите активности кои беа употребени за време на часовите поттикнуваа употреба на игра. Истовремено, поттикнуваа и внимание, меморија и набљудување. Развивањето на фината моторика можеше јасно да се види во активностите со фрлање топка во соодветна боја и закопчување на формите со копчиња.

Понатаму, јасна беше и употребата на природни и рециклирани материјали во текот на набљудувачкиот процес. Материјалите кои беа користени за време на часовите беа интересни и блиски до децата и на тој начин истите беа многу разбирливи и прифатливи за користење. Некои од едукативните материјали кои беа изработени од рециклирани материјали, како: хартија, пластични ќеси и сл., дадоа момент на еколошка одговорност кај децата. Воспитувачите забележаа зголемен интерес кај децата при работа со природни материјали, како: дрво, листови од дрво, гранки и текстилни отпадоци.

Од аспект на примената и достапноста на едукативните материјали, воспитувачите се согласни дека истите се едноставни за примена во градинките и дека бараат изработка од страна на професионалниот кадар, но со минимални ресурси. Во оваа смисла, за изработка на едукативните материјали, воспитувачите сметаат дека се користени достапни и познати материјали од секојдневието, што на некој начин го олеснува процесот на подготовка и имплементација. Тоа кај децата резултираше со лесна манипулација и приспособеност на возраста. Иако поголем дел од воспитувачите сметаат дека не би измениле или додале ништо, сепак, има воспитувачи кои сугерираат зголемена употреба на материјали од природно потекло за време на часовите, како и изработка на едукативни материјали кои ќе имаат подолг рок на траење и ќе се одликуваат со зголемување на намените за користење.

Во однос на почитувањето на развојните фази кај децата, воспитувачите истакнуваат дека едукативните материјали и активностите спроведени за време на набљудувачкиот процес ги поддржуваат сите развојни домени во раниот детски развој, и тоа: физичкиот, когнитивниот, социоемоционалниот, говорниот, пристапот кон учењето и комуникацијата. Исто така, истакнуваат дека преку користењето на методот на игра, на децата им биле овозможени и им биле отворени можности за развивање на трпеливоста, соработката, самосвеста, креативноста и критичкото размислување. Тука, се надоврзуваат и животните вештини кои биле промовирани за време на набљудувачкиот процес, како што се: одговорноста, тимската работа, саморегулацијата и вештините за донесување одлуки.

Во текот на процесот на набљудување, од една страна, воспитувачите изјавуваат дека сите активности кои биле имплементирани се карактеризирале со моменти на интерактивност и ангажираност од страна на децата, потенцирајќи дека децата активно учествувале, соработувале и се движеле во текот на игровните активности. Од друга страна пак, во активностите со хартиени топки, театар на сенки и нижење на мониста, децата покажале висок степен на интерес и вклученост во истите.

Активноста преку која се садеше пченица и активноста преку која децата ги нижеа природните листови на гранка од дрво, го промовираа развојот на еколошката свест кај децата, како и едукативниот материјал изработен од хамер и пластични ќеси. Но, и покрај ова, од страна на воспитувачите се предлага почеста реализација на еколошки акции во самите градинки за теми поврзани со заштитата на животната средина.
На крај, може да се спомене дека преку набљудувачкиот процес генерално се прикажаа едукативни материјали, како основен ресурс за реализација на активностите, и игри кои поттикнуваа изучување на броеви, бои, геометриски форми и се поттикна развивање на меморијата, логичко размислување и внимание. Едукативните материјали изработени од самиот истражувач беа јасни и едноставни за разбирање, интерактивни и стимулирачки за децата, безбедни, еколошки и приспособени на возраста на децата во групите, како и функционални и лесни за ракување (што беше потврдено и од страна на воспитувачите).

Дополнително, наодите од реализираните фокус-групи укажуваат на тоа дека воспитувачите ги препознаваат овие активности не само како ефективни од педагошки аспект туку и како силна поддршка за интегрирање на принципите на одржливиот развој во секојдневната воспитно-образовна практика во градинките. Нивните согледувања упатуваат кон простор за создавање на стимулирачка средина за учење, во која децата преку сопствено искуство и активна вклученост градат позитивни ставови кон природата, одговорно користење на ресурсите и соработка со врсниците, што претставува важна основа за долгорочен развој на одржливи навики и вредности уште од најрана возраст.

## IV. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРИМЕНА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Преку анализата на наставните програми по сите предмети од прво до трето одделение, се бараа сличности кои постојат во нив со темата за одржлив развој. Се бараа елементи на одржливиот развој кои веќе постојат во нашите национални програми. Иако во наставните програми не се дефинираат, објаснуваат и анализираат вредностите и знаењата за концептот на одржлив развој и не се дефинира образованието за одржлив развој, сепак, во наставните програми се извлекуваат резултати кои се очекуваат да се постигнат од страна на учениците а се поврзани со националните стандарди.

Понатаму, во наставните програми во делот во кој е посочена опремата која се користи во изведувањето на поединечниот предмет, може да се забележи дека постојат активности кои се изведуваат надвор од училницата.

На крај, наставните програми укажуваат на важноста за подигање на свесноста за климатските промени и еколошките предизвици уште од најрана возраст, односно уште од прво одделение и истите ги посочуваат еколошките и социјалните предизвици со кои се соочува светот. Овие заклучоци се евидентирани во чек-листите.

Преку анализа на содржината на Програмата за рано учење и развој, индиректно се дефинираат, објаснуваат и анализираат вредностите и знаењата за концептот на одржлив развој, ниту пак се дефинира образованието за одржлив развој. Тоа што е содржински поставено во Програмата се активностите и целите кои се објаснети и кои на некој начин се поврзуваат со темата за одржлив развој. Исто така, во Програмата се посочуваат практични примени кои ги изведуваат воспитувачите за време на спроведувањето на Програмата, преку кои може да се види дека постојат одредени елементи на имплементирање на образованието за одржлив развој во најраното детство, уште со започнувањето во градинка.

Помеѓу Програмата за рано учење и развој и карактеристиките на образованието за одржлив развој постојат одредени сличности, кои исто така може да се забележат преку примерите за активности, поставените цели и очекуваните резултати. Понатаму, во Програмата може да се идентификуваат активности кои треба да се изведуваат надвор, во дворот на градинката. Во самата Програма е јасно објаснето и дефинирано што треба да направи самиот воспитувач при изведбата на одредена активност. Подигањето на свесноста за климатските промени, еколошките и социјалните предизвици е присутно во Програмата, исто така преку прикажување на примери за активности, зацртани цели кои се дел од Програмата, како и очекуваните резултати кои треба да се постигнат кај децата.

Во Стандардите за рано учење и развој не се директно дефинирани и објаснети вредностите и знаењата за концептот на одржлив развој и не е дефинирано образованието за одржлив развој. Меѓутоа, може индиректно да се посочи дека одржливиот развој во раното детство, гледано преку Стандардите за рано учење и развој, се дефинира преку активностите кои се предложени и индикаторите кои покажуваат што треба да направи детето во одреден период. Активностите кои се предлагаат се на некој начин совети за тоа како стручните лица да пристапат во таа фаза кон детето за да стимулираат развој кај истото.

Стандардите за рано учење и развој се поделени во пет домени, каде што секој домен си има свои посебни субдомени. Тука, во анализата, се посветува внимание во делот на сите

развојни периоди, почнувајќи од 0 до 6 месеци, 6 до 18 месеци, 18 до 24 месеци, 3 до 4 години  и 4 до 6 години. Во сите развојни периоди се гледаат стандардите кои се поставени, но и предлозите за активности. Преку оваа анализа се прави поврзување на предлог-активностите и како истите со поврзани со темата за одржлив развој, односно како тие активности во суштина вклучуваат елементи на одржлив развој во раното детство. Сите оние кои некако се поврзани со оваа тематика, беа претставени јасно и точно како што се и напишани во самиот документ.

Од сите тие совети и предлог-активности, може да се забележи дека свесноста за климатските промени, како и еколошките и социјалните предизвици почнуваат да се подигнуваат уште од најрано детство. Имајќи предвид дека Програмата за рано учење и развој на некој начин се темели врз овие стандарди, може да се види и нивната меѓусебна поврзаност, па потоа истата да има и улога при елаборирање на темата за одржливоста.

Во однос на истражувачките прашања од група 2, кои беа поставени во самиот предлог-проект на ова истражување, постојат три хипотези кои беа поставени:

> X2.1. Програмата за рано учење и развој/наставните програми даваат теоретска основа за концептот за образование за одржлив развој преку принципите за рано учење и развој.
>
> X2.2. Стандардите за рано учење и развој го следат холистичкиот развој на децата на предучилишна возраст, аспект со кој се одликува образованието за одржлив развој.
>
> X2.3. Годишните, месечните и дневните подготовки за воспитно-образовната работа даваат методска основа за имплементација на концептот за образование за одржлив развој.

Според она што беше анализирано, можеше да се забележи дека Програмата за рано учење и развој во градинките содржи активности и содржини кои во себе вклучуваат делови од одржливиот развој, односно тематики кои се вклучени во Програмата. Програмата беше детално анализирана и конкретно се бараа активности и очекувани резултати кои се поврзани со темата за одржлив развој, а се наменети за деца од најмала возраст. Исто така, преку анализата на Стандардите за рано учење и развој, се даде целосен преглед на теоретската основа на стандардите, очекуваните резултати и примерите за активности. И во овој дел се наоѓаа и се забележуваа оние стандарди, резултати и активности кои директно се поврзани со одржливоста. И на крај, и во програмите во основното образование по сите предмети беа потенцирани деловите кои се поврзани со одржливиот развој, а особено се анализираа предметите Општество и Природни науки. Во програмите по сите предмети од прво до трето одделение, можевме да видиме теоретска основа на одржливиот развој и во првиот циклус на основното образование. Со тоа, може да се каже дека сите три хипотези се прифаќаат од веќе споменатите причини.

Агенда 21 е детален документ за природната средина и развој кој се состои од четири дела. Конкретно за ова истражување, анализиран беше делот четири – Средства за имплементација, поглавје 36 за промовирање на образованието, јавната свест и обуки. Според чек-листата, тука се објаснуваат и се дефинираат знаењата и вредностите за концептот на одржлив развој, како и за образованието за одржлив развој. Во самиот документ се даваат и предлози за активности и средства за имплементирање на тие активности. Агенда 21 јасно

ја дефинира и ја покажува важноста на подигањето на свеста за еколошките прашања, како и за оние од економски и социјален карактер. Тука, се споменува и дека образованието на сите нивоа и во сите сектори е клучно за имплементирање на одржливоста во секојдневното живеење.

Агенда 2030 е значаен документ издаден од страна на Обединетите нации во 2015 година и е обид за трансформирање на светот кон одржливоста. При анализата на содржина, задржано е вниманието само на оние делови кои се релевантни за ова истражување и кои одат во насока на фокусирање на еколошките и социјалните предизвици со кои се соочува светот, како и климатските промени. На почетокот, напишана е Преамбулата, а потоа следуваат одделни делови кои говорат за луѓето, планетата Земја, просперитетот, мирот и партнерството. Дефинирана е визијата на Агендата, како и принципите и заложбите кои се заеднички за сите држави кои се дел од Агендата. Дадени се и насоки, односно средства за имплементирање на овој акциски план. Агенда 2030 во себе ги содржи и сите 17 цели на одржлив развој. Од оваа анализа, се оди кон анализирање на сите тие цели, со посебен фокус кон одредени цели кои се значајни за целите на ова истражување.

Според пополнетата чек-листа во однос на овој документ, може да се заклучи дека документот ги дефинира, објаснува и анализира знаењата и вредностите на концептот на одржлив развој и дека постојат елементи во истата кои ги даваат карактеристиките на образованието за одржлив развој во раното детство. Она што е исто така клучно за Агенда 2030 е тоа дека точно и јасно се укажува на важноста на свесноста за климатските промени и еколошките предизвици, како и економските и социјалните тешкотии со кои се соочува светот. Во оваа смисла, образованието е клучно за имплементирање на одржливоста или за реализирање на елементи на одржливиот развој на сите нивоа на образование.

За потребите на ова истражување, неопходно беше да се направи и преглед на Целите за одржлив развој бидејќи истите се вклучени во Агендата 2030 и образованието за одржлив развој е исто така дел од нив. Во оваа анализа беа подетално анализирани и целите кои се, на некој начин, најдиректно поврзани со оваа тематика за одржливоста. Сепак, најважна цел е целта број 4 за квалитетно образование, низ која јасно и конкретно се гледа дека идните ученици мора да добијат вештини и знаења за одржливиот развој.

Во однос на истражувачките прашања од група 1, анализирани беа интернационални документи, рамки и стратегии, кои имаа за цел да испитаат за вредностите и знаењата за одржливиот развој, како и за конкретни практични примери и препораки. Во однос на ова, поставени беа следниве хипотези:

Х1.1. Интернационалните декларации, рамки и стратегии обезбедуваат вредности и знаења за образованието за одржлив развој во раното детство.

Х1.2. Интернационалните декларации, рамки и стратегии ги посочуваат начините за обезбедување пристап до квалитетно образование за одржлив развој.

Х1.3. Интернационалните декларации, рамки и стратегии ги посочуваат климатските промени, еколошката, економската и социјалната криза како клучни за образованието за одржлив развој во раното детство.

Х1.4. Интернационалните декларации, рамки и стратегии даваат примери и препораки од реализирани проекти за образованието за одржлив развој во раното детство.

Во однос на сите овие четири хипотези, би можело да се заклучи дека првите три хипотези се прифаќаат, бидејќи низ анализираните документи можеше да се забележи дека истите даваат информации за вредностите и знаењата за образованието за одржливиот развој, посочуваат начини на обезбедување пристап до квалитетно образование и исто така ги посочуваат климатските промени и еколошката, економската и социјалната криза како клучни за образованието за одржлив развој.

Во однос на реализираното интервју со градоначалниците на општините, може да се заклучи дека градоначалниците во интервјуата даваа конкретни одговори и примери. Поради тоа, може да се каже дека се прифаќаат и двете истражувачки прашања кои беа насочени кон ставовите и мислењата на градоначалниците. Хипотезите кои беа поставени се:

Х3.1. Постои капацитет на градинките и училиштата во општините за имплементација на образованието за одржлив развој.

Х3.2. Постои интерес за соработка меѓу општините и градинките и училиштата за целите на образованието за одржлив развој.

Првата хипотеза може да се прифати бидејќи градоначалниците се изјасниле дека инвестираат и вложуваат во образованието во раното детство, односно во градинките и исто така се изјасниле дека преземаат конкретни активности кои во себе го содржат одржливиот развој. Понатаму, градоначалниците умееја да набројат мноштво активности, проекти и иницијативи преку кои може да се види соработката меѓу општините и градинките.

Од реализираното интервју со директори на градинки и училишта, може да се изведат следниве заклучоци:

- Директорите на градинките и училиштата имаат доволно познавања за образованието за одржлив развој.
- Поделени се ставовите за можноста за имплементација на ООР во раното детство.
- Постојат позитивни ефекти и бенефиции од имплементирање на ООР во раното детство.
- Потребни се обуки на кадарот преку кои ќе се стекне со знаења и вештини за реализација на овој вид образование во градинките и училиштата.
- Постојат специфики на менаџирање на образовните институции во однос на одржливиот развој.
- Нашите градинки и училишта имаат позитивни страни за имплементација на одржливиот развој во овие образовни институции.
- Градинките и училиштата можат да се насочат кон одржливиот развој преку различен вид активности.
- Дворот на градинката, односно училиштето се користи за најразлични активности кои во себе ја содржат темата за одржливиот развој.
- Возможно е уште од најрана возраст да се решаваат и да се изнаоѓаат решенија за проблемите и предизвиците со кои се соочуваме во светот во кој живееме.
- Родителите соработуваат со градинката и училиштето преку вклучување во различен вид активности.

- Потребна е поголема и почеста соработка со локалните институции и другите засегнати страни на оваа тема.

Исто така, може да се забележи дека од вкупно пет помошни хипотези, односно истражувачки прашања од група 4, се прифаќаат вкупно четири хипотези и истите се прифаќаат поради добиените одговори од страна на директорите. Имено, ова беа поставените хипотези кои се однесуваа на испитување на ставовите и мислењата на директорите:

Х4.1. Директорите на предучилишните установи и училишта во своите ставови и мислења ја препознаваат важноста на образованието за одржлив развој во раното детство.

Х4.2. Директорите на предучилишните установи и училишта сметаат дека кадарот е делумно подготвен за примена на концептот на образование за одржлив развој.

Х4.3. Директорите на предучилишните установи и училишта сметаат дека кадарот треба да е обучен за успешно да го имплементира образованието за одржлив развој.

Х4.4. Директорите на предучилишните установи и училишта сметаат дека делумно постои соодветен пристап на услугите базирани врз концептот на образование за одржлив развој во раното детство.

Х4.5. Директорите на предучилишните установи и училишта соработуваат со општината и со други засегнати страни.

Хипотезата 4.1. се прифаќа бидејќи преку серија прашања, директорите на градинките и училиштата ја препознаваат важноста на образованието за одржлив развој и во оваа смисла ги поткрепуваат одговорите со сопствени примери. Понатаму, хипотезата 4.2. исто така се прифаќа, бидејќи голем дел од директорите сметаат дека на воспитувачите и наставниците им треба дополнително професионално усовршување во однос на одржливиот развој и сметаат дека тоа е доста важно за да умеат успешно да реализираат делови на образованието за одржлив развој во градинките и училиштата. Тие посочуваат и извори од каде што добиваат информации за обуки и со отвореност кажуваат дека би ги пратиле своите вработени на обуки. И на крај, директорите посочуваат и примери за активности и проекти преку кои можат да ја прикажат соработката на градинките и училиштата со другите засегнати страни, како што е општината и сл.

Во однос на овој инструмент, поставени беа вкупно шест истражувачки прашања во група 5 кои се однесуваа на ставовите и мислењата на воспитувачите и наставниците. Тие беа следниве:

Х5.1. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата сметаат дека Програмата за рано учење и развој нуди можности за практична имплементација на образованието за одржлив развој.

Х5.2. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата сметаат дека се делумно подготвени за практична имплементација на концептот на образование за одржлив развој во раното детство.

X5.3. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата сметаат дека е потребно професионално усовршување за образованието за одржлив развој.

X5.4. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата сметаат дека е потребно развивање на компетенциите за имплементација на образованието за одржлив развој.

X5.5. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата сметаат дека е потребно да се креираат и да се применуваат едукативни материјали преку кои практично ќе се имплементира образованието за одржлив развој.

X5.6. Воспитувачите и наставниците во градинките и училиштата делумно сметаат дека постојат доволно ресурси за изработка на едукативни материјали базирани врз концептот на образование за одржлив развој.

Од сите поставени хипотези, може да се прифатат хипотезите 5.3. и 5.4., кои се однесуваат на професионалното усовршување и развивањето компетенции кај воспитувачите за имплементација на образованието за одржлив развој. Повеќе од половина од воспитувачите се изјасниле дека им е потребно професионално усовршување и надградба на вештините за да можат да изработуваат едукативни материјали базирани врз концептот на одржлив развој.

Во однос на реализацијата на анкетите за родители, поставени беа вкупно четири истражувачки прашања кои се однесуваа на испитување на ставовите на родителите во врска со образованието за одржлив развој. Истражувачките прашања беа:

X6.1. Родителите делумно го познаваат и го прифаќаат концептот на образование за одржлив развој.

X6.2. Родителите сметаат дека е потребно да се применува концептот на образование за одржлив развој во градинките и училиштата.

X6.3. Родителите сметаат дека е потребно да имаат повеќе информации за образованието за одржлив развој.

X6.4. Родителите сметаат дека е потребно да бидат повеќе вклучени во активностите кои се изведуваат во градинките и училиштата.

Од сите четири хипотези, се прифаќаат сите, бидејќи од добиените резултати може да се забележи дека родителите не го познаваат и не го прифаќаат образованието за одржлив развој, односно тие сметаат дека немаат доволно информации за овој вид образование, но во исто време сметаат дека е можно да се применуваат активности поврзани со одржливиот развој во градинките и училиштата. Дури 64 % од родителите се согласиле со ова тврдење. Тие споменуваат и дека е потребно да бидат повеќе вклучени во активностите кои се изведуваат во градинките и училиштата, односно дека голем дел од нив воопшто не биле вклучени во ваков вид активности.

Од реализираните интервјуа со децата во двете основни училишта, можат да се забележат следниве заклучоци:

- Децата се способни уште од мала возраст да ги препознаат предизвиците поврзани

со чување на околината, справување со отпад и препознавање на глад и сиромаштија и емоциите кои излегуваат од ова.
- Децата сакаат да играат надвор, на отворено.
- Децата знаат визуелно да претставаат нешта кои ги има во природата.
- Децата покажуваат интерес за учество во игри кои се изработени од „пренасочување“ на материјали.

Во оваа смисла, прифатени се следниве помошни хипотези:

Х7.1. Децата делумно ги знаат еколошките промени како резултат на образованието за одржлив развој.

Х7.2. Децата ги прифаќаат едукативните материјали кои се базираат врз концептот на одржлив развој во раното детство како дел од секојдневните активности.

Х7.3. Децата во својата игра ги користат едукативните материјали базирани врз концептот на одржлив развој во раното детство.

Според активностите кои беа спроведени за време на првиот набљудувачки ден, можеше да се забележи голема заинтересираност од страна на децата во групата. Набљудувачот успеа да го задржи вниманието на децата во текот на сите четири активности. Една од причините беше и тоа што активностите беа реализирани со по 10 до 15 минути поединечно. Особено одушевување децата покажаа при изведување на играта *Меморија*. Редоследот на активностите беше планиран за постепено да се воведат новите зборови, односно материјалот што требаше да се усвои за време на тој час. Затоа, најнапред набљудувачот кратко презентираше материјал, па потоа беше изведена кратка игра за брзо да се запомнат геометриските форми кои децата ги изучуваат. Понатаму, следуваше категоризација на предметите претставени со слики за да им се покаже на децата дека геометриските форми ги има насекаде околу нас. Часот заврши со една моторичка активност инспирирана од Монтесори едукација, преку која со изведување на фини моторички движења, децата беа запознаени со тоа како се составуваат геометриските форми со копчиња.

Според протоколот за набљудување кој беше следен во текот на изведениот час, децата се охрабруваа да креираат изработки од рециклиран материјал преку последната активност. Исто така, забележано беше дека децата сакаа да играат со едукативните материјали изработени од природен или рециклиран материјал, притоа развивајќи ги своите креативни и критички вештини. На воспитувачите им беше покажано дека преку употребата на вакви видови материјали се подобрува практичната имплементација на курикулумот во однос на одржливиот развој, но тие и самите го препознаа чувството за користење на овие видови материјали. Воспитувачите можеа да ги согледаат и придобивките од користењето на едукативните материјали базирани врз концептот на одржлив развој, не само во однос на развивање на своите вештини туку и во однос на почитувањето на индивидуалните интереси на децата и нивната поврзаност со можностите и развојните потреби кај децата.

Уште со започнувањето на првата активност за време на вториот ден од набљудувачкиот процес, децата целото внимание го насочија кон набљудувачот. Заинтересираноста остана на високо ниво. Додека траеше втората активност, се појави мало нетрпение кај децата, бидејќи оваа активност се изведуваше поединечно со секое дете од групата и беше потребно време за изведување на истата. Најголемо внимание и уживање се забележа во играта *Театар на сенки*, каде што очигледна беше радоста во нивните очи.

Набљудувачот почна да ги изведува активностите постепено, па поради тоа првата активност беше краток вовед на она што следеше понатаму, како, на пример: кратко извикување на броевите, броење на броевите од 1 до 10 преку ракоплескање, тапкање на рамена и колена. Понатаму, набљудувачот на секое дете поединечно му даде можност да ги брои монистата, како што ги ниже на самата жица. Потоа следуваше презентација на броевите од 1 до 10, заедничка презентација, преку која на децата им беа дадени броевите да ги држат во раце, а набљудувачот постојано прашуваше кој број оди прв, кој втор и така натаму, сè до бројот 10. И на крај, откако беа презентирани броевите, часот заврши со интересна игра *Театар на сенки*, каде што набљудувачот осветлуваше по еден број и децата се очекуваше да го кажат името на тој број.

Според протоколот за набљудување, забележано беше дека децата се охрабруваат да креираат изработки од рециклиран материјал, виден преку изработените броеви од картон и сламки и дека сакаат да играат со изработките креирани од рециклиран материјал. Секако, овие изработки ја поттикнаа креативноста и критичкото размислување кај децата, а на воспитувачите им се понуди можност за препознавање на чувството за користење на ваков вид материјал за време на реализирањето на програмата и преку активностите се демонстрира како тие можат да ги развиваат своите компетенции и вештини во однос на имплементацијата на образованието за одржлив развој.

И во текот на четвртото партиципативно набљудување, интересот на децата во текот на изведувањето на активностите беше голем. Се чувствуваше нивната заинтересираност уште во почетокот, со изведбата на првата активност. Во текот на овој ден, децата најмногу уживаа и се радуваа на крајот, кога беше изведена последната активност. Но, не изостана и интересот при изведување на играта *Што недостасува?*

Следното набљудување започна со краток вовед на деловите на главата, со нивно претставување и препознавање на сопственото тело. За оваа активност, децата не беа прашувани, туку се бараше од нив само да ги покажат, односно да ги препознаат деловите на главата, дури откако самиот набљудувач ја демонстрираше активноста. Понатаму, преку презентацијата им се покажа на децата дека сепак може да се играат најразлични игри со сопствени цртежи и истите да се користат за едукативни цели. На крај, кон децата се упати порака дека за да се игра некоја игра, најнапред треба нешто да се знае, па потоа да се игра. Во конкретниов случај, децата беа прашани да ги кажат деловите на главата пред да фрлат и да дадат кош.

Од протоколот за набљудување може уште еднаш да се потврди дека децата се охрабруваат да креираат и да пренаменуваат обични материјали во едукативни наставни средства и ресурси за работа и игра. Уште еднаш се потврди дека на децата им се интересни овие изработки и тие сакаат да работат со нив и да ги користат за време на часовите. Особено интересен беше фактот дека децата дознаа како може од обичен лист хартија да направат топка и истата да ја користат за давање кош, а кошот да го изработат од обична картонска кутија. Изведбата на активностите ги почитуваше индивидуалните интереси на децата и соодветствуваше со нивните развојни можности и потреби, најмногу поврзани со играта.

Во текот на набљудувачкиот процес, најголема беше заинтересираноста за садење

пченица од страна на сите деца, што претставуваше и главна активност за време на часот. Децата беа пријатно изненадени и со восхит гледаа на пластичните чинии во кои требаше да ја садат пченицата и беа на некој начин нетрпеливи да ја посадат. Во текот на набљудувањето, забележано беше дека децата имаат предзнаења за животните циклуси на растенијата.

Редоследот на активностите беше планиран за да се почне со воведување на темата која се обработуваше за време на тој набљудувачки час. Набљудувачот прво сакаше да дознае кои се нивните предзнаења во однос на садењето растенија и животниот циклус на растенијата и поради тоа донесе слики во боја за да ги извлече знаењата од сите деца. Понатаму, пред да се посади пченицата, набљудувачот го презентираше животниот циклус на пченицата, кој беше повторен неколку пати за сите деца да учествуваат во активноста. Откако тоа се изведе неколку пати, на сите деца поединечно им беа поделени материјалите потребни за работа и сите беа оставени самостојно да ја изведат активноста на садење.

Од протоколот за набљудување може да се забележи дека децата делумно се запознаваа со темите за еколошката одржливост и дека достапни им се природни ресурси (растенија) од природната околина. Исто така, се даде еден позитивен импулс дека децата можат да ги користат ресурсите што ги нуди животната средина во нивните секојдневни активности и игри и дека истите ги развиваат нивните критички и креативни вештини и способности и дека соодветствуваат со нивните развојни фази и можности.

Еден од најинтересните, ако не и најинтересен за децата, беше часот во кој се употребуваа природни листови од дрвја. Децата особено уживаа во активноста на креирање на самото дрво на лист хартија и во декорирањето на дрвото со цвеќиња во боја. Можеше да се забележат како внимателно ги набљудуваат листовите, па дури имаше и некои коментари од децата дека и дома имаат такви видови листови и сл.

Иако изгледаше дека истата тема со броеви се повторува по вторпат за време на процесот на набљудување, сепак, заинтересираноста беше на високо ниво и се докажа дека една тема кај децата може да се презентира, повторува и надградува на најразлични начини и преку најразлични наставни материјали и ресурси. И овој пат, редоследот на активностите беше планиран за да се повторат броевите од 1 до 10, но и овие знаења да се искористат за развивање на креативните вештини и способности кај децата и да се направи спој помеѓу математиката и креативното размислување.

Од протоколот за набљудување може да се забележи дека децата делумно се запознаваат со темите за еколошката одржливост и дека во природната средина се достапни ресурси, како што се растенијата со своите делови, кои можат да се вклучат во имплементацијата на образованието за одржлив развој уште од најраното детство. Преку активностите кои беа изведени за време на овој набљудувачки час, испратена беше порака до децата и воспитувачите дека децата можат да ги користат ресурсите кои ги дава природата за време на нивните секојдневни игри. На тој начин се потврдува дека навистина постојат практични активности кои обработуваат еколошки теми и дека истите можат да бидат адаптирани/приспособени кон развојните можности и потреби на децата, почитувајќи ги и нивните индивидуални интереси. Најголема придобивка од овој час ја имаат децата, кои на креативен начин научија да ја спојат математиката со уметноста.

Во текот на шестиот истражувачки ден се забележа внимание и интерес од страна на децата кои беа насочени кон сите активности кои беа изведени за време на наставниот час. Имено, најголем дел од децата сакаа да играат со реалните играчки – животни, да ги допираат, да ги видат и сл. Исто така, особен интерес кај децата се забележа при изведување на играта со картонската кутија. Од децата беше побарано да влегуваат во кутијата, да се скријат под неа, да седнат над неа и сл. Многу насмевки и уживање беа забележани токму за време на оваа активност.

Редоследот на активностите беше планиран за да се оди постепено со воведување на темата за животни. Најпрво, тоа се изведе со кратко запознавање со некои од животните, преку позиционирање на животните на правилните места. Потоа, преку сликите, децата се запознаа и со јадењата, кои подоцна беа потребни да се знаат при изведувањето на активноста за поврзување на животните и нивните јадења. Преку последната активност, набљудувачот сакаше да им покаже на децата дека начинот на кој тие можат да играат дома и во градинка е најразличен. Во конкретниот случај, истата тема за животни може да се поврзе со темата за изучување на прилозите за место, кои подоцна ќе им бидат потребни за разбирање на тоа каде тие самите се наоѓаат.

Од протоколот за набљудување може да се заклучи дека децата на уште еден начин се охрабруваат да ги пренаменат и да ги реупотребат ресурсите и материјалите кои ги имаат во својата средина и дека истите можат да носат во себе и едукативен карактер. Така, децата во градинките се охрабрија да креираат изработки од рециклиран материјал, како што беше и активноста со наставниот материјал изработен од картон за поврзување на животните со нивните јадења. Исто така, наставниците се охрабрија да ги развиваат своите вештини и компетенции во однос на одржливиот развој и во однос на креирањето на практични активности кои можат да се изведуваат за време на реализирањето на часовите во градинката, а истите да бидат поврзани со практичната имплементација на образованието за одржлив развој во раното детство.

Мора да се напомне дека во текот на седмиот набљудувачки час имаше повеќе предизвици, бидејќи станувеше збор за хетерогена група, во која дечињата беа на возраст од 2 до 6 години. Поголемо внимание и концентрираност се добиваше од повозрасните дечиња, додека пак кај другите се забележа дека немаат доволно внимание за следење на активностите. Како и да е, најмногу внимание, од речиси сите деца, беше насочено кон рачно изработениот наставен материјал со кругови и во текот на таа активност сакаа да учествуваат сите деца, без разлика на нивната возраст. За време на реализирањето на другите активности, имаше деца кои не сакаа да учествуваат во некои од нив, како што беше активноста со допирање на соодветната боја од страна на децата.

За време на реализацијата на овој набљудувачки час, најголем восхит кај воспитувачите беше наставниот материјал изработен рачно, од хамер и најлонски ќеси. Воспитувачите споделија дека е навистина интересен за децата и дека е соодветен за таа група, бидејќи самиот едукативен материјал може да ги вклучи и децата кои се на двегодишна возраст.

Од протоколот за набљудување, кој беше спроведен во текот на денот, може да се заклучи дека децата уште од најмала, двегодишна возраст, се охрабруваат да креираат изработки од пластични ќеси, хамер или картон. Понатаму, на воспитувачите им беше покажано дека можат многу лесно да изработат наставни средства од рециклиран материјал и истите да ги користат за едукативни цели во текот на реализирањето на програмата во градинките. На овој начин, воспитувачите можеа да увидат дека можат професионално да ги развиваат своите креативни компетенции и способности и истите да ги искористат во практична

имплементација на образованието за одржлив развој во градинките.

За време на спроведувањето на активностите во оваа градинка, децата најмногу реагираа на активноста поврзана со категоризацијата на предметите според соодветната боја и на рачно изработениот едукативен материјал со кругови. Се чувствуваше одредена доза на радост додека децата ја изведуваа последната активност, односно додека фрлаа топка во круговите. Исто така, владееше пријатна работна атмосфера кога децата ги лепеа сликичките во боја во соодветната колона на таблата. Најголема концентрација и најголем интерес беа покажани токму при изведбата на оваа активност.

Преку овие активности, на воспитувачите им беше демонстриран рачно изработен материјал соодветен за можностите и потребите на децата во групата, кој претставуваше и пример за тоа како може хамерот и обичните најлонски ќеси да се пренаменат или реупотребат за едукативни цели, во меѓувреме давајќи им практична имплементација на ваквите ресурси во однос на образованието за одржлив развој. Од друга страна, можеше да се забележи дека обичните листови хартија во боја можат да претставуваат одличен ресурс или едукативен материјал за презентирање на темите кои се веќе вклучени во самата програма за ран детски развој.

Преку следење на протоколот за набљудување, може да се заклучи дека децата во градинката се охрабруваат да креираат изработки од рециклиран материјал, со што се поттикнуваше свеста за рециклирање кај децата. Исто така, докажано беше дека постојат практични активности кои можат да се изведуваат во градинките, а кои се поврзани со темата за одржлив развој. Преку овие активности, се развиваа креативните вештини и способности на децата и уште еднаш се потврди тврдењето дека децата навистина сакаат да играат со едукативните материјали изработени од рециклиран материјал. На некој начин, овие активности претставуваа и пример за тоа како преку употребата на ваков вид едукативни материјали се подобрува практичната имплементација на курикулумот во однос на одржливиот развој.

За време на изведувањето на активностите во текот на осмиот набљудувачки ден, се забележа дека децата најмногу сакаат да играат со пластелинот и со прескокнувањето на геометриските форми. Поголем број од децата сакаа да прават форми со пластелинот и истите да ги декорираат со пластични цевки.

Преку овој час, воспитувачите имаа можност да видат како може да се реализира презентација на одреден фонд на зборови преку најобични листови хартија. Понатаму, им се даде можност да видат како може да се искомбинираат активности за вежбање на фината моторика кај децата заедно со пластелинот. И на крајот, воспитувачите можеа да видат рачно изработен едукативен материјал, геометриски форми изработени од најобични сламки. Преку оваа активност, уште еднаш се покажа како може да се пренаменат некои материјали и истите да служат за изработка на наставни материјали кои во себе содржат едукативен карактер. Последната активност со прескокнувањето на геометриските форми од сламки, исто така беше искомбинирана со лесни движења и прескокнувања од страна на децата.

Од протоколот за набљудување може да се заклучи дека децата делумно се запознаваат со темите за еколошка одржливост, што можеше да се забележи токму преку неколкуте активности со листовите за презентација и геометриските форми направени од сламки. Се забележа дека преку активностите децата се охрабруваат да креираат изработки од рециклиран материјал и пренаменување на веќе достапните материјали кои ги имаме на дофат. Од една страна, може да се заклучи и дека преку реализацијата на активностите, набљудувачот забележа дека децата сакаат да играат со материјалите изработени од

рециклиран материјал. Од друга страна пак, набљудувачот имаше можност да увиди дека изработените едукативни материјали соодветствуваат со развојните фази и можности на децата и дека истите ги поттикнуваат креативните и критичките вештини кај нив уште од најрана возраст.

Кога ќе се земат предвид сите реализирани часови во градинките, може да се каже дека едукативните материјали изработени врз основа на концептот на одржлив развој беа добро прифатени и од децата и од воспитувачите. Една од причините за ваквиот прием на наставните материјали од страна на децата е токму тоа дека сите активности беа претставени во вид на игра и бараа постојана интерактивност и вклученост од страна на децата. Понатаму, се забележа дека децата изразија интерес за активностите кои беа изработени од рециклирани материјали, како што се: стари весници, најлонски ќеси, сламки, картони. Исто така се виде и одредена доза на љубопитност кај децата за новата функција на истите материјали, пренасочени во играчки. Кај децата се поттикна и развој на креативни вештини и креативно размислување, кои можат да им користат за самостојно создавање на нешто ново. И на крај, она што беше и најважно во текот на набљудувачкиот процес – развивање на еколошката свест кај децата преку игра и игровни активности.

## ПРЕПОРАКИ

- Секојдневна употреба на рециклирани материјали и природни материјали во изведувањето на активностите во градинките и училиштата.
- Секојдневна поддршка на пристапот на учење преку игра.
- Вклучување на теми поврзани со одржлив развој во активностите кои се дел од програмата за рано учење и развој.
- Креирање на наставни материјали кои го поттикнуваат креативното размислување кај децата уште од најрана возраст.
- Креирање на наставни материјали кои го поттикнуваат критичкото размислување и решавањето проблеми уште од најмала возраст.
- Воведување и реализирање на паралелни работни задачи за децата за да се избегне нетрпение и досада.
- Користење на пократки активности во текот на реализирањето на програмата за рано учење и развој.
- Организирање и реализирање средби на наставен кадар, работилници и слични настани за да можат воспитувачите да споделуваат искуства од праксата.
- Охрабрување на воспитувачите во креирањето на сопствени наставни материјали и средства поврзани со одржливиот развој.
- Вклучување на родителите во изработката на наставни материјали базирани врз концептот на одржлив развој преку носење на рециклирани материјали во градинката.
- Проширување и надградување на темите поврзани со природната животна средина.
- Промовирање на реупотреба на материјали за создавање на наставни материјали кои ја поттикнуваат еколошката свест кај децата.
- Развивање на логичко размислување кај децата.
- Системска интеграција на образованието за одржлив развој во националните наставни програми во предучилишното образование и првиот образовен циклус.
- Примена на учење преку игра, практични активности и искуствено учење во редовниот дел на воспитно-образовната пракса.
- Континуирани обуки и инвестирање во професионалниот развој и усовршување на директорите, наставниците и воспитувачите.
- Институционална поддршка и обезбедување ресурси за практична имплементација на образованието за одржлив развој.
- Зајакнување на соработката помеѓу образовните институции, локалната самоуправа и надлежните министерства.
- Поголема вклученост на родителите и локалната самоуправа во активности поврзани со одржливиот развој.
- Насочување на образовните политики кон долгорочен развој на еколошка свест, животни вештини и општествена одговорност кај децата и учениците.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Achieving the Sustainable Development Goals: From Agenda to Action (2015). Chapter 5: The role of education in the sustainable development agenda: learning society for sustianability through quality education. Hayama: Institute for Global Environmental Strategies: Japan.

- Angeloska-Galevska, N., & Vasilevska-Petrovska, I. (2025). Methodological challenges in assessing the quality of inclusive education. The Eurasia Proceedings of Educational and Social Sciences (EPESS), 47, 283-295.

- Angeloska-Galevska, N., & Vasilevska-Petrovska, I. (2025). Methodological challenges in assessing the quality of inclusive education. *The Eurasia Proceedings of Educational and Social Sciences (EPESS)*, 47, 283–295. IConSE 2025: International Conference on Science and Education. ISRES Publishing.

- Angeloska-Galevska, N. (1996). Children's creativity in the preschool institutions in Macedonia. In *Childhood education: International perspectives* (ERIC Document No. ED403054; PS024969). Reports – Research/Technical.

- Angeloska-Galevska, N., & Iliev, D. (n.d.). Application of the methodological triangulation in the pedagogical research. In *Conference proceedings from the International Scientific Conference: The education at the crossroads – Conditions, challenges, solutions and perspectives* (p. 45). ISBN 978-608-4616-89-4.

- Barakoska, A., Stojanovska, V., Kostov., B. (2019). *Modern Dimensions of The Leadership and Management with The Educational Institutions*, Improving the quality of life of children and youth, X International scientific conference "Improving the quality of life of children and youth", Turkey: University of Tuzla.

- Bianchi, G. (2020) Sustainability competences: A systematic literature review.Luhembourg: Publications Office of the European Union.

- Blatchford, S. J., Smith, C. K. & Samuelsson, P. I. (2010), *Education for SustainableDevelopment in the Early Years*. France: OMEP.

- Bušljeta, R. (2013). Effective Use of Teaching and Learning Resources. *Czech-PolishHistorical and Pedagogical Journal*, 5/2, 55–69.

- Childhood Education International (2018). *International Code of Ethics for Educators.*USA.

- Damovska, L. (2009). Quality of the Education of Preschool teachers and the new concept of Early Childhood Development, in Curriculums of Early and compulsory education ed. D. Bouillet-M. Matijevic). Sveuciliste u Zagrebu, p. 269-277: Uciteljski fakultet.

- Damovska, L. Tasevska, A. (2014). Professional competences of kindergarten teachers in R. Macedonia regarding the physical and health development of children aged between 0 to 6, Conference proceedings. 1-st International scientific conference: Research in physical education, sport. Skoje: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Physical Education, Sport, and Health.

- Davies, J. (1998). Young children, environmental education and the future in the Education and the environment. In Education and the Environment, 11, 141-155. WorldEducation Fellowship: London.

- Davies, J. (2010). Early childhood education for sustaiability: Why it matters, what it is,and how the whole centre action research and systems can help. *Journal of Action Research today in Early Childhood*, 35-44.

- Davies, M.J., Engdahl, I., Samuellson, P. I., & Blatchford, S.J. (2008). The GothenburgRecommendations on Education for Sustainable Development. Centre for Environmentand Sustainability (GMV), Chalmers University and Gothenburg University: Sweden.

- Ellyatt, W. (2021). The Flourish Project: *Montessori, Ecology and the Pedagogy of Love*. Available at: https://www.flourishproject.net/uploads/1/8/4/9/1849450/montessori_ecology_and_the_pedagogy_of_love.pdf пристапено на: 23.10.2021.

- Engdahl, I. (2015). Early childhood education for sustainability: The OMEP world project. *International Journal of Early Childhood, 47*(3), 347–366. https://doi.org/10.1007/s13158-015-0149-6

- European Commission (2009). Common European Principles for Teacher Competences and Qualifications. https://www.marilenabeltramini.it/materiali/specifico/principles_en.pdf

- European Commission (2017). Croatian kindergarten refurbished for energy efficiency. https://ec.europa.eu/regional_policy/en/newsroom/news/2017/09/09-04-2017-croatian- kindergarten-refurbished-for-energy-efficiency пристапено на: 28.10.2021.

- Flourish.net. (2021). Academic Background to the Flourish Model. Flourish Project.

- Gordon, W. E., Gordon, W. E., Aber L. & Berliner D. (2013), *Changing Paradigms inEducation: From Filling Buckets to Lighting Fires To Cultivation of Intellective Competence.* Princeton, NJ: The Gordon Commission.

- Hallissy, M., Dr. Butler, D., Hurley, J. & Dr. Marshall, K. (), *Redesigning Education: Meeting the Challenges of the 21st Century*, Ireland: Microsoft.

- Hindmarch, T., & Boyd, D. (2021). A Path Made in the Walking: Forest School in Norway and in England. SchemaPlay Publications and OMEP-UK.

- *Journal of Early Childhood Environmental Education*, 9(1), p.11, ISSN: 2331-0464(online). https://dimensionsfoundation.org/wp-content/uploads/2016/10/IJECEE-41-Complete-Issue.pdf

- Kahriman-Öztürk, D., Güler, T., & Olgan, R. (2012). Preschool children's ideas on sustainable development: How preschool children perceive three pillars of sustainability with regard to 7R. *Educational Sciences: Theory & Practice, 12*(Special Issue), 2987–2995.

- Leicht, A., Heiss, J., & Byun, W.J., (2018) (eds), *Issues and trends in Education forSustainable Development*, France: UNESCO Publishing.

- Lepičnik Vodopivec, J. (2011). Some aspects of sustainable development in kindergartens in Slovenia. *US-China Education Review A, 7*, 967–976.

- Manitoba Council for International Cooperation (2020). Sustainable Foundations: AGuide for Teaching the Sustainable Development Goals. https://mcic.ca/uploads/public/files-sf/SF-Full-FINAL-WEB-ISBN-2021-EN.pdf

- Milicevic, M. (2015), Contemporary Education and Digital Technologies. *InternationalJournal of Social Science and Humanity*, Vol. 5, No. 7, 656-659. http://temp.uefiscdi.ro/EDIGIREGION/Contemporary%20Education%20and%20Digital%20Technologies%20-%20Mladen%20Milicevic.pdf

- *Montessori Europe: The Flourish Project (2021) SDGs for The Early Years. Available at: https://www.flourishproject.net/uploads/1/8/4/9/1849450/sdgs_for_the_early_years_final*

- National Education Association (2020). Governance Document. *Code of Ethics*. https://www.nea.org/resource-library/code-ethics (3.1.2021).

- National Scientific Council on the Developing Child (2007). The Science of Early Childhood Development: Closing the Gap between what we know and what we do.Cambridge, MA.

https://developingchild.harvard.edu/resources/report/the-science-of-early-childhood-development-closing-the-gap-between-what-we-know-and-what-we-do/

- OECD (2018). The future of education and skills: Education 2030. https://www.oecd.org/content/dam/oecd/en/publications/reports/2018/06/the-future-of-education-and-skills_5424dd26/54ac7020-en.pdf

- Official Journal of European Union (2011). Council conclusions on early childhood education and care: providing all our children with the best start for the world of tomorrow. https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2011:175:0008:0010:EN:PDF

- OMEP (2019) The OMEP ESD rating scale and toolkit: Early Childhood Education forSustainability and Global Citizen Education. https://omepworld.org/wp-content/uploads/2024/11/Introduction-ESD-Rating-Scale-ENG.pdf

- Orlovic L. V., Jan Peeters, J., and Matovic, N. (eds.) (2019). Quality of Education: Global Development Goals and Local Strategies: Education for Sustainable Development and Preschool Teachers' Competences. Belgrade. https://reff.f.bg.ac.rs/bitstream/id/7747/NM_GDGLS2019_Fulltext.pdf

- Ottosson, P. & Samuelsson, Bo (eds), (2008). *The Gothenburg Recommendations on Education for Sustainable Development.* The Centre for Environment and Sustainability: Eskils Tryckeri, Borås.

- Ozturk, K. D., Olgan, R. & Guler, T. (2012). Preschool Children's Ideas on Sustainable Development: How Preschool Children Perceive Three Pillars of Sustainability with the Regard to 7 R*. *Educational Sciences: Theory & Practice* - Special Issue, 2987-2995.

- Purvis, B., Mao, Y., & Robinson, D. (2018), „Three pillars of sustainability: in search ofconceptual origins", Springer. https://link.springer.com/article/10.1007/s11625-018-0627-5

- Resnik B., David, *The Ethics of Science*, Taylor & Francis e-Library, USA & Canada, 2005.

- Sonter, J. L., & Kemp, S. (2021). Connecting the UNESCO Sustainable Development Goals with Australian Early Childhood Policy to Transform Practice. *International Journal of Early Childhood Environmental Education*, 9(1), p.11, ISSN: 2331-0464 (online).

- UN (1948). Universal Declaration of Human Rights. https://www.un.org/sites/un2.un.org/files/udhr.pdf

- UN (1989). Convention of the Rights of the Child. Treaty no. 27531. United Nations, Treaty Series, vol.1577, pp.12-13. Available at:https://treaties.un.org/doc/Treaties/1990/09/19900902%2003-14%20AM/Ch_IV_11p.pdf пристапено на: 23.10.2021.

- UN (1992). Report of the UN Conference on Environment and Development. Available at: https://www.un.org/en/development/desa/population/migration/generalassembly/docs/globalcompact/A_CONF.151_26_Vol.I_Declaration.pdf

- UN (1992). United Nations Sustainable Development: Agenda 21. https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/Agenda21.pdf

- UN Economic and Social Council (2005). UNECE Strategy for Education for Sustainable Development. https://unece.org/fileadmin/DAM/env/documents/2005/cep/ac.13/cep.ac.13.2005.3.rev.1. e.pdf

- UNESCO (2012). Education for Sustainable Development: Sourcebook. UNESCO: Paris.

- UNESCO (2012a). *Education for Sustainable Development Sourcebook*. France: UNESCO.

- UNESCO (2012b). *Education for SD Good Practices in Early Childhood*. France: UNESCO.

- UNESCO (2014). *Sustainable Development Begins with Education*. France: UNESCO.
- UNESCO (2015). Education 2030: Incheon Declaration and Framework for Action.
- UNESCO (2017). *Education for Sustainable Development Goals Learning Objectives*. France: UNESCO.
- UNESCO (2020). Education for Sustainable Development: A Roadmap. UNESCO: France.
- UNESCO Chair in Reorienting Education towards Sustainability. Достапно на: https://www.yorku.ca/unescochair/research-expertise/history-of-esd/
- United Nations Department of Economic and Social Affairs (DESA) (1999). Rio Declaration on Environment and Development. UN. Достапно на: https://www.un.org/en/development/desa/population/migration/generalassembly/docs/globalcompact/A_CONF.151_26_Vol.I_Declaration.pdf
- Urban, M., Vandenbroeck, M., Lazzari, A., Laere Van, K. & Jan Peeters, J. (2012). Competence Requirements in Early Childhood Education and Care: A Study for European Commission Directorate-General for Education and Culture: London and Ghent. https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED534599.pdf
- Vodopivec, L. J. (2011). Some Aspects of Sustainable Development in Kindergartens in Slovenia. *US-China Education Review A 7*, ISSN 967-976.
- World Health Organizagion (2020). Life Skills Education school handbook: Prevention of noncommunicable diseases. https://www.who.int/publications/i/item/9789240005020
- Ангелоска, Н.(1994). Креативноста на децата во предучилишните установи, Битола: Киро Дандаро.
- Ангелоска-Галевска, Н. (1998). Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието. Битола: Киро Дандаро.
- Ангелоска-Галевска, Н. (2023). Стратегии и методолошки прашања при избирање на примерокот за истражување. Годишен зборник на Филозофскиот факултет, The Annual of the Faculty of Philosophy in Skopje. 76 (2023), 139-154. https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/29011/1/GZ76.11%20Natasa%20Angeloska%20Galevska%20mk%20-139-153.pdf
- Ангелоска-Галевска, Н., Јаневска, М. (2021). Примена на анализата на содржина во педагошките истражувања и практика. Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Annuaire de la Faculté de Philosophie 74 (2021), 97-108. http://hdl.handle.net/20.500.12188/23090
- Ангелоска-Галевска, Н., & Јаневска, М. (1997). Примена на анализата на содржина во педагошките истражувања и практика. *Годишен зборник*, 97.
- Ангелоска-Галевска, Н. Стратегии и методолошки прашања при избирање на примерокот за истражување. *Годишен зборник*, 139.
- Барбареев, К. (2014), „Предизвиците на модерното воспитание". *Современото воспитание и образование: состојби, предизвици и перспективи: зборник на трудови*. Скопје: Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски.
- Дамовска, Л, Тасевска, А. (2010). *Алтернативни пристапи во педагогијата*. Скопје: Бомат.
- Дамовска, Л. (2009). Ран детски развој. *Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години.* Министерство за труд и социјална политика, Скопје.

- Дамовска, Л. (2019). Предучилишен курикулум. Студентски сервис: Скопје.
- Донев, Д. (2017). Водство и етика. Куманово: Euro College.
- Донев, Д. (2018). Вовед во етиката. Скопје: УКИМ.
- Донев, Д. (2019). Прирачник за етика. Скопје: УКИМ.
- Дурчевска - Георгиева, Г., & Ајрулаи, А. (2018). Актуелната состојба и предизвиците во предучилишното воспитание и образование во Република Македонија. Биро за развој на образованието.
- Економска комисија за Европа. (2005). Стратегија на УНЕЦЕ за образование за одржлив развој.
- Јовева, Д. (2019). *Наставникот на иднината и неговиот морален лик*. Knowledge International Journal, Vol.31.2.
- Клеменовиќ, Ј. и Тасевска, А. (2024). Начин и форма на обезбедување менторство за стручни профили вработени во детските градинки и воведување менторска шема за почетниците. Скопје: Министерство за социјална политика, демографија и млади.
- Клеменовиќ, Ј., Тасевска, А., и Вишњиќ-Јефтиќ, А. (2024). Основни професионални компетенции за стручни профили вработени во детски градинки – Прирачник. Скопје: Министерство за социјална политика, демографија и млади.
- Клеменовиќ, Ј., Тасевска, А., и Лазиќ, С. (2024). Методологија, процедури и инструменти за управување со професионалниот развој на стручни профили вработени во детски градинки – Прирачник. Скопје: Министерство за социјална политика, демографија и млади.
- Комитет за правата на детето на Обединетите нации. Општ коментар бр. 26. Детските права и животната средина со посебен фокус на климатските промени. Достапно на: https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/media/16136/file
- Кузмановска, Б. (2010). *Професионален развој на воспитувачот во современата детска градинка*. Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.
- Министерство за труд и социјална политика (2014). *Програма за рано учење и развој*. Службен весник на РМ, бр. 46, Скопје.
- Мирасчиева, С. (2014), „Рефлексијата на некои тенденции во современото воспитание и образование“, *Современото воспитание и образование: состојби, предизвици и перспективи: зборник на трудови,* Штип: НУБ „Гоце Делчев”, 11-15.
- Мишиќ, Е., Тасевска, А., Шеху, Ф., Палчевска, С., Јовановска, З., ...Барбареев, К. (2019). Зајакнување на улогата на граѓанското општество во осигурување рамноправност и квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување: *Предлог-рамка за квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување*. Фондација за образовни и културни иницијативи *Чекор по чекор*, Скопје.
- Монтесори, М. (2021). Тајната на детството. Скопје: Икона.
- Нашата работа на Целите за одржлив развој во Северна Македонија. Достапно на: https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs пристапено на: 5.10.2021.
- Обединети нации. (1990). Конвенција за правата на детето.

- ОН Северна Македонија. *Цели за одржлив развој во Северна Македонија*. https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs пристапено на 3.1.2021.

- Основни професионални компетенции и стандарди за наставници (2016). Македонски центар за граѓанско образование.

- Правилник за основни професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја. (2019). Службен весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019. https://bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/08/Pravilnik-za-osnovni-profesionalni-kompetencii-za-nastavnici_18_02_2020.pdf

- Практики за потикнување на раното учење кај малите деца: прирачник за воспитувачи. Министерство за труд и социјална политика, Скопје.

- Устав на РМ, (1991). Собрание на Република Македонија. Службен весник на Република Македонија.

- Цели за одржлив развој. Достапно на: https://zmstam.org.mk/wp- content/uploads/2018/04/Celi-za-odrzliv-razvoj.pdf пристапено на: 10.1.2021.

- Шеху, Ф., Палчевска, С., Ничова, А., Зиндл, В., Младеновиќ, Б., Анчевска, Б. и Јанева, Н. (2014). *Примена на стандардите за рано учење и развој*: *Добри практики за поттикнување на раното учење кај малите деца*. Скопје: Министерство за труд и социјална политика.

# ПРИЛОЗИ

- Инструмент бр. 1: Чек-листа за анализа на содржина на националните и интернационалните документи, стратегии и рамки за образованието за одржлив развој
- Инструмент бр. 2: Протокол за полуструктурирано интервју со градоначалници на општини за нивните ставови и мислења во однос на образованието за одржлив развој
- Инструмент бр. 3: Протокол за полуструктурирано интервју со директори на градинки за нивните ставови и мислења во однос на образованието за одржлив развој
- Инструмент бр. 4: Протокол за полуструктурирано интервју со директори на училишта за нивните ставови и мислења во однос на образованието за одржлив развој
- Инструмент бр. 5: Прашалник за воспитувачи
- Инструмент бр. 6: Прашалник за наставници
- Инструмент бр. 7: Анкета за родители на деца кои посетуваат настава во училиште
- Инструмент бр. 8: Анкета за родители на деца кои посетуваат градинка
- Инструмент бр. 9: Интервју со слики за деца/ученици
- Инструмент бр. 10: Протокол за набљудување/Скала на проценка
- Инструмент бр. 11: Анкета за студенти
- Инструмент бр. 12: Фокус-група за воспитувачи/наставници.

## Инструмент 1: Чек-листа за анализа на содржина на националните и интернационалните документи, стратегии и рамки за образованието за одржлив развој

**Датум:** ________________________________
**Име на документ/педагошка документација:** ________________________________________

| Елементи кои се анализираат: | да | не | забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. Во документот се дефинираат, објаснуваат и анализираат вредностите и знаењата за концептот на одржлив развој. | | | |
| 2. Во документот се дефинира образованието за одржлив развој. | | | |
| 3. Во документот се посочуваат практични примери кои го прикажуваат имплементирањето на образованието за одржлив развој уште во најраното детство. | | | |
| 4. Практиките во државите укажуваат на успешноста во спроведувањето активности и проекти кои го промовираат образованието за одржлив развој. | | | |
| 5. Помеѓу Програмата за ран детски развој и карактеристиките на образованието за одржлив развој може да се пронајдат сличности во однос на одржливиот развој. | | | |
| 6. Во дневните, месечните и годишните подготовки може да се забележат активности кои се изведуваат надвор, во дворот на училиштето/градинката, односно во природата. | | | |
| 7. Стандардите за раниот детски развој посочуваат кон севкупниот холистички пристап во учењето, кој е важен за образованието за одржлив развој. | | | |
| 8. Документот укажува на важноста за подигање на свесноста за климатските промени и еколошките предизвици уште од најрана возраст. | | | |
| 9. Документот ги истакнува и ги посочува еколошките, економските и социјалните предизвици со кои се соочува светот. | | | |
| 10. Образованието е клучно за исполнување на другите цели на одржлив развој, како и за имплементирање на образованието за одржлив развој. | | | |
| 11. Постојат препораки кои укажуваат на начинот на кој може да се имплементира образованието за одржлив развој во раното детство. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. Практиките од соседните држави даваат позитивен импулс за имплементација на образованието за одржлив развој и на нашите простори. | | | |
| Друго | | | |

## Инструмент 2: Протокол за полуструктурирано интервју со градоначалници на општини за нивните ставови и мислења во однос на образованието за одржлив развој

**Општина: __________________________________**
**Датум: ____________________________________**

**Прашања:**

1. Како ќе ја опишете Вашата општина од аспект на одржливиот развој?

____________________________________________________________________________________________________________________________________________________

2. Дали и како вложува општината во образованието во раното детство?

____________________________________________________________________________________________________________________________________________________

3. Зошто е значајно образованието во раното детство за Вашата општина?

____________________________________________________________________________________________________________________________________________________

4. Што мислите за концептот на одржлив развој?

____________________________________________________________________________________________________________________________________________________

5. Преку кои активности локалната самоуправа може да го промовира одржливиот развој во раното детство?

____________________________________________________________________________________________________________________________________________________

6. Дали до сега се имплементирани политики за практикување на Целите за одржлив развој?

____________________________________________________________________________________________________________________________________________________

7. Како се соочувате со ризиците од климатските промени преку образованието во раното детство?

____________________________________________________________________________________________________________________________________________________

8. На кој начин соработувате со градинките и училиштата за темите за одржлив развој, како што се: загадување на водата, почвата и воздухот, рециклирање, селектирање отпад, грижа за природата и сл.?

____________________________________________________________________________________________________________________________________________________

9. Можете ли да набороите неколку проекти во кои општината зела учество заедно со градинката на тема што се однесувала на одржливиот развој?

10. Како можете да ја помогнете реализацијата на одржливиот развој во градинките во Вашата општина? Кои ресурси би биле потребни?

Друго

## Инструмент 3: Протокол за полуструктурирано интервју со директори на градинки за нивните ставови и мислења за образованието за одржлив развој

**Општина: ______________________________**
**Име на градинка: _____________________________**
**Датум: __________________________________**

**Прашања:**

1. Дали сте слушнале за образование за одржлив развој? Можете ли да го објасните со свои зборови?

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

2. Каква е Вашата перцепција во однос на имплементирање на образованието за одржлив развој во нашите градинки?

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

3. Со што можете да го поткрепите Вашиот одговор?

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

4. Според Вас, кои се придобивките од имплементацијата на образованието за одржлив развој во периодот на раното детство?

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

5. Во однос на кадарот, можете ли да наведете вештини и предзнаења кои треба да ги поседуваат воспитувачите за да го применат образованието за одржлив развој во градинките?

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

6. Дали сметате дека воспитувачите се оспособени да го применат овој вид образование во градинките? Зошто? Доколку не се, дали е потребна обука за оспособување на кадарот на ова поле?

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

7. Како можете да го обезбедите усвојувањето вештини, знаења и способности потребни за практично имплементирање на образованието за одржлив развој во најраните години?

8. Дали би им препорачале или дали би ги пратиле воспитувачите професионално да се обучуваат за образование за одржлив развој доколку за тоа има можност? Од каде добивате информации за организирани обуки?

9. Според Вас, кои се спецификите на менаџирање на градинката во однос на одржливиот развој?

10. Можете ли да ги наведете позитивните страни на нашите градинки од аспект на одржливиот развој?

11. Дали сметате дека градинките би можеле да се насочат кон барањата на овој вид образование и на кој начин тоа би можело да се направи?

12. Како и за кои активности го користите дворот во градинката?

13. Според Вашето мислење, кои проблеми во животната средина можат да се посочат уште од најмала возраст?

14. Колку често се вклучуваат родителите во активности кои ги организира градинката, а се однесуваат на образованието за одржлив развој?

15. Дали гледате можност за соработка за решавање на проблемите во животната средина со локалните институции и засегнатите страни?

Друго

## Инструмент 4: Протокол за полуструктурирано интервју со директори на училишта за нивните ставови и мислења за образованието за одржлив развој

**Општина: ____________________**
**Име на училиште: ______________________**
**Датум: _________________________________**

**Прашања:**

1. Дали сте слушнале за образование за одржлив развој? Можете ли да го објасните со свои зборови?

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

2. Каква е Вашата перцепција во однос на имплементирањето на образованието за одржлив развој во нашите училишта?

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

3. Со што можете да го поткрепите Вашиот одговор?

_______________________________________________________________________________
